РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1045
Скопје, 31 декември 2012 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Александра Велковска, Павлина Сековска, Лидија Јованчевска, Ивона Ангеловска, Јован Несторовски, Биљана Чангов, Виолета Костадиноска, Фидан Колев, Христина Џамбазовска**)...............................44
2. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на општествените фактори врз нивото на физичката активност кај студентите**, изработена од **м-р Јана Каршаковска-Димитриоска**, пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.......................................................................................................................45-49

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник на Институтот за историја со архивистика на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Борче Илиевски**)..................................................50-60

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**Билјана Атанасовска, Силвија Трпковска, Јасмина Спасовска, Атанас Рунчев, Митко Басов, Ирена Стојановска, Тони Рочовски, Горан Митров, Афродита Муслиу, Гоце Георгиевски, Зуичка Илиќ Попова**)................................61

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје (**Ирена Георгиевска Симјаноска, Албина Кајоли**)....62

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Географски анализи базирани на дигитално картографски основи на просторот на Гевгеликсо-валандовската котлина**, од **м-р Свемир Горин**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје..........63-69

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Марија Коларовска, Марија Ристиќ Шуклева, Ана Стефановска Симеска, Благојче Петковски, Елизабета Јовамовска, Радановиќ, Радица Коцева, Марко Клеовски, Ратка Тодоровска, Емилија Петровска, Катерина Алексовска, Ивана Јанчевска**)..........................................................................................................................................70

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Одржлива имплементација на интегрирана политика за производи** од **м-р Теодора Обрадовиќ Грнчаровска**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје..........................................................................................71-76

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Гаранцијата како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на казнената постапка**, од **м-р Бобан Мисоски**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................77-90
2. Рецензија на докторската дисертација **Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија-помеѓу правната регулатива и практиката**, од **м-р Биљана Петревска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................91-96

## Содржина на Билтен број 1045 од 31 декември 2012 година


**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Сложенките во македонските црковнословенски текстови,** од **м-р Весна Костовска,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје........1-3

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Смолкнувачко индуцирани микро и макроструктурни промени кај полимерни бленди на база на поливинилхлорид со полиалкилметакрилати и нивното влијание врз реологијата, морфологијата и механичките својства,** од кандидатката **м-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска,** пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје........4-13

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје (**Ана Мазнев, Бранко Тренковски, Биљана Јанкуловска, Маријана Наумоска, Ивана Мицевска, Сања Костовска, Елена Робевска, Елена Шурдоска, Вера Попоска, Владимир Неделков, Благородна Фити, Стефанија Попоска, Мими Олумчева, Сузана Стојчевска, Наташа Стерјовска, Гордана Ѓореска Марковска, Јасна Петрова, Родна Мрцкалова, Мирјана Ѓорѓиевска, Велимир Стојковски, Наташа Мартиноска**)........14-15

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Невенка Китева Роглева**)........16-22

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Корпоративното управување во комерцијалните банки на Република Македонија,** од **м-р Нина Фити Неделковска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје........23-34

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Билјана Грижева, Марјан Петковски, Бојана Мандевска, Милена Николовска, Ана Марија Цветановска, Билјана Илијовска, Мимоза Шишковска, Илчо Петровски, Елена Јосифовска, Деан Глигоров, Славица Наумоска, Елена Самоилова, Сашо Најдовски, Александра Николовска Спасовска, Славица Мицкоска, Горан Илијовски, Јасна Ѓурчиновска, Филип Трајаноски, Маријана Тодоровска, Ивица Николоски**)......35-36
2. Рецензија на докторската дисертација **Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на производите од Република Македонија,** од **м-р Данчо Арсов,** пријавена на Економскиот институт во Скопје........37-43

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**Билјана Деспотовска, Македонка Додевска, Татјана Пеливанова, Биљана Николовска, Вања Радмиловиќ**)....97

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за драмски уметности во Скопје (**Хисмет Рамадани**)....98

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Реферат за подобност на темата **Зонирање на потенцијалот на ликвифакција и избор на технички издржани решенија за подобрување на почвата и типови на темелење,** за изработка на докторска дисертација на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, и научна оспособеност на кандидатката **м-р Ема Чубриновска**....99-104

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Физика за анестезиолози,** од **Мирјана Шошолчева,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....105-108

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на економските науки по предметот мултилатерален трговски систем на Економскиот факултет во Скопје (**д-р Катерина Тошевска-Трпчевска**)....109-125

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје (**Јовче Димчев**)....126

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК "КРСТЕ МИСИРКОВ"**

1. Реферат за избор на научен советник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје (**д-р Гоце Цветановски**)....127-136
1. Реферат за избор на научен советник во Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје (**д-р Мери Цубалевска**)....137-142

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Фактори кои влијаат врз намалувањето на технолошкиот јаз на Република Македонија во услови на глобализација,** од **м-р Синиша Цветковиќ,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје....143-150

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје (**м-р Ана Милетиќ, м-р Влора Косуми**)....151

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник по предметите од областа на бетонските и дрвените конструкции на Градежниот факултет во Скопје (**д-р Горан Марковски**)....152-164

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на ракописот **Теории на управувачки системи,** од авторите **проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ана Павлова-Данева, доц. д-р Елена Давитковска и ас. д-р Драган Гоцевски,** пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....165-169

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Развој на напредни алгоритми за хибридно управување со предвидување базирано на модел за индустриски постројки со голема моќност,** од **м-р Горан Стојановски** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.........................................................................................170-176

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научните области (дисциплини): дефектологија, клиничка дефектологија и методика на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Наташа Чичевска-Јованова)**..................................................177-192

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор на наставник на научната област медиуми и комуникации на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Даниела Блажевска)**...............................193-205

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор на асистент за научното поле организациски науки и управување (менаџмент), научна област: бизнис-менаџмент, при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Сања Трифуновиќ, м-р Кристина Вукашиновиќ, м-р Андријана Бојаџиевска, м-р Билјана Симеонова, м-р Катерина Кареска, м-р Александар Стаменковиќ, м-р Луан Имери, м-р Весна Забијакин Чатлеска)**..................................................................................................................206-214

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во областа хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Виолета Ѓешовска)**.................. 215-223

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Славе Младеновски)**......224

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-доцент на научната област историја на правото, на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје **(д-р Иванка Додовска)**..................................................................................................................225-251

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) за научната областа дентална патологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Павлина Алексова, д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска, д-р Василка Ренџова, д-р Вера Стојановска)**.......252-328

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *СЛОЖЕНКИТЕ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЦРКВОНСЛОВЕНСКИ ТЕКСТОВИ* ОД М-Р ВЕСНА КОСТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 28. редовна седница одржана на 30.5.2012 година, не избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов *Сложенките во македонските црковнословенски текстови,* изработена од м-р Весна Костовска.

Во врска со тоа, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Сложенките во македонските црковнословенски текстови,* од м-р Весна Костовска, содржи текст распореден во следниве глави: I. Увод, II. Сложени именки, III. Сложени придавки, IV. Сложени глаголи. V. Заклучок. Следува Библиографија и Индекс на обработените сложенки.

Предмет на анализа претставуваат појавата, образувањето и семантиката на сложенките во македонските црковнословенски текстови од XII до XVI век. За таа цел, авторката го користи корпусот на текстови ексцерпирани за *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција,* кој дава добра основа за ова истражување. Лексичкиот архив на Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонскиот јазик „Крсте Мисирков“ опфаќа лексика од 29 текстови со различна жанровска, територијална и хронолошка припадност, почнувајќи од текстовите од XII па сè до XVI век, од кога потекнува најмладиот ракопис – Крнинскиот дамаскин, кој ја обележува новата фаза во развојот на јазикот на писменоста и го збогатува анализираниот материјал со нови народни зборови. Во ексцерпираните текстови постојат околу 2500 сложенки. Најфреквентни се сложените придавки, потоа именките, а релативно ретки се сложените глаголи.

Во воведниот дел, кандидатката ги определува теоретските рамки на својата анализа, ги образложува применетите методолошки постапки и ги набележува целите на истражувањето, и тоа: расветлување на структурно-граматичките и лексичко-семантичките особености на сложенките во споменатиот корпус.

Ќе се согласиме со констатацијата дека сложувањето претставува зборообразувачки начин кој често се користи за задоволување потреба од нови номинации. При тоа неизбежно е засегната проблематиката на разни видови калкирање, за влијанието на грчките модели врз создавањето на сложенките.

Добрата застапеност на лексичкиот слој на сложенки е карактеристична за црковнословенскиот јазик, во кој композицијата доживува голема експанзија и речиси

неограничена продуктивност. Во согласност со тоа е нараснувањето на бројот на сложенките во помладите ракописи што го потврдува анализата на материјалот од лексичкиот архив на *Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција.* Познато е дека широкото користење на композицијата очигледно се должи на фактот дека сложенката претставува подободна форма за изразување на нови содржини, бидејќи ја поврзува семантиката на компонентите и по потреба ја модифицира. Мнозинството сложенки спаѓаат во книжниот слој од лексиката. Карактеристична за нив е присутноста на терминолошки значења (ѵасословьць, ѵетворопѣсньць), за придавките, пак, е карактеристична нивната честа употреба во функција на *epitheta ornantia*, особено во химнографскиот жанр (благожханьнаꙗ глава, богогласьнаꙗ цѣвьница, ꙁлатоглаголива оѵста, огнеросьна пещь итн.).

Следните глави се посветени на анализа на сложенките по зборовни групи, и тоа во однос на структурата, во однос на граматичкиот карактер на членовите што влегуваат во состав на сложенките и во однос на семантиката.

Сложенките веќе во старословенскиот период јасно се оформуваат со сврзувачките вокали *-о-, -е-,* меѓутоа, се среќаваат и формации со други вокали, добро потврдени во материјалната база на Речникот. Секако, ќе се согласиме со заклучокот дека честото варирање и паралелната употреба на истозначните синтагми упатува на нивната недоволна интегрираност во системот. На пр. лъжесъвѣдѣтель – лъжисъвѣдѣтель – лъжь съвѣдѣтель, грѣхопадание – грѣхъпадание – грѣхѫотъпадание, огньпальнъ – огнепальнъ, браконеискоѵсьнаꙗ – бракоѵнеискоѵсьнаꙗ – неискоѵсьнаꙗ бракоѵ – неискоѵсобраѵьнаꙗ.

Анализата на сложенките по составните компоненти се осврнува на нивниот соодност, како и на нивната застапеност. Се истакнува дека составните компоненти на сложенките најчесто се наоѓаат во детерминативен однос, а многу поретко во координативен однос (на пр. горькоѵюдьнъ, льстивомѫдрьнъ), што претставува очекувана состојба.

Внимание се обрнува и на хибридните сложенки, иако тие во материјалот се релативно многу ретки. Некои од нив се познати и во постарите текстови (идолослоѵжение, мѵроносица, лъжеапостолъ), други се очигледно нови, можеби пригодни образувања и се наоѓаат само во најмладите текстови, на пр. (мѵроположьница во Ваташкиот минеј или канъдиловъжигатель во Крнинскиот дамаскин).

Иако на синонимите им се обрнува соодветно внимание, интересно би било да се одбележат и некои поспецијални случаи меѓу кои спаѓа, на пример, специјална стилски мотивирана функција на првите компоненти вьсе- и мъного- кај сложените придавки во химнографските дела, односно дека тие можат да служат и за засилување на значењето, слично како префиксот прѣ-, сп. вьсеблаженъ – мъногоблаженъ – прѣблаженъ, вьсемилостивъ – мъногомилостивъ – прѣмилостивъ.

Според очекувањето, бројот на сложените глаголи во материјалот е ограничен, иако во споредба со канонските споменици нивниот број се зголемува, особено во помладите текстови во кои се појавуваат нови калки како составен дел од книжната

лексика, на пр. благоговѣиньствовати, дароносити, живонаписати. Но, треба да се забележи дека во бројни случаи се поставува прашањето за оформеноста на глаголската сложенка и дека границата меѓу сложенката и составот не мора да биде остра. Ни постоењето на грчката сложенка не претставува сигурен критериум, бидејќи не постои стопроцентна еквиваленција: одредени грчки сложени глаголи никогаш не се преведуваат со стсл. сложенка, на пр. ὁδοποιεῖν пѫть сътворити.

Интензивната употреба на сложенките во старословенските и особено во црковнословенските текстови претставува добро позната појава која од разни аспекти е елаборирана во постојната литература, меѓутоа македонските црковнословенски текстови поретко биле предмет на ваков вид истражување, а особено не биле истражувани монографски врз поопширен корпус на текстови. Жанровската разновидност на анализираните текстови (библиски текстови, химнографски и хагиографски дела, проповедите и коментарите кон псалтирниот текст, дамаскинот) овозможува следење на континуитетот со постарата состојба, но и нови развојни тенденции кои доаѓаат до израз во оваа област.

Од приложената библиографија се гледа дека кандидатката е запознаена со релевантната општа и специјална литература, што овозможува нејзините заклучоци да бидат добро фундирани.

Јасно е изразен стремежот на авторката да ги согледа како системските односи на зборообразувачкиот систем, така и индивидуалните особености на јазикот на текстовите мотивирани од најразлични причини. Тоа е неопходно со оглед на специфичниот јазичен стандард на црковнословенскиот јазик во кој, во споредба со живите словенски јазици, поставеноста на одделни сегменти во системот бележи промени и поместувања во соодносите на конкурентните средства.

Во повеќе сегменти трудот донесува нови сознанија за состојбата на јазикот на македонските црковнословенски текстови и содржи согледувања кои претставуваат придонес кон историското зборообразување во македонскиот јазик.

Врз основа на нашата позитивна оцена на докторската дисертација *Сложенките во македонските црковнословенски текстови,* со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" **да го прифати овој извештај и да ја повика кандидатката м-р Весна Костовска на јавна одбрана.**

Рецензенти

Д-р Зденка Рибарова, н. сов., с.р.

Д-р Димитар Пандев, ред. проф., с.р.

Д-р Емилија Црвенковска, ред. проф., с.р.

Д-р Лилјана Макаријоска, н. сов., с.р.

Д-р Славица Велева, вонр. проф., с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ "СМОЛКНУВАЧКО ИНДУЦИРАНИ МИКРО И МАКРОСТРУКТУРНИ ПРОМЕНИ КАЈ ПОЛИМЕРНИ БЛЕНДИ НА БАЗА НА ПОЛИВИНИЛХЛОРИД СО ПОЛИАЛКИЛМЕТАКРИЛАТИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РЕОЛОГИЈАТА, МОРФОЛОГИЈАТА И МЕХАНИЧКИТЕ СВОЈСТВА" ОД КАНДИДАТКАТА М-Р АНЕТА ВАСИЉЕВИЌ-ШИКАЛЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, донесена на редовната седница од 17. 9 .2012 година, именувани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација "Смолкнувачко индуцирани микро и макроструктурни промени кај полимерни бленди на база на поливинилхлорид со полиалкилметакрилати и нивното влијание врз реологијата, морфологијата и механичките својства" на кандидатката м-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска.

По разгледувањето на докторската дисертација, Комисијата за оцена во состав: д-р Фредерика Поповска-Павловска, ред. проф., д-р Гордана Богоева-Гацева, ред. проф., д-р Слободан Пренџов, ред. проф., д-р Александра Бужаровска, вон. проф. и д-р Атанас Кочов, ред. проф., до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Содржината на докторската дисертација со наслов "Смолкнувачко индуцирани микро и макроструктурни промени кај полимерни бленди на база на поливинилхлорид со полиалкилметакрилати и нивното влијание врз реологијата, морфологијата и механичките својства" од кандидатката м-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска" е изнесена во седум поглавја, секое со повеќе потсекции, во вкупно 150 страници, и е организирана според стандардниот протокол за стекнување на научниот степен доктор на науки.

### Предмет и цели на истражување

Докторската дисертација според предметот на истражување е од областа на науката за материјали и технологија, а обработува проблематика од мешање на високомолекуларни синтетски полимери за добивање нови материјали со однапред одредени перформанси. Цел на оваа дисертација беше да се *студираат феномените во фазата на обликување на полимерната бленда во готов производ*, кога таа со одредена формулација во растопена состојба, се принудува да тече низ различни геометриски форми, како *и нивното влијание врз крајните својства.*

Технологијата на мешање на два или повеќе постојни високотонажни полимери во последните две декади е опсежно истражувана и може да се каже дека веќе претставува потврдена стратегија за добивање нови материјали со подобрени или нови карактеристики споредено со својствата на конституентите на смесата.

Бројни се примерите на полимерни смеси кои се индустриски добиени, комерцијализирани и понудени на пазарот, чии барања секојдневно стануваат се попребирливи во однос на својствата и квалитетот на материјалите.

Навидум релативно едноставна постапка, и од аспект на одржлив развој особено погодна, сепак создавањето на полимерна смеса со таков состав и дисперзен статус кои ќе имаат значајна позитивна рефлексија врз крајните својства, сеуште наидува на повеќе тешкотии и остава простор за многу нерешени дилеми од следниве причини:
Се работи за мешање на високомолекуларни полимери кои од една страна поради нивната ентрописка непогодност не може да се очекува да резултираат во добивање на смеса мешлива на молекуларно ниво, меѓутоа од друга страна полимерните компоненти при нивниот непосреден контакт како резултат на разновидните молекуларни карактеристики со кои се одликуваат, можат да развијат различни по вид и интензитет полимер-полимер интеракции, а резултирачката полимерна бленда да биде со различен дисперзен статус и големина на домените, од оној карактеристичен за мешливи бленди до оној на немешливи.
Ова сознание не само што укажува на фундаменталното значење на термодинамиката во формулацијата на блендите, туку ги доловува и бројните можности што ги нуди оваа технологија во добивање нови полимерни материјали со софистицирани својства со промена на морфологијата, односно структурата на блендата, преку создавање нови интеррелациски мрежи меѓу различните сегменти на полимерите по пат на примена на различни физички или хемиски интервенции. Понудата во таа насока е голема бидејќи се и бројни агенсите со кои може да се предизвикаат ваков вид на промени во блендите.

Во последно време е актуелна и примената на полимерните бленди како матрица во која се инкорпорираат наночестици и добиваат нанополимерни материјали. Овој докторски труд спаѓа меѓу ретките кои ја студираат и оваа проблематика.

Претходно искажаното ја прави технологијата на мешање на полимери да не губи во актуелноста, туку да претставува постојан предизвик за научниот и комерцијалниот интерес.

Од накусо изнесените сознанија за технологијата на мешање на полимери произлегува дека најголемиот број на теоретски и експериментални истражувања се однесуваат на релацијата формулација-перформанси, меѓутоа *случувањата и дополнителните промени кои можат да настанат во фазата на обликување на полимерните бленди во крајни производи* се многу помалку истражувани, што беше и *предивик за овој докторски труд.*

Во оваа докторска дисертација е студирано дали при течењето во операцијата на обликување доаѓа до дополнителни промени во морфологијата како резултат на индуцирани микроструктури; како морфолошките промени се одразуваат на крајните својства на

материјалот; кои од својствата на полимерната бленда се најосетливи на тие промени; каква е таа зависност и дали може да се изрази во аналитички облик и на крајот дали реолошкото однесување во фазата на обликување може да послужи како базичен инпут во формирањето на општиот математички модел за симулација на овој процес во целина, односно за релацијата фомулација на блендата-процесирање-перфоманси, со оглед на тоа што реолошките својства можат да ја поврзат молекуларната кинетичка теорија со инженерските принципи на течење. Со компјутеризација на овој модел може да се најдат оптималните услови на процесот.

### Анализа на содржината

Содржината на оваа докторска дисертација, како што веќе е кажано, е изнесена во седум поглавја со повеќе потсекции во секое од нив, меѓутоа оцената и анализата ќе биде дадена за теоретската поддршка на трудот и за експерименталната студија на проблематиката која е предмет на овие истражувања, со посебен осврт на дискусијата на резултатите и направените заклучоци.

**Теоретска поддршка**. Кандидатот многу накусо ги акцентира битните елементи за создавањето на полимерните смеси, а посебно за нивниот *дисперзен статус*, кој може да варира со опсег на големини на домените од оние карактеристични за мешливи до оние немешливи. Полимер-полимер интеракциите се тие кои ја дефинираат оваа состојба. Во тој контекст е истакнато исклучителното значење на термодинамиката во дефинирањето на интеракциското поле според потеклото и видот, како и во пресметување на силината на полимер-полимер интеракциите со примена на *современата статистичка термодинамска теорија*. Врз основа на овие сознанија, термодинамиката го предвидува фазното однесување на компатибилните бленди, но исто така кога станува збор за фазно сепарирани смеси, може да ја одреди и меѓуфазната разделна површина. Според тоа, од аспект на формулацијата на блендата, изборот на полимерни конституенти, концентрацискиот состав, температурата и условите за непосреден контакт меѓу полимерните конституенти целосно се термодинамски апсолвирани (предложени се различни теоретски модели на термодинамската состојба), со што преку обезбедувањето услови за посакуваната морфологија се добива нов материјал со барани перфоманси без притоа да се користи итеративниот процес.

Друг фундаментален инпут, при мешањето на високомолекуларни полимери во растопена состојба од исклучителна важност за квалитетот на крајниот производ, пред се поради неговата поврзаност со структурата на блендата, е *реолошкото однесување*. Се работи за сложена проблематика, особено кога треба да се одреди реолошкото однесување на полимерните бленди, поради фактот дека секој од конституентите во смесата се одликува со комплексна реологија. Од тие причини, во теоретската поткрепа за реолошките релации кај полимерните бленди кандидатот се соочува со проблемот на оскудна литература, дури и со непостоење на вакви облици со кои можат да се опишат реолошките својства на блендите. Со голема доза на претпазливост од консултираната литература и личното знаење и

искуство дека високомолекуларните соединенија според својата природа покажуваат интермедиерно однесување меѓу она на идеално вискозно и идеално еластично, односно се вискоеластични, кандидатот за одредување на својствата на полимерните бленди ги користи *реолошките равенки на состојба* изведени за хомополимери користејќи го *феноменолошкиот приод*, наместо молекуларно-кинетичката теорија.

*Реолошките равенки на состојбата*, познати уште како конститутивни равенки, се составени од варијабли со тензорска природа и за нивната изведба е потребно познавање на тензорска анализа. Текстот во овој дел на конститутивни равенки не е обременет со мноштво на постојни модели, туку кандидатот се определи само за оние *кои ги опишуваат линеарните вискоеластични својства при услови на стационарно смолкнувачко течење* и динамичко осцилаторно движење при мали амплитуди. Сите овие равенки, базирани на Maxwell-овиот модел, модифициран и приспособен за полимери, при услови на едноставно смолкнувачко стационарно движење се сведуваат на три функции, $\eta\left(\dot{\gamma}\right)$, $\psi_1\left(\dot{\gamma}\right)$ и $\psi_2\left(\dot{\gamma}\right)$, познати како *материјални функции* бидејќи се врзани со карактеристиките на материјалот. Првата е вискозитетна, додека со втората и третата функција се дефинираат еластичните својства на материјалот.

Што се однесува до *реолошките равенки на состојба при динамичко осцилаторно течење со мали аплитуди* со примена на интегралниот приод добиени се повеќе реолошки модели (на Oldroyd, Spriggs, Bird Carreau, Bogue и Meister) кои, слично на претходните, се слеваат во функциите на динамички вискозитет $\eta'(\omega)$ и динамички модул на смолкнување $G'(\omega)$, кои ги дефинираат вискозните и еластичните својства на материјалот.

Приодот за одредување на реолошките својства преку трите материјални функции е логичен, сметајќи дека мешливите полимерни бленди можат да се поистоветат со хомополимерите.

Во контекст на реолошките својства кандидатката накусо ги изнесува и *теоретските модели за опишување на развојот на морфологијата при течење на моделни полимерни смеси*, односно смеси чии компоненти покажуваат њутновски карактер на течење и вискоеластични својства, во услови на едноставно стационарно смолкнување (Taylor-ов модел) и динамичко осцилаторно течење со мали амплитуди (модел на Palierne).

Од анализата на опсежниот **преглед на литературата**, кој обилува со бројни референци, може да се заклучи дека од постар датум се само оние референци кои се однесуваат на класичните реолошки модели (како што се тие на Maxwell, Oldroyd, Boltzmann, Bird-Carreau и сл), додека останатите, со понов датум, се однесуваат на развојот на морфологијата и индуцираните микроструктури кај полимерните материјали.

Според изнесеното во прегледот, досегашните експериментални студии главно ја следат кинетиката и поместувањето на границата на фазна сепарација, појавата на коконтинуитет на фазите, флуктуациите на концентрацијата, појавата на уситнување или коалесценција на

капките кај моделни немешливи полимерни смеси во услови на мирување и многу ретко во услови на преработка.

Иако врз основа на прегледаните експериментални резултати и теоретски модели (кои главно се базираат на теоријата на емулзии) дефинирани се повеќе бездимензионални параметри (вискозитетен однос на компонентите во блендата, капиларен број, однос на првиот и вториот коефициент на разликата на нормални напони, двата броја на Дебора, геометриски фактор $\phi_P$, шема на болцманова решетка и сл.) кои играат голема улога во обезбедување одредена морфологија, сепак добивањето на целосна слика за смолкнувачко индуцираните промени кај полимерни растопи и раствори со нењутновски карактер на течење и изразен еластицитет е многу комплексно.

Од тие причини кандидатката направила краток осврт на трудовите во кои генерирањето на микроструктурата при смолкнувачки и елонгациони течења се следи in-situ и post-mortem, со комбинирање на повеќе техники, како што се реолошки, оптички, рео-оптички, техники со расејување на светлината под мал и голем агол, со расејување на неутрони, полариметриски, диелектрични и др., што ќе овозможи подобро разбирање на сложените феномени кои се случуваат по должината на фазната разделна површина меѓу комонентите во смесата.

**Експерименталниот дел** е најобемен и заедно со дискусијата и заклучоците е презентиран на 110 страници. Експериментите се организациски и концепциски осмислени така што обезбедуваат услови за следење на развојот во структурата и другите својства во континуитет во зависност од промената на полето на напрегање при иста температурата на растопот. Тоа, пак, овозможува идентификација на промените и компарација на резултатите во различните фази.

Испитувани се двокомпонентни полимерни мешливи бленди од аморфни конституенти, на база на PVC со полиалкилметакрилати (полиметилметакрилат, PMMA, полиетилметакрилат, PEMA и полибутилметакрилат, PBMA) во целиот концентрациски опсег. Исто така, дополнително се испитувани и немешливи полимерни смеси со PVC и кристаличен полимер-полипрополен, PP, како и нанокомпозитен материјал со мешлива полимерна бленда PVC/PEMA 90/10 како матрица во која се инкорпорирани монтморилонитни наночестици .

Полимерните смеси добиени од брабендер при температура од 170 °C и брзина на вртење 20 вртежи/минута, понатаму се обликувани во симулирани услови во едноползавест екструдер при две различни брзини на ротација од 20 и 80 вртежи/минута со температура во главата на екструдерот 170 °C.

Извршена е целосна карактеризација на смесите добиени од брабендер и обликуваните екструдати со користење на најразлични современи техники како што се скенингелектронска микроскопија (SEM), трансмисиона електронска микроскопија (TEM), реометар со паралелни плочи во стационарни и осцилаторно динамички услови, динамо-механичко-термичка анализа (DMTA), динамометриска метода, диференцијална скенинг калориметрија (DSC) и рендгенска анализа (XRD).

Резултатите се обработени и прикажани во облик на микрофотографии, дијаграмски и хистограмски, табеларно, и што е

најважно, во облик на математички равенки. Нивната анализа е сеопфатна и целосно соодветствува на поставената цел. Таа недвосмислено покажува дека:

1. ***Во екструдерот се индуцираат смолкнувачки микроструктури кои дополнително ја променуваат морфологијата на блендата добиена од брабендер***
2. ***Морфолошките промени предизвикани од индуцираните микроструктури значително ги променуваат реолошките и механичките својства.***
3. ***Реолошкото однесување за првпат е следено преку материјалните функции,*** $\eta(\dot{\gamma})$ и $\psi_1(\dot{\gamma})$, ***за кои се најдени и аналитички облици. За најголемиот број на бленди овие функции го следат експоненцијалниот закон, односно*** $\eta(\dot{\gamma}) = K\dot{\gamma}^{n-1}$ ***и*** $\psi_1(\dot{\gamma}) = (\tau_{11} - \tau_{22}) / \dot{\gamma}^{2n'}$, ***што зборува дека блендите покажуваат псевдопластичен карактер како на вискозитетот, така и на коефициентот на еластичност. Структурните промени најмногу се рефлектираат на експонентите*** $n$ ***и*** $n'$.

За да се потврди ова ***значајно и оригинално*** сознание, реолошките својства се одредени и при динамичко осцилаторно течење при мали амплитуди.

1. ***Најдени се функциите на модулот на сторирање,*** $G'(\omega)$, ***модулот на загуби,*** $G''(\omega)$, ***и комплексниот вискозитет,*** $\eta^*(\omega)$, ***од фреквенцијата.***
2. ***Аналитичките облици на овие зависности исто така го следат експоненцијалниот закон како и материјалните функции.***
3. ***Микроструктурните промени индуцирани во екструдерот резултираат во материјали со зголемена смолкнувачка течливост и намалена еластичност, аналогно на она што е опсервирано кај материјалните функции.***
4. ***Модулот на сторирање ја дефинира акумулираната енергија, односно повратните деформации, и тој според својата природа кореспондира на првиот коефициент на разликата на нормални напрегања, додека модулот на загуби ја одразува загубената енергија при течењето, односно неповратните деформации, и според тоа кореспондира со вискозитетот.***

***Она што треба посебно да се нагласи е дека е најдена корелација меѓу претходно наведените кореспондентни функции. Токму тоа потврдува дека резултатите од***

*експериментите за реолошките својства се конзистентни, репродуцибилни и според тоа веродостојни за реолошките својства изразени преку материјалните функции.*

*Вискоеластичните својства во цврста состојба исто така ги потврдија претходно изнесените сознанија за реолошките својства во функција од морфологијата.*

*Нагласената зависност на реолошките својства од морфологијата го потврдува големото значење што реолошките својства го имаат во дефинирањето на крајните својства на материјалите.*

*Според тоа, реологијата на полимерните бленди може да се смета како фундаментален фактор во градбата на општиот математички модел за опишување на процесот на добивање нови материјали на база на полимерни бленди, бидејќи таа ги поврзува молекуларно кинетичката теорија со инженерските принципи. Овој математички модел може компјутерски да се симулира и оптимизира, а со тоа да се добие производ со однапред дадени карактеритики.*

*Други дополнителни сознанија добиени со оваа студија се дека при смолкнувањето во екструдер кај одредени полимерни смеси може да се предизвика индуцирана немешливост на системот.*

*Додадените наночестици ги подобруваат реолошките својства на полимерната смеса во течна и цврста состојба, без притоа да се влошат нејзината процесибилност и стабилност.*

Резултатите презентирани во дисертацијата се преточени во трудови печатени во меѓународни списанија со фактор на влијание (2) или подготвени за печатење (1), објавени во рецензирани зборници од меѓународни симпозиуми (1), како и реферирани на меѓународни научни собири во облик на усни (5) и постерски презентации (2), како и рецензирани извештаи (2):

I. Трудови објавени во меѓународни списанија со фактор на влијание:

1. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Popovska-Pavlovska, F., *Materials Science and Engineering*, 40 (2012), 1-8 doi:10.1088/1757-899X/40/1/012009
2. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Popovska-Pavlovska, F., Cimmino, S., Duraccio, D., Silvestre, C., *Journal of Applied Polymer Science*, 118, 3, 1320–1330 (2010)

II. Презентации на меѓународни конгреси, симпозиуми и работилници

1. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Popovska-Pavlovska, F., Silvestre, C.,Duraccio, D., Cimmino, S., *"Linear Viscoelastic Behavior/Morphology/Flow Conditions Relationships for Miscible Polymer Blends"*, International Conference "Processing Technologies and Functional properties of Polymer Nanomaterials for Food Packaging", 11-12 September, 2012, Wroclaw University of Technology, (Poland), **(усмена презентација)**

2. Popovska-Pavlovska, F., **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, "Material Functions of Polymer Blends with Flow Induced Microstructures", International Conference "Processing Technologies and Functional properties of Polymer Nanomaterials for Food Packaging", 11-12 September, 2012, Wroclaw University of Technology, (Poland), **(усмена презентација)**

3. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Popovska-Pavlovska, F., "Advanced Materials based on Polymer Blends/Polymer Blend Nanocomposites", International Conference on Structural Nano Composites, 2-4 July, 2012, Cranfield University, Bedfordshire, London (UK) **(усмена презентација)**

4. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Kozlowski, M., Popovska-Pavlovska, F., *"Flow Induced Effects on Mechanical Properties of Polymer Blends based on PVC"*, International Workshop, 7-9 March, 2012, Valencia (Spain), **(усмена презентација)**

5. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Popovska-Pavlovska, F., Silvestre, C.,Duraccio, D., Cimmino, S., *"Nanomaterials Based on Polymer Blends"*, International Workshop, 7-9 March, 2012, Valencia (Spain) **(постерска презентација)**

6. Popovska - Pavlovska, F., **Vasiljevic - Shikaleska, A.**, "Rheological Behaviour in a Context of the Relationship Formulation-Processing-Ultimate Properties of Advanced Polymer Materials: Theory and Practice", International Training School "Deepening the Knowledge in the Field of Polymer Nanomaterials for Food Packaging", 3 -5 November, 2011, Skopje (R. Macedonia), **(усмена презентација)**

7. **Vasiljevic - Shikaleska, A.**, Mechanical Properties of PVC/PEMA blends, **STSM Scientific Report**, Reference number: COST-STSM-FA0904-8487, August, 2011

8. **Vasiljevic-Shikaleska, A.** International workshop "Safe Nanostructured Polymer Materials: Characterization and New Processing Technologies", 3-4 March, 2011, Pozzuoli (NA) Italy

9. **Vasiljevic-Shikaleska, A.** Technological Seminar "Polymer Nanomaterials for Food Packaging: Characterization Needs, Safety and Environmental Issues", 1-2 September, 2010, St Mary's University College, Teddington, London (UK).

10. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, Popovska Pavlovska, F., Duraccio, D., Silvestre, C., Cimmino, S., Proceedings of the Polymer Society 24th Annual Meeting – PPS24, June, 2008, Salerno (Italy) (**проширен апстракт и постерска презентација**)
11. **Vasiljevic-Shikaleska, A.**, "Rheological and morphological properties of PVC based blends", **Scientific Report**,Ministry of foreign affair (DGPCC), 2008

Исто така, во текот на изработката на тезата кандидатката учествува и на два меѓународни проекта:

1. COST FA0904: Eco-sustainable food packaging based on polymer nanomaterials, ЕУ (тековен) http://www.cost.esf.org/domains_actions/fa/Actions/FA0904
2. COST MP0701: (Polymer) composites with novel functional and structural properties by nanoscale materials (Nano Composite Materials-NCM), ЕУ (завршен Март 2012) http://www.cost.esf.org/domains_actions/mpns/Actions/MP0701

## *ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ*

Несомнено дека оваа докторска дисертација со резултатите постигнати од опсежните истражувања во областа на добивање нови материјали на база на полимерни смеси *претставува значаен придонес во надоградувањето на научните сознанија за една актуелна и сложена проблематика како што е технологијата на мешање на постојни вискотонажни полимери, но и отвора нова перспектива за нивна примена во нанотехнологиите и добивање производи со софистицирани својства.*

Со аналитички пристап, врз база на досегашните сознанија и личното искуство, кандидатката концепциски го организирала и изведувала истражувањето така што тоа да ги содржи сите фази од формулација на полимерната смеса, преку фазата на нејзиното обликување до краен производ, посветувајќи притоа најголемо внимение на операцијата на обликување која е предмет на оваа дисертација. Тоа овозможува процесот на добивање нов полимерен материјал на база на полимерна смеса со одредени карактеристики да се разгледува во целина.

Во однос на високомолекуларните полимери користени за формирање на блендата, кандидатката повторно на база на своето широко познавање, дека високомолекуларните полимери при непосредниот контакт образуваат смеси со дисперзен статус со опсег на големина на домените меѓу тие на мешливи и немешливи смеси, осмислено се определува за мешливи двокомпонентни смеси со PVC матрица и полиалкилметакрилати како втора компонента. Но, тоа не исклучи да се испита исто така и немешлива смеса од PVC со PP, и наноматеријал со мешлива полимерна смеса како матрица.

Овој концепциски пристап обезбеди во фазата на обликување, односно течење на растопот, да се идентификуваат дополнителни

морфолошки промени како резултат на индуцирани микроструктури во блендата и да се определи нивниот ефект врз крајните својства. Од испитуваните својства, реолошките се најсензитивни на морфолошките промени.

Аналогизирањето на мешливата полимерна бленда со хомополимерите овозможи, преку реолошките равенки на состојбата за линеарна вискоеластичност, при едноставно смолкнувачко течење и динамичко осцилаторно течење, ***да се определат за првпат материјалните функции за полимерни бленди.***

Она што е од круцијално значење во оваа докторска дисертација е сознанието дека реолошкото однесување, со потврдено нагласената зависност од морфологијата на блендите и фактот дека ги поврзува инженерските принципи на течење со молекуларно кинетичката теорија, може да послужи како базичен инпут во формирањето на општиот математички модел за компјутерска симулација и оптимизација на целиот процес на добивање нови полимерни материјали со специфицирани својства на база на полимерни смеси.

Кандидатката м-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска се одликува со извонредни способности за научноистражувачка работа. Располага со широки, од повеќе аспекти познавања, од областа на нови полимерни материјали. Главни нејзини карактеристики се студиозност, аналитичност, а пред се критичност кон работата. Престојувајќи во повеќе европски најсовремено опремени институти за изведување на експерименталната работа имала можности за стекнување и проширување на знаењата, но и покажала голема умешност во користење на софистицирани експериментални техники и методи. Перманентно вложува во своето усовршување, а како резултат на нејзините активности во полето на технологијата на полимери и нанополимерни материјали станала препознатлива и пошироко, а потврда за тоа е и предлогот за член на организаниот комитет за организирање на европската конференција POLYMAR , Barcelona, Spain, 2013.

Врз основа на изнесеното, Комисијата за оцена со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на ТМФ *да ја прифати рецензијата на докторската дисертација* со наслов “Смолкнувачко индуцирани микро и макроструктурни промени кај полимерни бленди на база на поливинилхлорид со полиалкилметакрилати и нивното влијание врз реологијата, морфологијата и механичките својства” од кандидатката м-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска *и да ја проследи за јавна одбрана.*

Скопје, 3.12.2012

Комисија

1. Д-р Фредерика Поповска-Павловска, ред. проф., ментор с.р.
2. Д-р Гордана Богоева-Гацева, ред. проф. с.р.
3. Д-р Слободан Пренцов, ред. проф. с.р.
4. Д-р Александра Бужаровска, вонр. проф. с.р.
5. Д-р Атанас Кочов, ред. проф. с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски труд на **Економскиот факултет-Скопје** во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ана Мазнев | „Финансиските аспекти на франшизата и отпочнувањето на франшизен бизнис" | проф.д-р Бобек Шуклев |
| Бранко Тренковски | „Маркетинг активности преку онлајн апликации за директен маркетинг" | проф.д-р Анита ЦинуоваШулеска |
| Биљана Јанкуловска | „Управување со невладини организации" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Маријана Наумоска | „Стратегии на брендирање со посебен осврт на брендот ЦЕВИТАНА" | проф.д-р Анита ЦинуоваШулеска |
| Ивана Мицевска | „Стратегија за влез на телекомуникациските компании на македонскиот пазар" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Сања Костовска | „Поттикнување на вработените прку обликување на работните задачи" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Елена Робевска | „Влијанието на културата и вредностите врз маркетинг комуникацискиот процес во прехранбената индустрија" | проф.д-р Снежана Ристевска Јовановска |
| Елена Шурдоска | „Промотивни активности за развој на руралниот туризам во струшкиот регион" | проф.д-р Нада Секуловска |
| Вера Попоска | „Влијанието на интерниот маркетинг врз брендот кај услужните претпријатија во Македонија" | проф.д-р Анита ЦинуоваШулеска |
| Владимир Неделков | „Македонската економија во услови на светската економска криза од 2007 година" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Благородна Фити | „Улогата на јавните финансиски институции во поддршката на малите и средните претпријатија-случајот на Република Македонија" | проф.д-р Горан Петревски |
| Стефаниа Попоска | „Стратегија и инструменти на монетарната политика на Народна | проф.д-р Михаил Петковски |

| | | |
|---|---|---|
| | банка на Република Македонија" | |
| Мими Олумчева | „Кредитирање на населението – анализа и процедури во банкарскиот систем на Република Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Сузана Стојчевска | „Долгорочно кредитирање во Република Македонија со посебен осврт на станбените кредити" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Наташа Стерјовска | „Влезот на странскиот капитал во банкарскиот сектор во земјите од Централна и Југоисточна Европа со посебен осврт на Македонија" | проф.д-р Горан Петревски |
| Гордана Ѓореска Марковска | „Алтернативни пазари за финансирање на мали и средни претпријатија – со посебен осврт на Р.Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Јасна Петрова | „Евро-ефекти и предизвици: случајот на Р.Македонија" | проф.д-р Михаил Петковски |
| Родна Мрцкалова | „Управување со промените во пензискиот систем на Р. Македонија" | проф.д-р Златка Поповска |
| Мирјана Ѓорѓиевска | „Фискална децентрализација во Република Македонија - со посебен осврт на состојбите, проблемите и перспективите на општина Карпош" | проф.д-р Владимир Филиповски |
| Велимир Стојковски | „Европска поддршка на конкурентноста, иновативноста и интернационализацијата на малите и средните претпријатија" | проф.д-р Љубомир Дракулевски |
| Наташа Мартиноска | „Меѓународната трговија со земјоделски производи во рамките на СТО" | проф.д-р Ирена Кикеркова |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ И РАЗВОДНИ ПОСТРОЈКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Согласно со утврдената процедура за избор на еден асистент, Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата седница одржана на 28.11.2012 год., донесе одлука за формирање Рецензентска комисија во состав: проф.д-р Вангел Фуштиќ, проф. д-р Атанас Илиев и проф. д-р Антон Чаушевски за избор на еден асистент по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки (Одлука бр. 02-3125 од 9.11.2012 година).

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" на 10.11.2012 година, за горенаведената наставно-научна област се пријави само еден кандидат, м-р Невенка Китева Роглева, дипл. ел. инж., за избор во звањето асистент. По прегледот на доставените документи, како и од личниот увид во досегашните професионални, стручни и научни достигнувања во наставно-научната област за која конкурираат кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник "Дневник" од 10.11.2012 год., се пријави само еден кандидат, и тоа м-р Невенка Китева Роглева.

## 1. Биографски податоци за кандидатката

М-р Невенка Китева Роглева е родена на 19.7.1979 год. во Кавадарци, каде што завршила основно училиште и гимназија. На Електротехничкиот факултет во Скопје- насока: електроенергетика се запишала во учебната 1998 година. Во текот на студирањето секогаш била меѓу најдобрите студенти во генерацијата, за што е добитник на дипломи за постигнат успех над 9,00 од страна на Факултетот. На Електротехничкиот факултет дипломирала во јули 2003 година на тема „Моделирање на еден агрегат во ХЕЦ „Тиквеш", под менторство на вонр. проф. д-р Вангел Фуштиќ. Во текот на студиите постигнала просечен успех 9,00.

Во учебната 2003/04 година, кандидатката се запишала на постдипломските студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електрични централи и разводни постројки, под менторство на проф. д-р Вангел Фуштиќ, работејќи на примена на современите системи на автоматизација во електричните централи и разводните постројки. Во јуни 2009 година го одбранила магистерскиот труд со наслов „Методологија на менеџмент на ризик кај хидроцентралите", со што се стекнала со научното звање магистер на електротехнички науки во областа електрични централи и разводни постројки.

Во септември 2009 година, м-р Невенка Китева Роглева пријавила тема за изработка на докторска дисертација со наслов „Проценка и менаџмент на ризик од примена на нови технологии кај хидроцентралите", под менторство на проф. д-р Вангел Фуштиќ. Пријавената тема за изработка на докторска

проф. д-р Вангел Фуштиќ. Пријавената тема за изработка на докторска дисертација и подобноста на кандидатот се прифатени на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во октомври 2009 година.

Во јануари 2006 година, м-р Невенка Китева Роглева е избрана од Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, во звањето помлад асистент при Институтот за електрични централи и разводни постројки.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик и има познавања од германскиот јазик.

## 2. Наставна дејност како демонстратор и помлад асистент

М-р Невенка Китева Роглева има и значително искуство како демонстратор во периодот 2004-2006 год. и како помлад асистент во периодот 2006-2012 година на Институтот за ЕЦРП при изведување на аудиториски и лабораториски вежби по предметите:

- проектирање на електрични централи и разводни постројки (аудиториски и лабораториски вежби)
- проектен менаџмент (аудиториски и лабораториски вежби)
- релејна заштита (аудиториски и лабораториски вежби)
- управување и контрола на електроенергетски објекти (аудиториски вежби)
- мали ХЕЦ (аудиториски и лабораториски вежби)
- когенеративни постројки (аудиториски и лабораториски вежби)
- планирање на погон и градба на електрични централи (аудиториски вежби)
- софтверски алатки во електроенергетика (лабораториски вежби).

Кандидатката го владее следниов софтвер: MATLAB/Simulink, Pascal, MS Office, Графика (Adobe Photoshop, Ulead Video Studio, Corel Graphics Suite), Оперативни системи (MS Windows95/98/2000/XP; MS Dos), (Word/Excel/PowerPoint/FrontPage/ Outlook/Visio/ Project), Web Dizajn (Macromedia Dreamweaver, Macromedia Director), Internet Explorer, Netscape Navigator.

Кандидатката активно учествувала во подготвувањето на аудиториските и лабораториските вежби по предметите кои припаѓаат на новите студиски програми кои за првпат се активирани.

Сите наставни задачи кандидатката ги извршувала квалитетно, стручно и навремено. Со студентите воспоставувала коректен однос и секогаш била подготвена да им помогне во совладувањето на предметната проблематика.

## 3. Научноистражувачка дејност

### *а) Научноистражувачки проекти*

М-р Невенка Китева Роглева учествувала во следниве научноистражувачки проекти:

1. Меѓународен проект финансиран од DAAD со Универзитетот во Росток, Германија: "Modelling and simulation of the Macedonian power plants and power system operation in a new technological and market environment" - главен истражувач: проф. д-р Вангел Фуштиќ.
2. Определување на техничките аспекти на ризикот во инвестиционите проекти на малите хидроелектрични централи, главен истражувач: проф. д-р Вангел Фуштиќ, Министерство за наука, 2003-2005.

***б) Научноистражувачки престои и стручни посети***

1. Еднонеделен престој во рамките на семинар за обука на Institute fur Electrische Energietechnik, Rostock, Германија 2004.
2. Еднонеделен престој во рамките на семинар за обука на Institute fur Electrische Energietechnik, Rostock, Германија 2005.

## 4. Апликативна дејност

***а)Учество во проекти***

1. Учество во изработка на техничка документација за МХЕЦ, 2012
2. Учество во ревизија на:
   - Основен проект ТС 400/110 kV ТС „Битола 2" 110 kV ДВ поле за поврзување со ТС „Битола 4", I. КНИГА Е1: Електротехнички дел
   - Основен проект ТС 110/10 kV ТС „Битола 3" 110 kV ДВ поле за поврзување со ТС „ Битола 4", КНИГА Е1: Електротехнички дел,
   - Основен проект ТС 110/10 kV ТС „Битола 4". Две 110 kV ДВ полиња за поврзување со ТС „Битола 2" и ТС „Битола 3", I. КНИГА Е1: Електротехнички дел, декември 2010
3. Учество во изработка на Елаборат од испитување, мерење и проверка на заземјувањето и громобранската инсталација за ТС 400/110kv – Штип, декември 2010.
4. Учество во проект за термовизиска контрола на високонапонската опрема во подружница РЕК „Осломеј", октомври 2010
5. Активно учество во ROT- проектот за ревитализација на мали хидроелектрични централи во Р. Македонија и при изработката на тендерската документација за ХЕЦ „Св. Петка".

***б) Стручни и апликативни трудови***

Во периодот по последниот избор, м-р Невенка Китева Роглева има објавено 18 научни труда како автор и коавтор, од кои 17 се објавени на домашни и меѓународни конференции, а 1 е објавен во списанието „Енергетика". Во периодот по последниот избор ги има објавено следниве трудови:

1. V. Fustik, N. Kiteva Rogleva: Technical Risk Assessment As Supporting Tool For Decision Making Process In HV Power System Facilities, Special Issue Proceedings of the International Journal on Information Technologies and

Security, pp 106-113, (ISSN 1314-1023), 20-21, September 2011, St. St. Konstantin and Elena resort -Varna, (Bulgaria).
2. В. Фуштиќ, Н. Китева Роглева, Аспекти на доверливост и одржување на преносниот систем, Меѓународен симпозиум "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 1, (2012) 993-999, Р. Македонија.

Во трудовите [1] и [2] се дава преглед на базата на податоци за анализа и проценка на ризиците со акцент на регистар на ризици според одделните компоненти во високонапонските електроенергетските постројки. Статистички се обработени податоците за одделни испади во електроенергетската мрежа и се развива стратегија за инвестирање во нова технологија, опрема и одржување која ќе обезбеди поголема сигурност и адекватност, но и помали трошоци, и се дава одговор на ризик со цел обезбедување на поголема доверливост и расположливост на електроенергетскиот систем.

3. В. Фуштиќ, Н. Китева Роглева: Менаџмент на ризик во високонапонските електроенергетски постројки, МАКО СИГРЕ, 7. Советување, Охрид, 2011.
4. В. Фуштиќ, Н. Китева Роглева: Менаџмент на ризик во високонапонските електроенергетски постројки, Energetics Nb.80/2011,81/2012, Macedonia.

Во трудовите се дава студиска анализа на техничките аспекти на менаџментот на ризик во високонапонските електроенергетски постројки и општо ЕЕС. Студиската анализа ги опфаќа: фазите на менаџмент на ризик со акцент на индикаторите за ризик во ЕЕС и опис на квалитативната и квантитативната анализа на ризиците според високонапонските електроенергетски компоненти, водовите и другата опрема. Покрај основните концепти на менаџмент на ризик се даваат и конкретни насоки кон обезбедување на база на податоци за анализа и проценка на ризиците со акцент на регистар на ризици според одделните компоненти во електроенергетските постројки и нивното влијание на параметрите на проектниот менаџмент. Дадени се и современи аспекти на менаџментот на ризик со анализа на искористување на можностите од одделни настани.

5. V. Fustik and Nevenka Kiteva Rogleva: The Main Features Of Treska Cascade Control Center, 10th IASTED European Conference on Power and Energy Systems (EuroPES 2011), June 22 - 24, 2011, Crete, Greece.
6. Nevenka Kiteva Rogleva, Vangel Fustik, and Vladimir Trajkovic: Risk Management Methods For Service Oriented Architecture Implementation In Electric Power System, 10th IASTED European Conference on Power and Energy Systems (EuroPES 2011), June 22 - 24, 2011, Crete, Greece.

Трудот се фокусира на можностите за примена на новите технологии во диспечерските центри и изготвување стратегија за проценка на ризикот во систем со примена на сервисно ориентирани архитектури (SOA). Во трудот се анализира модел на дел од енергетски систем и се врши анализа на менаџмент на ризик од примена на новите информатичко комуникациски технологии (ИКТ) во енергетските системи.

7. A. Petrovski, V. Fustik, N. Kiteva Rogleva, Goran Leci: Risk Management And Application Of Hardfibber Process Bus System, Proceedings of 25-th

International Scientific Conference Systems for Automation of Engineering and Research, 15-16 September 2011, St. St. Konstantin and Elena resort - Varna, (Bulgaria), (Full paper on CD, Proceedings pp.). (ISNN 1314-1023).

8. V. Fustik, A. Petrovski, N. Kiteva Rogleva, G. Leci :Functional Requirements For Electronic Highway And Risk Analysis For Data Management, Proceedings of 25-th International Scientific Conference Systems for Automation of Engineering and Research, 15-16 September 2011, St. St. Konstantin and Elena resort -Varna, (Bulgaria), (Full paper on CD, Proceedings pp.). (ISNN 1314-1023).

Во овие трудови се дава анализа на оптималните начини за функционално разграничување на преносот на електричната енергија од дистрибуцијата на електрична енергија и производството на електрична енергија.
Основната цел е да се постигне одвоеност на сопственоста на опремата и фукнционалноста која се базира на квалитетно и доверливо работење со сопствена опрема и системи во преносот и која нема да зависи од евентуалните дефекти или испади во дистрибуцијата/производството.
Во анализата е даден и преглед на функционалните барања и техничките спецификации на системите за надзор и управување за комплетната реализација на разграничувањето и опремата. При тоа е дадена и презентација на сите потребни чекори до пуштање во експлоатација на новите технички системи во дефинираната хиерархиска структура на управувачкиот систем.

9. Konstantin CVETANOV, Oliver STOJCEVSKI, Nevenka K. ROGLEVA, Vangel FUSTIK, The Influence Of The Rehabilitation Of The Intake Structures On The SHPP Production, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.
10. Ivan KUKOVSKI, Nevenka K. ROGLEVA, Vangel FUSTIK, The Analysis Of The Hpp Vrutok Rehabilitation For Energy Efficiency, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.
11. Vangel FUSTIK, Ivan KUKOVSKI, Krste NAJDENOVSKI, Nevenka K. ROGLEVA, The Analysis Of Specific Operational Outages In Large Rehabilitated Hydro Units, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.
12. Vangel FUSTIK, Oliver STOJCEVSKI, Nevenka K. ROGLEVA, Konstantin CVETANOV, Project and Rehabilitation Characteristics of the Units in New SHPP Matka, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.

Во трудовите е дадена експертска анализа на специфични работни дефекти кај рехабилитираниот хидрогенератор во ХЕЦ Вруток. Појавата на доземни куси врски кај ротор од хидрогенератор претставува сериозен проблем кој бара итно решавање и санација или исклучување на агрегатот од погон. Во трудот се анализирани можните причини за појавување на доземни куси врски и начините за нивно санирање.

13. Nevenka K. ROGLEVA, Vladimir TRAJKOVIK, Prof. d-r Vangel FUSTIK, Risk Management Strategy For Introducing The ICT In Power System, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.

Во трудот е анализирана можноста од имплементација на новите технологии во диспечерските центри и е развиена стратегијата за проценка на ризикот во

систем со имплементирани SOA. Како резулатат на анализата прикажани се можните ризици кои влијаат на безбедноста на системот и начините за обезбедување сигурност на информациите.

14. Ante PETROVSKI, Nevenka K. ROGLEVA, Vangel FUSTIK, Control Systems In Transmission Power System Plants In The Condition Of Separation Of Transmission Distribution Companies, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.

Во овој труд е направен обид да се изврши техно-економска анализа на можноста од примена на ново концепциско и техничко решение од доменот на системите за заштита надзор и управување со електроенергетските објекти (Substation Automation Systems- SACS) – HardFiber Process Bus System. Во трудот се обработени: архитектурата, техничката спецификација, дескрипцијата на компонентите на техничкото решение и техно - економската анализа на оправданоста од примената на HF PBS.

15. Nevenka Kiteva Rogleva, Vangel Fustik, A Modern Approach In Hydro Project Planning With Identification Of The Risk Factors, International Symposium "Energetics 2010", Ohrid 2010.

За да се предвиди и процени ризикот во една хидроцентрала, во трудовите се користи методологија на менаџмент на ризик, со која се врши структурна анализа на дадениот систем; определување на потсистеми кои имаат придонес во доверливоста на системот и дефинирање на нивната логичка зависност. Анализата се состои во идентификација на несигурните настани, определување на нивната доверливост, придонес на критичниот елемент во системот во зависност од бројот на настанати грешки и влијанието на последиците од нив и одредување на факторот на ризик. Анализата на несаканите настани е извршена на два начина: со формирање на дрво на грешка за придонес на нерасположливоста на централата и блок дијаграм на доверливост за секој од елементите.

16. Вангел Фуштиќ, Крсте Најденковски, Иван Куковски, Невенка Китева-Роглева, Хавариски стоп на хидрогенераторот во ХЕЦ Сапунчица и анализа на настанот и оштетувањето, Mako-Cigre 6. Советување, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот се дава приказ на хавариското запирање на хидрогенераторот ТГ-1 во ХЕЦ Сапунчица Тип Y 160/55-6, поради настанатиот механички дефект на роторот настанат во пробен период на работа по извршените рехабилитациони работи во хидроцентралата. Анализиран е настанот и причината на дефектот, како и текот на некои електрични големини при запирањето. Даден е приказ на последиците од дефектот со настанатото оштетување на статорот и половите на роторот.

17. Невенка Китева, Вангел Фуштиќ, Методи на пресметка на ризици кај хидроелектраните, Mako-Cigre 6. Советување, Охрид, 4-6 октомври 2009.

18. Невенка Китева, Вангел Фуштиќ, Пресметка на доверливост и расположивост на опремата во ХЕЦ, Мако-Cigre 6. Советување, Охрид, 4-6 октомври 2009.

Во трудот е прикажан модел на хидроагрегат изработен со примена на софтвер AvSim+, кој со голема точност го одредува ризикот во проектите. За анализата на грешките во моделот се користи дијаграм на дрво на одлука кој опишува ситуација под размислување и импликации на секој од достапните избори на можните сценарија; моделирање и симулацијата на проект. Симулациите се базирани на Монте Карло – методата, при што за време на симулацијата, проектниот модел ќе се итератира повеќе пати со влезни вредности: дефекти, времетраење, трошокот на проектните елементи или времетраењето на ремонтите, избрани за секоја итерација случајно од веројатносните дистрибуции за секоја варијабла.

**Дејности од поширок интерес**

Невенка Китева Роглева е член на Меѓународната организација Мако-Cigre, а воедно е и секретар на студискиот комитет А3-Високонапонска опрема, кој функционира во склоп на Мако-Cigre.

Кандидатката била активна како член на Програмскиот одбор на Меѓународното советување "ЕНЕРГЕТИКА 2010" и е активен член на Здружението на енергетичари во Република Македонија-ЗЕМАК.

Од 2009, Невенка Китева Роглева е член на организацијата IEEE.

Од 2009 година, кандидатката е член на Центарот за нови студенти при Факултетот за електротехника и информациски технологии и активно учествува во промоција на студиските програми на Факултетот и организација на отворени денови при ФЕИТ.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесеното во однос на прикажаните досегашни активности на кандидатката, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата може да се заклучи дека м-р Невенка Китева Роглева е кандидат кој е посветен на проблематиката во областа што ја негува Институтот за ЕЦРП. Во текот на работата, и како демонстратор и како помлад асистент, совесно и одговорно ги извршувала зададените обврски и покажала интерес за научноистражувачка работа, учествувајќи со свои трудови на домашни и на меѓународни конференции.

Комисијата заклучува дека кандидатката ги исполнува сите услови за звањето во кое конкурира и со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на ФЕИТ да ја избере м-р Невенка Китева Роглева во звањето асистент по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Вангел Фуштиќ с.р.
2. Проф. д-р Атанас Илиев с.р.
3. Проф. д-р Антон Чаушевски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "**КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**"**НА М-Р НИНА ФИТИ НЕДЕЛКОВСКА**, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 30. 11. 2012 година, не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Нина Фити - Неделковска**, на тема: **КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

По прегледувањето на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно - научниот совет, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи вкупно 317 страници текст, од кои 295 страници основен текст, 10 страници прилози (прашалник за квалитетот на корпоративното управување и резултати од спроведената анкета) и 11 страници користена литература. Покрај вовед и заклучокот, материјата во докторската дисертација е структурирана во осум глави според следниов редослед:

I. ***Суштински атрибути на корпоративното управување - теоретско - методолошки пристап,***

II. ***Еволуција на корпоративното управување,***

III. ***Корпоративното управување во Република Македонија, со посебен осврт врз банкарскиот систем,***

IV. ***Правна и институционална рамка за добро корпоративно управување,***

V. ***Внатрешната структура на корпоративното управување во комерцијалните банки,***

VI. ***Транспарентност и обелоденување на податоци и информации,***

VII. ***Корпоративното управување во банките и односот со засегнатите страни,***

VIII. ***Други вредности на доброто корпоративно управување во комерцијалните банки - селектирани***

***светски искуства и состојбите во комерцијалните банки на Република Македонија***

Во **првата глава** на докторската дисертација, кандидатката м-р Нина Фити - Неделковска најпрвин ги анализира различните дефиниции за корпоративното управување - оние со потесен и оние со поширок опфат, кои доаѓаат од познати автори од областа и од меѓународни организации (Групата на Светската банка, OECD, Комисијата за глобално управување и сл.), и врз таа основа ги синтетизира суштинските атрибути на корпоративното управување. Во продолжение, се третираат асиметричните информации како карактеристика на современите пазари, а во тие рамки и на финансиските пазари, со посебен осврт на проблемот Principal - Agent, кој е од суштинско значење за разбирање на природата на процесот на корпоративното управување. Во оваа глава посебно внимание му е обрнато на значењето на пазарот на долгорочни хартии од вредност за доброто корпоративно управување, а во тие рамки и на неговиот посебен сегмент - пазарот на корпорациска контрола, чијашто основна функција е да ги "дисциплинира" менаџерите, односно да ги принуди да работат во интерес на сопствениците на компаниите и на другите засегнати страни. Во овој дел на трудот, кандидатката дава и краток приказ на позначајните теории за корпоративното управување - теоријата за застапување и нејзините модалитети, теоријата за стеикхолдери, теориите за дивидендната политика и теориите за конвергенција. Анализата во првата глава на трудот завршува со синтетизирање на придобивките од доброто корпоративно управување за менаџерите, акционерите, вработените и пошироко, за даночните обврзници, за пензиските фондови и за другите фирми поврзани со конкретната компанија.

**Втората глава** на дисертацијата носи наслов ***Еволуција на корпоративното управување.*** На почетокот на оваа глава кандидатката нагласува дека самиот термин корпоративно управување пред 90 - те години ретко се употребувал, додека денес тој е широко застапен секаде каде што се дебатира за бизнис и финансии. Корпоративното управување по 1990 година доаѓа во самиот фокус на интерес на економската наука како резултат на избувнувањето на бројни финансиски афери и скандали во големи корпорации, пред се во Велика Британија и САД. Овие скандали во Велика Британија го поттикнаа појавувањето на неколку значајни извештаи (на Кардбери, Гринбери, Хампел, Хикс и др.) за начелата на доброто корпоративно

управување, кои понатаму извршиле силно влијание врз развојот на политиките на корпоративното управување во Велика Британија, а и пошироко. Во продолжение се анализирани принципите за корпоративно управување на ОЕЦД кои денес се познати како највисоки и најавторитативни меѓународни стандарди за добро корпоративно управување. Во овој дел на трудот посебно внимание е обрнато и на принципите за добро корпоративно управување на Базелскиот комитет кои целосно се посветени на корпоративното управување во банките, т.е. на значењето на интерната ревизија, надворешниот ревизор и интерните контролни функции (compliance and legal functions), на значењето на политиката на наградување итн. Кандидатката, во овој дел на трудот, ги анализира и моделите на корпоративното управување. Таа нагласува дека еволуцијата на корпоративното управување, синтетички гледано, довела до диференцирање на два различни модела на корпоративно управување, (англо – американски и германско – холандски), чии карактеристики, слабости и предности се општопознати и во трудот се пошироко разработени. Во оваа глава на трудот е поместена и анализа на корпоративното управување во контексот на глобалната финансиска криза 2007 – 2009 година. Во овој дел, посебно се нагласува дека токму финансиските институции, охрабруваа прекумерно задолжување, високи ризици, погрешна алокација на капиталот и го доведоа светскиот финансиски систем пред колапс и дека негативните екстерналии од кризата на финансиските институции се сериозни – тие предизвикаа и криза во реалниот сектор, огромни штети за акционерите, за вработените, за даночните обврзници, за заемопримателите итн. На крајот на оваа глава, се анализирани и напорите на новата Базелска регулатива (Базел III), преку зацврстување на постојните стандарди и воведување на нови, да се постигнат неколку цели: значително да се подигне капиталната основа на банките, да се дејствува на покривање на ризиците, во прв ред на ликвидоносниот, кредитниот и системскиот ризик, дополнително да се зајакнат и другите стандарди за супервизија на банките, вклучувајќи и воведување на супервизија на банките во сенка и сл.

**Третата глава** на трудот е посветена на ***корпоративното управување во Република Македонија, со посебен осврт врз банкарскиот систем.*** Кога е во прашање еволуцијата на корпоративното управување во македонските компании воопшто и во комерцијалните банки во Република Македонија посебно, од мноштвото фактори кои влијаат на квалитетот на корпоративното управување, во анализата позначајно внимание

им е обрнато на следниве: степенот на развиеност на финансискиот пазар, во прв ред во сегментот на долгорочните хартии од вредност, македонскиот модел на приватизација, санацијата и консолидацијата на банкарскиот систем, приватизацијата на банките и, во тие рамки, доминантното учество на странскиот капитал во сопственичката структура на банките и квалитетот на регулацијата на финансискиот пазар. Притоа, како фактори со негативни импликации врз корпоративното управување се наведуваат недоволно развиениот, плиток и недиверсифициран финансиски систем и инсајдерскиот карактер на македонскиот модел на приватизација. Од друга страна, процесот на санација на македонскиот банкарски систем (линеарна и поединечна во случајот на Стопанска банка - Скопје), иако скап, придонесе за консолидација на системот и создаде нужни предуслови за понатамошно реструктурирање на банките, за нивна сопственичка трансформација со учество на странски капитал и за создавање на поволни услови за развој на корпоративното управување во нашите комерцијални банки. Анализата во оваа глава на трудот завршува со презентирање на карактеристиките на македонскиот банкарски систем денес и со придобивките што ги испорачува странскиот капитал во банкарскиот сектор врз квалитетот на корпоративното управување.

**Четвртата глава** на трудот носи наслов ***Правна и институционална рамка за добро корпоративно управување.*** Анализата на кандидатката м-р Нина Фити - Неделковска, во овој дел на трудот, потврдува дека Република Македонија во транзициониот период воспостави релативно солидна правна и институционална рамка за добро корпоративно управување, којашто и понатаму се менува, приспособува и подобрува во согласност со меѓународните стандарди и добрите практики од оваа област. Тука, подетално се анализирани одделните сегменти на правната и институционалната рамка на корпоративното управување кај нас. За корпоративното управување во комерцијалните банки на Република Македонија посебно е значаен Законот за банки, сетот на политики (интерни акти) на комерцијалните банки поврзан со корпоративното управување, а од институциите особено е значајна НБРМ со својата регулаторна функција (и со комплетната позаконска регулатива), а во делот на пазарот на капитал и доброто корпоративно управување, Комисијата за хартии од вредност и Берзата. Правните и институционалните аспекти на корпоративното управување, посебно во банкарскиот сектор, во оваа глава се детално анализирани, со користење на обемна литература од областа, со компарирање на регулативата и на институционалната рамка со меѓународните

стандарди и добрите практики и со резултатите од сопственото истражување – спроведениот Прашалник за квалитетот на корпоративното управување во комерцијалните банки на Република Македонија со членови на корпоративните органи во одбрани банки.

**Петтата глава** на дисертацијата се однесува на ***внатрешната структура на корпоративното управување во комерцијалните банки.*** Во оваа анализа, кандидатката поаѓа од поставката дека јасно дефинираните и јасно разграничените надлежности на корпоративните органи на комерцијалните банки се од големо значење за самото воспоставување и ефикасно спроведување на процесот на корпоративното управување. Во овие рамки се анализирани правата, надлежностите, обврските и одговорностите на органите на корпоративно управување во банките и посебно на четирите најзначајни органи на корпоративно управување - надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија и управниот одбор (УО). Овде кандидатката укажува и на испреплетеноста на надлежностите на одделните корпоративни органи во сферата на корпоративното управување, со подвлекување на круцијалното значење на надзорниот одбор во двостепениот модел на управување, типичен за нашата земја, како и со укажување дека, по правило, еден од членовите на управниот одбор е посебно задолжен за корпоративното управување, дека дел од членовите на одборот за ревизија задолжително доаѓаат од надзорниот одбор итн. Во продолжение, подетално се обработени сетот на политики и интерни акти на комерцијалните банки за добро корпоративно управување - одлуки и акти за основните начела на корпоративното управување, за управување со ризици, за изложеност, за судир на интереси, за етички кодекс, за интерна ревизија итн. Во оваа глава на трудот поместена е и студија на случај за аспектите на корпоративното управување во Комерцијална банка АД - Скопје. Кандидатката, врз основа на консултираната литература и анкетирањето на членови на корпоративните органи на банките, заклучува дека законската регулатива во сферата на корпоративното управување, кај нас, е релативно добро поставена и во значајна мера е усогласена со меѓународните стандарди од оваа област, но и дека главните проблеми произлегуваат од недоследностите во нејзината практична примена. Во овој дел од трудот, м-р Нина Фити - Неделковска ги анализира и ги посочува слабостите на корпоративното управување во банкарскиот сектор на Република Македонија. Најзначајни меѓу нив се: постоењето на многу блиски и тесни односи помеѓу домашните членови на надзорните одбори и врвниот менаџмент

на банките, недоволната ангажираност на дел од членовите на надзорните одбори да поведуваат дебати за суштински проблеми од работењето на банките, послаботo познавање на спецификите на домашната регулатива, домашното бизнис - окружување и на домашната корпоративна култура од страна на странските членови на надзорните одбори и сл, како и можните пристапи за надминување на посочените проблеми.

**Шестата глава** на дисертацијата носи наслов ***Транспарентност и обелоденување на податоци и информации.*** Кандидатката подвлекува дека транспарентноста и обелоденувањето на податоци и информации претставуваат есенцијален елемент во добро функционирачкиот систем на корпоративно управување, бидејќи придонесуваат за ублажување на агенцискиот проблем во компаниите, а на постојните и потенцијалните инвеститори им овозможуваат, врз основа на перформансите на компанијата, да ја проценат тековната состојба на веќе реализираните инвестиции, како и да ги предвидат ризиците од евентуалното идно инвестирање, т.е. да донесат правилни инвестициони одлуки. Во овој контекст, посебно се анализирани ценовно чувствителните и инсајдерските информации, како и нивниот третман во нашата регулатива. Анализата на кандидатката м-р Нина Фити - Неделковска покажува дека четири банки може да се најдат на официјалниот пазар на Берзата (Комерцијална банка АД - Скопје на супер котацијата, а Охридска банка АД - Охрид, Стопанска банка АД - Битола и ТТК Банка АД - Скопје на берзанската котација) и дека тие имаат значајни обврски за обелоденување на податоци. Понатаму, според кандидатката, фактот што пет комерцијални банки се наоѓаат на листата на друштва со посебни обврски за известувања (Централна кооперативна банка АД - Скопје, Шпаркасе банка Македонија АД - Скопје, Стопанска банка АД - Скопје, НЛБ Тутунска банка АД - Скопје и Универзална инвестициона банка АД Скопје, а третман на банки со посебни обврски за известување имаат и банките кои се на листата на берзанска котација), исто така говори во прилог на претходната констатација. Од овој аспект, кој навистина е формално - правен, но и значаен, работите стојат добро. Членовите на управните и надзорните одбори на комерцијалните банки опфатени со анкетата (вклучително и странците) исто така мислат дека транспарентноста и обелоденувањето на податоци во случајот на комерцијалните банки се на завидно ниво. Меѓутоа, анализата на кандидатката потврдува дека и во оваа сфера постојат евидентни проблеми од аспект на

ефикасноста на примената на законодавството и посебно од аспект на правата на малцинските акционери.

Во **седмата глава** на дисертацијата, ***Корпоративното управување во банките и односот со засегнатите страни,*** најпрвин се анализира заштитата на правата на акционерите. Ова прашање лежи во центарот на доброто корпоративно управување и е регулирано со меѓународните стандарди и националните законодавства на одделните земји. Кандидатката укажува дека со донесувањето на новиот Закон за трговски друштва, новиот Закон за хартии од вредност и други промени во регулативата, развојот на Македонската берза, формирањето на Централен депозитар на хартиите од вредност и сл, состојбите на планот на заштитата на акционерите се значајно подобрени. Но и овде, како што беше и претходно споменато, проблем е примената на регулативата во практиката. Подобрувањето на третманот на акционерите и посебно на малцинските акционери бара, покрај цврста регулатива, и ширење на акционерската култура преку различни форми на едукација на акционерите за нивните права, должности и одговорности. Анализата продолжува со детален осврт на институционалните инвеститори, кои суштински гледано се акционери на фирмите и кои во развиените земји, во изминативе неколку децении, прераснаа во големи, влијателни и моќни институции со значајно учество во сопственичката структура на современите компании. Овде, кандидатката укажува и на бројните проблеми, дилеми и контроверзи поврзани со институционалните инвеститори - проблемот на застапување, проблемот на преферирање на краткорочното пред долгорочното инвестирање, проблемот на трошоците за интервенирање во фирмите наспроти ефектите, проблемот на слободен јавач, проблемот на конфликт на интереси итн. При анализата на институционалните инвеститори во Македонија, кандидатката утврдува три значајни тенденции: (1) во формирањето на сопственичката структура на комерцијалните банки, покрај странските стратешки инвеститори, значајна улога одиграа и странските институционални инвеститори, кои во периодот на "бумот" на Македонската берза, се стекнаа со значајни пакети на акции во неколку комерцијални банки; (2) реформите во пензискиот систем на земјата доведоа до воспоставување на повеќеслоен пензиски систем, во чии рамки вториот и третиот столб се практично капитално финансирани пензиски фондови и по дефиниција попримаат карактеристики на институционални инвеститори; (3) Законот за инвестициски фондови од 2009 година, овозможи формирање на различни

видови инвестициски фондови (отворени, затворени, приватни) и друштва за управување со инвестициски фондови, кои во перспектива можат да прераснат во позначајни институционални инвеститори; (4) од друга страна, факт е дека и капитално финансираните пензиски друштва (задолжителни и доброволни) и инвестициските фондови (отворени и приватни) претставуваат скромен сегмент од нашиот финансиски систем и се уште не се развиле и афирмирале како позначајни институционални инвеститори. Анализата во овој дел на трудот завршува со осврт на правата на вработените, како значаен сегмент на корпоративноте управување, со анализа на светските тенденции и состојбите кај нас, и со кратки укажувања на значењето на депонентите, како стеикхолдери, со оглед на фактот што нивните депозити претставуваат најзначајна категорија во пасивата на банките и основен извор на финансирање на банкарските активности.

**Осмата глава** на дисертацијата носи наслов ***Други вредности на доброто корпоративно управување во комерцијалните банки - селектирани светски искуства и состојбите во комерцијалните банки на Република Македонија.*** Во оваа глава кандидатката м-р Нинса Фити - Неделковска ги анализира прашањата за корпоративната општествена одговорност и градењето на етичка корпоративна култура во нашите банки. Концептот на корпоративната општествена одговорност поаѓа од поставката дека модерните корпорации, чијашто основна цел е да развијат профитабилен и одржлив бизнис, се повеќе ги земаат предвид и интересите на засегнатите страни – вработените, потрошувачите, снабдувачите, акционерите, локалните заедници и општеството во целина. Анализата на кандидатката покажува дека комерцијалните банки во Република Македонија и во оваа сфера покажуваат значаен напредок, кој се должи: прво, на регулативата на НБРМ со којашто комерцијалните банки се задолжени редовно да подготвуваат среднорочни стратегии за корпоративна одговорност кои се предмет на расправа и одобрување од страна на нивните надзорни одбори; второ, на тоа што банките во Република Македонија остваруваат добри финансиски резултати и се во можност да издвојат и повеќе средства за имплементација на корпоративната општествена одговорност; трето (и можеби најзначајно), е тоа што комерцијалните банки, прифаќајќи ги принципите на Глобалниот договор на ООН, понатаму принципите на ООН за одговорно инвестирање, како и принципите на ЕУ за корпоративна одговорност, се повеќе разбираат дека концептот на корпоративна општествена одговорност носи придобивки и за

нив – креирање на конкурентни предности, подобрување на нивниот имиџ и репутација и сл. Комерцијалните банки своите активности во областа на корпоративната одговорност, главно ги насочуваат во неколку области: (1) развивање на партнерства и врски со клиентите: (2) почитување на правата на нивните вработени (право на здружување и преговарање, елиминирање на присилна работа, елиминирање на секаков вид дискриминација и сл.) и водење грижа за стандардот на вработените, со што се создава пријателска работна клима: (3) спонзорирање, донирање и поддршка на хуманитарни, спортски, културни и слични други активности, а заради помагање на развојот на локалните заедници и на општеството во целина. Другиот сегмент на анализа во овој дел на трудот се однесува на воспоставување етички вредности и градење на етичка корпоративна култура. Стандардите за Етичкиот кодекс на банка се минимум следниве: избегнување на коруптивно однесување, судир на интереси, трансакции со поврзани лица и чување на банкарска тајна. Испитувањата на кандидатката, поткрепени и со резултатите од анкетираните членови на управните и надзорните органи, потврдуваат дека вработените и менаџментот се запознаени со стандардите и принципите на етичкиот кодекс на банките. Кандидатката потенцира дека, во современи услови, заедничките вредносни системи кои се инкорпорирани во самата мисија на модерните корпорации можат да дадат најголем придонес за воспоставување на етичка култура во компаниите, следствено и во комерцијалните банки.

## Општа оцена и предлог

Докторската дисертација на кандидатката м-р Нина Фити - Неделковска на тема ***КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*** истражува многу значајна проблематика којашто е во фокусот на интерес на економската наука, особено по деведесеттите години на минатиот век, како резултат на избувнувањето на бројни финансиски афери и скандали во големи корпорации, пред се во Велика Британија и САД, и посебно по глобалната финансиска криза од 2007/ 2009 година. Корпоративното управување е сложен и мултидимензионален процес кој најчесто се анализира од економски и правен аспект. Меѓутоа, со оглед на тоа што корпоративното управување навлегува во проблематиката на дистрибуцијата на моќта во големите корпорации, испитувањето на оваа материја, покрај економските и правните аспекти, содржи и бројни социолошки и политички аспекти. Во поново време, зголемениот интерес на

економската наука за корпоративното управување во финансиските институции е разбирлив, најмалку од две причини. Прво, квалитетот и ефикасноста на корпоративното управување во финансиските институции има силно влијание врз вкупните перформанси на нивното работење. Второ, по глобалната финансиска криза од 2007/ 2009 година, токму слабостите во корпоративното управување во финансиските институции се посочуваат како значајна причина за кризата, бидејќи финансиските институции охрабруваа прекумерно задолжување, високи ризици, погрешна алокација на капиталот и го доведоа светскиот финансиски систем пред колапс, со сериозни последици за реалниот сектор и огромни штети за акционерите, за вработените, за даночните обврзници итн.

Предмет на истражување на овој докторски труд е корпоративното управување во комерцијалните банки во Република Македонија. Испитуваната проблематика има висока релевантност за Република Македонија, бидејќи реформите во корпоративното управување во транзициониот период (посебно во раните транзициони години) покажуваа слаб напредок што имаше сериозни последици во преструктурирањето на претпријатијата и на банките. Од друга страна, пак, напредокот во корпоративното управување кај нас, што уследи во подоцните транзициони години, во голема мера е поврзано со добрите резултати во оваа сфера во комерцијалните банки, што, синтетички гледано, е резултат на добрата регулатива на НБРМ и на стекнатите доминантни позиции на странскиот капитал во сопственичката структура на македонскиот банкарски сектор.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Нина Фити - Неделковска посебно ги нагласува следниве квалитети на трудот и придонеси на кандидатката во испитувањето на оваа проблематика: ***прво,*** трудот има солидна теоретска фундираност - кандидатката, проучувајќи современа и релевантна литература од областа, опстојно го анализирала проблемот на информационата асиметрија во финансискиот сектор и во тој контекст кај банките, со посебен осврт врз концептот Principal - Agent, кој е од суштинско значење за разбирање на природата на процесот на корпоративното управување; ***второ,*** во трудот се добро синтетизирани и презентирани најзначајните фактори кои го детерминирале развојот на корпоративното управување во комерцијалните банки во Република Македонија, со јасно разграничување и анализа на оние

кои имале позитивно влијание врз корпоративното управување (санацијата и консолидацијата на банкарскиот систем, приватизацијата на банките и доминантното учество на странскиот капитал, напредокот на правно - институционалната основа на корпоративното управување и нејзината усогласеност со меѓународните стандарди во оваа област, добрата регулатива на централната банка и сл.) и на оние со негативно дејство врз коорпоративното управување - посебно на инсајдерскиот модел на македонската приватизацијата, недоволната развиеност на пазарот на капитал и сл; ***трето,*** трудот содржи добра анализа и на другите значајни сегменти и аспекти на корпоративното управување во банките - внатрешната структура на корпоративното управување и разграниченоста на компетенциите и надлежностите на најзначајните корпоративни органи во банките, состојбите во доменот на транспарентноста и обелоденувањето на информации од страна на банките, односот со засегнатите страни - акционери, вработени, институционални инвеститори и др, состојбите во доменот на корпоративната општествена одговорност на банките итн; ***четврто,*** кандидатката, врз основа на сопствено истражување (спроведена анкета со членови на надзорните и управните одбори на банките и со членови на другите коорпоративни органи и студија на случај за управување со ризиците во Комерцијална банка АД - Скопје), успешно ги селектира најзначајните слабости во корпоративното управување во македонските банки - постоењето на многу блиски и тесни односи помеѓу домашните членови на надзорните одбори и врвниот менаџмент на банките, недоволната ангажираност на дел од членовите на надзорните одбори да поведуваат дебати за суштински проблеми од работењето на банките, послаботo познавање на спецификите на домашната регулатива, домашното бизнис окружување и на домашната корпоративна култура од страна на странските членови на надзорните одбори, слабата заштита на правата на малцинските акционери, постоењето на нагласена дискрапанција помеѓу регулативата и нејзината практична имплементација и сл., како и можните пристапи за надминување на посочените проблеми.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата му предлага на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- ***прво***, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: ***КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ ВО КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***, поднесена од кандидатката **м-р Нина Фити – Неделковска;**
- ***второ***, да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 10.12. 2012 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Михаил Петковски с.р.
2. Проф. д-р Љубомир Дракулевски с.р.
3. Проф. д-р Владимир Филиповски с.р.
4. Проф. д-р Горан Петревски с.р.
5. Доц. д-р Ѓорѓи Гоцков с.р.

# ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Билјана Грижева | "Претприемништвото во процес на развој на економијата и улогата на алтернативните облици на финансирање на претприемништвото" | д-р Биљана Ангелова |
| 2. | Марјан Петковски | "Финансиски менаџмент во јавното здравство" | д-р Биљана Ангелова |
| 3. | Бојана Мандевска | "Значењето на општествената одговорност и нејзиното влијание врз компаниите" | д-р Биљана Ангелова |
| 4. | Милена Николовска | "Истражување на влијанието на боите врз одлучувањето на потрошувачите" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 5. | Ана Марија Цветановска | "Специфичности на истражувањето и развојот на нови производи на примерот на течни минерални ѓубрива во "Алкалоид" а.д. Скопје" | д-р Татјана Петковска-Мирчевска |
| 6. | Билјана Илијовска | "Финансиска рацио анализа-студија на случај" | д-р Татјана Петковска |
| 7. | Мимоза Шишковска | "Примена на концептите за одржлив развој и економија заснована на знаење во Република Македонија" | д-р Силвана Мојсовска |
| 8. | Илчо Петровски | "Примена на методот анализа на трендот во претпријатието "Интер-Хем-Скопје" | д-р Татјана Петковска |
| 9. | Елена Јосифовска | "Примена на системот на наградување на вработените во државните институции" | д-р Васил Поповски |
| 10. | Деан Глигоров | "Примената на поедноставената царинска постапка и нејзините фискални ефекти врз буџетот на Република Македонија" | д-р Диана Бошковска |
| 11. | Славица Наумоска | "Улогата на инвестиционите проекти при кредитирањето на деловниот сектор во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 12. | Елена Самоилова | "Улогата и значењето на организациската култура за организациската посветеност" | д-р Васил Поповски |
| 13. | Сашо Најдовски | "Можности за надминување на нецаринските бариери во ЦЕФТА 2006" | д-р Силвана Мојсовска |
| 14. | Александра Николовска | "Улогата на меѓународните економски организации и | д-р Силвана Мојсовска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Спасовска | Европската Унија во Република Македонија" | |
| 15. | Славица Мицкоска | "Влијание на даночната политика врз инвестициите во Република Македонија" | д-р Климентина Попоска |
| 16. | Горан Илијовски | "Карактеристики на корпоративното кредитирање во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 17. | Јасна Ѓурчиновска | "Глобалната финансиска криза и одговорот на Европската Унија и Европската централна банка" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 18. | Филип Трајаноски | "Значењето и улогата на директните даноци во системот на приходите во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 19. | Маријана Тодоровска | "Улогата на јавната внатрешна финансиска контрола на локално ниво за процесот на фискална децентрализација во Република Македонија" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |
| 20 | Ивица Николоски | "Генеза на финансиските кризи" | д-р Снежана Костадиноска-Милошеска |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА МАРКЕТИНГ АСПЕКТИ НА ПРОЦЕСОТ НА БРЕНДИРАЊЕ НА ДРЖАВИТЕ И НЕГОВОТО ВЛИЈАНИЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД М-Р ДАНЧО АРСОВ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членот 241 од Статутот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација на тема „**Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на производите од Република Македонија**" од кандидатот м-р Данчо Арсов, Научниот совет на Економскиот Институт во Скопје, на 4.9.2012 година, донесе одлука 02-1947/2 за формирање на Комисија за оцена на трудот во состав:

1. д-р Татјана Петковска Мирчевска, редовен професор
2. д-р Татјана Петковска, редовен професор
3. д-р Христо Кусакатов, научен советник во пензија
4. д-р Биљана Ангелова, редовен професор
5. д-р Наташа Данилоска, научен соработник.

Членовите на Комисијата со особено внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација под наслов „**Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на производитеод Република Македонија**" од кандидатот м-р Данчо Арсов, и до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје му го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи согледувања

Во последните десетици години, покрај засилениот процес на глобализација, се случија големи промени во општествената, економската и политичката структура на модерното општество. Моќта на имиџот на државата не е современа придобивка, туку секој милениум е одбележан со моќта и улога на една сила. Така, во шеснаесеттиот век, тоа беше Шпанија, во седумнаесеттиот Холандија, во осумнаесеттиот Франција, а во деветнаесеттиот век Англија, додека дваесеттиот век им припадна на Соединетите Американски Држави. Иако со силата и моќта сите овие држави знаеле да управуваат, сепак начинот на стекнување на ваквиот имиџ бил различен и адекватен на времето.

Во дваесет и првиот век, во време кога светот претставува еден пазар, брзиот напредок на глобализацијата предизвика секоја држава, секој град и секој регион да се натпреварува со останатите заради обезбедување на дел од глобалниот колач.

Борбата на глобалниот пазар за државите во дваесет и првиот век не е само учество во потрошувачките, туристичките, инвестиционите, претприемачките, спортските или културните настани, но и во привлекувањето

на внимание и почитување кај меѓународните медиуми и граѓани од другите земји.

Пазарите на одредени држави во процесот на глобализација се шират и спојуваат во една единствена заедница. На пазарот на глобалната заедница можат да се натпреваруваат само „глобалните играчи", без разлика дали станува збор за компании, невладини или верски организации, градови или држави.

Поради ова, државите се принудени да изнајдат начини да станат конкурентни на глобалниот пазар со јасно дефинирана и веродостојна привлечност, специфична и испланирана визија, идентитет и стратегија.

Како последица на севкупните текови и редефинирањето на правилата на игра на глобалниот пазар и воопшто, како резултат на сложеноста на современото живеење, државите и нациите мораат да станат свесни за своето опкружување и јасно да дефинираат што сакаат и што можат да му понудат на светот поради што тие би биле важни и поради што тие би требало да бидат почитувани.

Поради тоа, државите и нациите мораат да најдат начин како да го привлечат вниманието и да ја „продадат приказната за себе" и на тој начин да создадат купувачи, лобисти, пријатели. Да се има стратегија, за да се управува со имиџот, значи секоја држава точно да знае кои таленти, квалитети или предности ги поседува, да ги искористи и да ги прикаже пред светот.

Времето на создавањето на имиџот темелен единствено на воената, политичката и економската моќ е поминато. На пример, Шкотска е бренд и претставува мала земја, препознатлива по своето виски како пијалак и фестивалот во Единбург. Нејзиниот национален бренд е препознатлив по брендот на потекло на производот и на културните настани.

Во новиот милленниум, секоја држава може да биде конкурентна до колку е препознатлива, а својата препознатливост може да ја темели и на природните ресурси кои ги има, на претходно утврдените вредности на сопствените граѓани, производите, културните, историските или духовните вредности или, пак, комбинација на сите нив.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторска дисертација на тема „**Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на производитеод Република Македонија**" од кандидатот м-р Данчо Арсов, содржи вкупно 370 страници. Поголемиот број податоци во трудот се презентирани во 56 табели и 22 графикони. Во списокот на користена литература се наведени релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, истражувачки студии како и повеќе веб - страници. Бројот на библиографски единици изнесува 70 книги, 29 стручни и научни публикации и други извори.

Во текот на изработката на трудот користена е странска и домашна литература, а при прибирањето на податоците и информациите користени се објавени статистички и други публикации, како и интернет страници поврзани со обработуваната проблематика.

Концепциски, трудот содржи **вовед, пет глави, заклучок, прилози и користена литература.**

Во **воведот** е даден краток осврт кон актуелноста на проблематиката, кратка содржина на материјата која е обработена, целите и предметот на

истражувањето, како и методите кои се користени при прибирање и анализа на податоците.

Во **првата глава** е дефениран поимот бренд и брендирање, а се дефинирани факторите кои имаат интеракција во процесот на градење на бренд. Во тие рамки е дефиниран и националниот идентитет како основ на процесот на градењето на бренд и брендирањето на држави, како и факторите и нивното влијание поврзани со него. Во оваа глава се елаборира влијанието на афективните и когнитивните фактори како основа на предложениот концепт и нивното влијание во процесот на брендирање на државата.
На крајот од оваа глава, акцентот е ставен на предностите и недостатоците на предложениот концепт на процесот на брендирање на државата, кој се базира на афективните и когнитивните компоненти.

Во **втората глава** се елаборирани маркетинг-активностите кои се применуваат во процесот на брендирањето, па во таа смисла се нагласува значењето на примената на маркетинг-истражувањето како предуслов заради добивање на информации во однос на постојниот имиџ на државата. Како составен дел на стратешкиот пристап дадени се основните фази на процесот на брендирање на државата, а во тие рамки се елаборирани потребните чекори за реализација на процесот на брендирање, и тоа почнувајќи од прибирање на податоците како инпут на информации за концептот на брендирање, SWOT анализата како и дефинирањето на визијата и целите на брендирањето.

Во рамките на оваа глава, акцентот е ставен на промоцијата на брендот на државата, идентификацијата и одредувањето на целите на комуникацијата и промоцијата, а се истакнува и потребата од креирањето на комуникациските пораки. Во рамките на целите на промоцијата се презентира потребата од дефинирањето на финансиските средства потребни за промоција, како и одредувањето на медиумите за комуникација и промоција, за да се нагласи потребата од оцена на степенот на успешноста на промоцијата.

Со цел да се прикаже актуелноста и значењето на предложената тема, во **третата глава** е опфатено значењето на брендот на државата на глобалната сцена и неговото влијание врз потрошувачката вредност на постоечките и новите производи. Во овој дел е потенцирана улогата на брендот на државата во создавањето на дополнителната вредност на производите преку концептот на земја на потекло на производите и нивната изградба во симбол на националниот бренд.

Со цел да се разбере значењето на имиџот на државата, во рамките на оваа глава е анализирано интерактивното влијание на брендот на државата на производите и влијанието на производите на брендот на државата. Во рамките на оваа глава, нагласено е значењето на извозната промоција, нејзината улога како комуникациско средство и значењето за државата. На крајот од оваа глава е ставен акцент и на промоцијата на извозот и неговото значење за компаниите.

Во **четвртата глава** од овој труд, презентирано е искуството со брендирање и управување со брендот кај некои конкретни држави, а во тие рамки се презентирани примери од брендови на држави кои се базираат на воената, политичката и економската моќ, како и брендови кои се базираат на когнитивните и афективните компоненти.

Презентирањето на примерите на брендирање на конкретните држави е со цел да се поттикне креативноста во смисла дека сите овие држави имаат свои белези, или имаат имиџ кој не секогаш се темели на воената, политичката или

економската моќ. Во суштина, се потврдува дека 21 век овозможува брендот на држава та да се базира на природните, културните, или пак, духовните вредности на народот.

Дека брендирањето на државите не е само привилегија на воените, политичките и економските сили, но дека е тоа само состојба, слика или сфаќање, се зборува во **петтата глава** преку примерот на Република Македонија, со кој се презентираат претпоставките за имплементација на овој процес кој се базира на афективните и когнитивните фактори.

Во оваа глава на почетокот е дадена кратка анализа на резултатите од брендирањето на државите на глобално ниво, а потоа е презентирана актуелната состојба на брендот на Република Македонија и неговото влијание врз извозот. За таа цел, прибрани се секундарни податоци, а преку анализа на добиените податоци презентирани се димензиите на брендот, досегашните активности во промоцијата на извозот, како и резултатите од промотивните активности од проектот „Invest in Macedinia". Во продолжение на оваа глава е елаборирана можноста за брендирање на Република Македонија врз основа на афективните и когнитивните компоненти, а во тие рамки е предложен концепт за брендирање врз основа на афективните компоненти.

Преку презентирањето на примената на маркетинг-активностите, во продолжение на трудот, образложен е предлог концептот за брендирање на Република Македонија, и за тие потреби е спроведено е емпириско истражување со цел да се утврди каков имиџ ужива Република Македонија кај сопствените граѓани (резидентите), по што по спроведувањето на SWOT анализата и врз основа на добиените податоци се истакнува потребата од дефинирање на афективните вредности на предложениот концепт, врз основа на што се дефинираат визијата и целите на брендирањето.

Во рамките на предложениот концепт, се истакнува важноста од создавањето на сликата за земјата и брендот на потекло, како и нивната промоција, а во однос на комуникациската стратегија се истакнува потребата од дефинирање на комуникациските пораки и целите на комуникацијата и промоцијата.

На крајот, се нагласува значењето на последната фаза од овој процес - имплементацијата, во чии рамки е и оцената за степенот на успешност на спроведувањето на процесот и определувањето на мерливите индикатори.

Образложувајќи ги можностите и потребите од брендирање на државата, акцент е ставен на улогата на брендот во зголемувањето на вредноста и конкурентноста на производите и услугите од Република Македонија.

На крајот на трудот, презентирани се **заклучните согледувања.** Неспорен е заклучокот кој укажува на фактот дека глобализацијата го намали значењето на националните административни граници, но повеќе од кога и да е, ја наметна потребата државите да започнат да размислуваат, да бараат и да ги претставаат своите посебности на глобалната јавност. Предноста на позитивниот имиџ и сликата за земјата од страна на развиените земји беше порано препознаена и сфатена, па голем број од нив направија „извозна приказна" која го освои глобалниот пазар.

Во последните неколку години, позитивниот имиџ престана да биде привилегија само за економско, воено и политички моќните држави. Кон брендот започна да се гледа на начин на кој земјата ја гледаат, во преден план, сопствените граѓани, а потоа и граѓаните на други држави. Брендот на државата

претставува предуслов за нејзин успех и развој на глобален план, а истовремено и можност позитивните перцепции да се пренесат на производите и услугите со што би се зголемила нивната вредност и конкурентност.

Националниот идентитет, како основа за градењето на брендот на државата, не се ограничува единствено на нејзината економска, воена и политичка моќ. Вака сфатениот национален идентитет овозможува многу држави кои немаат економска, воена или политичка моќ, процесот на брендирање и создавањето на сликата за земјата да го темелат врз основа на афективните и когнитивните фактори. Концептот на брендирање на државите и процесот на неговото спроведување се поврзани со низа маркетинг-активности и како такви налагаат одредени теоретски знаења.

Со брендирањето на државата и создавањето позитивна слика за земјата на потекло, се овозможува да се создаде дополнителна вредност на производите и услугите. Резултатите од досегашните истражувања потврдуваат дека потрошувачите полесно се одлучуваат да купуваат производи од држави кои имаат позитивна слика, а во услови кога седиштето на една компанија е во една земја, а производите се произведуваат или склопуваат во друга, се изгуби досегашното значење на поимот made in.

Искуствата со брендирањето на другите држави, создавањето на сликата на земјата, како и брендот на потеклото покажа а дека многу од државите кои својот идентитет го имаат изградено врз основа на економската, воената и политичката моќ сфатија дека ова не е доволно и дека постои и друга моќ која има силна движечка енергија, а се темели на афективните и когнитивните фактори.

Во услови на војни и поделби на просторот на поранешна Југославија, Република Македонија од осамостојувањето до денес се соочува со низа економски и политички проблеми. Програмите и преземаните мерки за подобрување на економската состојба не ги дадоа очекуваните резултати, а Република Македонија и понатаму остана во групата на земји со ниска конкурентска способност.

Ниската стапка на извоз и мал број и износ на странски инвестиции, ниската вредност и непрепознатливост на македонските производи и неконкурентност на домашниот и глобалниот пазар се основните карактеристики на македонската економија. Затоа, предложениот модел на брендирање може да претставува можност со која ќе се искористат разликите, посебностите и предностите на националните вредности за ублажување на последиците од досегашната политика и почеток за нејзино надминување.

Основните препораки за воведувањето и примената на предложениот модел на брендирање на држави врз основа на афективните и когнитивните фактори е даден преку примерот на брендирање на Република Македонија.

Вака сфатениот концепт за државата-бренд е во прилог на теоријата дека националниот просперитет не се наследува туку се создава. Меѓутоа, тоа не го создава националното богатство, работната сила, каматните стапки, вредноста на валутата. Конкурентноста зависи од способноста да се иновира и унапредува, која пак, е условена од нивото на духовната зрелост на еден народ.

## 3. Оценка и предлог

Докторска дисертација на тема „**Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на**

**производитеод Република Македонија**",од кандидатот м-р Данчо Арсов, претставува значаен труд кој се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти, аргументација за поставените тези и илустрација на релевантни податоци. Ваквиот пристап е надополнет со соодветна методолошка рамка, користена најнова научна и стручна литература и изразено критичко размислување, базирано на сеопфатна компаративна анализа и емпириско истражување, значајни за конципирање на заклучоците, насоките и препораките што му даваат посебен научен придонес на трудот.

Во својата дисертација, кандидатот дава конкретни насоки, можности и препораки, а предложува и соодветен концепт на брендирање на Република Македонија како еден од значајните аспекти за поголема конкурентност и препознатливост не само на државата, туки и на компаниите на глобалниот пазар. Имено, самиот концепт на брендирање на државите произлегува од концептот на брендирање и управување со производите кој постои кај одделни држави подолг временски период, а како резултат на глобалните промени и промената на однесувањето на државите овозможува не само опстојување на глобалниот пазар, но и можност за зголемување на вредноста на производите и услугите, извозот, странските инвестиции, туризмот и друго.

За Република Македонија, со предложениот концепт за создавањето на сликата за земјата врз основа на потеклото на брендот на производите, покрај економскиот бенефит, се овозможува да се ублажат последиците и од политичко-дипломатското ноктурно на меѓународен план. Тоа, во основа, може да претставува патоказ за постоењето на начини, можности или алтернативи од постојните, но дава простор, можности и насоки за идни трудови од оваа проблематика која речиси воопшто досега не е истражувана во Република Македонија.

Кандидатот во целост одговорил на поставената цел на истражувањето и со изработката на трудот, дава соодветен придонес во насока на збогатување на сознанијата во академската и стручната јавност во државата и пошироко. Добиените сознанија и резултати можат да бидат искористени за креирање на концепт на брендирање на државата на примерот на развиените земји кои се препознатливи по својот национален бренд и се, воедно, конкурентни на глобалниот пазар.

Комисијата констатира дека согласно со академските стандарди, научниот придонес и остварените цели од истражувањето, кандидатот м-р Данчо Арсов изработил комлексен и сеопфатен труд. Тој успешно се справил со поставениот предизвик за истражување на проблемот и успеал да понуди аргументирани ставови, мислења, заклучоци и препораки. Теоретските и емпириски елаборации на трудот можат да имаат реална примена во практиката, со што овој труд има како научен, така и апликативен придонес.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација „**Маркетинг аспекти на процесот на брендирање на државите и неговото влијание за зголемување на конкурентноста на производите од Република Македонија**" од кандидатот м-р Данчо Арсов, и
2. на кандидатот м-р Данчо Арсов да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 26.11.2012

Комисија за оцена на
докторската дисертација:

1.Д-рТатјана Петковска Мирчевска, с.р

2. Д-р Татјана Петковска, с.р

3. Д-р Христо Кусакатов, с.р.

4.Д-р Биљана Ангелова, с.р.

5. Д-р Наташа Данилоска, с.р.

**Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Александра Велковска | Влијанието на заштитата при работа врз мотивацијата за работата на вработените | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Павлина Сековска | Влијанието на степенот на професионалното согорување врз работното задоволство кај вработените во безбедносниот сектор | доц. д-р Елеонора Серафимовска |
| Лидија Јованчевска | Индивидуални и организациски механизми за справување со стресот кај вработените во државната администрација | доц. д-р Маријана Марковиќ |
| Ивона Ангеловска | Ликот на претприемачот, преставен преку неговите функционални и лични карактеристики | акад. проф.д-р Таки Фити |
| Јован Несторовски | Практикантската работа во националните институции од областа на културата во Република Македонија | Вон.проф.д-р Ганка Цветанова |
| Биљана Чангов | Ефекти од работењето во смени кај жените од македонското деловно опкружување | доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ |
| Виолета Костадиноска | Влијанието на неформалното образование врз вработувањето | проф.д-р Јорде Јаќимовски |
| Фидан Колев | Образованието во функција на создавање на квалитетна работна сила - студија на случај Струмица | проф.д-р Јорде Јаќимовски |
| Христина Цамбазовска | Придонесот на секторот за човечки ресурси во успехот на организацијата | проф.д-р Јорде Јаќимовски |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ НИВОТО НА ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ КАЈ СТУДЕНТИТЕ",

изработена од м-р Јана Каршаковска-Димитриоска, пријавена на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања во Скопје

Со решение на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања во Скопје бр.02-1560/3 од 15.10.2012 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изготвена од м-р Јана Каршаковска-Димитриоска со наслов „Влијанието на општествените фактори врз нивото на физичката активност кај студентите" во состав: проф. д-р Љубица Чонева-ментор, проф. д-р Петар Атанасов, проф. д-р Ружица Цацаноска, проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска и доц. д-р Маријана Марковиќ. По разгледувањето на приложениот текст на дисертацијата и усогласувањето на мислењата, Комисијата има чест и задоволство да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Приказ на содржината на трудот

Прегледаната докторска дисертација од кандидатката м-р Јана Каршаковска-Димитриоска има 189 страници основен текст пишуван на персонален сметач, 69 табели и графички прикази,17 страници заклучоци, 23 страници библиографија и 12 страници прилози, кои заедно сочинуваат една целина.

Во воведот се изнесуваат значајни параметри за значењето на физичката активност како форма на користење на слободното време на децата, младината, работните луѓе и граѓаните и нејзиното влијание врз здравјето на човекот, што во светот се смета за незаменливо средство за просперитет на целата популација. Наспроти овие видувања, во Република Македонија поголемиот дел од

населението од сите возрасти, според авторката, води неактивен живот или е само повремено физички активно. Актуелноста и значењето на физичката активност за истражување од научен и општествен аспект добива поголема димензија, особено кога станува збор за влијанието на поважните општествени фактори врз степенот на ангажираност на младите, како што е студентската младина од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје", што е предмет на оваа докторска дисертација.

Во првата глава од теоретскиот дел од дисертацијата која се однесува на поимањето на физичката култура и видовите на физички активности, се разработуваат четирите значајни подрачја: физичкото воспитување и образование, спортот, спортската рекреација и кинези- терапијата. Во тој контекст, авторката го нагласува значењето на разликите на обележјата на сите овие форми за кои во поширока смисла се користи терминот физичка активност. Меѓутоа, со слично или идентично значење се користат и други термини како рекреативна активност или, скратено, рекреација, физичка вежба или вежбање, фитнес, велнес, кондиција, тренинг и слично.

Во позначајните карактерни црти на физичките, односно спортските активности, во дисертацијата се наведува дека тие сè уште се сметаат за маргинална активност, макар што почесто влегуваат во центарот на општествените случувања и не може да се гледаат изолирано од општеството. Новите пристапи кон ова прашање покажуваат дека улогата на семејството во социјализацијата на децата и младите покрај другото налага создавање навика за често, дури и секојдневно занимавање со физичка активност, што во многу земји има позитивни резултати. Покрај овие субјекти, образовно-воспитните установи се исто така важен сегмент во насочувањето на младите кон ангажирање со физички активности и едукација за нивното влијание во унапредување и одржување на психо-физичкото здравје и телесниот интегритет на личноста. Најчесто ваквите цели во практиката се постигнуваат преку изготвување на стратегии и едукативни програми, со предлози за зголемување на фондот на часови за ученици и студенти по предметот физичко образование во образовните установи од сите стадиуми на образование.

Во продолжение на теоретскиот дел од дисертацијата, кандидатката м-р Димитриоска доволно опфатно ги има изложено теоретските гледишта за

здравствените придобивки од физичката активност, исто така важен сегмент за проучување на ова прашање. Имено, таа подвлекува дека голем број истражувања покажуваат дека непрактикувањето на физички активности е фактор на ризик за развој на многу хронични болести, како кардиоваскуларните (инфаркти и мозочни удари), шеќерната болест и други, кои се најчести причини за зголемената смртност кај населението.

Во овој дел, низ една динамична корелација се претставени и искуствата за здравствено-економските придобивки од спортските активности кај одреден број западни земји, влијанието на индивидуалните животни стилови, разликите во културолошките фактори и здравствената култура и социјалната средина со различните ставови на поединците кон нив.

Прикажани се и модели на физичка активност кои се поспецифични за одделните полови, како на пример поинтензивни и со натпреварувачки дух кај мажите, и со умерен и помал интензитет, од рекреативен карактер и во мали групи или индивидуално кај жените, што се однесува и за студентската младина опфтена во ова истражување. Во трудот, исто така, се наведува дека спортските активности кај младите во Република Македонија имаат фрагментирана структура, која ја сочинуваат голем број на хетерогени вредности, како резултат на социјалните, економските и политичките турбуленции во транзициониот период. Како резултат на овие состојби присутен е недоволен интерес кај студентите и на поширокото граѓанство за активно учество во масовните спортови.

Во делот што се однесува на нормативната регулатива, институционалната мрежа и обемот на наставата по физичко образование на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, аргументирано, со нужен и доволен коментар во трудот кандидатката м-р Димитриоска дава елаборација на одделните параметри на секое од овие прашања.

Во истражувачкиот дел е претставена проектната рамка на докторската дисертација. Тука, како што е вообичаено, авторката го дефинира предметот на научното истражување, ги разработува целите и хипотезите и ја определува методолошката рамка. Една од основните интенции е со истражувањето да се утврди како влијаат социјалната структура на студентите, некои општествени

фактори врз стилот на живот на оваа популациона група, потеклото, родителите, нивото на практицирање на физичката активност во слободното време и во рамките на наставата по физичко образование на Универзитетот, омилени спортски активности на студентската младина во Македонија, близина и застапеност на спортски објекти, терени и сл. Поради тоа, кандидатката м-р Димитриоска наведува дека на оваа појава треба да ѝ се даде повеќедимензионалност во однос на научните дисциплини и субјектите кои учествуваат во проучувањето на факторите за развој на физичките активности кај студентската популација. Во вака определените теоретски рамки на докторскиот труд, конкретно се формулирани и целите од научен и апликативен карактер, како и применетите методи, техники, инструменти и примерок за реализација на истражувањето.

И на крај, истражувачкиот дел од трудот е централниот интерес на докторската дисертација, во кој се претставени резултатите од анкетата за димензиите на влијанието на некои социолошко-општествени фактори врз организираните физички активности кај студентите од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и можностите за интензивирање и поголема примена на спортските активности кои се во функција на максимата „Во здраво тело - здрав дух".

**Оценка на докторската дисертација**

Докторската дисертација под наслов „Влијанието на општествените фактори врз нивото на физичката активност кај студентите" изготвена од м-р Јана Каршаковска-Димитриоска, претставува систематична студија за еден доста актуелен проблем кај студентската младина во Република Македонија.

Во теориската и методолошката обработка, дисертацијата е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за докторска теза. И теориските сознанија, како и општествените импликации, содржани во оваа студија се многубројни и се со несомнена практична вредност.

Заклучок

Со оглед на важноста на испитуваното прашање, неговата актуелност, општествените импликации, како и начинот на обработка и применетите

методолошки стандарди, Комисијата со особено задоволство му предлага на Советот на ИСППИ во Скопје, да ја прифати оваа позитивна оценка и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

Комисија

1.Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

2. Проф. д-р Петар Атанасов с.р.

3. Проф. д-р Ружица Цацаноска с.р.

4. Проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска с.р.

5. Доц. д-р Маријана Марковиќ с.р.

# Р Е Ф Е Р АТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТОРИЈА СО АРХИВИСТИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXXII редовна седница одржана на 22.11.2012 година, одредени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник за научните области (дисциплини): *современа историја (по 1914), архивистика и документација, историска демографија и историја на МПЦ*, врз основа на конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" од 9.11.2012 година.

На објавениот конкурс се пријави кандидатот Борче Илиевски, доктор на историски науки.

Врз основа на поднесените документи, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Виолета Ачкоска, проф. д-р Никола Жежов и проф. д-р Методија Манојловски, констатира дека кандидатот доц. д-р Борче Илиевски ги исполнува сите услови предвидени со конкурсот.

Врз основа на оцената на поднесените документи и објавените трудови, Комисијата има особена чест и задоволство до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Доц. д-р Борче Илиевски е роден на 17.6.1977 во Скопје, Р. Македонија. По завршувањето на основното и средното образование се запишал на Филозофскиот факултет во Скопје во учебната 1996/97 година. Дипломирал во јануари 2001 година и се стекнал со звањето дипломиран професор по историја.

Веднаш по завршувањето на додипломските студии се запишал на постдипломски студии на Институтот за историја на Филозофскиот факултет од областа историја на македонскиот народ по 1913 година. Испитите од постдипломските студии ги положил во предвидениот рок со највисок просек (10).

На 4.11.2003 година успешно го одбранил магистерскиот труд „Македонската држава и обновата на Македонската православна црква 1943-1967 година", со што се стекнал со научниот степен магистер на историски науки. Во текот на учебната 2003/4 работел како професор по историја во средното училиште „Браќа Миладиновци" во Скопје.

Во ноември 2005 година се запишал на постдипломски студии по архивистика на Институтот за историја, а предвидените испити ги положил со највисок просек (10).

Докторската дисертација на тема: „Етничките и демографските промени на територијата на денешна Република Македонија 1912-1994 година (низ статистички податоци и архивски материјали", под менторство на проф. д-р Виолета Ачкоска, ја одбранил на 10.1.2008 година.

На Институт за историја работи од декември 2005 година како помлад асистент, асистент и доцент од 2008 година. Во работниот ангажман забележливо е неговото партиципирање во повеќе факултетски комисии, а бил и член на меѓународниот уредувачки одбор на списанието: „Македонска историска ревија", член на редакцијата и секретар на списанието: „Историја", член на организациониот одбор на меѓународната научна конференција: „Македонија низ вековите" и др.

Учествувал на десетина конференции и симпузиуми од кои ќе ги издвоиме:

- Internationale Tagung der Stiftung Pro Oriente (Wien): Sakralisterung des öffentlicahen Raumes in Südosteuropa nach der Wende 1989, Graz 16-18 September 2010, со предавање: Der makedonisch-serbiche Kirchenkonflikt von 1945 bis heute (Schwerpunkt Zefallk Jugoslowiens und die Nachfolgestaten);
- научен собир „Филозофски факултет-90 години висико образование: нова мисија нова визија, со излагање: Јован Трифуноски (1914-1997) - професор, истражувач и следбеник на стари идеи;
- научен симпозиум: Византискиот религиски концепт и современието: идеологија, претстава, традиција, Скопје, 21-22 октомври, со излагање: Влијанието на византискиот религиски концепт врз епископатот на Српската православна црква во средината и втората половина на XX век;
- меѓународна научна конференција „Македонија низ вековите", Скопје, 11-12 ноември 2011 година, со излагање: Етно-демографските промени и популационите загуби во вардарскиот дел на Македонија 1912-1918 година.

Во својата досегашна работа има публикувано триесетина научни и стручни трудови, од кои ја издвојуваме монографијата: „Македонско-српските црковни односи 1944-1970 година", Скопје, 2011.

## 2. Професионална активност:

### Наставно-педагошка дејност

Доц. д-р Борче Илиевски, во изминатиот период по изборот за доцент, во рамките на првиот циклус на Филозофскиот факултет, ја изведувал наставата по предметите: вовед во архивистиката, вреднување на архивска граѓа 1 и 2, средување на архивска граѓа, историја на архивите, опис на архивска граѓа, организација на архивската служба, историска демографија. Тој, исто така, е ангажиран во изведувањето на предметот историја на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје.

Во рамките на вториот циклус изведувал настава по предметот етничките и демографски промени во Македонија.

Покрај тоа, активно е вклучен и во подготвувањето и изведувањето и на други педагошки и организациони активности што се во надлежност на Факултетот.

Во рамките на наставниот ангажман, како доцент по наведените предмети, д-р Борче Илиевски покажа способности за организирање на часовите за предавања и вежби, висока кооперативност со колегите и несебичен ангажман во работата со студентите од првиот и вториот циклус на студии. Неговата трудољубивост, подготвеност за соработка и иновативност претставуваат важна алка на целокупниот наставен процес на Институтот за историја со архивистика.

## Научна и стручна дејност

Во периодот по изборот за доцент, покрај активното ангажирање во реализација на наставата од областа на архивистиката и историјата, д-р Борче Илиевски го насочил својот научен и истражувачки интерес на полето на архивистиката, етничките и демографските промени и историјата на религиите во Македонија.

*БИБЛИОГРАФИЈА на трудови објавени по изборот за доцент*

- The Macedonian-Serbian Church Conflit from 1945 to the Present, Re-Sakralisterung des öffentlicahen Raumes in Südosteuropa nach der Wende 1989?, Herausgegeben von Alojz Ivanišević, Frankfurt am Main, 2012, 133-145.

- Етничките и демографските промени во Скопје во педесетите години на XX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 64, Скопје, 2011, 243-256.

- Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Скопје, 2011, 234.

- The Ethno-Demographic Changes in the 1950s in People`s Republic of Macedonia: The emigration proces of the Turkish and Muslim Population, Macedonian Historical Review, vol. 1, Skopje, 2010, 167-182.

- Односот на југословенското државно раководство кон македонско-српскиот црковен спор непосредно по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 63, Скопје, 2010, 359-374.

- Односот на Српската православна црква кон македонската црковна самостојност (од ослободувањето до распадот на Југославија), Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Македонија и соседите", Скопје, 2010, 308-318.

- Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското население од вардарскиот дел на Македонија 1918-1941 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 62, Скопје, 2009, 305-317.

- 100 години прехранбена, текстилна, хемиска и металуршка индустрија во Македонија, монографија. Главен уредник: Светомир Хаџи Јорданов, Скопје, 2009, 75-126.

- Краток историјат на популационите теории (прилог кон проучување на историската демографија) Сп. Историја, XLIV, 1-2, Скопје, 2008, 127-141.

- Развојот на архивското образование – историски контекст и современи состојби, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 61, Скопје, 2008, 315-326.

- Политичките, економските и просветните аспекти на иселувањето на турското население од Македонија во педесетите години на XX век, Сп. Историја, XVII, 1-2, Скопје, 2007, 49-61 (излезено од печат во 2008 година).

- Даринка Петреска, Виолета Ачкоска, Осознавање на историјата, Скопје 2007, 386 , Сп. Историја, XVII, 1-2, Скопје, 2007, 151-155.

Меѓу објавените трудови, по обем и значење ја издвојуваме монографијата „Македонско-српските црковни односи 1944-1970 година“, издадена во Скопје во 2011 година. Тука авторот се осврнува на едно сѐ уште незатворено историско прашање-кое само по дефиниција претставува црковно, а во суштина е политичко, односно национално прашање.

На почетокот се дава краток приказ на црковните прилики во Македонија од балканските војни до 1944 година, кога на заседанието на АСНОМ се поставило прашањето за уредувањето на Православната црква во Македонија по целосното ослободување. Во книгата паралелно се следи односот како на државниот, односно партискиот естаблишмент кон македонското црковно прашање, така и односот на епископатот на Српската православна црква кон црковното, но, пред сѐ, националното прашање во Македонија. Добар дел од текстот е посветен на Првиот црковно-народен собор од 1945 година и на свештеничката конференција од 1946 година, но значајно место е посветено и на другите два црковно-народни собира. Притоа, прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква во 1967 година е поместено во посебна глава, пред се заради историското значење на чинот, со кој се сметало дека е заокружено решавањето на македонското прашање во рамките на тогашна Југославија.

Последната глава од книгата е посветена на македонско-српските црковни односи во периодот непосредно по прогласувањето на автокефалноста, односно на реакцијата на СПЦ на македонската црковна самостојност. Во посочената монографија авторот користи архивски материјал, објавени историски извори и литература, директно или посредно поврзана со темата.

Во трудот *Развојот на архивското образование – историски контекст и современи состојби,* објавен во Годишен зборник на Филозофскиот факултет, (книга, 61, Скопје, 2008, 315-326), е направена споредбена анализа на развојот на архивистичкото образование во европските земји, земјите од нашето блиско опкружување и Република Македонија. Авторот ги согледува можностите за примена на програмите и искуствата на високообразовните центри со подолга традиција во образување на ваков професионален профил во условите кои постојат во нашиот општествен контекст, за надополнување на теоретското знаење и практичното искуство.

*The Ethno-Demographic Changes in the 1950s in People`s Republic of Macedonia: The emigration proces of the Turkish and Muslim Population,* (Macedonian Historical Review, vol. 1, Skopje, 2010, 167-182) е труд во кој авторот го

анализира процесот на иселувањето на турското и останатото муслиманско население од Македонија, во педесеттите години на XX век. Овој процес претставува продолжение на миграционите движења на турското население од Македонија кои започнале уште за време на балканските војни. Тука се анализираат причините за миграционите движења кои се илустрираат со бројни статистички податоци од периодот меѓу двете светски војни и од периодот на започнувањето на новиот миграционен бран во почетокот на педесеттите години. На местото на иселената популација во одредени делови на Македонија, се доселувало население од другите делови на тогашна Југославија (Косово, Санџак). Така посочените миграциони движења довеле до промени во етничката, религиозната и демографската структура на населението во Македонија, односно до одредени социо-економски, културолошки и политички поместувања.

Во трудот *Краток историјат на популационите теории (прилог кон проучување на историската демографија)* (Сп. Историја, XLIV, 1-2, Скопје, 2008, 127-141), д-р Борче Илиевски разработува една релативно малку проучувана кај нас историографска дисциплина како што е историската демографија. Во текстот се прави синтеза на бројните теории кои се однесуваат на порастот или намалувањето на бројот на населението, проследувани од античките мислители, преку Малтус , па сè до современите теоретичари.

Трудот *The Macedonian-Serbian Church Conflit from 1945 to the Present, Re-Sakralisterung des öffentlicahen Raumes in Südosteuropa nach der Wende 1989?*, (Herausgegeben von Alojz Ivanišević, Frankfurt am Main, 2012, 133-145) претставува дел од Зборник на трудови од конференцијата посветена на „Ресакрализацијата на општествата во Југоисточна Европа“, одржана во Грац, Австрија, во септември 2010 година. Во трудот се анализира односот на Српската православна црква кон македонското црковно прашање, односно кон Македонската православна црква од крајот на Втората светска војна, па до крајот на XX век. Илиевски тука потенцира дека од прогласувањето на автокефалноста на МПЦ во јули 1967 година, односите меѓу двете цркви останале непроменети сè до почетокот на деведесетите години, кога во политички турбулентниот контекст на распадот на југословенската федерација започнале одредени разговори, кои во основа не дале некаков резултат. Авторот нагласува дека со прогласувањето на македонската независност, Српската православна црква го менува својот дотогашен однос и започнува со наименување на архиереи чија надлежност биле епархиите на територијата на Република Македонија. Ваквите односи останале непроменети во наредната деценија, а својата кулминација ја достигнале со приклонувањето на тогашниот митрополит на МПЦ Јован, кон Српската православна црква.

## Заклучок и предлог

Според доставените документи, научни и стручни трудови и соодветно на научните области наведени во конкурсот за избор во наставно-научно звање – сметаме дека пријавениот кандидат **доц. д-р Борче Илиевски** целосно ги исполнува потребните услови. Досегашната негова наставно-научна и стручна работа целосно ги опфаќа научните области (дисциплини): *современа историја (после 1914), архивистика и документација, историска демографија и историја на МПЦ,* така што **Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го избере кандидатот д-р Борче Илиевски во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР по наведените предмети.**

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Виолета Ачкоска, с.р.
2. Проф. д-р Никола Жежов, с.р.
3. Проф. д-р Методија Манојловски, с.р.

Скопје, 11.12.2012

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Борче Никола Илиевски**

**Институција: Филозофски факултет - Скопје**

**Научна област: современа историја (по 1914), архивистика и документација, историска демографија, историја на МПЦ**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Одржување на настава за прв циклус студии | |
| | Вовед во архивистика (2+1), зим. сем 2008/09 | 1,2 |
| | Вреднување на архивска граѓа(3+0), зим. сем 2008/2009 | 1,8 |
| | Средување на архивска граѓа (1+2), зим. сем 2008/2009 | 0,6 |
| | Историја на архивите (3+2), лет. сем. 2008/2009 | 1,8 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем 2008/2009 | 1,2 |
| | Вреднување на архивска граѓа II (1+2), лет. сем 2008/2009 | 0,6 |
| | Опис на архивска граѓа(1+2), лет. сем 2008/2009 | 0,6 |
| | Вовед во архивистика (3+2), зим. сем. 2009/10 | 1,8 |
| | Вреднување на архивска граѓа I (3+0), зим. сем. 2009/10 | 1,8 |
| | Средување на архивска граѓа (1+2), зим. сем. 2009/10 | 0,6 |
| | Историја на архивите (4+2), лет. сем. 2009/10 | 2,4 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2009/10 | 1,2 |
| | Вреднување на архивска граѓа II (1+2), лет. сем. 2009/10 | 0,6 |
| | Вовед во архивистика (3+2), зим. сем. 2010/11 | 1,8 |
| | Вреднување на архивска граѓа I (3+0), зим. сем. 2010/11 | 1,8 |
| | Средување на архивска граѓа (3+2), зим. сем. 2010/11 | 1,8 |
| | Историска демографија (3+2), зим. сем. 2010/11 | 1,8 |
| | Историја (3+1), зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 1,8 |
| | Историја (2+2), зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 1,2 |
| | Историја на архивите (4+2), лет. сем. 2010/11 | 2,4 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2010/11 | 1,2 |
| | Вовед во архивистика (3+2), зим. сем. 2011/12 | 1,8 |
| | Средување на архивска граѓа (3+2), зим. сем. 2011/12 | 1,8 |
| | Историска демографија (3+2), зим. сем. 2011/12 | 1,8 |
| | Историја (3+1), зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 1,8 |
| | Историја (2+2), зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 1,2 |
| | Историја на архивите (4+2), лет. сем. 2011/12 | 2,4 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2011/12 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Одржување на настава за втор циклус студии | |
| | Етничките и демографски промени во Македонија (1913-2001), 2010/11, предавања, 5 часа | 0,2 |
| | Одржување на вежби | |
| | Вовед во архивистика (2+1), зим. сем. 2008/09 | 0,45 |
| | Средување на архивска граѓа (1+2), зим. сем. 2008/09 | 0,9 |
| | Историја на архивите (3+2), лет. сем. 2008/09 | 0,9 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2008/09 | 0,9 |
| | Вреднување на архивска граѓа II (1+2), лет. сем. 2008/09 | 0,9 |
| | Опис на архивска граѓа (1+2), лет. сем. 2008/2009 | 0,9 |
| | Вовед во архивистика (3+2), зим. сем. 2009/10 | 0,9 |
| | Средување на архивска граѓа (1+2), зим. сем. 2009/10 | 0,9 |
| | Историја на архивите (4+2), лет. сем. 2009/10 | 0,9 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2009/10 | 0,9 |
| | Вреднување на архивска граѓа II (1+2), лет. сем. 2009/10 | 0,9 |
| | Вовед во архивистика (3+2), зим. сем. 2010/11 | 0,9 |
| | Средување на архивска граѓа (3+2), зим. сем. 2010/11 | 0,9 |
| | Историја (3+1), зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 0,45 |
| | Историја (2+2), зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 0,9 |
| | Историска демографија (3+2),зим. сем. 2010/11 | 0,9 |
| | Историја на архивите (4+2), лет. сем. 2010/11 | 0,9 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2010/11 | 0,9 |
| | Вовед во архивистика (3+2) зим. сем. 2011/12 | 0,9 |
| | Средување на архивска граѓа (3+2) зим. сем. 2011/12 | 0,9 |
| | Историска демографија (3+2) зим. сем. 2011/12 | 0,9 |
| | Историја (3+1) зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 0,45 |
| | Историја (2+2) зим. сем. 2010/2011 (Педагошки факултет-Скопје) | 0,9 |
| | Историја на архивите (4+2) лет. сем. 2011/12 | 0,9 |
| | Организација на архивската служба (2+2), лет. сем. 2011/12 | 0,9 |
| | Подготовка на нов предмет (предавања +вежби) | |
| | Организација на архивската служба | 1,5 |
| | Историја на архивите | 1,5 |
| | Историска демографија | 1,5 |
| | Историја на МПЦ | 1,5 |
| | Архивска дејност во Р. Македонија 1951-2005 година (втор циклус на студии) | 1,5 |
| | Истражување, користење и презентација на архивска граѓа (втор циклус на студии) | 1,5 |
| | Консултации со студенти 2008/09. 100x0.002 | 0,2 |
| | Консултации со студенти 2009/10. 100x0.002 | 0,2 |
| | Консултации со студенти 2010/11. 200x0.002 | 0,4 |
| | Консултации со студенти 2010/11. 200x0.002 | 0,4 |
| | Ментор на дипломска работа 8x2 | 1,6 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат 1x0.5 | 0,5 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура 9 x 0.3 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 7x0.1 | 0,7 |
| | Пакет материјали по предметот: вовед во архивистика | 1 |
| | Пакет материјали по предметот: историја на архивите | 1 |
| | Пакет материјали по предметот: историја на МПЦ | 1 |
| | Пакет материјали по предметот: средување на архивска граѓа | 1 |
| | Пакет материјали по предметот: историска демографија | 1 |
| | Пакет материјали по предметот: историја на Педагошки факултет | 1 |
| | Пакет материјали по предметот: архивска дејност во Р. Македонија 1951-2005 година (втор циклус на студии) | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 86,05 |
| | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | Ментор на магистерска работа (1) | 1 |
| | Автор на монографија: Борче Илиевски, Македонско-српските црковни односи 1944-1970, Скопје, 2011, 234 | 8 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание | |
| | Политичките, економските и просветните аспекти на иселувањето на турското население од Македонија во педесетите години на XX век, Сп. Историја, XVII, 1-2, Скопје, 2007, 49-61 (излезено од печат во 2008 година по изборот за доцент). | 4 |
| | Краток историјат на популационите теории (прилог кон проучување на историската демографија) Сп. Историја, XLIV, 1-2, Скопје, 2008, 127-141. | 4 |
| | The Ethno-Demographic Changes in the 1950s in People`s Republic of Macedonia: The emigration proces of the Turkish and Muslim Population, Macedonian Historical Review, vol. 1, Skopje, 2010, 167-182. | 4 |
| | Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција | |
| | Развојот на архивското образование – историски контекст и современи состојби, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 61, Скопје, 2008, 315-326. | 2 |
| | Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското население од вардарскиот дел на Македонија 1918-1941 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 62, Скопје, 2009, 305-317. | 2 |
| | Односот на југословенското државно раководство кон македонско-српскиот црковен спор непосредно по прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 63, Скопје, 2010, 359-374. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Етничките и демографските промени во Скопје во педесеттите години на XX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 64, Скопје, 2011, 243-256 | 2 |
| | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | |
| | Односот на Српската православна црква кон македонската црковна самостојност (од ослободувањето до распадот на Југославија), Зборник на трудови од меѓународната научна конференција „Македонија и соседите", Скопје, 2010, 308-318. | 3 |
| | Borče Ilievski, The Macedonian-Serbian Church Conflit from 1945 to the Present, Re-Sakralisterung des öffentlicahen Raumes in Südosteuropa nach der Wende 1989?, Herausgegeben von Alojz Ivanišević, Frankfurt am Main, 2012, 133-145. | 3 |
| | Пленарно предавање на научен стручен собир со меѓународно учество | |
| | Internationale Tagung der Stiftung Pro Oriente (Wien): Sakralisterung des öffentlicahen Raumes in Südosteuropa nach der Wende 1989, Graz 16-18 September 2010, со тема на предавањето: The Macedonian-Serbian Church Conflit from 1945 to the Present. | 3 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат | |
| | Научен собир „Филозофски факултет-90 години високо образование, традиција-нова мисија-нова мисија" 15 декември 2010, реферат: Јован Трифуноски (1914-1997) – професор, истражувач и следбеник на стари идеи. | 1 |
| | Научен симпозиум: Византискиот религиски концепт и современието: идеологија, претстава, традиција, Скопје, 21-22 октомври 2011, со реферат: Влијанието на Византискиот религиски концепт врз епископатот на Српската православна црква во средината и втората половина на XX век. | 1 |
| | Меѓународната научна конференција: Македонија низ вековите Скопје, 11-12 ноември 2011, со реферат: Етнодемографските промени и популациони загуби во вардарскиот дел на Македонија 1912-1918 година. | 1 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 41 |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | 100 години прехранбена, текстилна, хемиска и металуршка индустрија во Македонија. Главен уредник: Светомир Хаџи Јорданов, Скопје, 2009, 75-126. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Експертски активности: Рецензија на книгата: Бајазид Дода, Франц барон Нопча, Селскиот живот во Горна Река кај Дебар (1914 година), Скопје, 2011. | 1 |
| | | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание: "Историја" во мандатниот период 2008/09 | 0.5 |
| | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание: "Macedonian Historical Rewiev" во мандатниот период 2012/11 | 1 |
| | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 1 |
| | Координатор на студиска програма: Координатор на студиската програма на Институтот за историја во три мандатни периоди во учебните:2008/09, 2009/10, 2010/11 | 3 |
| | Член на факултетска комисија: Комисија за научноистражувачка дејност за периодот 2011 до 2015; Член на дисциплинска комисија за студентите за периодот 2012 до 13 2x0.5 | 1 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | 10,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 86,05 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 41 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,5 |
| **Вкупно** | 137,55 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Виолета Ачкоска, престседател, с.р.
2. Проф. д-р Никола Жежов, член, с.р.
3. Проф. д-р Методија Манојловски, член, с.р.

**Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје од четириесет и шестата седница на Наставно-научниот совет одржана на 28.11.2012 година**

| Кандидат | Наслов на труд МК | Наслов на труд ENG | Ментор |
|---|---|---|---|
| Билјана Атанасовска | Некои аспекти на маркетинг стратегијата за продажба на јаболкото | Some aspects of marketing strategy for selling apples | Ненад Георгиев |
| Силвија Трпковска | Разработка на брз RP-HPLC метод за определување на сорбати и бензоати во безалкохолни пијалаци. | Development of rapid RP-HPLC method for determination of sorbates and benzoates in non alcoholic beverages | Билјана Петановска Илевска |
| Јасмина Спасовска | Разработка на HPLC метод за квантитативно определување на бисфенол А во безалкохолни пијалаци | Development of HPLC method for quantitative determination of bisphenol A in beverages | Билјана Петановска Илевска |
| Атанас Рунчев | Влијание на начинот и должината на ферментацијата врз квалитетот на виното | Influence of the type and the length of the fermentation on the quality of the wine | Михаил Петков |
| Митко Басов | Компаративна анализа на цена на земјоделско земјиште воо ЕУ и Република Македонија | Comparative analysis of the price of agricultural land in EU and Republic of Macedonia | Драган Ѓошевски |
| Ирена Стојановска | Разработка на брзи HPLC методи за квантитативно определување на остатоците од метомил, метидатион и пропиконазол во сокови од јаболко | Development of fast HPLC methods for quantitative determination of methomyl, methidathion and propiconazole residues in apple juice. | Билјана Петановска Илевска |
| Тони Рочовски | Евалуација на хигиенско-санитарните процедури во погоните за преработка на месо | Evaluation of the hygiene and sanitary procedures in the meat processing plant | Методија Трајчев |
| Горан Митров | Анализа на потенцијалните ризик фактори како причина за нарушувања на репродуктивните параметри во стадо високо млечни крави | Analysis of the potential risk factors as a cause of disorders of reproductive parameters in a herd of dairy cows | Методија Трајчев |
| Афродита Муслиу | Кодекс на оденсување во прехрамбената индустрија | Codes of Conduct in Macedonian Food Industry | Ненад Георгиев |
| Гоце Георгиевски | Технолошко унапредување на стакленичкото производство на Република Македонија | Advanced technology in greenhouse production in the Republic of Macedonia | Гордана Поп Симонова |
| Зуичка Илиќ Попова | Анализа на програмата за контрола на штетници во погон за преработка на месо | Analysis of the pest control program in the meat processing plant | Методија Трајчев |

**ПРЕГЛЕД**

на наслови на прифатени теми на магистерски трудови на студентите од втор циклус на студии на Педагошкиот факултет: „ Св. Климент Охридски " - Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Ирена Георгиевска Симјаноска | *„Современото училиште и интеракцискиот однос помеѓу наставниците и учениците“*<br><br>*„Modernity schools and interactive relationship between teachers and students”* | доц. д-р Мариета Петрова |
| Албина Кајоли | *„Имплементација на етиката во воспитно-образовниот процес во одделенска настава”*<br><br>*„Implementing ethics in the educational process in classroom learning”* | проф. д-р Емиљ Сулејмани |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ГЕОГРАФСКИ АНАЛИЗИ БАЗИРАНИ НА ДИГИТАЛНО КАРТОГРАФСКИ ОСНОВИ НА ПРОСТОРОТ НА ГЕВГЕЛИСКО-ВАЛАНДОВСКАТА КОТЛИНА" ОД КАНДИДАТОТ СВЕМИР ГОРИН, МАГИСТЕР НА ГЕОГРАФСКИ НАУКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Благоја Маркоски, проф. д-р Ивица Милевски, проф. д-р Ристо Мијалов, проф. д-р Драган Колчаковски и проф. д-р Олгица Димитровска, избрана од страна на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје на седницата од 29.11.2012 год., одлука бр. 07-1198/9 од 4.12.2012 год., ја прегледа поднесената докторска дисертација под наслов ГЕОГРАФСКИ АНАЛИЗИ БАЗИРАНИ НА ДИГИТАЛНО КАРТОГРАФСКИ ОСНОВИ НА ПРОСТОРОТ НА ГЕВГЕЛИСКО-ВАЛАНДОВСКАТА КОТЛИНА од кандидатот Свемир Горин, магистер на географски науки - насока тематска картографија, вработен како асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов ГЕОГРАФСКИ АНАЛИЗИ БАЗИРАНИ НА ДИГИТАЛНО КАРТОГРАФСКИ ОСНОВИ НА ПРОСТОРОТ НА ГЕВГЕЛИСКО-ВАЛАНДОВСКАТА КОТЛИНА од кандидатот Свемир Горин, магистер на географски науки - тематска картографија, вработен како асистент на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, содржи 203 страници текстуални, графички, картографски и фотографски прилози. Дисертацијата е изработена и презентирана на А4 - формат во новинарски проред.

Непосредната содржина на дисертацијата се состои од три глобални целини, поточно првиот дел е посветен на методологијата, предметот, целите и задачите на истражување, втората целина ги опфаќа општите географски карактеристики на проучуваниот простор и третата целина ги опфаќа аспектите на географските анализи базирани на непосредни апликативни дигитално картографски и ГИС-ориентирани апликации. Текстуалниот дел на содржините е проследен со 33 табеларни прикази, 18 графикони, 43 фотографски и сликовни прикази и 21 тематска карта. При изработката на дисертацијата се користени 68 библиографски единици.

Во првиот дел, по воведните напомени, во смисла на мотивацијата за изработка на дисертацијата е презентирана методологијата на истражувањето, така што поединечно се прикажани користените методи во процесот на истражување, обработката и презентацијата на содржините. Во продолжение се објаснети предметот, целите и задачите на истражувањето, каде што како основна цел е методологијата на искористување на новите дигитално картографски и ГИС - ориентирани технологии за вршење на разни географски анализи каде што компјутерско информатичките техники и технологии се користат за побрза полуавтоматизирана и автоматизирана обработка на географските податоци и добивање на валидни реченија базирани на поголем број критериуми.

Попатно, во контекст на конкретно проучуваниот простор (Гевгелиско-валандовската Котлина) е направен преглед на досегашните географски проучувања како основа за конкретните содржини кои во продолжение се обработуваат во дисертацијата.

Непосредната содржина на дисертацијата, согласно со општата географска методологија на проучување, започнува со приказ на географската положба на Гевгелиско-валандовската Котлина, нејзините граници, големина и сообраќајна поврзаност. Така, се констатира дека котлината се наоѓа во југозападниот дел од територијата на Република Македонија, глобално ја ограничуваат височовите на Конечка Планина, Беласица, Карабалија, Кожуф со Марјанска Планина. Зафаќа 1077 км². Сообраќајно е поврзана со автопатот Е75 по долината на Вардар и регионалните патишта спрема Струмица и Дојран.

Посебен наслов е посветен на тектониката и геолошкиот состав на просторот на Котлината. Потенцирано е дека таа скоро во целост е во Вардарската тектонска зона и е со релативно изразени сеизмички активности (особено во просторот на Валандовско Поле), иако, на мала територија, во контекст на геолошкиот состав е присутна голема геолошка разновидност со присуство на литостратиграфски единици од целата геохронолошка историја на Земјата. Поголеми литолошки единици потекнуваат од мезозојската ера, поточно од периодот Јура.

Релјефот во Гевгелиско-валандовската Котлина е презентиран така што на почетокот е посветено внимание на претходните проучувања, а потоа посебно се разгледани морфолошките одлики на релјефот класифицирани како планини, долини и котлински дна. Планините се систематизирани на ниски, средновисоки, високи и изразито високи. Според ваквата класификација поединечно со најосновните карактеристики се обработени планините Плауш, Карабалија, Конечка Планина, Градешка Планина, Кожуф со Марјанска Планина и Беласица. Како долини се издвоени и презентирани карактеристиките на долините на реките Вардар, Анска Река, Луда Мара, Кованска Река, Серменинска Река, Коњска Река, Градешка Река и Стара Река. Котлинското дно е презентирано преку приказ на алувијалната рамнина во Валандовското, Гевгелиското и Дојранското Поле, потоа плавините на контактот на планинските страни и рамниците и како посебни се презентирани ниските ридови. Во продолжение кратко се расправа за карактеристиките на флувијалниот, карстниот и глацијалниот тип на релјеф.

Климатските карактеристики во Гевгелиско-валандовската Котлина се обработени преку повеќе климатски елементи и појави. Презентирани се податоци и анализи за осончувањето и траењето на сончевиот сјај, и во Гевгелија и Валандово се утврдени над 2500 сончеви часови годишно. При обработката на одликите на температурата во котлината се евидентирани просечни годишни температури од 14,2 °C. Ваквите податоци укажуваат дека станува збор за котлина со највисоки просечни годишни температури во Република Македонија. При анализата на ветровите се констатира дека најизразени се северозападниот ветер во Валандовското Поле и северниот ветер во Гевгелиското Поле. Забележително големо е присуството на тишините со над 1/3 учество. Во продолжение се обработени релативната влажност на воздухот, облачноста и врнежите. Евидентирани се релативно мала облачност која средно годишно се движи нешто над 4 дезетини. Во контекст на тоа се и количините на врнежи кои изнесуваат 711 мм во Гевгелија, 643 мм во Валандово и 586 во Демир Капија. Врнежите во текот на

годината се одликуваат со рамномерен распоред. Врз база на подетално презентираните податоци за климатските елементи и појави, констатирано е дека Гевгелиско-валандовската Котлина се одликува со прилично големо медитеранско влијание, односно во котлината преовладува медитеранскиот климатски тип, иако во периферните делови од котлината се присутни одлики на умерено континентална и планинска клима.

Хидрографските карактеристики на Гевгелиско-валандовската Котлина се обработени преку приказ на подземните води и издани евидентирани главно во алувијалната рамнина на Вардар и Анска Река и изворите во повисоките делови на речните долини. Потоа, поединечно се обработени одликите на речните текови во котлината, така што за секоја река се прикажани по неколку параметри, како, на пример, кота на извор, кота на влив, должина на реката, правец на протегање и слично. Обработени се речните текови на Вардар, нејзините леви притоки Градешка Река, Анска Река и Луда Мара и десните притоки Стара Река, Кованска Река, Серменинска Река и Коњска Река. Во склоп на хидрографската мрежа се презентирани и вештачките акумулации во котлината. Евидентирани се 22 мали акумулации од кои најголема е Паљурци со 38 ха површина на водното огледало.

За посоодветно вршење на географските анализи обработени се и педогеографските карактеристики на Гевгелиско-валандовската Котлина. Евидентирани се поголем број почвени типови како што се: алувијални почви, циметни шумски почви, делувијални почви, кафеави почви врз варовници, кафеави шумски почви, ранкери, смолници, вараовничко-доломитски црници, ареносоли и други. За нив е направен картографски приказ на нивното географско простирање.

Социо-географските аспекти, како елементи на географските анализи на просторот на Гевгелиско-валандовската Котлина, претставуваат посебна целина каде што поопстојно се разработени карактеристиките на населението и населбите во Котлината.

При проучувањето на населението најпрво се евидентирани административно територијалните единици и населби кои припаѓаат во котлината, а потоа е посветено видно внимание на динамиката на населението и демографските структури на населението во котлината. Брсјот на население низ пописите по Втората светска војна главно бележи пораст и со пописот од 2002 година се евидентирани околу 45000 жители во котлината. Според полот, за нијанса е поголем бројот на машкото население, а пак, според старосната структура евидентирана е состојба каде што преовладува зрело население. Во образовната структура на ниво на котлина преовладува населението со средно образование и населението со основно образование. Преовладуваат економски активните лица, но забележително е голем бројот на економски неактивните. Етничката структура на населението се карактеризира со над 90% македонско население. Застапени се незначителен број на Турци и Срби, разместени главно во поодделни населени места.

Населбите како посебна социо-географска категорија се обработени според нивната хипсометриска разместеност (главно се простираат до околу 700 м.ан.в.), потоа кај населбите поединечно се презентирани податоци за линиската и институционалната инфраструктурна опременост преку кои се добива основен впечаток за состојбата на населбите во котлината и аспектите на нивното значење во врска со вршењето географски анализи.

Целосната претстава на географските содржини во дисертацијата се заокружува со економско-географските аспекти. Во оваа целина се разрабо-

тени карактеристиките на земјоделството, сточарството, индустријата, градежништвото и други дејности.

Земјоделството е обработено така што по населени места се прикажани земјоделските површини по катастарски култури, потоа посебно се презентирани податоци за одликите на поледелството, лозарството, овоштарството и сточарството во котлината. Во продолжение, накратко се споменуваат индустријата и индустриските гранки во котлината.

Сите содржини се поткрепени со алфанумерички податоци, со графички податоци и како најважни во контекст на тематиката, со дигитални картографски прикази.

Посебна целина во дисертацијата претставува воспоставувањето на географски информациски систем. Во контекст на примената на оваа технологија на автоматизиран пристап за вршење географски анализи, најпрво е потенцирана дефиницијата и суштината на географските информациски системи, потоа е презентирана глобалната методолошка рамка за изработка на ГИС. Врз основа на предвидената методологија е пристапено кон креирање на дигитални картографски основи преку избор на изворни аналогни карти, нивно скенирање, геореференцирање и непосредна трансформација на содржините во дигитална векторска форма. За погоре изнесените географски елементи на Гевгелиско-валандовската Котлина се креирани и интерни и екстерни бази на податоци кои интеракциски се поврзани со дигиталните векторски форми. Со вака воспоставените дигитално-картографски основи е овозможено вршењето на разновидни географски анализи кои се добиваат по принципот на преклопување на содржините и на тој начин врз основа на претходно воспоставени критериуми се врши селекција на позитивните, односно негативните страни на појавата, така што се утврдува функционалната намена на просторот за конкретна цел.

Проблемот на географските анализи во продолжение е посебно третиран, така што е презентирана и појаснета дефиницијата на овој термин и значењето во сферата на географските информациски системи. Посебно се потенцирани типовите географски анализи. Такви се пребарувањата, мерењата, трансформациите, описните прегледи, оптимизациите и тестирањето хипотези. Пребарувањата на податоци се рефлектираат со нивно презентирање во алфанумеричка, графичка или картографска форма. Мерењата се вршат врз база на дигитално-картографските форми и воспоставениот ГИС, така што се добиваат разни мерени и графички конструкции. Во сферата на типовите географски анализи се вбројуваат и процесите на трансформации на податоците со комбинации помеѓу два или повеќе слоеви и податоци. Потенцирани се описни заклучоци како посебен тип на географски анализи. Оптимизацијата е посебен тип на анализи каде што врз база на конкретни критериуми и фактори се бара и се избира најадекватното решение. Низ процесите на географските анализи се потенцирани можностите за тестирање на разни хипотези.

Географските анализи и оптимизацијата на локации се разгледани подетално, така што е презентирана дефиницијата на оптимизација на локациите и методологијата на оптимизација на локациите. Во методологијата на оптимизација на локациите поконкретно се потенцирани дефинирањето на проблемот, дефинирањето на критериумите, проучувањето на географските карактеристики, собирањето и изработката на дигитални картографски и атрибутни податоци, воспоставувањето на ГИС и моделирањето на критериуми, разни пресметувања како степени на важност на

критериумите, анализи на преклопувањето на слоевите, добивањето конкретни резултати и на крајот, надвор од целиот автоматизиран процес, како неминовна постапка се поставува теренската опсервација на оптимално одбраната локација за конкретна цел.

Последното поглавје претставува пример на конкретна апликација за оптимизација на локација за депонии. Апликацијата е на примерот на територијата на Гевгелиско-валандовската Котлина, а е базиран на претходно воспоставени дигитално картографски форми и Географско информациски систем за поголем дел од географијата на котлината. По неколку воведни напомени во контекст на примената на географските анализи за оптимизација на локациите на депонии е разгледана методолошката рамка која опфаќа неколку фази.

Првата фаза претпоставува дефинирање на локациски проблем (во случајот одредување оптимални локации за депонии на просторот на Гевгелиско-валандовската Котлина.

Втората фаза претпоставува дефинирање на критериуми како фактори за оптимизација на локациите за депонии. Во конкретниот случај, како најрелевантни се земени следниве критериуми: раседи, сеизмика, водопропусливост на картите, наклони, топографија на земјиштето, хипсометрија, површински води (речна мрежа и водни акумулации), водоснабдување, површини загрозени од поплави, населени места, патна инфраструктура, заштитени природни подрачја, археолочки локалитети, земјена покривка и државна граница. Во продолжение следува функционална поделба на наведените критериуми.

Наведените критериуми во конкретниот случај се применети и искористени за изработка на 14 ГИС - модели на ограничувања. Поточно изработени се картографски прикази на кои поединечно се презентирани површините каде што не смее да се лоцира депонија. Земени се предвид оддалеченоста од раседни линии, оддалеченоста од водоснабдителни објекти, присуството на археолошки локалитети, оддалеченоста од државната граница, планинските и ридести простори, површините загросени од плавење, хипсометријата на просторот, водопропусливоста на карпите, наклоните на земјиштето, оддалеченоста од површинските води, оддалеченоста од патната инфраструктура, оддалеченоста од населените места, природно заштитените простори и земината покривка. Растојанијата (во смисла на оддалеченост од конкретни објекти) и површините се конкретно дефинирани во смисла 500 м лево и десно од патот, односно во населбата не смее да се лоцира депонија, потоа врз земјоделско земјиште исто така не смее да се лоцира депонија и така слично за сите наведени критериуми. Врз основа на преклопување на сите 14 аналитички картографски слоеви е добиен финален производ карта каде што се останати слободни територии, односно територии во кои нема ограничувања за локација на депонии.

Добиениот производ во продолжение е подложен на рангирање и оценување на критериумите, така што се формирани нови ГИС модели на картографски креации како слоеви според кои се проширени ограничувачките фактори за локација на депонии и според нив е извршено рангирање на просторот во смисла на непогодни терени, слабо погодни, средно погодни и најпогодни терени за локација на депонии. Врз основа на ваквата класификација добиен е финален ГИС-модел на оптимална локација на депонии во Гевгелиско-валандовската Котлина.

Вака добиените резултати се основа за непосреден избор на локацијата, теренска опсервација и преземање на активности за уредување и изградба на објектот.

Дисертацијата е заокружена со опширен заклучок во кој се наведени основните одлики на проучуваниот простор, изработката на дигитално-картографските основи, ГИС-апликацијата и ГИС - моделирањето.

## НАУЧЕН ПРИДОНЕС НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Географските проучувања на карактеристиките на конкретен географски простор скоро секогаш се мошне опширни разновидни и со голем број содржини. Во таквите процеси на проучувања мошне тешко е воспоставувањето на матрицата за решавање на конкретен проблем.

Во контекст на наведеното е поставен проблемот на искористување на современите дигитално картографски техники и технологии за вршење на географски анализи. Во случајот тоа е направено на примерот на Гевгелиско-валандовската Котлина. Врз база на општата географска методологија се презентирани основните географски карактеристики на просторот. За секој географски елемент се изработени дигитално картографски основи кои се надградени со интерни и екстерни бази на податоци, така што се воспоставени услови за ГИС-моделирање на податоците, избрани се и соодветно применети конкретни критериуми за оптимизација на локација на конкретен простор за конкретна проблематика (во случајот е земен примерот за локација на депонии) и врз база на нивна автоматизирана обработка се добиени финални просторни модели со конкретно избрани оптимални локации за депонии во котлината.

Наведената анализа без употреба на современите техники и технологии е мошне тешко релевантно да се реализира, токму затоа посебен е научниот придонес на дисертацијата бидејќи во неа се разработени методи и техники за автоматизирано вршење на географски анализи. Суштината се состои во комплексноста на опфатот на податоците, дефинирањето и бројноста на критериумите, брзината и ефикасноста во анализите, така што се надминува проблемот на нецелосен опфат на критериуми, долг и недоволно релевантен процес на анализи и соодветно решавање на проблемот.

## ЗАКЛУЧОК И ПЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов ГЕОГРАФСКИ АНАЛИЗИ БАЗИРАНИ НА ДИГИТАЛНО КАРТОГРАФСКИ ОСНОВИ НА ПРОСТОРОТ НА ГЕВГЕЛИСКО-ВАЛАНДОВСКАТА КОТЛИНА од кандидатот м-р Свемир Горин, според теориско методолошката поставеност во целост ги задоволува поставените цели на проучувањето. Дисертацијата претставува самостоен научен труд поткрепен со наменски картографски материјали. Од посебно значење за дисертацијата е тоа што врз база на општата географска методологија се презентирани основните географски карактеристики на просторот. За секој географски елемент се изработени дигитално картографски основи, надградени со интерни и екстерни бази на податоци, така што се воспоставени услови за ГИС-моделирање на податоците. Во контекст на решавање на конкретниот проблем, избрани се и соодветно применети

конкретни критериуми за оптимизација на локација на конкретен простор за конкретна намена (во случајот е земен примерот за локација на депонии) и врз база на нивна автоматизирана обработка се добиени финални просторни модели со конкретно избрани оптимални локации за депонии во Гевгелиско-валандовската Котлина.

Наведената анализа без употреба на современите техники и технологии е мошне тешко релевантно да се реализира, токму затоа посебен е научниот придонес на дисертацијата бидејќи во неа се разработени методи и техники за автоматизирано вршење на географски анализи. Суштината се состои во комплексноста на опфатот на податоците, дефинирањето и бројноста на критериумите, брзината и ефикасноста во анализите, така што се надминува проблемот на нецелосен опфат на критериуми, долг и недоволно релевантен процес на анализи и соодветно решавање на проблемот.

Во контекст на сето наведено, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Стручниот совет на Институтот за географија, како и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифати оцената на дисертацијата и на кандидатот м-р Свемир Горин да му овозможи јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Благоја Маркоски, с.р.

Проф. д-р Ивица Милевски, с.р.

Проф. д-р Ристо Мијалов, с.р.

Проф. д-р Драган Колчаковски, с.р.

Проф. д-р Олгица Димитровска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ: „ОДРЖЛИВА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИНТЕГРИРАНА ПОЛИТИКА ЗА ПРОИЗВОДИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТЕОДОРА ОБРАДОВИЌ ГРНЧАРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје бр. 02-3099/2 од 3.12.2012 година, именувани сме за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација изработена од м-р Теодора Обрадовиќ Грнчаровска со наслов: „Одржлива имплементација на интегрирана политика за производи“.
Врз основа на прегледот на доставената докторска дисертација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Содржина на докторската дисертација

Основната идеја и главната цел во изработената докторска дисертација кандидатката м-р Теодора Обрадовиќ Грнчаровска ја дефинира во насока на создавање и развој на моделот на интегриран концепт за одржлива имплементација на политката за производите на национално ниво, во услови кога државата има обврска за приспособување на националното законодавство со тоа на Европската унија (од една страна) и се соочува со недостаток на одредени податоци (од друга страна). Моделот претставува добра основа за одрживото спроведување на интегрираната политика за производите (ИПП) преку согледување на последиците (сакани и несакани) од актуелните одлуки кои се преземаат.

Во анализата, кандидатката м-р Теодора О. Грнчаровска вклучува научни трудови кои се занимаваат со оваа актуелна и недоволно истражена област. Како дополнување кандидатката ги анализира барањата содржани во регулативата на ниво на Европската унија и правците за развој детерминирани со усвоените стратешки документи на национално ниво и на ниво на Европската унија. За постигнување на одржлива имплементација на одредена политика потребно е задоволување на компонентите на одржливоста (економија-животна средина-социјален развој), како и обезбедување на интегрираност од два аспекта. Првиот аспект е интегрираност на политиките кои индиректно ја определуваат анализираната политика за производи (политика за управување со природните ресурси, политика за управување со отпадот, индустриски политики итн.). Вториот аспект е вклученоста на сите чинители кои се засегнати од тие политики. Ова е особено значајно за државите кои од една страна имаат обврски за приспособување на националното законодавство со тоа на Европската унија, а од друга страна, за успешно воведување и вградување на оваа политика во националниот систем потребна е примена на голем број т.н. незадолжителни инструменти (доброволни договори, работа врз јавната свест, промоција на позитивните практики) и слично.

Дисертацијата покажа дека и третиот столб на одржливоста, а тоа е социјалниот развој изразен преку јавната свест и односот кон животната средина, е многу важен во обезбедувањето одржливост на политиката. Оттука произлезе потребата за интегриран пристап во носењето политики во кои сите три димензии на одржливоста ќе бидат избалансирани и следени со креирање амбиент за конкурентност во т.н „зелена економија".

Докторската дисертација содржи пет **глави** и четири додатоци во вкупен обем од 155 страници, илустрирани со 31 слика и 22 табели, апстракт на македонски и на англиски јазик, листа на користени кратенки, листа на слики, листа на табели, содржина, цели и оправданост на истражувањето, предмет на дисертацијата, методологија на истражувањето и користена литература со 108 наслови.

Во **првата глава** (1. Вовед) се обработени дефиницијата, целите, принципите и досегашните истражувања и научни концепти во подрачјето на интегрираната политика за производите. Тука е извлечен заклучок дека станува збор за нова политика, дури и на ниво на ЕУ, која повеќе се базира на примена нане задолжителни инструменти и која повеќе се стреми кон континуирано унапредување отколку постигнување на зададена квантификувана цел.

Во **втората глава** (2. Индикатори како алатка за оцена на степенот на спроведеност на ИПП), даден е преглед на индикаторите на глобално, регионално и на ниво на некои држави од аспект на нивната релевантност со ИПП. Понатаму, се обработени видовите на индикатори по основи и методологии. Индикаторите се варијабли, чија функција е да ја претставаат комплексната реалност во кондензирана форма. Индикаторите и одлуките се меѓусебно зависни, односно индикаторите можат да влијаат врз промена на одлуката, а и одлуката може да влијае врз промена на индикаторите. Индикаторите служат и за контрола и следење на процесот и тие имаат стратешко место во причинско-последичниот синџир или циклусот на одлуки. Воспоставувањето и развојот на индикатори е водено од потребата да се идентификуваат показатели кои би биле релевантни за следење на состојбите со животната средина, одржливиот развој, унапредување на комуникацијата со јавноста, креирање на политики, како и следење на успешноста на одредени политики и евентуална нивна корекција.

Оваа анализа кандидатката ја прави водена од целите на дисертацијата, односно заради дефинирање на рамка за развивање на национални индикатори за ИПП од кои би се формирал композитниот индекс за следење на напредокот од воведувањето и имплементирањето на ИПП во државата. Истражувањата се ориентирани кон релевантен избор на индикатори со кои би се оценувала ефикасноста на воведувањето и одржливоста на ИПП.

Во **третата глава** (3. Прва група индикатори: влијанија и притисоци), обработени се индикаторите за влијанија и притисоци на национално ниво и индикаторите за влијанија и притисоци на ниво на компанија.

Во овој дел на дисертацијата кандидатката издвојува осум индикатори на влијанија и притисоци од релевантност за ИПП на национално ниво, користејќи споредбена анализа помеѓу предлог-индикаторите од релевантост за ИПП во литературата и достапните индикатори од различни извор: стратешки документи и on-line достапни

бази на податоци. Во додатокот на дисертацијата кандидатката предлага листа на индикатори за одржливо производство кои компаниите треба да ги следат со цел обезбедување на одржливост во нивните производства. Употребена е софтверска алатка Eco-it за проценка на влијанието врз животната средина од емисиите на некои загадувачки супстанции во фазата производство за две компании чии производи учествуваат во најголем процент во извозот на државата, што дава придонес кон потребата за интегрираност на сите аспекти на одржливоста во имплементирањето на политиката за производите.

Во **четвртата глава** (4. Втора група на индикатори, индикатори на одговори: политики, правни мерки и инструменти), кандидатката прави анализа на политиките од релевантност за ИПП на ниво на Европската унија и оние во Република Македонија. Анализата опфаќа преглед на релевантни стратегии, програми и акциски планови, како и на законската рамка (што на ниво на ЕУ е опфатено со преглед на релевантните регулативи, директиви и одлуки од аспект на ИПП) и нивната транспонираност во македонското законодавство. Во додатокот на дисертацијата даден е компаративен преглед на политиките, правните мерки и инструментите од релевантност за ИПП за РМ и ЕУ. Предложени се шест индикатори на одговор од релевантност за ИПП за Република Македонија.

Во **петтата глава** (5. Мерење на степенот на имплементација на ИПП во Република Македонија), обработена е методологија за формирање на композитен индекс за мерење на степенот на спроведеност на ИПП во РМ и обработен е нумерички пример за примена на Марковите процеси на одлучување во формулирањето на политиката за ИПП.

Композитниот индекс се формира од четиринаесет индикатори на одговори и индикатори за притисоци и влијанија (според методологијата движечки сили-притисоци-влијанија-одговори). Композитниот индекс не навлегува во заемните дејства помеѓу индикаторите, бидејќи уште во теоретскиот дел беше укажано дека самите индикатори (на пример, индикаторот „број на компании со воведен систем за управување со животната средина") не го претставуваат во исто време и влијанието врз животната средина. Според тоа, до одредена вредност на композитниот индекс (кој би карактеризирал одредена состојба) може да се дојде на многу начини. Овде е важно да се подвлече фактот дека кандидатката дава придонес со предлагање на нова област за индикаторите, а тоа е областа јавна свест и однесување кон животната средина.

## 2. Научни придонеси на докторската дисертација

**Првиот** придонес на докторската дисертација е придонесот кон рамката за индикатори од релевантност за ИПП. Индикаторите кои ја определуваат јавноста и однесувањето кон животната средина треба да се дел од индикаторската рамка за ИПП. Листата на индикатори од релевантност за ИПП во литературата не содржат област за јавна свест и однос кон животната средина, најверојатно од причина што овие индикатори тешко се мерливи и како такви не можат да се следат во текот на времето. Меѓутоа, од друга страна, се очекува дека на подолг рок ќе се воспостават

механизми кои ќе обезбедат следење на индикаторите од оваа област, па заради тоа нивната важност не треба да биде помала, односно тежината на оваа област е еднаква со тежината на другите области кои содржат полесно мерливи индикатори. Токму заради тоа, во дисертацијата се предложи листа на 14 индикатори од релевантност за ИПП (кои понатаму може да се употребат и во квантитативниот модел за одлуки базиран на Марковите процеси на одлука), која ја вклучува и областа јавна свест и однесување кон животната средина. Причината за воведувањето на посебната област на индикатори за јавна свест и однесување кон животната средина е заради компонантата на одржливост во ИПП, која не може да биде овозможена доколку политиката не се усвои на што пониско ниво - ниво на граѓанин. Јавноста е важна компоненета во спроведувањето на која било иницијатива, што во нашиот случај уште повеќе добива на значење заради нужноста од вклученост на потрошувачите во имплементирањето на оваа политика за производите. Ваквиот заклучок упатува и на потребата од здружени и интегрирани тимски анализи на оваа политика, каде што би се спроведувале одредни истражувања на пазарот преку користење на релевантни алатки за социјални истражувања, од кои би се извеле индикаторите за јавна свест и однесување кон животната средина од релевантност за ИПП и чија промена би се следела со текот на времето.

**Втор** придонес на дисертацијата е формирањето на т.н композитен индекс од релевантност за ИПП кој е применет во квантитативниот модел за одлуки базиран на Марковите процеси за одлука.

Формирањето на композитниот индекс за ИПП овозможува претставување на повеќе индикатори преку еден единствен индикатор на состојба. Друга важна напомена е дека со воведувањето на композитниот индекс, всушност, имаме сведување на повеќедимензионален проблем (одредување на степенот на имплементација на ИПП) во проблем кој се опишува со еден параметар, и како таков можно е да биде анализиран во различни временски епохи.

**Третиот** придонес се резултатите и заклучоците кои произлегоа од примената на квантитативниот модел за одлуки базиран на Марковите процеси за одлука.

Се разгледаа две сценарија, при што се заклучува дека за постигнување на поголемо приближување во степенот на имплементација на ИПП меѓу РМ и ЕУ (што се претставува со повисока вредност на композитниот индекс во втората временска епоха), потребна е паралелна работа врз прашањата врзани со јавната свест и односот кон животната средина уште од почетната разгледувана состојба (за разгледуваниот случај 2006 година). Исклучиво приспособување само на националното законодавство со тоа на ЕУ резултира со состојба кога по определен временски период понатамошни законодавни акции веќе не се возможни и е потребно донесувачите на одлуки да користат комбинација на надоместоци за бизнисот и подигнување на јавната свест со цел постигнување на ИПП.

Очигледна импликација од примената на Марковите процеси за одлука е дека донесувачите на политики во Република Македонија не треба да се фокусираат

единствено на приспособување на законодавството (што е обврска од Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ), туку паралелно треба да работат и на подигнувањето на јавната свест за ИПП и прашањата од животната средина. Прашањето на јавната свест може да се разгледува од повеќе аспекти. Првиот аспект е притисокот на јавноста врз донесувачите на одлуки (на пример, изразено преку барања за донесување одредени процедури за добивање еколошки етикетирани производи). Вториот аспект е преку притисоци врз бизнис-заедницата за воведување на одредени шеми за управување со животната средина и поодговорно работење од аспект на животната средина. Третиот аспект се самите потрошувачи кои треба да поседуваат свест за поголема побарувачка на т.н. „зелени" производи. Она што е евидентно е дека отсуствува доброволно договарање помеѓу органите и организациите кои застапуваат одредени интереси со Владата, со цел постигнување на повисок степен на заштита од тој предвиден со законите од областа на животната средина. Ова може особено да биде интересно за анализа и примена во периодот по истекот на првиот период на обврски според Протоколот од Кјото во 2012 г., кој период кореспондира со евентуалното вклучување во европската шема за трговија со емисии на стакленички гасови кое ќе има свое влијание врз индикаторите за енергетската и јаглеродна интензивност.

Примената на Марковите процеси на одлучување во процесот на донесување одлуки е оправдана и пожелна. Се работи за политички процеси кои не може да се предвидат во долги временски епохи (односно бројот на епохи не е преголем), така што и примената на софтверските решенија е брза и излезите (односно оптималните патеки и оптимални решенија) може да се добијат во релативно брз временски период. Со промена на индикаторите преку кои се следи имплементацијата на ИПП може да се променат и решенијата, односно одлуките можат да бидат предмет на постојана проверка и унапредување.

Примената на овие процеси на одлучување се покажала како особено полезна за подрачја на нови политики (како што е случајот со интегрираната политика за производите), која е нова не само на ниво на нашата држава, туку и пошироко. Токму заради тоа, кандидатката препорачува дека предложената ИПП рамка и квантитативниот пристап во донесувањето одлуки, и покрај ограничувањата, претставуваат вредна алатка за донесувачите на одлуки во државата. Со вградувањето на долгорочниот аспект, со мерењето на напредокот од спроведувањето на ИПП и со земање предвид на можните идни последици од одлуките направени во сегашно време, може да се добијат попосакувани резултати од оние добиени според конвенционалните пристапи.

Како последно, кандидатката улажува на фактот дека во реалноста многу повеќе треба да се направи на пониските нивоа на донесување одлуки, со цел да се направи пресврт кон одржливоста. Кандидатката ги анализира спецификите за нашата држава од овој аспект. Учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки и изработка на закони е законска обврска која произлегува од Законот за животна средина во кој е транспонирана директивата 2003/35/ЕС на Европскиот парламент и совет од 2003 година за учество на јавноста. Ваквото учество е пропишано и во одредбите за стратешка оценка на влијанието врз животната

средина, оцена на влијанието врз животната средина, интегрираното спречување и контрола на загадувањето, како и во одлуките во врска со управувањето со отпадот и опасниот отпад, батерии и акумулатори, отпад од пакување, одредбите за квалитетот на воздухот и нитратите. Но, од аспект на ИПП, учеството на јавноста треба да се „спушти" на локално ниво и да се доближи до Организацијата за заштита на потрошувачите како и стопанските комори. Овој факт е особено важен за ИПП, бидејќи успешноста на оваа политика (чија основна цел е постојано унапредување, а не постигнување на зададена цел) е зависна од нејзината прифатливост на што пониско ниво, а тоа е нивото на потрошувачот. Со нивна поддршка во креирањето на политиката за ИПП ќе се обезбеди квалитативен метод за оцена на одржливоста од политиката за ИПП. Се очекува и обратниот ефект, дека учеството на јавноста ќе придонесе за унапредување на животниот стил на населението и примена на поодржливи практики од аспект на животната средина.

Како **четврто**, дисертацијата придонесе и кон пораст на бројот на трудови објавени во оваа област. Од анализата на литературата, евидентно е дека ИПП е ново подрачје со не преголем број објавени научни трудови. Во текот на изработката на дисертацијата се објавија шест научни труда во зборници од меѓународни конференции и еден труд е прифатен за објавување во меѓународно списание.

**3. Заклучок и предлог**

Имајќи ги предвид елементите од оцената на докторската дисертација, особено оригиналноста, комплексноста, адекватниот методички пристап, добиените резултати од истражувањето, актуелноста на опфатената тематика, познавањето на кандидатката на областа на интегрираната политики за производите, како и техничкото оформување на докторската дисертација, Комисијата смета дека докторската дисертација со наслов: **Одржлива имплементација на интегрирана политика за производи**, изработена од м-р Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, во целост ги исполнува барањата за изработка на докторски труд и со задоволство предлага Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана.

Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација;

1. Проф. д-р Владимир Дуковски, ментор, Машински факултет – Скопје с.р
2. Проф. д-р Делчо Јованоски, Машински факултет – Скопје с.р
3. Проф. д-р Атанаско Тунески, Машински факултет – Скопје с.р
4. Проф. д-р Анита Грозданов, Технолошко-металуршки факултет – Скопје с.р
5. Проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет – Скопје с.р

Скопје, 14.12.2012 година.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ГАРАНЦИЈАТА КАКО МЕРКА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСУСТВО НА ОБВИНЕТИОТ ВО ТЕКОТ НА КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА“, ПОДНЕСЕНА ОД М-Р БОБАН МИСОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 25.11.2012 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот ***м-р Бобан Мисоски*** под наслов: **„Гаранцијата како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на казнената постапка“**, во состав: проф. д-р Гордана Бужаровска - ментор, акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордан Калајџиев и доц. д-р Лазар Нанев. Одлуката со која е формирана Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација е заведена под бр. 02-1700/86 од 23.11.2012 година.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита, ја разгледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

## РЕЦЕНЗИОНЕН ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација изработена од м-р Бобан Мисоски под наслов „Гаранцијата како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на казнената постапка“ опфаќа текст од 454 страници во компјутерска техника со нормален проред и големина на букви. Материјата обработена во докторската дисертација е систематизирана во вовед и единаесет дела, а деловите на точки и потточки со наслови и поднаслови. На тој

начин на оној што ја чита дисертацијата му се овозможува лесно да ја следи систематиката на обработената материја и да дојде до поединечните содржини и проблеми што непосредно го интересираат.

1. Воведот поместен на стр. 8-12 ги обработува предметот, целите и хипотетската рамка на истражувањето.

Предметот на истражувањето авторот го одредува низ потребата за дополнително анализирање на заштитата на човековите права и слободи низ процесот на кривична правда, како и поради нужноста за пронаоѓање нови, или заживување и реафирмирање на веќе познатите концепти, преку кои се остварува оваа заштита во Република Македонија. Преку процесните инструменти и гаранции предвидени во кривичната постапка на дело треба да се гарантира почитувањето на уставно загарантираните права и слободи, со што се оценува и степенот на демократичност на едно општество.

Идејата за изработка на оваа докторска дисертација се темели на потребата за пофреквентна примена на гаранцијата како самостојна мерка во системот на кривична правда. Во таа насока, преку анализата на мерките за обезбедување присуство на осомниченото, односно обвинетото лице, се врши продлабочено проучување на односот што се јавува во текот на кривичната постапка помеѓу начелото на правично судење и начелото на пресумпција на невиност. Односно, тензијата што постои поради потребата за ефикасност во постапувањето од една страна, и остварувањето на правдата во текот на кривичната постапка од друга страна. Од тие причини, кандидатот ја поставува основната хипотека на оваа дисертација дека за остварувањето на правдата неопходно е присуството на лицето против кое се води кривичната постапка, така што се залага за пофреквентна примена на мерките за обезбедување присуство што претставуваат минимално ограничување на уставно загарантираните права и слободи на осомниченото, односно обвинетото лице. Преку оваа хипотеза, м-р Мисоски го поставува предметот на истражувањето со цел да се откријат причините за понискиот степен на актуелност на гаранцијата како мерка за обезедување присуство. Во согласност со принципите на научната методологија, авторот во воведот го објаснува методолошкиот пристап кон изработката на докторската дисертација, што цели кон определување конкретни предлози за афирмирање на придобивките на системот на казнена правда од пофреквентната

примена на гаранцијата vis-a-vis притворот како построга мерка за обезбедување присуство.

2. Во првиот дел под наслов „Филозофски основи на мерките за обезбедување присуство“ (стр.13-42), во пет поднаслови, авторот ги дава теоретските основи на мерката гаранција, како и догматско теоретските постулати врз основа на кои почива примената на оваа мерка. Преку теоретските концепти за правото на слобода на поединците како врвен стремеж на современите правни системи, авторот доаѓа до убедливи аргументи со кои се оправдува правото на државата во текот на кривичната постапка да го суспендира ова право на осомниченото, односно обвинетото лице. Во таа насока наведува дека во текот на кривичната постапка е дозволено правото на слобода да биде суспендирано, но само како средство за постигнување на останатите цели на кривичната постапка, односно преку правична постапка да се утврди виновниот сторител на кривичното дело. Така, кандидатот ги наведува филозофските аргументи за неговиот став за преференцијален третман на гаранцијата во однос на притворот, како мерка со која во многу помала мера се ограничува правото на слобода. Во понатамошниот дел од оваа глава се анализира и односот помеѓу правото на презумпција на невиност, правото на фер судење и правото на слобода. Авторот заклучува дека во однос на примената на мерките за обезбедување присуство, овие права не смеат да се анализираат како меѓусебно спротивставени концепти, туку единствено како концепти кои се дијалектички поврзани, а во насока на исполнување на целта на кривичната постапка. Притоа, нивниот однос на корелација може единствено да биде присутен доколку најстрогите мерки за ограничувањето на правото на слобода се користат само по исклучок и само како средство за остварувањето на правото на фер судење во една правична судска постапка.

3. Во втората глава под наслов „Гаранцијата како мерка за обезбедување присуството на обвинетиот во рамките на активностите на Советот на Европа“ (стр. 43-85), методолошки конципирана во пет подглави, авторот ја анализира примената на гаранцијата преку практиката на Европскиот суд за заштита на човековите права и слободи во Стразбур (ЕСЧП). Имено, во рамките на овој дел, авторот ја дава генералната слика за гаранцијата од гледна точка на јудикатурата на ЕСЧП. Анализирајќи ги предметите на овој Суд, авторот констатира дека Судот низ својата богата практика креирал повеќе судски преседани кои сосема оправдано се толкуваат како извор на

правото за практичната примена на мерката гаранција. Преку пресудите на ЕСЧП, авторот ги синтетизира начелата за примена на мерката гаранција. Тој смета дека препораките од страна на ЕСЧП треба да се подигнат на ранг на начела со оглед на фактот дека се работи за основи кои е неопходно да се почитуваат од националните судови за правилно применување на мерките за обезбедување присуство во текот на кривичната постапка. Од друга страна, непримената на овие препораки од ЕСЧП за националните судски органи претпоставува основа за изрекување санкција од ЕСЧП во случаите кога е поднесена иницијатива до ЕСЧП од која било од засегнатите странки во кривичната постапка.

Во продолжение од оваа глава, авторот се занимава и со проучување на препораките на Советот на Европа преку кои се даваат генералните препораки за примена на мерките за обезбедување присуство на осомничените, односно обвинети лица во текот на кривичната постапка. Во оваа пригода, апострофирајќи го значењето на практиката на ЕСЧП во генерирањето и унапредувањето на правните стандарди во Европа, авторот констатира дека препораките од Советот на Европа со кои се уредува оваа материја се само еманат на генералните начела утврдени низ пресудите на ЕСЧП.

4. „Гаранцијата пред меѓународните судски институции“ (стр. 86 - 91) е следната глава од докторската дисертација, во која се елаборира примената на гаранцијата од страна на Меѓународниот кривичен суд и Трибуналот за судење на сторителите на кривичните дела против човештвото на територијата на поранешна Југославија. Во оваа пригода, авторот констатира дека гаранцијата како мерка е предвидена и во статутите со кои се уредуваат судските постапки низ овие меѓународни судски институции, но во нивната практика оваа мерка се применува само во ретки исклучоци. Односно, гаранцијата е определена во само еден случај од практиката на Трибуналот во Хаг за судење на воените злосторства на територијата на поранешна Југославија. Во прилог на ретката примена на гаранцијата низ овие судски инситуции, авторот го истакнува генералниот заклучок дека согласно со *ratione materia*-та, можеби е и оправдана ваквата примена на гаранцијата како мерка за обезбедување присуство. Дотолку повеќе што овие судски институции се соочуваат со поголеми проблеми при обезбедувањето на обвинетите лица, како и имајќи ги предвид условите во националните држави, скоро и да е незамисливо обвинетите лица да бидат пуштани да се бранат од слобода, а со тоа и примената на гаранцијата во овие случаи е незамислива.

5. Примената на гаранцијата, како и нејзиното позитивноправно уредување во системите на казнена правда во државите припаднички на евроконтиненталниот правен систем е предмет на разгледување на главата 4, под наслов „Компаративен преглед на одредбите со кои се уредува мерката гаранција во државите од евроконтиненталната традиција“ (стр. 92 - 150). Во рамките на оваа глава, авторот прави компаративна анализа на позитивните закони во четиринаесет европски држави. Притоа авторот констатира дека на европско тло постојат две групи според кои може да се систематизира законското уредување на гаранцијата. Првата група ја сочинуваат државите во чии системи на казнена правда гаранцијата се предвидува како самостојна мерка за обезбедување присуство. Во втората група држави, гаранцијата се предвидува како заменска мерка на мерката притвор, така што кај оваа група држави е забележлива поретката примена на оваа мерка. Во таа насока, авторот го изведува заклучокот дека гаранцијата не е најпопуларната мерка за обезбедување присуство во текот на кривичната постапка, особено во државите од втората група припаднички на евроконтитенталната правна традиција. Воедно, тој наведува дека без исклучок сите анализирани држави прават сериозни легислативни напори за промена на оваа практика, така што се изнаоѓаат нови решенија за зголемување на примената на гаранцијата. Овие нови решенија, во прв план се движат кон олеснување на мониторингот на гаранцијата, нејзиното поврзување со другите мерки за обезедување присуство што не значат лишување од слобода на осомниченото, односно обвинетото лице, а истовремено се предвидуваат и нови цели на гаранцијата.

6. Најопсежната глава од оваа докторска дисертација насловена „Гаранцијата во англосаксонскиот систем на казнена правда“ (стр. 151 - 239). Генерално, оваа глава е поделена на две подглави, од кои првата се занимава со проучувањето на примената на гаранцијата во федералниот систем на казнена правда во САД, а втората подглава се занимава со презентирањето на спецификите на англиското решение со кое се уредува приемната на оваа мерка. Причините за опсежноста на оваа глава се лоцираат во законското уредување на гаранцијата во овие две држави каде што гаранцијата има примарно место како мерка за обезбедување присуство на осомничените, односно обвинетите лица во текот на кривичната постапка. Дополнителен аргумент за минуциозното разработување на овие системи на казнена правда е фактот што во нив се

предвидени низа помошни агенции и инструменти кои му се од помош на судот при определување на гаранцијата, како и на висината на финансиското обезбедување кај оваа мерка. Како позитивни примери се јавуваат поенските скали со кои што се мери степенот на ризик на осомниченото, односно обвинетото лице. Исто така, за зголемување на примената на гаранцијата заслужни се и агенциите за мониторинг на условната осуда, како и агенциите за давање финансиски заеми за примена на мерката гаранција.

Од анализата на овие казненоправни системи, авторот доаѓа до конкретни заклучоци кои имаат големо значење за потврдување на главната хипотеза. Односно, преку компаративните искуства се детерминираат позитивните примери, а со тоа се даваат основи за нивно приспособување на македонската правна култура, со цел тие и да послужат како средства за зголемување на примената на гаранцијата во Република Македонија. Дотолку повеќе, преку компаративната анализа авторот добива аргументи за избегнување на евентуалните грешки и проблеми кои можат да се исправат пред македонските судови при примената на гаранција, со што во овој случај би се користиле позитивните искуства од анализираните казненоправни системи.

7. Анализирањето на гаранцијата во Република Македонија го сочинува јадрото на оваа дисертација. Согледувањата на примената на гаранцијата во Република Македонија може се вршат низ неколку глави. Првата глава од оваа група, односно шестата глава (стр. 240-276) од дисертацијата се однесува на анализата на примена на гаранцијата низ историјата. Така, во нејзините рамки се анализира примената на гаранцијата на територијата на денешна Република Македонија, првин од римскиот период, па преку средниот век и периодот на турското ропство, сè до примената на гаранцијата во СФРЈ, односно до последниот ЗКП од 1976 година. Оваа глава насловена како „Историски развој на гаранцијата на територијата на Република Македонија“ ги сублимира генералните карактеристики на гаранцијата, која од историски аспект гледано може да се каже дека е примарна и доминантна мерка за обезбедување присуство. Со оглед на фактот дека во анализираниот период во голема мера се применувала акузаторната кривична постапка, па согласно со тоа несомнено е значењето на гаранцијата за обезбедување присуство на обвинетите лица во текот на судските постапки. Од анализата на историските премиси, може да се заклучи дека со јакнењето на централната власт слабее примената на гаранција. Така, во најновиот период, односно периодот на Југославија, гаранцијата од

доминантна мерка се трансформира во заменска мерка на притворот, чиишто карактеристики постепено се менуваат сè до обликот којшто ни е добро познат согласно со одредбите од ЗКП на Република Македонија од 1997 година.

Во рамките на втората глава од оваа група, главата седум, насловена како „Позитивно правен осврт на гаранцијата во Република Македонија“ (стр. 277-281), авторот ги презентира карактеристиките на гаранцијата, согласно со постојниот Закон за кривична постапка. Согласно со одредбите од овој Закон, авторот ги дефинира видовите гаранција, основите според кои таа може да се определи, надлежниот орган за нејзиното определување, како и начините за определување на висината на гаранцијата.

Оваа глава, всушност, служи како увертира на следната глава, главата осум – „Емпириско истражување на примената на мерката гаранција“ (стр. 282 – 366), во која се врши опсежно емпириско истражување на примената на оваа мерка во практиката на Основниот суд Скопје 1 во Скопје, од причина што се работи за најголемиот и најоптоварен со предмети суд во Република Македонија. Во оваа пригода, авторот врши анализа на повеќе од двесте и педесет решенија на КС советот на овој Суд во периодот од тринаесет години. Авторот констатира дека гаранцијата низ системот на казнена правда, пред сè во Основниот суд Скопје 1 во Скопје, не е едноставна за детектирање. Имено, тој наведува низа методолошки проблеми при идентификувањето на примената на гаранцијата во текот на истрагата и во текот на главниот претрес, поради едноставна причина што не се води посебен уписник за примената на овие мерки. Токму затоа и истражувањето е лимитирано само на определените гаранции од страна на КС советот во Судот за чиишто решенија во Судот се води посебен уписник. Така што, авторот вршел анализа само на овие решенија на КС советот за замена на мерките притвор со гаранција.

Авторот прави анализа на целата популација донесени решенија од страна на КС советот, што само го потврдува фактот дека се работи за мерка за обезбедување присуство која по својата фреквенција спаѓа во мерките со поретка примена.

Причините за слабата примена на гаранцијата авторот ги врзува со недостатокот на податоци со кои располага судот при донесувањето на својата одлука, како и поради законската поставеност на оваа мерка, односно таа да биде заменска мерка на притворот и којашто може да се определи само во случаите кога притворот бил определен поради опасност од бегство на осомниченото, односно обвинетото лице. Во емпириското

истражување авторот анализира повеќе варијабли, поделени во неколку подгрупи. Првите варијабли се однесуваат на демографските карактеристики на осомниченото, односно обвинетото лице, за останатиот дел од анализата да се движи кон анализа на варијаблите за криминалната историја на лицето за кое се определува гаранцијата, како и за видот на кривичното дело за кое се води кривичната постапка. Посебен квалитет на емпириското истражување му дава анализата на податоците за видот и висината на финансиските обезбедувања на гаранцијата. Преку анализата на овие варијабли, авторот добива заклучоци за најпосакуваниот квалитет на обезбедување кај гаранцијата. Во таа насока, м-р Мисоски прави профил на обвинетото лице и го утврдува квалитетот на гаранцијата што би бил најизвесен за примена на оваа мерка во практиката на Основниот суд Скопје 1 во Скопје.

На крајот од емпириското истражување авторот врши и анализата на образложенијата на решенијата како едни од најзначајните елементи преку кои се обезбедува контролата на квалитетот на примената на гаранцијата. Во таа насока, авторот констатира практика на провлекување определени неправилности, а воедно дава конкретни предлози за нивно отстранување и подобрување на примената на оваа мерка во практиката. Во рамките на оваа глава прави и анализа на влијанието на процесните субјекти, како и на другите учесници во кривичната постапка врз одлуката на судот за донесувањето на решението за примена на гаранцијата.

Анализата е претставена низ 39 табели и 3 графикони, а статистичкото обработување на квантитативните и квалитативните варијабли е направена со помош на комјутерската програмска алатка SPSS верзија 17.

8. Анализата не би била целосна доколку не би се обрнело внимание и врз новите решенија со кои што се уредува мерката гаранција во новиот ЗКП од 2010 година. Во таа насока, авторот прави опсежна анализа на позитивно правните прописи на ЗКП од 2010-та година, во рамките на главата 9 – „Гаранцијата според одредбите од Новиот Закон за кривична постапка од 2010 година“ (стр. 367 - 381). Значењето на оваа анализа е апострофирано поради фактот што во новиот ЗКП се предвидува поинаков, односно самостоен режим за примената на гаранцијата. Преку толкувањето на овие одредби видлив е консонантниот став на авторот со мислењата на законодавецот во насока на пронаоѓање дополнителни механизми за зголемување на примената на гаранцијата во

практиката на судовите во Република Македонија. Со оглед на фактот дека се работи за нов ЗКП кој сè уште не се применува, критичката анализа на одредбите што се однесуваат на гаранцијата може да се протолкуваат и како своевиден коментар на ЗКП. Тоа само може да се протолкува како пионерски потфат на авторот насочен кон зголемување и правилно применување на гаранцијата во практиката во судовите во Република Македонија.

9. Преку десеттата глава, „Однос помеѓу мерките за обезбедување присуството на обвинетото лице во текот на кривичната постапка" (стр. 382 – 402), авторот ја дава неопходната анализа на влијанието на гаранцијата врз другите мерки за обезбедување присуство, со што се апострофираат позитивните практики за зголемување на примената на гаранцијата. Преку анализата на односот помеѓу мерките за обездување присуство на осомниченото, односно обвинетото лице во текот на кривичната постапка, се одбегнува можната теоретска грешка за анализа само на двојното дејство помеѓу мерките притвор и гаранција. Со оваа глава, авторот ја потврдува основната хипотеза на оваа дисертација, односно идејата за намалување на примената на притворот преку примена на полесните мерки за обезбедување присуство. Дотолку повеќе, анализата на меѓусебниот однос го потврдува степенот на комплементарност помеѓу мерките, а со тоа, според авторот се отвора и можноста за нивна пофреквентна примена и нивно комбинирање. Конечно, преку анализата на овој однос се загатнува динамичката категорија на правото, така што авторот дава конкретни предлози за предвидување нови мерки за обезбедување присуство преку кои би се зголемила примената на гаранцијата, а со тоа би се редуцирала примената на притворот. За таа цел, авторот констатира дека од особено значење да се предвиди примена на мерката електронски надзор, како и редефинирање на мерката куќен притвор по аналогија со мерката куќен затвор од КЗМ, со цел одбегнување на евентуалните злоупотреби и изгрување на правдата во текот на кривичните постапки што се водат пред судовите во Република Македонија.

10. Во единаесеттиот дел под наслов „Заклучоци и препораки" (стр. 403 - 425), авторот ги дава согледаните заклучоци во насока на потврдување на главната хипотеза и споредните хипотези на оваа докторска дисертација. Оваа глава е систематизирана во две подглави. Во првата подглава авторот ги определува заклучоците добиени од теоретската и емпириската анализа. Додека, пак, во втората глава авторот дава конкретни предлози за

зголемување на примената на гаранцијата во практиката на судовите во Република Македонија.

Во заклучните разгледувања во еден историски контекст, авторот ги сумира забелешките за примената на мерките за обезбедување присуство, притоа елаборирајќи ги позитивните аспекти на гаранцијата во однос на притворот. Последиците од непримената или од неправилната примена на гаранцијата ги разгледува од повеќе аспекти: нивното влијание врз начелата на кривичната постапка, основните права на осомниченото, односно обвинетото лице, како и од апект на меѓусебната корелација на овие мерки. Во оваа смисла, авторот инсистира на пофреквентна примена на гаранцијата, не пропуштајќи да истакне дека мерката притвор е неекономична.

Во продолжение авторот критички се осврнува врз методологијата и статистичките модели за следење и евидентирање на мерките за обезбедување присуство во текот на кривичните постапки, како и за тешкотиите на судот при донесувањето на одлуката за нивната примена.

Соочен со сериозни тешкотии во истражувањето на мерките за обезбедување присуство, авторот формулира сопствен став за измена на состојбите во оваа област, пред сè преку јасно маркирање и фиксирање на примената на овие мерки во посебен уписник што би го веделе основните судови со што се гради модел за статистичко евидентирање и следење на овие мерки. Во таа смисла, авторот ги поставува основните елементи на тој модел, што е и придонес на овој труд во изградувањето на моделот.

Од аспект на полесно определување на видот и висината на гаранцијата, авторот дава конкретни предлози за формирање на посебни агенции или за делегирање на овие надлежности на судијата за извршување на санкциите. Воедно, тој предлага и унапредување на АКМИС - системот (системот за електронско водење на судските предмети), со што на судот би му се давале кокретни информации неопходни за донесување правилна одлука за примена на мерките за обезбедување присуство на осомниченото, односно обвинетото лице во текот на кривичната постапка.

Во афирмацијата на овие ставови, авторот ги користи позитивните искуства на други држави во примената на овие мерки.

Во услови на присуство на спротивставени стојалишта, посебно во теоријата, за односот помеѓу гаранцијата и притворот, авторот се определува за концептот на

самостојност на мерката гаранција во однос на притворот, како и за примена на мерката притвор само во исклучителни случаи, предвидени во законот. Но, и во тој контекст го разработува проблемот на одредување на критериуми за определување на висината на гаранцијата.

Разгледувајќи ја оваа проблематика, формулира предлози кои треба да најдат свое место во измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа пописот на користената домашна и странска литература (стр.426 - 454).

## II. Оцена на трудот

Авторот за предмет на својата дисертација одбра да ја анализира гаранцијата како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на кривичната постапка со што свртува внимание кон една од невралгичните точки на постапката. Ова, со оглед на фактот што со мерките за обезбедување присуство може да му се ограничи слободата на лице што *de jure* е под заштита на презумпцијата на невиност. Со зрелост на млад научник, авторот врши анализа на идејата за слободата на поединецот како врвен стремеж на правото и аргументите кои промовираат рестриктивен пристап за ограничување на слободата. Свесен за неизбежното влијание на јуриспруденцијата на Европскиот суд за човековите права, м-р Мисоски особено внимание посветува на примената, толкувањето и опфатот на членот 5 од ЕКЧП и другите меѓународни инструменти што го регулираат прашањето за слободата и безбедноста на личноста. Чувствувајќи го секунарниот карактер на гаранцијата во однос на притворот, авторот во трудот прави споредба помеѓу мерката притвор и гаранцијата, како и другите мерки за обезбедување присуство и укажува на нивните сличности и разлики. Водејќи се од предностите што другите мерки за обезбедување присуство ги имаат во однос на притворот, авторот се залага за одбегнување на притворањето за сметка на комбинација на гаранцијата со другите мерки за обезбедување присуство.

Сериозниот приод во проучување на феноменолошките карактеристики на различните мерки за обезбедување присуство, м-р Мисоски го манифестира преку обемен

компаративен осврт на државите од континенталниот правен систем од една страна и посебниот фокус што е ставен врз легислативните решенија и практиката во државите од англосаксонскиот правен систем.

Авторот користи развиен систем на научни методи со цел да се објасни правната природа, предностите и ризиците што различните мерки за обезбедување присуство иманентно го носат со себе. Притоа, авторот во подготвувањето на дисертацијата успешно го користи методот на анализа на документи, научни и стручни трудови, како и дедуктивниот метод и методот на синтеза. М-р Мисоски многу умешно и преку споредба со негативните страни и реперкусии што се надоврзуваат на притворањето, укажува на флексибилноста и способноста за индивидуализација, односно приспособување на гаранцијата кон својствата на обвинетиот и тежината на стореното кривично дело. Авторот прифатил начин на елаборирање при што на крајот од секој дел од дисертацијата се наведени заклучни согледувања каде што сублимирано се наведени релевантните заклучоци, ставови и тези.

Применетата методологија на авторот му овозможува да ги идентификува клучните проблеми како кај гаранцијата, така и кај мерката притвор, нагласувајќи ја потребата од подетално запознавање на позитивните страни што ги нуди гаранцијата.

Со цел дисертацијата да добие оригиналност, авторот одлучи да спроведе сопствено истражување за примената на мерката гаранција, кое иако има ограничен обем, доведе до релевантни согледувања и укажа на низата практични тешкотии да се идентификуваат предметите каде што гаранцијата е определена, да се следи нејзината судбина во текот на постапката и сл. Сепак, применетата методологија на авторот му овозможи да ги идентификува клучните проблеми како кај гаранцијата, така и кај мерката притвор, нагласувајќи ја потребата гаранцијата почесто да се изрекува и по можност да се комбинира со другите мерки за обезбедување присуство, а со цел да се одбегне притворањето кое некритички се определува и потоа води кон изрекување ефективна казна затвор за да се покрие притворот.

Понудената анализа на англосаксонската практика треба да ги охрабри странките и судиите да имаат поголема доверба во гаранцијата и да ги ползуваат нејзините предности. Можеби е преоптимистично да веруваме дека со овој труд ќе се помогне во правец на почесто определување на гаранцијата, но сигурни сме дека дисертацијата ќе биде корисно

четиво за збогатување на сознанијата и подигнување на свеста дека мерката за обезбедување присуство секогаш мора да се приспособи кон околностите на случајот и особините на обвинетиот. Преку понудената теоретска и емпириска аргументација, авторот настојува да нè увери во меѓусебниот однос и комплементарност помеѓу мреките за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на постапката што, според него, отвора можности за нивна пофреквентна примена и комбинирање.

По анализата на историските, компаративните и практичните аспекти поврзани со гаранцијата и во врска со неа, на другите мерки за обезбедување присуство, авторот во дисертацијата нуди практични предлози за поголема „видливост" на гаранцијата низ уписниците што се користат во судството, но и легислативни предлози кои водат кон зајакнување на надлежностите на судиите за извршување санкции и потребата за унапредување на системот за електронско водење на судските предмети (АКМИС).

Посебна вредност на докторската дисертација е и пописот на литературата што беше користена во изработката на тезата.

Докторската дисертација на м-р Бобан Мисоски, по мислење на Комисијата за оцена и одбрана е самостоен научен труд преку кој авторот ја потврдува оспособеноста за самостојна научна и теоретска работа. Трудот е пишуван со јасен и разбирлив јазик и висок академски стил и од овие причини се препорачува авторот да ја објави со што несомнено ќе се збогати македонската казненопроцесна правна литература.

## III. Заклучок со предлог

Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Бобан Мисоски**, под наслов **„Гаранцијата како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на казнената постапка"**, што ја формираше Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во состав: проф. д-р Гордана Бужаровска, ментор, акад. проф. д-р Владо Камбовски, проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордан Калајџиев и доц. д-р Лазар Нанев, ја прочита докторската дисертација на кандидатот под горниот наслов, ја оцени и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" му поднесува рецензентски извештај во кој ја прикажува и оценува докторската дисертација како самостоен труд на авторот, како труд што

претставува научен придонес и како труд што заслужува позитивна оцена. Критичките забелешки претставуваат пристап кон извештајот на научна расправа со кандидатот за научните проблеми и не ја намалуваат вредноста на позитивната оцена на Комисијата.

Врз основа на горенаведеното, на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Бобан Мисоски ѝ причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати овој рецензентски извештај со позитивна оцена и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

**Комисија за оцена и одбрана**

Академик проф. д-р Владо Камбовски с.р.

Проф. д-р Гордана Бужаровска с.р.

Проф. д-р Никола Тупанчески с.р.

Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

Доц. д-р Лазар Нанев с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РИЗИЦИТЕ ВО БАНКАРСКИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ПОМЕЃУ ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА И ПРАКТИКАТА" ОД М-Р БИЉАНА ПЕТРЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 23.11.2012 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Биљана Петревска** под наслов: **„Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија – помеѓу правната регулатива и практиката"**, во состав: проф. д-р Тито Беличанец, проф. д-р Софија Тодорова (ментор), проф. д-р Весна Пендовска, проф. д-р Димитар Гелев и проф. д-р Ванчо Узунов.

Комисијата во горенаведениот состав, со внимание ја прочита и ја оцени подготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со задоволство му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија – помеѓу правната регулатива и практиката", изработена од кандидатката м-р Биљана Петревска, опфаќа текст од 375 страници во компјутерска техника со нормален проред и големина на букви, 304 фусноти и 388 странски и домашни библиографски единици, законски прописи, извештаи и електронски извори. Структурата на дисертацијата се состои од: вовед, дванаесет поглавја во кои се анализираат тематски различни прашања поврзани со трудот, при што последната глава го содржи заклучокот. Во прилог е дадена користената литература и листата на кратенки. Секое од поглавјата има своја внатрешна систематизација која овозможува преку насловите и поднасловите да се препознае проблемот што се обработува и со тоа лесно да се следи неговата елаборација. Структурираните делови на дисертацијата се правилно сигнирани и распоредени, меѓусебно поврзани и адекватно димензионирани.

Во **воведниот дел** (стр. 7-18), кандидатката дава аргументирано и заокружено објаснување за општествената и научната оправданост на избраната тема на докторската дисертација и целта на истражувањето. Притоа кандидатката нагласува дека предмет на истражување е ризикот во банкарското работење којшто претставува веројатност одредена активност или настан да има директно негативно влијание врз добивката на банката и со тоа да предизвика тешкотии во

остварувањето на нејзините цели. Токму во таа насока кандидатката посочува дека фундамент на анализа во дисертацијата ќе биде управувањето со ризиците како неизбежна компонента на банкарскиот бизнис. Имено, во воведот кандидатката истакнува дека во последно време широкиот спектар на фактори кои го детерминираат ризикот во интернационалното окружување бараат сериозен научен приод во многуаспектното осознавање на ризиците и можноста за што поуспешно справување со нив. Добро осмислената правна регулатива која доследно би била имплементирана во практика претставува исклучително значајна претпоставка и рамка за прудентно управување со ризиците во банкарскиот сектор. Оттаму доаѓа и идејата на кандидатката за изработка на овој труд, кој во себе го опфаќа проучувањето на целокупната правна регулатива во Република Македонија во доменот на управување со ризиците во банкарскиот сектор и практичните резултати од нејзината имплементација, со цел да се согледа реалната состојба во оваа сфера и да се дадат предлози за нејзино подобрување во иднина.

Значи, во воведниот дел, кандидатката ја презентира глобалната рамка на истражувањето и накратко се осврнува на секој од деловите на дисертацијата. Потоа посочува дека методите што се користат во ова истражување се засноваат врз општите и посебните научни методи, а тоа се: методот на анализа, нормативно-правниот метод, компаративниот метод, методот на синтеза и емпирискиот метод. На крајот од овој дел е прикажана листата на кратенки кои се користени во дисертацијата.

Во **првата глава** (стр 19-50), со наслов **Поим за ризик, управување со ризикот и историски осврт на директивите на Европската унија (ЕУ)**, м-р Биљана Петревска го дефинира ризикот и ги посочува одделните видови на ризици кои се опфатени во нормативната рамка во Република Македонија, и тоа: кредитниот, ликвидносниот, пазарниот, валутниот (девизниот), каматниот, стратегискиот, репутацискиот, ризикот на земјата и оперативниот ризик. Понатаму, кандидатката го анализира начинот на управување со ризиците во банкарското работење и неговите составни компоненти: идентификација, мерење и контрола, осигурување од ризикот и негово отстранување, како и минимизирање на ризикот. Во третата точка од оваа глава кандидатката ја објаснува улогата на институциите во Република Македонија, поточно улогата на Народната банка на Република Македонија (НБРМ), на државата и на комерцијалните банки, во управувањето со ризикот. На крајот од оваа глава, кандидатката го презентира историскиот осврт на директивите на Европската унија (ЕУ) кои, впрочем, претставуваат меѓународна регулација на банкарството.

Во **втората глава** (стр. 51-82), со наслов **Кредитен ризик,** кандидатката детално го анализира кредитниот ризик како најчест вид на ризик со кој се соочуваат банките во своето работење. Најнапред се објаснува целокупниот процес на управување со кредитниот ризик, кој содржи: идентификација и проценка на кредитните барања, мерење на кредитниот ризик и стратегии за управување и заштита од кредитниот ризик. Сите овие фази во процесот на управување со кредитниот ризик впрочем заземаат централно место во работењето на банката, затоа што во најголем број на случаи неликвидноста на банката е директно предизвикана од поголемиот процент на доспеани заеми во споредба со целокупните заеми на банката. Во следниот дел од оваа глава, кандидатката ја

објаснува целокупната правна рамка за регулирање на кредитниот ризик во Република Македонија - сите закони, подзаконски акти, одлуки, упатства и нивните измени и дополнувања. На крајот од оваа глава кандидатката ја анализира меѓународната регулатива, односно директивите на Европската унија во доменот на кредитите, и нивната усогласеност со легислативната рамка во Република Македонија.

Во **третата глава** (стр. 83-146), со наслов **Ликвидносен ризик,** се објаснува ликвидносниот ризик преку анализа на законското окружување во Република Македонија за управување со овој ризик, но истовремено таа ги прикажува и изворите на ликвидносниот ризик, индикаторите за негово мерење, методите за проектирање, како и стратегиите и практиките за негово успешно управување. Во посебен дел од оваа глава кандидатката ја анализира и институционалната и правната рамка на **платниот систем во Република Македонија**. Потоа ги посочува карактеристиките на платните системи во Европската унија, и ја презентира регулативата на Европската унија во овој домен, потточно: Директивата за конечност на порамнувањата, Директивата за пазарите на финансиските инструменти – MIFID, Предлог - директивата за зголемување на безбедноста и ефикасноста на порамнувањето на хартиите од вредност, и Директивата за платен промет 2007/64/ЕС. Во последната точка од оваа глава, кандидатката ги претставува тековните и идните реформи во платниот промет во Република Македонија.

Во **четвртата глава** (стр. 147-153), со наслов **Пазарен (ценовен) ризик,** м-р Биљана Петревска се осврнува на пазарниот (или ценовниот) ризик, при што најнапред ја анализира нормативната рамка во Република Македонија за управување со овој ризик и неговите карактеристики, а потоа ги посочува современите методи и пристапи за мерење и управување со пазарниот ризик од страна на комерцијалните банки.

Во **петтата глава** (стр. 154-183), со наслов **Валутен (девизен) ризик,** се обработува валутниот ризик, односно неговите елементи, како и инструментите за заштита, со цел прудентно да се управува со овој вид на ризик. Преку приказ на регулативата и практиката во Република Македонија, кандидатката извлекува заклучоци за начинот на управување со овој ризик во нашата земја.

Во **шестата глава** (стр. 184-200), со наслов **Каматен ризик,** најнапред кандидатката ги анализира техниките за успешно управување со каматниот ризик, и тоа: управување со јазот, анализа на чувствителноста на приходот и деривативните финансиски инструменти, а потоа ја објаснува правната рамка за негово управување во Република Македонија. На крајот од оваа глава кандидатката ја прикажува генералната состојба на каматната политика во Република Македонија.

Во **седмата глава** (стр. 201-228), со наслов **Оперативен ризик,** кандидатката го анализира третманот на оперативниот ризик во регулативата во Република Македонија, како и пристапите за управување со оперативниот ризик според Базел II и нивната имплементација во македонското законодавство. Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик, како и ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот, ризикот од несоодветност на информативните системи, оперативен ризик во интернет - банкарството и други, чијашто анализа е

поместена во оваа глава. Процесот на управување со оперативниот ризик е дел од стратегијата на банката, но и на секојдневното одлучување, при што успешноста на ова управување зависи од квалитетот на информациите, но и од способноста и волјата на луѓето да учествуваат во неговото прудентно управување. На крајот од оваа глава кандидатката го посочува влијанието на оперативниот ризик за појава на светската економска (финансиска) криза.

Во **осмата глава** (стр. 229-245), со наслов **Ризик на земјата, политички ризик и останати ризици во банкарското работење (репутациски и стратегиски ризик)**, м-р Биљана Петревска ја објаснува целокупната правна регулатива која се однесува на ризикот на земјата, политичкиот ризик, системскиот ризик, како и останатите ризици кои влијаат во банкарското работење, а тоа се: репутацискиот и стратегискиот ризик. Со оглед на фактот дека светската економска (финансиска) криза како свој продукт го имаше системскиот ризик, превенцијата од овој ризик кандидатката ја согледува во посебен дел кој ја опфаќа Директивата на Европската унија за шемите за осигурување на депозитите. Со цел да се види усогласеноста на правната рамка на депозитите во Република Македонија vis a vis оваа Директива на Европската унија, кандидатката ѝ посветува и посебна точка во рамките на оваа глава од докторската дисертација.

Во **деветтата глава** (стр. 246-275), со наслов **Меѓународна регулатива: БАЗЕЛ (I, II, III), Директивата на ЕУ за адекватноста на капиталот (CAD I, II, III, IV) и правната рамка во Р.Македонија**, кандидатката ја разработува меѓународната регулатива за управување со ризиците во банкарското работење, а тоа се најнапред базелските спогодби I, II и III. Базелската спогодба се фокусира на ефективната супервизија на меѓународното банкарско работење. Меѓународната усогласена рамка за мерење на капиталот и капиталната адекватност на банките во однос на изложеноста на ризиците – Базелската спогодба II, покрај пазарниот и кредитниот, го опфаќа и оперативниот ризик. Покрај нив, кандидатката ги анализира и последните предлог-измени на Базелската капитална спогодба, познати како Базел III. Пандан на Базел I, II, и III, претставува Директивата на Европската унија за адекватноста на капиталот (CAD I, II, III, IV), која е значаен дел од меѓународната регулатива, и на која кандидатката ѝ посветува внимание во втората точка од оваа глава. На крајот, таа ја прикажува и правната рамка во Република Македонија за утврдување на адекватноста на капиталот, споредена со оваа меѓународна регулатива.

Во **десеттата глава** (стр. 276-292), со наслов **Тековното управување со ризиците во трите најголеми банки во Р.Македонија,** се презентира начинот на тековното управување со ризиците во: Стопанска банка АД - Скопје, Комерцијална банка АД - Скопје, и НЛБ Тутунска банка АД - Скопје. Целта на оваа глава е да покаже колку овие најголеми банки во Р. Македонија ја почитуваат и ја имплементираат регулативата пропишана од страна на НБРМ и какви се нивните резултати во доменот на управување со кредитниот, пазарниот, валутниот, каматниот, ликвидносниот и оперативниот ризик, со кои се соочуваат или е можно да се соочат овие банки.

Во **единаесеттата глава** (стр. 293-306), со наслов **Идните ризици и нивното регулирање,** кандидатката најнапред ја објаснува новата европска финансиска супервизија која беше неопходна за да се санираат трошоците од

светската економска (финансиска) криза и да се спречи идната појава на вакви кризи. Во втората точка од оваа глава кандидатката ги посочува идните ризици со кои ќе се соочат земјите-членки на Европската унија, и кои чекори ги презема Европската унија во насока на нивно успешно регулирање. И на крајот, таа ја објаснува состојбата во нашата земја во услови на светската економска (финансиска) криза и ги предвидува идните перспективи и насоки во кои ќе треба да се развива прудентното управување со ризици во нашиот банкарски систем.

**Конечно, во дванаесеттата глава** (стр. 307-341), односно во **Заклучокот** на докторската дисертација, синтетизирани се сите сознанија до кои дошла кандидатката истражувајќи ја оваа материја, односно сознанија кои формираат јасна слика за позицијата на која во моментов се наоѓа системот за управување со ризиците во банкарскиот сектор во Р.Македонија, и тоа како од аспект на нивното нормативно позиционирање, така и од аспект на нивното реално остварување. Во заклучокот се содржани крајните согледувања на кандидатката во форма на препораки за Република Македонија во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

## II. Оцена, заклучок и предлог

Докторскиот труд под наслов „Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија – помеѓу правната регулатива и практиката", изработен од кандидатката м-р Биљана Петревска, претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин се елаборира актуелна, значајна и исклучително комплексна материја. Трудот има логична структурна композиција, а употребениот стил и јазик во презентирањето на материјата овозможува лесно да се следи мислата во текстот, односно ставовите на авторката во елаборирањето на предметот на истражување.

Предметната материја се проучува како на теоретско рамниште, преку елаборацијата на теоретските становишта во дефинирањето, настанувањето и справувањето со одделните видови на ризици во банкарското работење, но и на емпириско ниво, согледувајќи ја практиката во управувањето со ризиците во трите најголеми банки во Република Македонија. Посебна нагласка во докторската дисертација е ставена на анализата на нормативната регулатива, како на национално исто така и на меѓународно ниво, пред сè на ниво на Европската унија.

Аналитичката рамка поставена во истражувањето ги следи актуелните тенденции во банкарското право, а применетата методолошка рамка обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот. Имено, трудот се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти, соодветна аргументација и илустрација на релевантните факти. Ваквиот пристап е надополнет со коректно користење на релевантна најнова домашна и странска научна и стручна литература. Изразеното критичко размислување, базирано на сеопфатна компаративна анализа, како и емпириското истражување - значајни за конципирање на заклучоците, насоките и препораките, му даваат посебен квалитет и научен придонес на трудот. И на крајот, трудот претставува солидна основа за натамошни истражувања од оваа област, што е потврда за неговата научна вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за одлично изготвен и особено квалитетен докторски труд што ги задоволува стандардите за изработка на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов „Ризиците во банкарскиот сектор во Република Македонија – помеѓу правната регулатива и практиката", од кандидатката м-р Биљана Петревска, ѝ причинува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија за оцена и одбрана**

1. Проф. д-р Тито Беличанец, с.р.
2. Проф. д-р Софија Тодорова (ментор), с.р.
3. Проф. д-р Весна Пендовска, с.р.
4. Проф. д-р Димитар Гелев, с.р.
5. Проф. д-р Ванчо Узунов, с.р.

# ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет "Блаже Конески"-Скопје

| *Име и презиме на кандидатот* | *Наслов на тема за магистерски труд* | *Ментор* |
|---|---|---|
| Билјана Деспотовска | "Јазичниот синтетизам во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов - Џинот" | проф. д-р Људмил Спасов |
| Македонка Додевска | "Овчеполскиот и словенечкогоришкиот (горичански) дијалект-две паралели во јужнословенскиот јазичен свет" | проф. д-р Лидија Аризанковска |
| Татјана Пеливанова | "Литературата на фактот во романите на Петре Наковски" | проф. д-р Кристина Николовска |
| Биљана Николовска | ,,Ликот на Синобрадиот како актуелизација на архетипот на Мудрецот" (во уметничка проза и филм) | акад. д-р Катица Ќулавкова |
| Вања Радмиловиќ | "Економската терминологија-предизвик за толкувачот (врз примери од англискиот и македонскиот јазик)" | проф. д-р Лидија Аризанковска |

# ПРЕГЛЕД

**на пријавена и прифатена теми за изработка на магистерски труд на УКИМ - Факултетот за драмски уметности во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Хисмет Рамадани | "Споредба на ликот на Филоктет во истоимената драма на Софокле и Хајнер Милер" | проф.Владимир Милчин |

# РЕФЕРАТ

## За ПОДОБНОСТ на

## НА ТЕМАТА, "ЗОНИРАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ НА ЛИКВИФАКЦИЈА И ИЗБОР НА ТЕХНИЧКИ ИЗДРЖАНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОЧВАТА И ТИПОВИ НА ТЕМЕЛЕЊЕ "
## ЗА ИЗРАБОТКА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА УКИМ-ИЗИИС, СКОПЈЕ И НАУЧНА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА М-Р ЕМА ЧУБРИНОВСКА

Со одлука на Научниот совет на постдипломските студии на ИЗИИС број 09-2239/1, донесена на редовната седница одржана на 28.12.2011 година, а врз основа на Правилникот за условите и постапката за докторирање на Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје, формирана е Комисија за оцена на подобност на темата „Зонирање на потенцијалот на ликвифакција и избор на технички издржани решенија за подобрување на почвата и типови на темелење" од кандидатката м-р Ема Чубриновска, дипл. град. инж., во состав:

1. проф. д-р Вероника Шендова, претседател
2. вонр. проф. д-р Влатко Шешов, член
3. проф. д-р Владо Мицов, член
4. вонр. проф. д-р Драги Дојчиновски, член
5. проф. д-р Милорад Јовановски, - УКИМ Градежен факултет-Скопје, член.

Врз основа на поднесената пријава на кандидатката, предлог-програмата за изработка на докторската дисертација и нејзината научноистражувачка и стручна дејност и постигнатиот успех во досегашното образование (редовни и постдипломски студии), Комисијата го изнесува своето мислење за подобноста на темата и за подобноста на кандидатката за изработка на докторска дисертација.

### ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА

За време на дејството на земјотресите вообичаено главен интерес за јавноста претставува состојбата во која се наоѓаат надземните градежни објекти, поточно оние што се видливи во прв план. Меѓутоа, мора да се потенцира дека состојбата во која се наоѓаат овие градежни објекти по земјотресот меѓу другото, зависи и од низа фактори кои не можат да се констатираат во првиот момент. Доминантно влијание во овој правец има геотехничката средина која претставува медиум низ кој се се распостираат сеизмичките бранови од изворот кон површината, меѓутоа истовремено и средина која претрпува одредени трансформации и деформации кои дополнително влијаат на сеизмичкото движење. Оваа комплексна интеракција земјотрес-почва-конструкција претставува голем предизвик за истражувачите во последниве 30-тина години, а уште повеќе доби на значење со последиците предизвикани од последните катастрофални земјотреси, како што се: Тохоку, Јапонија (2011), Крајсчрч, Нов Зеланд (2010,

2011), Венчуан-Кина (2008), Ниигата-Јапонија (2004), Измит-Турција (1999), Кобе-Јапонија (1995) и др.

Еден од геотехничките феномени кои се случуваат за време на средни до јаки земјотреси и чија појава предизвикува дополнителни штети по конструкциите и урбаните подрачја е ликвифакцијата. Најексплицитен пример за ова се земјотресите кои се случија во последните две години во Крајсчрч (2010 и 2011 г), Нов Зеланд, каде што цели населби, квартови беа зафатени со интензивна ликвифакција и огромен број на станбени единици беа неупотребливи и тие беа комплетно напуштени. Ликвифакцијата претставува губење на јакоста кај водозаситените некохерентни почви кое се јавува како резултат на порастот на порниот притисок за време на динамичка побуда. Во услови на ограничено дренирање и под дејство на динамички сили (земјотрес, машини, експлозии и др.) кај водозаситените песокливи почви се појавува пораст и акумулирање на порниот притисок што доведува до намалување на ефективните напрегања и појава на значителни деформации. Притоа, ликвифакцијата не е феномен со случајна појава, туку е феномен кој се јавува кај депозити со одредени геолошки и хидролошки услови. Со оглед на фактот дека овие услови можат да бидат идентификувани, анализирани и мапирани, можноста да се определи однесувањето на почвените депозити е од особена важност со цел геотехничките и конструктивните инженери да бидат подготвени за намалување на ефектите од ликвифакцијата и со цел да обезбедат правилен пристап при проектирањето и однесувањето на инженерските објекти.

Со оглед на фактите дека ликвифакцијата дополнително ги зголемува штетите од земјотресите, во последно време од страна на истражувачите во светот се посветува особено внимание на намалување на сеизмичкиот хазард од појава на ликвифакција и изработка на зонирани мапи на потенцијалот од појава на ликвифакција. Сеизмичкото зонирање во однос на потенцијалот на ликвифакција вклучува детални анализи и претставува метод со широка употреба кога станува збор за намалување на последиците од идните земјотреси. Изработката на зонираните мапи во однос на потенцијалот на ликвифакција може во голема мера да послужи при донесувањето на урбанистичките планови, како и во фазата на проектирањето на сеизмички отпорни конструкции со цел преземање на соодветни мерки за намалување на штетите кои можат да настанат при појава на овој феномен. Дополнително, ризикот од штетите кои ги предизвикуваат земјотресите во голема мера може да се намали преку дефинирање на технички решенија за подобрување на почвените депозити, ограничувајќи ги на тој начин економските и социјалните проблеми кои настануваат како нивна последица. Земајќи го предвид фактот дека почвата како геотехничка средина претставува основа на која и во која се проектираат сите инженерски објекти и конструкции, се потенцира потребата од посветување големо внимание на практичните аспекти на подобрување на почвата, земајќи ги предвид типот на почвата, површината која треба да се третира и определувањето на техничко и економско најсоодветно решение.

Согласно со горенаведеното истражување предвидено од кандидатката, ќе биде даден придонес во дефинирањето на потенцијалот на ликвифакција на водозаситените некохерентни почви во регионот на градот Охрид, со примена во истражување на можните технички решенија и предлози за начини на подобрување на почвените депозити со цел добивање на погодни почвени средини за проектирање. Како главни цели на докторската дисертација предложени се следниве:

- Емпириски анализи – систематизирање на расположиви податоци за геолошките услови и геомеханичките карактеристики на доминантните почвени средини на територијата на градот Охрид и нивно маркирање во ГИС и вршење на емприски анализи со цел генерално зонирање на потенцијалот за појава на ликвифакција.
- Експериментални истражувања - теренски испитувања со сондажно дупчење на истражни дупнатини за вршење на опити на стандардна динамичка пенетрација(СПТ) кои се директно поврзани со определувањето на потенцијалот на ликвифакција. Лабораториски тестирања на ненарушени почвени примероци за определување на потенцијалот за ликвифакција кои ќе вклучуваат циклично триаксијални тестови и едноставен тест на смолкнување каде што потенцијалот на ликвифакција ќе биде определен во зависност од бројот на циклуси на товарење кои се потребни да предизвикаат претходно определен пораст на порниот притисок и исто така во зависност од големината на дилатациите потребни за да се постигне определено ниво на односот на порниот притисок. Резултатите од овие истражувања ќе овозможат изработка на зонирани мапи во однос на потенцијалот на ликвифакција. Интегрирањето на зонираните мапи во однос на потенцијалот на ликвифакција во генералниот урбанистички план на градот Охрид ќе обезбеди карактеризирање на потенцијалниот ризик од почвени нестабилности кои треба да се земат предвид при асеизмичкото проектирање на новите конструкции и при зајакнување на постојните.
- Верификација на издржани методи за подобрување на почвените депозити и избор на технички и економски најсоодветни начини на темелење на конструкции типични за овој регион. Целта е да се презентираат информации кои ќе бидат корисни за геотехничките инженери, конструкторите и другите засегнати страни и ќе даваат предлози за соодветен пристап во разбирањето и третирањето на хазардот од ликвифакција и неговото намалување.

Предвидените експериментални и аналитички истражувања со предлог-програмата на оваа дисертација ќе дадат значаен и оригинален придонес во разбирањето и оцената на динамичкото однесување на водозаситените некохерентни почви. Добиените резултати ќе придонесат кон поквалитетно менаџирање на гетехничките сеизмички хазарди и развивање на платформа за намалување на сеизмичкиот ризик од геотехнички нестабилности.

**Заклучок за подобност на темата**

Предложената тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов "Зонирање на потенцијалот на ликвифакција и избор на технички издржани решенија за подобрување на почвата и типови на темелење" опфаќа комплетно експериментално и аналитичко истражување во областа на земјотресното геотехничко инженерство. Покрај обемнист материјал за дефинирање на потенцијалот на ликвифакција на водозаситените некохерентни почви на териоторија на градот Охрид преку лабораториски и теренски истражувања, предложени се и софистицирани методи за анализи на начин на подобрување на почвените депозити, приод кој е рамен на најразвиените универзитети во светски рамки од областа на земјотресното инженерство. Резултатите од експериментални истражувања се одлична основа за анлитичко моделирање и нумеричка анализа на однесувањето на фундаментите во услови на појава на ликвифакција.

Врз основа на горенаведеното, предложената тема за изработка на докторска дисертација со работен наслов „Зонирање на потенцијалот на ликвифакција и избор на технички издржани решенија за подобрување на почвата и типови на темелење", претставува оригинален и современ интердисциплинарен интегриран приод за квалитативно осознавање и квантитативно моделирање на параметрите кои го контролираат динамичкото однесување и механизмите на лом на водозаситените некохерентни почви и се предлага таа да биде прифатена како подобна и содржајна за изработка на докторска дисертација.

**ПОДОБНОСТ НА КАНДИДАТКАТА**

Кандидатката м-р Ема Чубриновска, дипл. град. инж., е родена на 27.4.1979 година во Скопје, Република Македонија. По завршувањето на средното образование во гимназијата "Јосип Броз-Тито", во учебната 1997/98 се запишала на Градежниот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија кој редовно го завршила во мај 2005 со просек 8,09.

Во ноември 2005 се запишала на интернационалните постдипломски студии по земјотресно инженерство во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје. За време на постдипломските студии била корисник на стипендијата од DAAD за талентирани студенти во рамките на DYNET-програмата. По успешното завршување на испитите со просек 9,33, на 26.8.2009 година ја одбранила магистерската теза под наслов "Темелење на објекти во урбана средина со потенцијал на ликвифакција". Во периодот февруари-март 2010 учествувала на постдипломскиот курс за сеизмичко проектирање на префабрикувани бетонски

и дрвени конструкции на Универзитетот во Павија Италија ( ROSE School- Center for Post-Graduate Training and Research in Earthquake Engineering and Engineering Seismology), каде што се стекнала со дополнителни познавања од областа на асеизмичкото проектирање.
Кандидатката одлично го владее англискиот јазик.

Постигнатите резултати од досегашното ангажирање на кандидатката м-р Ема Чубриновска, дипл. град. инж., во полето на научноистражувачката дејност ги потврдуваат нејзините способности за самостојна научноистражувачка работа.

**Заклучок за подобноста на кандидатката**

Врз основа на приложените документи и сето напред наведено, сметаме дека кандидатката м-р Ема Чубриновска, дипл. град. инж., во целост ги исполнува условите од Правилникот на УКИМ-ИЗИИС за условите и постапката за стекнување степен-доктор на науки од областа на земјотресното инженерство, и во целост ја потврдува подобноста на кандидатката да пристапи кон изработка на докторската дисертација во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитето „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## ОПШТ ЗАКЛУЧОК

Согласно со напред изнесените констатации и заклучоци за подобноста на предложената тема и подобноста на кандидатката за научноистражувачка работа, Комисијата има чест да му предложи на Научниот совет на ИЗИИС да ја прифати темата и кандидатката м-р Ема Чубриновска, дипл. град. инж., како подобен кандидат за изработка на докторска дисертација со предложената тема под работен наслов: „Зонирање на потенцијалот на ликвифакција и избор на технички издржани решенија за подобрување на почвата и типови на темелење".

Комисија

1. Проф. д-р Вероника Шендова, претседател с.р
2. Вонр. проф. д-р Влатко Шешов, член с.р
3. Проф. д-р Владо Мицов, член с.р
4. Вонр. проф. д-р Драги Дојчиновски, член с.р
5. Проф. д-р Милорад Јовановски, - УКИМ-Градежен факултет Скопје, член с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА УЧЕБНИКОТ „ФИЗИКА ЗА АНЕСТЕЗИОЛОЗИ" ОД АВТОРОТ МИРЈАНА ШОШОЛЧЕВА

**Наслов:** „Физика за анестезиолози"
**Автор**: н.сов. Мирјана Шошолчева
**Предметна програма**: анестезиологија со реанимација и анестезиологија со интензивна медицина
**Област**: медицина-анестезиологија.
**Намена**: учебник за специјализантите по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина.
**Семестар**: во специјалноста анестезиологија со интензивна медицина, специјализантите практицираат општа и специјална анестезиологија, 36 месеци
**Фонд на часови**: во специјалноста анестезиологија со интензивна медицина, подрачјето на физика во анестезиологијата е застапено со 120 (60/60) часа
**Оцена (дали приложениот материјал е во согласност со наставната програма):** Книгата во целост ја задоволува наставната програма за специјалноста, анестезиологија со интензивна медицина
**Одлука:**
**Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во состав на УКИМ** во Скопје, на својата XIV редовна седница одржана на 9.10.2012 година, врз основа на член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет донесе одлука за одредување на рецензенти за рецензија за печатење на учебникот "Физика за анестезиолози" од н.сов.д-р. Мирјана Шошолчева. За рецензенти се избрани: проф.д-р. Зорка Николова Тодорова и проф.д-р. Даниела Миладинова.
**Издание:** Учебникот "Физика за анестезиолози" од авторот науч. сов. д-р Мирјана Шошолчева е прво издание и прв учебник за овој проблем печатен на македонски јазик на овој Факултет и во Р. Македонија.
**Општи податоци за ракописот**:
Ракописот е испечатен во формат А4 (22/28 см), на 189 страници. Содржината е поделена на 14 подрачја, организирани со поднаслови. Во нив се обработуваат, физичките квантитети и мерните единици, со нивно мерење и калибрација, физичките експоненцијални функции, агрегатната состојба на материјата, физичките закони на гасовите со испарувачите, хидростатиката со хидродинамиката, мерење на притисок во течностите, топлината и температурата, електрицитетот со биолошки електрични потенцијали, анестетичките дишни системи, ккао и изотопите со радијацијата. Учебникот е богато илустриран со слики, графикони и табели.
**Краток опис на содржината**:
Учебникот има за цел да даде исцрпни информации и да овозможи разбирање за основните физички закони важни за безбедна анестезија. Претставени се релевантните физички квантитети и нивното мерење со

посебен осврт на мерните единици. Обработени се поглавја од фундаменталната физика на топлината, гасните закони, испарувачите и други градива кои се релевантни за практикувањето на анестезијата. Книгата е пишувана за оние што не се физичари и поврзувајќи ја базичната теорија со клиничката практика и заедно со графиконите и табелите има за цел да ја прикаже основата на физиката разбирлива за сите анестезиолози. Во склоп на специјалноста анестезиологија со интензивна медицина, познавањето и примената на физиката во анестезиологијата, разбирање на принципот на кој функционираат анестезиолошките апарати и другата опрема. Издавањето на овој учебник претставува придонес во едукацијата. Во првото поглавје се претставени базичните поими во физиката со основните физички квантитети и нивните мерни единици кои ги опишуваат сите феномени во природата, а при тоа е користен јазикот на математиката како базичен јазик во физиката. Потенцирана е важноста на мерењата и калибрацијата за точно прикажување на актуелната физиолошка состојба на пациентот, што е од особена важност за анестезиологот. Преку концептот на експоненцијален процес се обработени сите физички експоненцијални функции, како на пр., кривите на испирање кои можат да го опишат начинот на кој лековите или анестетиците се испираат од ткивата со крвотокот или, пак, екскрецијата на анестетик од орган. За објаснување на однесувањето на гасовите кои се користат во анестезијата детално се обработени влијанијата на температурата, притисокот и волуменот на материјата, според основните физичките закони на гасовите. Следуваат објаснувањата за примената на овие физички закони во гасните цилиндри, доводите за гасови, за компримиран воздух, централниот вакум-систем, исто така е даден и опис на централните станици за снабдување со анестезиолошки гасови. Посебно се обработени физичките законитости на медицинските гасови како што е кислородот и азотниот оксидул. Следниот дел е посветен на испарувачите кои се неизоставен дел од анетсезиолошкиот апарат . Мошне прецизно е опишан моделот на општо применетите испарувачи и принципот на нивната работа, како и нивните посебни особености. Понатаму следува обработка на хидростатскиот притисок и неговиот однос со напонот кај ѕидот на крвниот сад како основа на хидростатиката, а во хидродинамиката е обработена физиката на проток со ламинарно и турбулентно движење и нивното практично значење во анестезијата, преку Бернулиевиот ефект и ефектот на Коанда. Мерењата на притисокот на течности се детално опишани во мерењето на притисокот во циркулацијата, како и мерење на гасниот проток во флоуметрите на анестезиолошкиот апарат. Следува многу значаен дел за топлината и температурата кај пациентите во анестезија и во единиците за интензивно лекување, вклучително и на техниките на нивно мерење и нивните мерни инструменти. Влијанието на промените на температурата на околината на човечкото тело се детално опишани, со посебен акцент на хипо и хипертермијата. Латентната топлина и губењето на топлина од пациентот се прецизно измерени преку јасни математички формули. Следуваат делови со посебен осврт на електрицитетот, електричната безбедност и магнетизмот, преку опис на статичниот и струјниот електрицитет, особеностите на директната и

наизменичната струја, главните доводи на струја во оперативниот простор и во единиците за интензивно лекување, како и ризиците за електричен шок, негова превенција и заштита. Опишана е и опремата која содржи микропроцесори и нивната клиничка примена. Особено овој дел од учебникот има голема клиничка практична важност. Следува поглавје за системите за мерење на електричните сигнали, каде што покрај електрокардиограмопт, електромиограмот и енцефалограмот, детално ќе обработи биспектралниот индекс-мониторинг, системите со инкорпорирани трансдјусери и електрични стимулатори за третманот на болката, а авторката прилично комплицираните податоци за овие системи ги претставува мошне едноставно и лесно прифатливо за специјализантите-анестезиолози. И покрај богатата странска литература за анестетичките дишни системи, досега се чинеше дека анестезиолозите имаат проблеми со објаснување на нивната работа, но во ова поглавје е посветено особено внимание тие што повеќе да се приближат до практичарот и да ја олеснат неговата работа. Учебникот завршува со не помалку значаен дел како што се изотопите и радијацијата, со осврт на дијагностичката примена на радиоизотопите, принципот на мерење на ласерот и принципот на работа на магнетната резонанца.

Целиот учебник изобилува со слики, графикони и табели кои во голема мера го олеснуваат разбирањето на основата на физиката, особено од аспект на нејзиното применување во анестезиолошка практика.

**Категоризација на учебникот**: учебникот ги има сите елементи за базичен учебник за физика во анестезиологијата.

**Главен аспект на учебникот и педагошка оцена**: Учебникот „Физика за анестезиолози", од авторот н.сов.д-р Мирјана Шошолчева, е посветен на прво место, за специјализантите по специјалноста анестезиологија со интензивна медицина, како и за студентите по општа медицина кои имаат посебен интерес за проучување на предметот, анестезиологија со реаниматологија. Согледувајќи ја актуелноста на проблемот (основа на работа на анестезиолошките апарати и опремата во оперативна сала и единиците за интензивно лекување), како и недостатокот од достапна литература за ова подрачје, авторката го подготвила овој учебник. Како резултат на нејзиниот пристап кон ова подрачје, учебникот излегува од рамките на класичен учебник и претставува неопходна литература за идните анестезиолози во нашата земја. Според тоа, учебникот „Физика за анестезиолози", од авторот н.сов. д-р Мирјана Шошолчева, има строго стручна намена и нејзините потенцијални читатели ќе бидат специјализантите анестезиолози-реаниматори, потоа специјалистите хирурзи, како и другите специјалисти кои се занимаваат со проблемите на општата анестезија и лекувањето во единиците за интензивно лекување. Учебникот претставува прв обид да и се претстави на македонската научна јавност четиво од ваков вид. Секако дека овој учебник не можел да ги опфати, ниту пак е цел на авторот, сите аспекти на физиката. Меѓутоа, овој учебник претставува придонес во македонската академска литература и ја пополнува празнината која постои во неа за оваа тема.

Ограничувања: Учебникот е наменет за строго профилирани групи на специјализанти, научници и специјализирани професионалци кои се занимаваат со природните науки, поконкретно со анестезиологијата. Таа е

наменета исто така за специјалистите кои сакаат да ги продлабочат своите знаења во секојдневната практика од областа на физиката и за оние што се занимаваат со научноистражувачка работа каде што физиката има свој удел.

**Заклучок:** Учебникот „Физика за анестезиолози", од авторот науч. сов. д-р. Мирјана Шошолчева, претставува придонес кон литературата од подрачјето на физиката. Тој, на едноставен и разбирлив начин ја доближува оваа толку тешка материја. Токму затоа овој учеебник има големо значење за едукацијата на идните анестезиолози.

Земајќи го предвид сето погоре кажано, предлагаме, учебникот „Физика за анестезиолози", од авторот н.сов.д-р Мирјана Шошолчева, да се процедуира до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје и да се печати како учебник за специјализантите по анестезиологија со интензивна медицина.

**Рецензенти:**

**Проф. д-р Зорка Николова Тодорова, с.р.**

**Проф. д-р Даниела Миладинова, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИТЕ НАУКИ ПО ПРЕДМЕТОТ МУЛТИЛАТЕРАЛЕН ТРГОВСКИ СИСТЕМ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на објавениот конкурс во „Вечер" од 6.12.2012 година и „Zhurnal plus" од 7.12.2012 година за избор на наставник од областа на економските науки по предметот Мултилатерален трговски систем на Економскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 19.12. 2012 година, во согласност со член 130 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11 и 51/11), член 24 и 57 од Правилникот и критериумите за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со )длука на Наставно-научниот совет одржан на 19.12.2012 година формира Рецензентска комисија за избор на наставник.

На објавениот конкурс се пријави само кандидатката м-р Катерина Тошевска-Трпчевска.

По проучувањето на пријавата и доставената документација од кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Катерина Тошевска-Трпчевска дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на департманот надворешна трговија. Магистрирала на истиот Факултет на тема „Либерализација на меѓународната трговска размена помеѓу Европската унија и СТО" во 2006 година. Во 2007 година, на истиот Факултет, пријавила тема за изработка на докторска дисертација на тема „Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем", која ја одбранила на 9.11.2012 година на Економскиот факултет во Скопје.

Во 2003 година кандидатката д-р Тошевска-Трпчевска се вработила на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како помлад асистент од областа на меѓународната економија, а во 2007 година била избрана за асистент на група предмети од областа на меѓународната економија.

За време на нејзината академска кариера, кандидатката м-р Тошевска-Трпчевска напишала повеќе од дваесет стручни и научни трудови објавени во домашни и странски научни списанија, како и на домашни и на меѓународни конференции. Учествувала во триесетина домашни и меѓународни конференции, на повеќе семинари и работилници, а остварила и два студиски престоја во странство.

Во изминатиот период таа ја остварувала и функцијата секретар на Катедрата за надворешна трговија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и во тоа својство помагала и во извршувањето на активностите и задачите што ги покренува и организира Регионалниот тренинг центар – Светска царинска организација во составот на Економскиот факултет во Скопје.

Кандидатката м-р Тошевска-Трпчевска говори два странски јазика – англиски и француски, а умее да ги користи и современите компјутерски програми.

## УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ, СТУДИСКИ ПРЕСТОИ, РАБОТИЛНИЦИ И НА МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ

Во периодот од последниот избор во звање, кандидатката д-р Тошевска – Трпчевска ги реализирала следниве учества на семинари, студиски престои, работилници, курсеви и конференции:

1. 9-27.7.2012: учество на 24. Регионален курс на темата „Главни аспекти на меѓународната економска агенда за земјите во транзиција“, во организација на УНКТАД, одржан на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград, Белград, Република Србија;
2. 29.11.2011: „Конференција за унапредување на извозот 2011“, Министерство за економија, Скопје;
3. 3.11.2011: семинар на тема „Царина и правила на потекло од перспектива на ЦЕФТА – Алатка за олеснување на трговијата“, Стопанска комора на Македонија, Скопје;
4. 13.10.2011: семинар на тема „Нецарински бариери со кои се соочуваат компаниите при извоз и фитосанитарна контрола на производи“, Стопанска комора на Македонија, Скопје;
5. 17-20.5.2011: работилница на тема „САФЕ-Рамка на стандарди/ОЕО“, организирана од ОБСЕ-СЦО, Регионален тренинг центар – Светска царинска организација, Економски факултет, Скопје;
6. 14.04.2011: конференција на тема: „Создавање на бесхартиена околина“ организарана од Царинската управа на Република Македонија;
7. 29.11.2010: семинар на тема „ИНКОТЕРМС 2010“, организиран од Стопанска комора на Македонија, Скопје;
8. 23-24.11.2010: семинар на тема „Правила за потекло на стоките во ЦЕФТА-регионот“, организиран од Стопанска комора на Македонија, Скопје;
9. 18.11.2010: работилница на тема „Активно учење во големи студентски групи“, поддржана од Американските совети во Република Македонија и Македонско-американската алумни-асоцијација на Економскиот факултет во Скопје, Македонија.

## ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ПО ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ:

Во периодот од последниот избор во звање до денес, кандидатката Тошевска – Трпчевска ги објавила следниве трудови:

1. *Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем*, докторска дисертација, Економски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 9.11.2012.
2. „Времето како бариера во надворешнотрговската размена на Република Македонија“, *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 47 (2012), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2012 (во печат).
3. „Република Македонија и Рамката на стандарди на Светската царинска организација за обезбедување и олеснување на глобалната трговија“, *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 46 (2011), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2011, стр. 539-552.
4. „Очекувања за олеснување на трговијата со ЦЕФТА-2006 – Случајот на Република Македонија“, во *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 45 (2010), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2010, стр. 521-531.
5. “Regional vs Multilateral, Bilateral vs Regional Choices in the International Trade for the Republic of Macedonia”, *Electronic Proceedings of the Fifth International Conference on Economic Development Perspectives of SEE Region in the Global Recession Context,* , ISBN: 978-9958-25-046-0. COBISS.BH-ID 18370310, pages: 1-11, Faculty of Economics and Business, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, October, 2010.
6. “CEFTA 2006 – Tool for Economic Integration of the Western Balkan Countries”, Proceedings of the Second International Conference “Valis Aurea with Focus on Regional Development”, Branko Katalinic, ed., Pozega – Wien – Austria, 2010, p. 1561-1467.

Во продолжение ќе биде даден краток приказ на трудовите објавени од областа на која кандидатката се избира во звањето доцент.

1. ***Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем,*** докторска дисертација, Економски факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 9.11.2012.

Докторската дисертација на тема *Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем* е составена од вовед, пет глави и заклучок. Таа содржи и апстракт на македонски и на англиски јазик. Докторската дисертација е обработена на вкупно 295 страници, од кои на последните 10 страници се прикажани вкупно 190 референтни наслови најнова литература од областа, главно од англиското говорно подрачје и уште дваесетина интернет-страници. По користената литература, додадени се анекси на уште вкупно 15 страници во кои е прикажан прашалникот што бил употребен за истражувањето во рамките на македонската економија и релевантните табели со статистички обработените резултати. Покрај овие, во текстот има уште 17 табели и графикони во функција на изнесените констатации. Кон страниците на дисертацијата се наведени вкупно 470 референци.

Во **воведот**, д-р Тошевска-Трпчевска ги посочува актуелноста на проблематиката, предметот и целите, методите и планот на научното истражување.

**Првата глава**, насловена: **„Олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем“**, го дефинира поимот олеснување на трговијата во современиот мултилатерален трговски систем, по што е направен осврт на емпириските истражувања за важноста на олеснувањето на трговијата, каде што посебно внимание посветила на третманот на олеснувањето на трговијата во гравитациските и во моделите на општа рамнотежа. Во оваа глава е разгледан и односот на СТО, на останатите меѓународни организации и иницијативи и на самата царина кон предизвиците поврзани со олеснувањето на трговијата.

Во **втората глава** од дисертацијата, **„Олеснување на трговијата во рамките на Светската трговска организација“**, посебно внимание им се посветува на членовите 5, 8 и 10 на спогодбата ГАТТ од 1994 година. Потоа, разгледани се модалитетите на преговорите за олеснување на трговијата и тоа преку детално разгледување на член 1 од Спогодбата - Објавување и достапност на информациите, член 2, што се однесува на претходно објавување и консултирање и на членовите 3, 4, и 5, што се однесуваат на законските мерки, процедурите за жалба и другите мерки за подобрување на неделивоста, недискриминацијата и транспарентноста. Анализата продолжува со разгледување на одделните членови сè до член 15 од Спогодбата, што се однесува на: одредбите за трошоците и давачките поврзани со увозот и извозот, ослободувањето и царинењето на стоките, конзуларизацијата, соработката меѓу граничните агенции, формалностите поврзани со увозот и извозот, слободата на транзит, соработката меѓу царинските служби и разни институционални одредби. Кандидатката се осврнала и на можната содржина на Спогодбата за олеснување на трговијата, а потоа говори и за третманот на олеснувањето на трговијата во Спогодбата за определување царинска вредност на стоките, Спогодбата за правилата за потекло на стоките, Спогодбата за контрола на стоката пред испорака, Спогодбата за технички бариери во трговијата и Спогодбата за санитарни и фитосанитарни мерки.

**Третата глава**, насловена **„Олеснувањето на трговијата и Светската царинска организација“**, започнува со кратка презентација за поврзаноста на работата на Светската царинска и Светската трговска организација на подрачјето на олеснување на трговијата. Потоа е презентирана ревидираната Кјото-конвенција, како најпозната конвенција на Светската царинска организација, а чија цел е поедноставување и усогласување на царинските постапки на нејзините членки и потписнички. Излагањето продолжува со детално презентирање на Рамката на стандарди на Светската царинска организација за обезбедување и поедноставување на глобалната трговија како најголемо достигнување на подрачјето за олеснување на трговијата. Во овој дел се прикажани целите што треба да се постигнат со примената на Рамката на стандарди и придобивките што се очекуваат за сите учесници во меѓународната трговија од нејзината примена. Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија е составена од седумнаесет стандарди организирани во два т. н. столба. Во

рамките на трудот, тие се целосно прикажани. На крај е презентиран концептот овластен економски оператор како програма во состав на Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија, што е тесно поврзан со исполнувањето на стандардите од вториот столб царина – бизнис. Потоа, објаснети се условите и критериумите што компаниите вклучени во меѓународната трговија треба да ги исполнат за да се стекнат со поволностите од стекнувањето на статусот. Посебно место во трудот е одвоено за објаснување на придобивките што одделните царински администрации можат да им ги понудат на компаниите што ги исполниле условите и критериумите за стекнување на повластениот статус. Во трудот се укажува и на трошоците со кои компаниите би се судриле при исполнување на бараните критериуми за стекнување на статусот овластен економски оператор, како и насоките на Светската царинска организација и искуствата на националните економии што веќе вовеле програми за овластени економски оператори за начинот, постапката и чекорите за воведување на овие програми од националните царински администрации. Посебно внимание му е посветено на проблемот за заемно признавање на програмите и на статусот овластен економски оператор. На крајот од овој дел е согледана важноста и влијанието на мерките и на препораките на Светската царинска организација за олеснување на трговијата и за подигнување на економската благосостојба на земјите во светот.

Наредната, **четврта глава** со наслов: **„Олеснување на трговијата и Европската унија“** има за цел и задача согледување на ефектите и влијанието на олеснувањето на трговијата врз Европската унија како најголем трговски блок во светот. За таа намена овде се презентирани два аспекта:

Првиот аспект се однесува на правниот третман и регулирањето на подрачјето на олеснување на трговијата во рамките на Европската унија. Објаснети се поважните измени во регулативата на Европската унија преземени во насока на соочување со современите предизвици на меѓународната економија за одржување на безбедноста со истовремено поедноставување на легитимната трговија. Исто така е направена презентација на безбедносните измени што биле направени во Заедничкиот царински закон и прикажано е воведувањето на програмата овластен економски оператор во рамките на Европската унија. Потоа, направена е презентација на Модернизираниот царински закон на Европската унија што треба целосно да почне да се применува на 1 јануари 2013 година. Разработката на Модернизираниот царински закон на Унијата е направена со ставање акцент на одредбите за понатамошно олеснување на трговијата, што е посебно важно за нашата земја како кандидат за членство во Унијата. Хармонизацијата на подрачјето на царинското законодавство во таков случај е неопходна во процесот на пристапување кон Унијата бидејќи царинската политика за сите земји-членки е единствена и задолжителна.

Вториот аспект се однесува на согледување на конкретните ефекти од преземените мерки за олеснување на трговијата врз надворешнотрговската политика на Европската унија. Во оваа смисла доаѓа до испреплетување на ефектите од заедничката надворешнотрговска политика на Унијата, ефектите од политиката на Унијата за проширување со нови членки и ефектите од политиката на

Унијата за потпишување трговски договори со трети земји со истовременото преземање мерки за модернизација и зголемување на ефикасноста на националните царински администрации за олеснување на трговијата во согласност со препораките на Светската трговска и Светската царинска организација. Разгледани се повеќе аспекти за тоа дали Европската унија претставува вистинска царинска унија од аспект на подрачјето за олеснување на трговијата. Потоа е направено согледување на третманот и влијанието што подрачјето за олеснување на трговијата го има во различните преференцијални трговски договори што Европската унија ги склучува со своите трговски партнери. На крајот од четвртиот дел е објаснета важноста на подрачјето и на мерките за олеснување на трговијата што ги промовира меѓународната заедница за Европската унија како најразвиен трговски блок во светот.

Последната, **петта глава**, насловена: **„Олеснување на трговијата во Република Македонија“**, се однесува на мерките за олеснување на трговијата што се преземени или се планира да се преземат во Република Македонија. За оваа цел е даден краток преглед на некои досега применети мерки за олеснување на трговијата. Прикажана е регулативата на царинското подрачје со ставање посебен акцент на воведувањето на концептот овластен економски оператор и поедноставените царински постапки како негови претходници. Направена е темелна разработка на воведувањето на електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и за распределба на царинските квоти во Република Македонија. Исто така е направена кратка анализа на неколку досегашни истражувања за подрачјето на олеснување на трговијата во Република Македонија.

Во рамките на оваа глава целосно е презентирано емпириското истражување во македонската економија спроведено како основна нишка и повод за изработка на докторска дисертација од оваа област. Истражувањето се однесува на согледување и оценување на ефикасноста на преземените мерки од Царинската управа за олеснување на трговијата преку примената на електронскиот едношалтерски систем за добивање дозволи за увоз, извоз и транзит и за распределба на царинските квоти (ЕКСИМ-от) и со примената на поедноставените царински постапки. Во истражувањето е направен обид за согледување на заинтересираноста на македонските компании за стекнување на статусот овластен економски оператор, како и правење првична процена и споредба на очекуваните придобивки во олеснувањето на трговијата и потребните трошоци што македонските компании би требало да ги направат за исполнување на критериумите за стекнување на повластениот статус. Истражувањето е спроведено со помош на анкетен прашалник доставен до репрезентативен примерок од 211 македонски компании активно вклучени во меѓународната трговска размена. Врз основа на добиените резултати од анкетниот прашалник, дадени се согледувањата на македонските компании за придобивките и олеснувањата во трговијата од примената на едношалтерскиот систем и од примената на поедноставените царински постапки и се согледани нивните размислувања за очекуваната полза и трошоци од спроведувањето на концептот овластен економски оператор во практиката. Добиените резултати овозможуваат да се согледуваат потребните мерки што царинската администрација треба да ги преземе на ова подрачје во

насока на зголемување на извозот и на трговската размена и подигнување на економската благосостојба на целата земја.

По ова следуваат заклучните согледувања.

2. **„Времето како бариера во надворешнотрговската размена на Република Македонија“**, *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 47 (2012), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2012 (во печат).

Во овој труд д-р Тошевска-Трпчевска врши анализа на значењето на времето како исклучително важен чинител што има директно влијание врз вкупните трошоци и ефикасноста во надворешнотрговското работење, односно во меѓународната размена на стоки. Воедно, авторката укажува на фактот дека овој чинител многу често може да се злоупотреби како бариера што ја попречува слободната трговска размена на стоки. На крајот во трудот е разгледано влијанието на временската бариера врз надворешнотрговската размена на нашата земја.

3. **„Република Македонија и Рамката на стандарди на Светската царинска организација за обезбедување и олеснување на глобалната трговија“**, *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 46 (2011), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2011, стр. 539-552.

Во трудот авторката ги прикажува двата столба на стандарди на Светската царинска организација за олеснување и спроведување на концептот на безбедност во трговијата со стоки – првиот воспоставен на релација царина – царина и вториот воспоставен на релација царина – деловна заедница. Во трудот е разгледано спроведувањето на Рамката на стандарди за обезбедување и олеснување на трговијата во нашата земја преку досега спроведените реформи во системот. На крајот е апострофирано значењето на концептот овластен економски оператор чија примена сѐ уште не е во целост реализирана во светот.

4. **„Очекувања за олеснување на трговијата со ЦЕФТА-2006 – Случајот на Република Македонија“, во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 45 (2010),** Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2010, стр. 521-531.

Трудот го прикажува значењето на потпишувањето на мултилатералната спогодба ЦЕФТА-2006 за земјите од Западен Балкан. Со оваа спогодба биле заменети вкупно 32 билатерални договори што земјите во регионот ги потпишале за регулирање на меѓусебните трговски односи. Во него се прикажани поважните аспекти на воспоставувањето зона на слободна трговија за земјоделските и неземјоделските производи, отстранувањето на техничките бариери и останатите поважни мерки за поддршка на слободното движење на стоки и капитал, како и условите под кои може да се воведат дополнителни мерки на заштита. Понатаму, разгледани се олеснувањата на царинските и на транзитните процедури, како и можностите и ограничувањата за користење на правилата за кумулација на потеклото на стоките во рамките на воспоставената зона на слободна трговија. Општата

констатација во трудот е дека и покрај олеснувањата што настанале во трговската размена во регионот ЦЕФТА-2006, обемот на вкупната трговска размена не доживеал значително зголемување.

5. **"Regional vs Multilateral, Bilateral vs Regional Choices in the International Trade for the Republic of Macedonia"**, *Electronic Proceedings of the Fifth International Conference on Economic Development Perspectives of SEE Region in the Global Recession Context,* ISBN: 978-9958-25-046-0. COBISS.BH-ID 18370310, pages: 1-11, Faculty of Economics and Business, Bosnia and Herzegovina, October, 2010.

Во овој труд станува збор за изборот меѓу мултилатералната или регионалната, од една, и билатералната или регионалната стратегија за настап на Република Македонија на меѓународната трговска сцена, од друга страна. Во него е направена анализа на надворешнотрговската размена на Република Македонија според принципот на најповластена нација и размената реализирана во рамките на преференцијалните договори за слободна трговија. Посебен осврт е направен врз Спогодбата за стабилизација и асоцијација склучена со Европската унија и мултилатералната трговска спогодба ЦЕФТА-2006. На крајот на трудот авторката заклучува дека влијанието на преференцијалните трговски договори, без оглед на тоа дали се регионални или билатерални, зависи од значењето на трговскиот партнер со кој се склучуваат договорите и од меѓусебната комплементарност на производните и извозните структури на земјите-трговски партнери.

6. **"CEFTA 2006 – Tool for Economic Integration of the Western Balkan Countries"**, Proceedings of the Second International Conference "Valis Aurea with Focus on Regional Development", Branko Katalinic, ed., Pozega – Wien – Austria, 2010, p. 1561-1467.

Овој труд авторката го посветува на објаснувањето на очекуваните ефекти од либерализацијата на трговијата договорени во рамките на мултилатералната трговска спогодба ЦЕФТА-2006. Посебно објаснување е дадено на договорените одредби за олеснување на трговијата преку изедначувањето на царинските и транзитните процедури и одредбите за кумулација на потеклото меѓу земјите. Авторката направила анализа на некои од резултатите од примената на договорот ЦЕФТА-2006 и согледала дека најголеми ефекти се остварени врз порастот на извозот меѓу земјите-членки, при што е утврден поголем пораст на иднексот на интрарегионална трговија од индексот на извозен пораст кон Европската унија, но евидентна е и појавата на разлики меѓу одделните земји и сè уште доминантната улога на Европската унија врз трговската размена. Во заклучните согледувања авторката наведува дека е важно да дојде до исполнување на неоходните предуслови за целосна реализација на сите опции за дијагонална кумулација на потеклото, како и примена на структурни реформи што ќе овозможат зголемување на конкурентноста на производителите од регионот за настап на пазарот на самата ЦЕФТА-2006, но и на пазарот на ЕУ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на конкурсните материјали, Рецензентската комисија констатира дека единствениот кандидат на конкурсот што се пријавил на објавениот конкурс во весникот „Вечер" од 6.12.2012 и во весникот „Zhurnal plus" од 7.12.2012 година е м-р Катерина Тошевска-Трпчевска. Кандидатката ги исполнува сите законски и нормативни критериуми за избор во звањето доцент од областа на економските науки на предметот мултилатерален трговски систем. По проучувањето на приложената документација од кандидатката и увидот во нејзините објавени трудови, Комисијата е едногласна во мислењето дека:

- Кандидатката д-р Катерина Тошевска-Трпчевска поседува деветгодишно искуство како соработник, од кои петгодишно работно искуство како асистент на група предмети од областа на меѓународната економија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
- За време на својот ангажман, кандидатката д-р Тошевска-Трпчевска со успех ги извршувала сите задачи во рамките на високообразовната дејност на Факултетот. Едновремено се изградувала и на научен план земајќи активно учество на повеќе странски и домашни семинари, работилници и меѓународни конференции. Исто така, остварила и тринеделно усовршување во потесната област од интерес земајќи учество на 24. Регионален курс на тема „Главни аспекти на меѓународната економска агенда за земјите во транзиција", во организација на УНКТАД, одржан на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград, Белград, Република Србија.
- Сите обврски на работното место ги извршува професионално и одговорно, а со студентите има коректен однос. Сето ова го потврдува фактот дека станува збор за квалитетен, млад наставно-научен кадар пред кого стои можност за уште поголемо напредување во кариерата и промовирање на матичниот факултет и универзитет како врвни вискообразовни институции во земјата.
- Во поткрепа на горенаведеното одат и податоците за остварените 138,32 бода на кандидатката за нејзиниот досегашен ангажман во наставната, научноистражувачката и стручната и апликативната дејност (прилог табела Анекс 2 на рецензентскиот извештај).

Врз основа на понапред искажаните стојалишта, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје да ја избере д-р Катерина Тошевска-Трпчевска во звањето доцент од областа на економските науки по предметот Мултилатерален трговски систем.

Скопје, 21.12.2012

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Ирена Кикеркова, с.р.
2. Проф. д-р Љубица Костовска, с.р.
3. Академик д-р Гоце Петревски, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Катерина Трајче Тошевска-Трпчевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Економски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **економски науки**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Настава во школи и работилници**<br>[ раководител 1,5 поени, учесник 1 поен]<br>▪ Одржано предавање на тема „Надворешнотрговска политика на Европската унија и односите со СТО", во рамките на семинарот "European Integration and EU's Decision Making Process" одржан на 27.9.2005 год. во Струга (1 поен) | **1** |
| | **Одржување на вежби (изработка на семинарски трудови)**<br>[број на часови*број на недели*бодување 0,03]<br>▪ Меѓународна економија (3 часа * 15 недели* 0,03 * 6 семестри = 8,1 поен)<br>▪ Надворешна трговија (3 часа * 15 недели* 0,03 * 6 семестри = 8,1 поен)<br>▪ Надворешнотрговско работење (3 часа * 15 недели* 0,03 * 6 семестри = 8,1 поен) | **24,3** |
| | **Подготовка на нов предмет**<br>[предавања 1, вежби 0.5 поени]<br>▪ Подготвување на предавањата по предметот мултилатерален трговски систем (1 поен)<br>▪ Подготвување на предавањата по предметот меѓународни трговски трансакции (1 поен) | **2** |
| | **Консултација со студенти 0.002**<br>[број на студенти * бодување * години на работа]<br>▪ Меѓународна економија (350 студенти * 0,002 *8 семестри = 5,6 поени)<br>▪ Надворешна трговија (350 студенти * 0,002 * 8 семестри = 5,6 поени)<br>▪ Надворешнотрговско работење (90 студенти * 0,002 * 5 семестри = 0,9 поени)<br>▪ Мултилатерален трговски систем (90 студенти *0,002 * 2 семестри = 0,36 поени)<br>▪ Меѓународни трговски трансакции (90 студенти | **12,82** |

| | | |
|---|---|---|
| | *0,002 * 2 семестри = 0,36 поени) | |
| | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>▪ Пакет материјали за предметот мултилатерален трговски систем (1 поен)<br>▪ Пакет материјали за предметот меѓународни трговски трансакции (1 поен) | **2** |
| | **Вкупно** | **42,12** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Раководител на меѓународен научен проект** (9 поена)<br>▪ Раководител на АСО – проект: „Улогата на образованието во должината на траењето на невработеноста", во организација на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот во Марибор, Словенија (1.06.2006 – 31.5.2008 година) (9 поени) | **9** |
| | **Учесник во национален научен проект** (3 поени)<br>▪ Учесник во национален проект одобрен од Министерството за образование на Република Македонија на тема: „Анализа на економската одржливост на концептот овластен економски оператор (ОЕО) во Република Македонија според правилата на Светската трговска организација (СТО)", од 1.10.2010 до 30.9.2012 година (3 поени) | **3** |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** (5 поени)<br>▪ Учесник во Темпус - проектот JEP_17013-2002 „Континуирано образование за европски прашања: Основање на Тренинг центар за Европска интеграција" на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (1.9.2003 – 31.8.2006 година) (5 поени) | **5** |
| | **Дел од монографија** (4 поени)<br>▪ „Европската унија – наша цел и иднина", дел од изданието *Согледувања за реализираните активности од Tempus JEP_17013-2002 "Континуирано образование за европски прашања: Основање на Тренинг центар за Европска интеграција", Конференција за гласност II: Заедно кон ЕУ*, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2004, (4 поени) | **4** |
| | **Дел од монографија објавен во странство** (6 поени)<br>▪ "Labor Market Overview in the Republic of Macedonia" (коавтор), глава објавена во Scientific Monograph *Labor Market Characteristics in Selected Economies*, Darja Boršič, Alenka Kavkler (eds.), Faculty of | **5,4** |

| | | |
|---|---|---|
| | Economics and Business, University of Maribor, 2008 стр. 71-88 (90% од поените= 5,4 поени) | |
| | **<u>Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор</u>** (3 поени)<br>▪ "Cox Regression Models for Unemployment Duration in Romania, Austria, Slovenia, Croatia and Macedonia" (коавтор) објавен во *Romanian Journal of Economic Forecasting – 2/2009*, with JEL classification: C14, C24, J60, J 64, Institute of Economic Forecasting, Bucharest, Romania, 2009, стр. 81-104. (60% од поените = 1,8 поени) | **1,8** |
| | **<u>Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор</u>** (3 поени)<br>▪ "Regional vs Multilateral, Bilateral vs Regional Choices in the International Trade for the Republic of Macedonia", Electronic Proceedings of the International Conference "Economic Development Perspectives of SEE Region in the Global Recession Context", 5th International Conference of the Faculty of Economics and Business in Saraevo, Saraevo, Bosnia and Herzegovgina, ISBN: 978-9958-25-046-0. COBISS.BH-ID 18370310, pages:1-11, 14-15 October, 2010. (3 поени)<br>▪ "CEFTA 2006 – Tool for Economic Integration of the Western Balkan Countries", 2nd International conference "Vallis Aurea" Focus on: Regional Development, *Proceedings 3rd September 2010,* editor: Branko Katalinic, Pozega – Vienna, Croatia – Austria, 2010, pp. 1461-1467. (3 поени)<br>▪ "Labor Market Particularities in Slovenia: Unemployment Point of View" (coauthor), paper published in *Slovenia and Hungary as Partners in the Processes of National and European Socioeconomic Development*, University of Maribor, Maribor, Slovenia, 2007, pp. 87-104. (60% од поените = 1,8 поени)<br>▪ "Elaboration of the Unemployment in the Republic of Macedonia through Duration Models" (coauthor), *9th International Symposium on Operational Research* Lidija Zadnik Stirn and Samo Drobne, editors, 26-28 септември 2007, Nova Gorica, Slovenia, pp. 285-290. (90% од поените = 2,7 поени)<br>▪ "Demystification of the Unemployment Duration in the Republic of Macedonia" (коавтор), труд објавен во "*Labour Market and the Role of Education: Proceedings of International Scientific Round Table"*, editors: Darja Borsic, Daniela – Emanuela Danacica, Alenka Kavkler, Faculty of Economics and Business, University of Maribor, Maribor, Slovenia, 2007, pp. 26-41. (90% од поените = 2,7 поени) | **19,2** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ "EU Foreign Trade Policy and Relations with WTO" in *Proceedings Continuing Education in European Affairs: Establishment of European Integration Training Center: Proceedings*, Faculty of Economics, Skopje, pp. 264- 276. (3 поени)<br>▪ „Надворешнотрговската политика на Европската унија и односите со СТО", во: *Преглед на трудови во рамките на проектот ТЕМПУС „Континуирано образование за европски прашања: Воспоставување на Тренинг центар за европска интеграција"*, Економски факултет, Скопје, 2006, стр. 359-377 (3 поени) | |
| | **<u>Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција</u>** (2 поени)<br>▪ „Времето како бариера во надворешнотрговската размена на Република Македонија" (во печат) *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 47 (2012), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2012. (во печат) (2 поена)<br>▪ „Република Македонија и Рамката на стандарди на Светската царинска организација за обезбедување и олеснување на глобалната трговија", во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 46 (2011), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2011, стр. 539-552. (2 поена)<br>▪ „Очекувања за олеснување на трговијата со ЦЕФТА-2006 – Случајот на Република Македонија", во *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 45(2010), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2010, стр. 521-531. (2 поена)<br>▪ „Олеснување на трговијата во договорите за слободна трговија на Република Македонија" во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 43 (2008), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2008, стр. 577-589. (2 поена)<br>▪ „Ефекти врз надворешнотрговската размена на Република Македонија по склучувањето на ССА", во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 42 (2007), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2007, стр. 373-382. (2 поена)<br>▪ "Решавање трговски спорови во рамките на СТО – Некои примери од надворешнотрговската политика на Европската Унија", во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 41 (2006), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2006, стр. 515-523. (2 поена)<br>▪ „Регионални трговски договори во надворешнотрговската политика на Европската унија", во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 40 (2005), Економски факултет, | **16** |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2005, стр. 537-545. (2 поена)<br>▪ „Приближувањето кон Европската унија од аспект на надворешнотрговската размена", во: *Годишник на Економски факултет – Скопје,* Том 39 (2004), Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2004, стр. 577-588. (2 поена) | |
| | **<u>Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество</u>** (3 поени)<br>▪ Одржано предавање на тема „Олеснување на трговијата во Република Македонија", во рамките на 24. Регионален курс на темата „Главни аспекти на меѓународната економска агенда за земјите во транзиција", во организација на УНКТАД, одржан на Економскиот факултет при Универзитетот во Белград, Белград, Република Србија, на 23.7.2012 година (3 поени) | 3 |
| | **<u>Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество</u>** (2 поени)<br>▪ "Analysis of the Effects of the Stabilization and Association Agreement over the External Trade of the Republic of Macedonia" paper presented at the *17th IT & FA (International Trade and Finance Association) Annual Conference,* 16-19 May 2007, Miami, USA. (2 поена)<br>▪ "The Main Characteristics of the Unemployment in Macedonia" (coauthor), paper presented at international conference: *Economics and Globalization,* Faculty of Economics, Constantin Brancescu University, Targu-jui, Romania, November, 2006. (90% од поените = 1,8 поена)<br>▪ "External Trade of the Republic of Macedonia and the Stabilization and Association Agreement" paper presented at international conference: *Competitiveness and stability in the knowledge based economy,* Faculty of Economics and Business Administration, University of Craiova, Romania, 20-21 October, 2006. (2 поена)<br>▪ Одржано предавање на тема „План за спроведување на истражувањето во Република Македонија", во рамките на првата работилница од меѓународниот проект „Улогата на образованието во должината на невработеноста", на Факултетот за бизнис и економија во Марибор, Словенија, одржана од 31.5 до 2.6.2006 година (2 поени) | 7,8 |
| | **Вкупно** | **74,2** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Рецензент на учебник за средно или основно образование** (0,5 поени)<br>▪ Претседател на рецензентска комисија за учебник за средно образование по предметот економска географија во 2009 година (0,5 поени) | 0,5 |
| | **Учество во промотивни активности на Факултетот** (0,5 поени)<br>▪ Учество во промотивни активности на Факултетот за учебните 2004/2005, 2005/2006, 2006/2007, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 и 2012/2013 година (саеми, посети на средни училишта и учество во „Отворен ден") (7 години *0,5 поени = 3,5 поени) | 3,5 |
| | **Студиски престој во странство**<br>[до 3 месеци - 0,5 поени; до 6 месеци - 1 поен; повеќе од 6 месеци - 2 поени]<br>▪ 1.1.- 31.5.2007: студиски престој на Елиот - школата за меѓународни односи при Универзитетот „Џорџ Вашингтон", Вашингтон, САД, во рамките на Програмата за развој на млад наставен кадар (Junior Faculty Development Program). (1 поен)<br>▪ 3-23.10.2005: студиски престој на Економскиот факултет на Универзитетот во Лисабон (Universidade Nova de Lisboa), Лисабон, Португалија. (0,5 поени) | 1,5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен проект**<br>[носител - 1, соработник - 0,5]<br>▪ Соработник во подготовката на националниот проект одобрен од Министерството за образование на Република Македонија на тема: „Анализа на економската одржливост на концептот овластен економски оператор (ОЕО) во Република Македонија според правилата на Светската трговска организација (СТО)" во 2010 година. (0,5 поени) | 0,5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**<br>[носител - 2, соработник - 1]<br>▪ Соработник во пријавувањето на меѓународниот АСО - проект „Улогата на образованието во должината на траењето на невработеноста", во организација на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот во Марибор, Словенија, во 2006 година. (1 поен)<br>▪ Соработник во изработката на пријавата за добивање Жан Моне - модул (Jean Monnet Module) за воспоставување на предметот Единствен пазар на ЕУ на додипломските студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | во 2010 година. (1 поен)<br>▪ Соработник во подготовката на пријавата за одобрување билатерален проект до Министерството за образование и наука на Република Македонија со наслов „Јакнење на конкурентноста на словенечката и македонската економија во рамките на европските интегративни процеси" (Strengthening the competitiveness of Slovenian and Macedonian economy in European integration processes) во 2011 година. (1 поен) | |
| | **Член на факултетска комисија** (0,5 поени)<br>▪ Комисија за подготовка и комплетирање на документи за добивање на ЕКТС - лиценца (ECTS - label) според условите и барањата на европскиот кредит - трансфер систем во 2004 и 2005 година (2 пати *0,5 поени= 1 поен)<br>▪ Комисии за запишување студенти на прв циклус студии во учебните 2004/2005, 2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009, 2010/2011, 2011/2012 и 2012/2013 година (8 пати * 0,5 поени = 4 поени)<br>▪ Комисија за јавни набавки во 2012 година (0,5 поени)<br>▪ Комисии за изготвување кратки содржини по нови предметни програми по предметите: европски економски интеграции, мултилатерална трговска регулатива, мултилатерален трговски систем и Единствен пазар на ЕУ во 2008 година (4 комисии * 0,5 поени = 2 поени)<br>▪ Комисија за проценка на вредноста на книгите во библиотеката на Економскиот факултет во 2006 година (0,5 поени)<br>▪ Комисија за изработка на Упатство за изработка на стручни трудови од страна на студентите на Економскиот факултет во 2005 година (0,5 поени)<br>▪ Комисија за изготвување преглед за учество на наставниците и соработниците на Економскиот факултет во Скопје на меѓународни собири (конгреси, конференции, семинари и др.) на англиски јазик во 2004 година. (0,5 поени)<br>▪ Работен тим за изготвување на supplement диплома за департманот надворешна трговија во 2005 година. (0,5 поени)<br>▪ Комисија за самоевалуација на студиската група по надворешна трговија во 2005 година. (0,5 поени) | **12** |
| | ▪ Секретар на Катедрата за надворешна трговија на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (2 мандати *0,5 поени = 1 поен) | |
| | **Координатор на студиска програма** (1 поен)<br>▪ ЕКТС - координатор на студиската програма по надворешна трговија од 2010 година (1 поен) | **1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Вкупно | 22 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **42,12** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **74,2** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22** |
| **Вкупно** | **138,32** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Ирена Кикеркова, с.р.
2. Проф. д-р Љубица Костовска, с.р.
3. Академик д-р Гоце Петрески, с.р.

# ПРЕГЛЕД

на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје

на 396. седница на Наставно – научниот совет одржана на 19.12.2012 година

| Р. бр. | Кандидат | Работен наслов на темата | Ментор |
|---|---|---|---|
| 1 | **Јовче Димчев, дипл. град.инж.** | **Современи методи за сеизмичка анализа на мостови** | проф. д-р Љупчо Лазаров, Градежен факултет во Скопје |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ" ВО СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", на својата 73 седница одржана на 24. 12. 2012 година, нè избра за рецензенти во врска со пријавата на в. н. сор. д-р Гоце Цветановски. Конкурсот беше распишан во дневниот весник „Вечер", бр. 15166. г. XILX на 17 декември 2012 година, за избор во повисоко звање. Заблагодарувајќи му се на Советот за укажаната доверба го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот д-р Гоце Цветановски е роден на 4. 2. 1971 година во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование. Дипломирал на Филолошкиот факултет во Скопје, група *македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности,* а во учебната 1996/97 година се запишал на постдипломски студии од областа на македонскиот јазик. Истовремено, од страна на *Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* бил избран за лектор по македонски јазик на Московскиот државен универзитет „М. В. Ломоносов" во Москва, Руска Федерација. На Московскиот универзитет работел две години и стекнал солидни познавања на рускиот јазик. Магистерската дисертација на тема *Каршијачкиот говор - Скопско (со посебен осврт на синтаксата),* ја одбранил во јануари 2003 г. Докторската дисертација на тема *Говорот на Македонците во Мала Преспа* ја одбранил во јули 2007 година пред Комисијата во состав: проф. д-р Стојка Бојковска, проф. д-р Максим Каранфиловски, н. сов. д-р Снежана Велковска, н. сов. д-р Лилјана Макаријоска и в.н. сор. д-р Снежанка Веновска-Антевска.

Д-р Гоце Цветановски работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" од 1999 година. Од вработувањето, тој е вклучен во работата на проектот *Македонски дијалектен атлас.* На почетокот Цветановски работи како помлад асистент-истражувач, потоа како асистент-истражувач, а во 2007 год. е избран во звањето научен соработник. Тој бил вклучен во сите планирани фази на работа на проектот *Македонски дијалектен атлас* - теренски истражувања, ексцерпција на дијалектниот материјал, изработка на индекси, легенди и карти. Учествувал во подготвувањето за печатење на монографијата *Морфолошката структура на придавките во македонскиот литературен и дијалектен јазик* од Маријана Киш (Скопје, 2005).

Од 2008 година е главен истражувач на проектот *Македонските дијалекти надвор од границите на Република Македонија.*

Интересот за работа врз проблематика од лексикологијата и лексикографијата на македонскиот јазик, д-р Цветановски го покажува вклучувајќи се, како надворешен соработник, во работата на проектот *Толковен речник на македонскиот јазик,* кој се работи во рамките на Институтот за

македонски јазик. Цветановски има свои речнички статии во четири од петте објавени тома од Речникот.

Кандидатот има учествувано со реферати на повеќе научни конференции, домашни (*Општествените промени и јазикот*, ИМЈ, 2004; *Македонскиот јазик - минато, сегашност, иднина*, ИМЈ, 2003; *Македонската лексикологија и лексикографија*, ИМЈ, 2001; *Македонскиот јазик во јавното општење* ИМЈ, 2000 и др.), како и на неколку меѓународни конференции (*Теории и методи на ареалната лингвистика; Придонесот на Божидар Видоески во развојот на македонската и словенската наука за јазикот*, МАНУ, 2003; *Македонско-полска научна конференција*, Скопје, 2008 и *Полско-македонска научна конференција, Македонскиот дискурс по осамостојувањето. Историја - култура - литература - јазик - медиум*, Institut Nauk Politycznych i Stosnukow Międzynarodowych Wydzial Studiów, Uniwersytetu Jagiellońskiego, 11-15 мај, Краков, 2009; *Македонско-руска научна конференција*, Охрид, 2008).

Д-р Цветановски е автор на четириесетина прилози (статии, прикази, хроники) посветени на различни области од македонистиката, пред сè од областа на дијалектологијата на македонскиот јазик, објавени во македонски, но и во странски научни списанија.

Неговата монографија *Каршијачкиот говор - Скопско (со посебен осврт на синтаксата)* е отпечатена како 41 книга во едицијата *Посебни изданија*, ИМЈ, Скопје, 2004 година.

Д-р Цветановски од 1999 година бил член на Извршниот одбор на *Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Р. Македонија*, каде што учествувал во изготвувањето на тестовите за натпреварите по македонски јазик и литература за основното и за средното образование што ги организира Сојузот. Од 2002 до 2004 година бил претседател на *Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија.* На Свечениот собир по повод 50-годишнината од формирањето на Сојузот, д-р Гоце Цветановски е еден од добитниците на Плакета на Сојузот како признание за неговата работа во рамките на Сојузот.

Во врска со проектот *Македонски дијалектен атлас* (МДА), во 2001 година бил на студиски престој во Институтот за словачки јазик во Братислава.

Во периодот 2000-2001 година бил надворешен соработник во емисијата *Созвездија* на телевизија *Телма*, каде што учествувал со свои прилози во рубриката *Јазични одблесоци*.

Во соработка со Документарната програма на МРТВ има снимено емисии за скопската област Каршијак врз основа на неговите теренски истражувања, како и документарна емисија за реонот Преспа во Република Албанија.

По покана на Асоцијацијата на витезите од Москва, учествувал на меѓународната конференција *Дијалог меѓу цивилизациите* во Покров, Руската Федерација (2008), каде што одржал предавање на тема: *Историјата, јазикот и културата на јужнословенските народи во балкански и словенски контекст низ призмата на македонската историографија и лингвистика - сличности и разлики*, Покров-Москва, 2008, за што добил Благодарница од Асоцијацијата на витезите.

Од 2009 година д-р Гоце Цветановски е професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, (каде што ги предава предметите: *дијалектологија на македонскиот јазик, лингвостилистика, лексикологија на македонскиот јазик, фразеологија на македонскиот јазик* и

*морфологија на современиот македонски јазик),* како и на приватниот универзитет ФОН (каде што го предава предметот *современ македонски јазик).* Од учебната 2010/2011 год. е вклучен во програмата за постдипломските студии Македонистика со комуникологија при ЈНУ ИМЈ „Крсте Мисирков", Скопје како професор по предметите: *методологија на лингвистичките и антрополошките истражувања, методи и техники на теренските истражувања и деловна кореспонденција,* а од учебната 2012/13 год. е вклучен и во програмата за постдипломски студии на Филолошкиот факултет при УГД, Штип како професор по предметите: *дијалектологија и етимологија, методи и техники на теренските истражувања.*

Од изложената биографија се гледа интересот и подготвеноста на д-р Цветановски за вклучување и ангажман во различни активности во врска со унапредувањето и афирмацијата на македонскиот јазик, во општествени рамки, во воспитно-образовниот систем и, се разбира, во научната работа врзана со проектите на Институтот за македонски јазик и со други меѓународни проекти од областа на лингвистиката и комуникологијата.

Во неговиот прв поголем труд, монографијата *Каршијачкиот говор - Скопско (со посебен осврт на синтаксата),* се согледува зрелоста и способноста на авторот за дијалектолошки истражувања, како за собирање и прецизно запишување на дијалектниот материјал, така и за негово селектирање и објективно проценување во рамките на македонскиот дијалектен систем. Функционалната интерпретација на дијалектниот материјал, на која и е посветен поголемиот дел од монографијата, ја покажува теоретската подготовка и јазичниот усет на авторот да ги претстави суптилните специфичности што го карактеризираат каршијачкиот говор и го диференцираат од соседните македонски говори, но истовремено го покажуваат како интегрален дел од македонското западно наречје, или попрецизно, го прикажуваат каршијачкиот говор како еден од претставниците на македонските централни говори.

Посебно е значајна работата на д-р Цветановски во врска со дијалектолошките истражувања вршени за потребите на неговата докторска дисертација *Говорот на Македонците во Мала Преспа.* Се работи, всушност, за говорот на Македонците во селата што се наоѓаат на западната страна на Преспанското Езеро во Република Албанија: Туминец, Горна Горица, Долна Горица, Гломбочени, Шулин, Пустец, Леска Зрноско и Церје.

Овој труд е особено важен бидејќи се работи за дијалектолошки истражувања, вршени непосредно на терен, меѓу македонското население во Р. Албанија. Според досегашното искуство, ова не е вообичаен начин на собирање на македонски дијалектен материјал од територија што се наоѓа надвор од границите на Р. Македонија, особено кога се работи за македонски истражувачи.

Според јазичната анализа на д-р Цветановски, се потврдува дека истражуваната географска територија од лингвистички аспект го заслужува терминот западнопреспански говор, кој се покажува како посебна јазична целост во рамките на преспанската група говори.

Истражувањата во посочената јазична група, во значајна мера, се вршени според *Прашалникот за собирање материјал за Македонскиот дијалектен атлас* и претставуваат корисно дополнување на дијалектната картотека на овој проект, а нудат и дополнителна збирка на текстови што непосредно го презентираат истражуваниот македонски говор.

Особено се интересни забелешките од социолингвистички карактер во врска со развојот на македонскиот јазик во туѓојазична средина, како и за влијанијата што македонскиот јазик ги трпи од албанскиот јазик, како службен јазик во Р. Албанија, а кои во говорот најнепосредно се согледуваат на планот на лексиката.

Посочените монографии на д-р Гоце Цветановски, вклучувајќи ги и неговите статии, претставуваат солидни научни трудови што ја збогатуваат македонската наука за јазикот, пред сè, македонската дијалектологија, како со нов дијалектен материјал, така и со нови сознанија.

Врз основа на сето погоре изложено, Рецензентската комисија му предлага на Советот на ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" да го избере д-р Гоце Цветановски во звањето НАУЧЕН СОВЕТНИК.

Скопје, 25. 12. 2012 год.

Рецензенти

1. Проф. д-р Убавка Гајдова, с.р.

2. Проф. д-р Веселинка Лаброска, с.р.

3. Проф. д-р Светлана Давкова-Горгиева, с.р.

# БИБЛИОГРАФИЈА на д-р Ѓоце Цветановски

## Монографии:

1. *Каршијачкиот говор - Скопско (со посебен осврт на синтаксата),* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Посебни изданија кн. 41, Скопје, 2004.
2. *Македонски дијалектен атлас - Пролегомена,* ИМЈ, Скопје, 2009 (коавторски труд).
3. *Говорот на Македонците во Мала Преспа (западнопреспански говор),* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Посебни изданија кн. 66, Скопје, 2010.
4. *Вратничко-полошките говори - духовна ризница,* ИМЈ, (гл. редактор: Веселинка Лаброска, автори: Гајдова У., Давкова-Горгиева С., Лаброска В., Цветановски Г., Томовски Д.), Скопје, 2012.

## Речници и енциклопедии:

1. *Толковен речник на македонскиот јазик,* том 1, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" (главен редактор: Кирил Конески), Скопје, 2003 (коавтор).
2. *Толковен речник на македонскиот јазик,* том 2, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" (главен редактор: Кирил Конески), Скопје, 2004 (коавтор).
3. *Толковен речник на македонскиот јазик,* том 3, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" (главен редактор: Кирил Конески), Скопје, 2006 (коавтор).
4. *Толковен речник на македонскиот јазик,* том 4, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков" (главен редактор: Кирил Конески), Скопје, 2008 (коавтор).
5. *Македонска енциклопедија,* том 1 и 2, МАНУ (главен редактор: акад. Блаже Ристовски), Скопје, 2009 (коавтор).
6. Македонско-грчки речник (член на редакција) Лерин, 2011.

## Статии:

1. *Ложные друзя переводчика в польском и македонском языках,* (Стенплевски Ар., Цветановски Г.), Совещание: семинар преподавателей польского языка, Диалог : МГУ, Москва, 1997.
2. *Проблемот на меѓујазичните корелати при изучувањето на сродни јазици,* Литературен збор, XLVI /3-4, Скопје, 1999.
3. *Употребата и значењето на плусквамперфектот во говорот на с. Јаболци,* IV научен собир на млади македонисти, Скопје, 1999.
4. *Учебникот по историја за петто одделение од јазичен аспект,* Јазикот во учебниците за основното образование, Скопје, 1999.
5. *Местото на перфектот во темпорално-модалниот систем на каршијачкиот говор,* Македонскиот глагол: синхронија и дијахронија, Скопје, 2001.
6. *Македонската лексикографија во светлинаша на дијалектолошките истражувања* (Светлана Давкова-Ѓоргиева, Гоце Цветановски), Македонската лексикологија и лексикографија, Скопје, 2001.

7. *Глаголите со значење менување влакно кај добитокот во дијалектите на македонскиот јазик,* Македонската лексикологија и лексикографија, Скопје, 2001.
8. *За граматичката зависност на именската синтагма од глаголската синтагма во каршијачкиот говор,* Македонскиот јазик - минато, сегашност, иднина, Скопје, 2003.
9. *Општествените промени и дијалектите на македонскиот јазик,* Општествените промени и јазикот, Скопје, 2004.
10. *Карактеристики на збороредот на придавските определби во каршијачкиот говор,* Современи состојби во македонскиот јазик и во македонската литература, Штип, 2004.
11. *Конститутивниот елемент на именската синтагма во каршијачкиот говор,* Теории и методи во ареалната лингвистика, МАНУ, Скопје, 2003.
12. *Формална и функционална анализа на сложените глаголски форми (перифрастични конструкции) врз примери од скопскоблатскиот говор,* Литературен збор, LII/4-6, Скопје, 2005.
13. *Говорот на Македонците во Мала Преспа* Литературен збор, LVI/1-3, Скопје, 2008.
14. *Албанскиот јазичен елемент во западнопреспанскиот говор,* Јазиците во контакт, Денови на Благоја Корубин, Скопје, 2007.
15. *Американското културно и јазично влијание на европска почва (врз примери од македонската јазична практика за именување на големи бројни вредности во Меѓународниот систем на единици),* Денови на Благоја Корубин, Скопје, 2009.
16. *Типови plusquaperfectum во скопскоблатскиот и западнопреспанскиот говор (формален и функционален опис),* XXXV научна конференција, Охрид, 2008.
17. *Улогата на Афанасиј Матвеевич Селишчев во развојот на македонската дијалектологија,* Македонија и Русија/СССР (историја - политика - култура) од Првата светска војна до формирањето на современата македонска државност (1914-1944), Македонско-руски научен собир, Охрид, 16-18 септември 2008.
18. *Јазикот на политичките портали во Република Македонија,* Македонско-полска конференција, Скопје, 2008.
19. *Од лексиката на западнопреспанскиот говор (во Р Албанија),* Зборник во чест на К. Конески, Скопје, 2009.
20. *Претседателските и локалните избори во март 2009 година во Република Македонија, на интернет:* Полско-македонска конференција, Краков, 2010.
21. *Фолклоротерапија (македонскиот фолклор како терапевтско средство) Балкански јазичен светоглед.* Денови на Благоја Корубин, Скопје, 2009.
22. *Говорот на Македонците во Мала Преспа,* Македонски јазик LVIII-LIX, Скопје, 2007-2008.
23. *Македонскиош фолклор како терапевтско средство,* Филолошки студии, Пермский государственный университет (Россия), Перм, 2009.
24. *Лексичкиот том на Македонскиот дијалектен атлас (МДА) - можност за авторска интерпретација и картографска обработка,* Меѓународен македонистички собир во рамките на манифестацијата 2008 - Година на македонскиот јазик, Охрид, 30 август и 1 септември, Скопје, 2010.
25. *Именувањата 'толчник' и 'садот во кој се толче лук' во македонските дијалекти,* Научен собир во ИМЈ, Скопје, 2010 (коавтор).
26. *Македонските дијалекти надвор од границите на Република Македонија,* Билтен на Советот за македонски јазик, Скопје, 2010.

27. *Истражувањата за македонските дијалекти надвор од границите на Република Македонија*, XXXVII научна конференција во Охрид, 2010.
28. *Карактеристики на фонолошките бази во граничните зони на западното македонско наречје (врз примери од скопскоблатскиот и западно-преспанскиот говор)*, Конференција и заседание на Комисијата за фонетика и фонологија при Меѓународниот славистички комитет, Скопје, 2010.
29. *Јазиците во контакт и нивното меѓусебно влијание на планот на лексиката (врз примери од западнопреспанскиот говор)*, Филолошки студии, Скопје-Перм-Љубљана-Загреб, 2010.
30. *Влијанието на урбаната средина врз говорот на поединецот*, Македонско-полска конференција, Скопје-Штип, 2011.
31.*Дијалектите и усвојувањето на стандардниот јазик во предучилишните установи*, Меѓународен собир „Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце предшколског узраста", Врање, 2011.
32. *За некои трудови на Блаже Конески од областа на македонската дијалектологија*, Меѓународен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", Скопје, 15-16 декември 2011 година.
33. *Карактеристики на збороредот на придавските определби во каршијачкиот говор*, Филолошки студии, 2011.
34. *Јазичниот израз на поединецот и на колективот во урбаната средина како симболичен исказ на општествената структура*, Филолошки студии, 2012.
35. Рускиот лингвист А.М. Селишчев во потрага по научната вистина за постоењето на македонските дијалекти, V македонско-руска научна конференција, Охрид, 17-19 јуни 2012 г (во печат).
36. Конкурентноста меѓу единечните/генеричките кондензатори и предлошките синтагми во некои македонски дијалекти, XXXIX научна конференција, Охрид 2012 (во печат).
37. Линеаризацијата на придавските определби врз примери на дијалектни текстови од Скопско, Штипско и Преспанско (заедно со Билјана Маленко), XXXIX научна конференција, Охрид, 2012 (во печат).
38. Влијанието на урбаната средина врз јазичниот израз на поединецот и на колективот, Македонски јазик, LXIII, Скопје, 2012, стр. 227-233.

**Прикази, хроники и други прилози:**

1. Хроника за XXVI научна конференција на семинарот за македонски јазик, литература и култура одржана на 16-17 август 1999 година во Охрид.
2. *Убавка Гајдова Темпоралната карактеристика на финитните глаголски конструкции во југоисточните македонски ѓовори*, Македонски јазик, LIII, Скопје, 2002.
3. Плодотворна работа на планот на македонската дијалектологија посветен на монографијата *Радовишкиот говор* од проф. д-р Стојка Бојковска, *Литературен збор*, LI, бр. 1-3, 2004.
4. *Грамматика македонского литературного языка* од академик Рина Усикова, Македонски јазик, LIV-LV, Скопје, 2004-2005.
5. *Лексички атлас на руските народни говори, Санкт Петербург 2004 г.*, Литературен збор LII, бр. 4-6, Скопје, 2005.
6. *Лексички атлас на руските народни говори, Санкт Петербург 2004* г., Македонски јазик LVII, Скопје, 2006.

7. *Уште еден прилог кон проучувањето на југоисточните македонски говори. Стојка Бојковска, Мегленскит говор,* Македонски јазик, LVII, Скопје, 2006.
8. *Кон 60-годишнината од раѓањето на проф. д-р Стојка Бојковска,* Литературен збор LVI, бр. 1-3, Скопје, 2008.
9. *Улогата на македонската жена како активен учесник во науката за јазикот во книгата Жени-твроци во лингвистиката од проф. д-р Васил Дрвошанов,* Литературен збор, LVII, бр. 1-3, Скопје, 2009.
*10.* Уште еден труд за комплетирањето на дијалектниот мозаик на македонската јазична карта: „Штипскиот говор" од Билјана Маленко. Македонски јазик, LXIII, Скопје 2012, стр. 297-301.

# Вкупна актива на поени за избор на д-р Гоце Цветановски во звањето научен советник

| Реден број | Научноистражувачка дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Монографија или научна книга | 16 | /// |
| 2. | Дел од монографија или научна книга | 8 | /// |
| 3. | Прегледан труд (СЦИ/ЦА/останати) | /// | /// |
| 4. | Дел од лексикографски труд од национално значење (објавени дела од проектите на ИМЈ) | 24 | 6 |
| 5. | Лексикографски труд | /// | /// |
| 6. | Труд во „Македонистика“ | /// | /// |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење | /// | /// |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/останати | /// | /// |
| 9. | Труд во лингвистички списанија | 6 | /// |
| 10. | Труд во други списанија или зборници | 12 | 9 |
| 11. | Труд во зборник на трудови од научен собир | 16 | 3 |
| 12. | Труд во зборник на трудови од стручен собир | /// | /// |
| 13. | Труд во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 30 | /// |
| 14. | Приказ/хроника | 4 | /// |
| 15. | Учество на проект | 6 | 6 |
| 16. | Учество на национален проект[1] | 22 | /// |
| 17. | Учество на научен собир со реферат (презентација/усно) | 10 | /// |
| 18. | Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | 33 | /// |
| 19. | Учество на пленарна сесија на научен собир | /// | 5 |
| 20. | Секциско предавање на научен собир | 2 | /// |
| 21. | Одржано предавање по покана од научна институција | 4 | /// |
| 22. | Лектор по македонски јазик во странство | 4 | /// |
| 23. | Одбранета докторска теза | 8 | /// |
| 24. | Одбранета магистерска работа | 5 | |
| 25. | Раководител на научен проект | 8 | /// |
| 26. | Раководител на меѓународен научен проект | /// | /// |

[1] Проекти со континуирано финансирање од Владата на РМ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 27. | Ментор на докторска дисертација | /// | /// |
| 28. | Ментор на магистерска работа | 1 | /// |
| 29. | Промоција на научен труд/зборник | 1 | /// |
| 30. | Рецензирање на труд | 4 | /// |
| 31. | Член на редакциски одбор | 6 | 3 |
| 32. | Член на уредувачки одбор | 1 | /// |
| 33. | Член на организациски одбор на научен собир | /// | /// |
| 34. | Претседател на организациски одбор на научен собир | 2 | /// |
| 35. | Координатор на научен собир | /// | /// |
| 36. | Член на комисија од научен/стручен карактер | 4 | /// |
| 37. | Член на различни комисии | 4 | /// |
| 38. | Награди-признанија за научни постигнувања | 5 | 10 |
| 39. | Учество во радио, ТВ-емисии и др. јавни настапи | 8 | /// |
| 40. | Објавени јазични текстови, колумни, ставови и мислења во дневен и неделен печат | /// | /// |
| 41. | Друг придонес во научноистражувачката дејност | 6 | /// |

Vkupno>
301

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОВЕТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, на својата LXXIII редовна седница одржана на 24. 12. 2012 год., нè избра за рецензенти по пријавата на д-р Мери Цубалевска на конкурсот објавен во весникот „Вечер“ бр. 14379, од 17. 12. 2012 год. Во врска со тоа, а врз основа на поднесените документи, го предлагаме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Д-р Мери Цубалевска е родена на 11. 3. 1962 год. во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1984 год. дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје, група македонски јазик – еднопредметна, а во учебната 1987/88 год. се запишала на постдипломски студии по македонски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Во 1993 год. го одбранила магистерскиот труд *Лексиката на коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир*, а во 2007 год. докторската дисертација под наслов: *Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката)*.

Од 1985 год. Цубалевска е вработена во Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, прво како приправник, од 1987 год. како помлад асистент и од 1994 год. како асистент-истражувач. Во 2007 год. е избрана во звањето научен соработник, а во 2010 во звањето виш научен соработник.

Од своето вработување во Институтот, М. Цубалевска е ангажирана на проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*, учествувајќи во сите фази од работата врз проектот: подредување на научната документација, расчитување на оригинални текстови, ексцерпција на контексти и нивна компарација, определување на грчки еквиваленти, индексирање на материјалот, усвојување на основните принципи на лексикографска обработка и др.

Во рамки на работата на проектот има расчитано во дигитална форма дел од текстот на: коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир, Ваташкиот минеј, Крнинскиот дамаскин, Хлудовиот и Шафариковиот триод, Кратовското евангелие, Загрепскиот триод, Слепченскиот апостол и др. Работи на лексикографска обработка на материјалот од буквата *в*, на проверка и коректура на контекстите од ракописите, на дополнување на Индексот со материјалот од Загрепскиот триод врз основа на картотеката.

Освен тоа кандидатката била ангажирана и на проектот *Лексиката на поетските творби на Климент Охридски* (2001–2003).

Во моментов работи на подготовка за печатење на трудот *Лексиката на коментарот кон Погодиновиот псалтир* (со Л. Макаријоска). Работи на лингвистичка анализа на текстот на коментарот кон Болоњскиот и Погодиновиот псалтир.

Вклучена е како соработник на меѓународниот проект *Византиските културни и јазични модели кај јужните Словени: рецепција и трансформација* (2012–2013), со Р. Бугарија, под раководство на д-р Емилија Црвенковска од Филолошкиот факултет „Блаже Конески", а во согласност со програмските цели на проектот.

Од учебната 2006/2007 на покана од Државниот универзитет во Тетово вклучена е во наставата на овој Универзитет како предметен професор по предметите: Лингвостилистика на македонскиот јазик, зборообразувањето во македонскиот јазик и споредбена граматика на словенските јазици. Во рамките на третиот циклус студии на Институтот за македонски јазик од учебната 2011/2012 год. вклучена е во наставата со предметите: методологија на лингвистичките и антрополошките проучувања, зборообразување, историско зборообразување и споредбено зборообразување на словенските јазици.

Своите трудови Цубалевска ги објавува во македонскиот научен печат, главно во списанијата *Македонски јазик, Литературен збор, Кирилометодиевистика, Македонистика*, а резултати од своите истражувања има презентирано на неколку научни собири: *Прв научен собир на млади македонисти* (Скопје, мај 1992), *Втор научен собир на млади македонисти* (Скопје, 24–26 мај 1995), Научен собир *Македонскиот јазик, минато, сегашност, иднина* (Скопје, 16–17 октомври 2003), *XXXI научна конференција при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* (Охрид, 16–17 август 2004), *Меѓународен македонистички собир* во рамки на манифестацијата „2008 – година на македонскиот јазик" (Охрид, 30 август – 1 септември 2008), Научен собир *Македонскиот јазик во историски и во современ контекст* (Скопје, 25-26 февруари 2010), Меѓународен научен собир *Св. Наум Охридски и словенската духовна, културна и писмена традиција* (Охрид, 4–7 ноември 2010), Меѓународен научен собир *Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р.Македонија и Р.Србија* (Битола, 21–22 октомври 2011) и др.

Кон својата пријава Цубалевска има приложено библиографија на трудови објавени или предадени за печат, од кои 21 од периодот од изборот во звањето научен соработник до денес, како и преглед на учествата на научните собири.

Интересот за историската лексикологија и зборообразувањето во македонските црковнословенски ракописи доаѓа до израз во сите трудови на Цубалевска и во рефератите на научните собири.

Во монографскиот труд под наслов *Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката)* кандидатката ги презентира своите сознанија од лексичко-семантичката и зборообразувачката анализа на овој ракопис. Во посебни глави се обработени: правописните и фонолошките особености; морфосинтаксичките особености; зборообразувачките особености; лексичките особености и јазикот на записите. Во прилог се дадени два индекса: индекс на заглавни зборови и обратен индекс.

И трудот *За Ваташкиот (празничен) минеј од 1453 год.* претставува комплексна анализа на основните јазични, пред сè лексички особености на Ваташкиот минеј и придонесува за сите следни проучувања на текстот на минејот и на химнографските текстови.

Во статијата *Записите во Ваташкиот минеј*, авторката презентира анализа на правописно-фонолошките, морфолошките и лексичките особености застапени во нив и посебно укажува на влијанието на народниот јазик. Јазичните особености, а особено изборот на лексиката како резултат на жанровската припадност на текстот е предмет на интерес во трудовите *Пролошките читања во Ваташкиот минеј*, *Српското јазично влијание во Ваташкиот минеј*.

Интересот на Цубалевска за проучување на лексиката на минеите од македонско потекло се потврдува и со трудовите: *Лексичките и зборообразувачките особености во Ваташкиот минеј*, *Белешки за лексичките слоеви во Ваташкиот минеј*, *Зборообразувачките особености на Ваташкиот минеј*, *Ваташкиот минеј во македонската ракописна традиција* и др.

Во трудот *За глаголскиот систем во Ваташкиот минеј* Цубалевска бележи промени кај глаголите што ја одразуваат состојбата во времето во кое е пишуван ракописот. На деривацијата на глаголите во овој текст се посветени трудовите *Глаголската префиксација во Ваташкиот минеј* и *Глаголската полипрефиксација во Ваташкиот минеј*.

Интересот кон проучувањето на псалтирите од македонско потекло се потврдува со трудот *Јазичните особеностина Григоровичевиот псалтир*.

Во трудот *Лексичкиот фонд на коментарот кон Погодиновиот псалтир* се укажува дека зборовниот фонд на коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир се карактеризира со повеќе лексички наслојки. Присутноста на архаичната лексика, на грцизмите, како и застапеноста на моравскиот лексички слој сведочи за поврзаноста на коментарот со дејноста на Охридската книжевна школа.

Со овој труд непосредно е поврзан и монографскиот труд *Лексиката на коментарот кон Погодиновиот псалтир*, којшто е прифатен за печат во едицијата *Посебни изданија* на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков". Основата на лексиката на коментарот е архаична со честа употреба на старите лексички варијанти, типични за текстовите на Охридската книжевна школа. Се јавуваат различни решенија при изборот на лексичките варијанти, како и на префиксите и суфиксите. Се укажува на ретките зборови во коментарот кон Погодиновиот псалтир, установени преку споредбената анализа со изворите за Речникот на црковнословенскиот јазик од македонска редакција. Анализата дава можност за речиси целосна компарација на коментарот кон Погодиновиот и кон Болоњскиот псалтир, но и со црковнословенски коментирани псалтири од други редакции. Зборовите со ретка или единична употреба се индивидуални особености или варијанти и подновувања од областа на лексиката и зборообразувањето. На крајот на трудот е даден комплетен индекс на зборoформите на Коментарот кон Погодиновиот псалтир, кој го презентира целокупниот лексички фонд на текстот во прилог на натамошни споредбени проучувања на лексиката на црковнословенскиот јазик.

Од областа на зборообразувањето на коментарот кон псалтирниот текст е и трудот *Зборообразувачките тенденции во коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир*. Се истакнува разновидноста во употребата на глаголските префикси, а во врска со суфиксацијата се следат зборобразувачките разлики меѓу двата текста.

Називите од областа на растителниот и животинскиот свет во коментарот кон Погодиновиот псалтир се анализирани во трудот *Називите од областа на растителниот и животинскиот свет во коментарот кон Погодиновиот псалтир*. Коментарот содржи лексичко богатство од различни семантички сфери, па и во врска со именувањето на атмосферските и природните појави што е предмет на интерес во трудот *Кон именувањето на атмосферските и природните појави во коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир*.

Можеме да заклучиме дека трудовите на Цубалевска со презентираните заклучоци придонесуваат за расветлување на одделни прашања поврзани со јазикот на македонските црковнословенски текстови.

Од гореизнесеното може да се заклучи дека д-р Мери Цубалевска е научен работник чии продлабочени истражувања се пред сè во областа на историјата на македонскиот јазик, односно во потесната област – историската лексикологија и зборообразување. Оценувајќи ги позитивно досегашните активности, со задоволство му препорачуваме на Советот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ да ја избере во звањето **научен советник**.

### Оцена за целокупната активност за избор во звањето научен советник

| Научноистражувачка дејност | во земјата | во странство |
|---|---|---|
| | поени | |
| Монографија или научна книга | 16 | |
| Дел од лексикографски труд од национално значење | 6 | |
| Труд во лингвистички списанија | 14 | |
| Труд во зборник на трудови од научен собир | 10 | |
| Труд во списание со меѓународен уредувачки одбор | 36 | |
| Приказ/хроника | 1 | |
| Учество на проект | 12 | |
| Учество на меѓународен проект | 3 | |
| Учество на научен собир со реферат (презентација/усно) | 2 | |
| Учество на меѓународен научен собир со реферат (презентација/усно) | 12 | |
| Учество во наставна дејност | 14 | |
| Друг придонес во научноистражувачка (стручна) дејност | 3 | |
| Член на комисија од научен/стручен карактер | 2 | |
| вкупно: | 131 | |

Рецензентска комисија,

Д-р Лилјана Макаријоска, н. сов., с. р.

Д-р Стоја Поп-Атанасова, н. сов., с. р.

Д-р Снежана Веновска-Антевска, н. сов., с. р.

# БИБЛИОГРАФИЈА
на в. н. сор д-р Мери Цубалевска

**Монографии**

*Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката),* Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје 2009, 337 стр.

*Лексиката на Коментарот кон Погодиновиот псалтир,* Посебни изданија на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" (со Л. Макаријоска, прифатена за печат).

**Статии**

Зборообразувачките особености на Ваташкиот минеј, Научен собир *Македонскиот јазик минато – сегашност – иднина,* Скопје 2008, 195–202 (со Л. Макаријоска).

За Ваташкиот (празничен) минеј од 1453 година, *Македонски јазик LVIII,*Скопје 2007.

Пролошките читања во Ваташкиот минеј, *Кирилометодиевистика, 4,* Скопје 2007, 51–60.

Записите во Ваташкиот минеј, *Литературен збор, 4–6,* Скопје 2007, 13–17.

Лексичките и зборообразувачките особености во Ваташкиот минеј, *Литературен збор, 4-6,* Скопје 2007, 17–24.

Белешки за лексичките слоеви во Ваташкиот минеј, *Македонски јазик LX (2009),* Скопје 2009, 195–200.

За глаголскиот систем во Ваташкиот минеј, *Македонски јазик, LXI,* Скопје 2010, 173–179.

Основните карактеристики на лексичкиот фонд на Ваташкиот минеј, Зборник од *Меѓународниот македонистички собир* (30. 8. – 1. 9. 2008 год., Охрид), Скопје 2010, 405–410.

Местото на Ваташкиот минеј во македонското ракописно наследство, Научен собир *Македонскиот јазик во историски и во современ контекст,* 25–26. 2., Скопје 2010 (во печат).

Јазичните особености на Григоровичевиот псалтир, *Литературен збор, 1–3,* 2010, 65–70.

Лексичкиот фонд на коментарот кон Погодиновиот псалтир, *Македонистика 11,* Скопје 2012, 223–265 (со Л. Макаријоска).

Називите од областа на растителниот и на животинскиот свет во коментарот кон Погодиновиот псалтир, *Македонски јазик LXI,* Скопје 2010, 117–131 (со Л. Макаријоска).

Зборообразувачките тенденции во коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир, *Кирилометодиевистика 6,* Скопје 2010, 17–33 (со Л. Макаријоска).

Кон именувањето на атмосферските и природните појави во коментарот кон Погодиновиот и Болоњскиот псалтир, *Литературен збор*, 1–3, Скопје 2010, 17–33 (со Л. Макаријоска).

Лексичките и зборообразувачките особености на Шафариковиот триод, *Зборник од реферати* од Меѓународниот научен собир *Свети Наум Охридски и словенската духовна, културна и писмена традиција*, Охрид, 4–7. 11. 2010, Скопје 2011(со Л. Макаријоска).

Српското јазично влијание во Ваташкиот минеј, *Зборник на реферати од Меѓународниот научен собир „Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р. Македонија и Р. Србија*, Битола, 21-22. 10. 2011, Битола 2012, 287–290.

За Ваташкиот (празничен) минеј од 1453 година, *Зборник на МАНУ*, (во печат).

Глаголската префиксација во Ваташкиот минеј, *Македонски јазик*, LXIII, Скопје 2012, 187–196.

Глаголската полипрефиксација во Ваташкиот минеј, *Кирилометодиевистика* 7, Скопје 2012 (во печат).

## Прикази и хроники

Емилија Црвенковска, Лилјана Макаријоска, *Орбелски триод*, Стари текстови, кн. X, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ Скопје 2010, Кирилометодиевистика 7, (во печат).

## Учество на научни собири

Меѓународен македонистички собир во рамките на манифестацијата 2008 – година на македонскиот јазик, Охрид 30. 8. –1. 9. 2008, реферат на тема: *Лексичките и зборообразувачките особености на Ваташкиот минеј*.

Македонскиот јазик во историски и во современ контекст, 25–26. 2. 2010, Скопје реферат на тема: *Местото на Ваташкиот минеј во македонското ракописно наследство*.

Меѓународен научен собир „Свети Наум Охридски и словенската духовна, културна и писмена традиција“, Охрид, 4–7. 11. 2010, реферат на тема: *Лексичките и зборообразувачките особености на Шафариковиот триод* (со Л. Макаријоска).

Меѓународен научен собир „Битола – тема за културно и уметничко творештво на автори од Р. Македонија и Р. Србија, Битола, 21–22. 10. 2011, реферат на тема: *Српското јазично влијание во Ваташкиот минеј*.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ НАМАЛУВАЊЕТО НА ТЕХНОЛОШКИОТ ЈАЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА"

## ОД М-Р СИНИША ЦВЕТКОВИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно – научниот совет број 0202-4274/2 од 6.12.2012 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација поднесена од кандидатот м-р Синиша Цветковиќ под наслов „Фактори кои влијаат врз намалувањето на технолошкиот јаз на Република Македонија во услови на глобализација".
По проучувањето на текстот на докторската дисертација Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација под наслов „Фактори кои влијаат врз намалувањето на технолошкиот јаз на Република Македонија во услови на глобализација", изработена од кандидатот м-р Синиша Цветковиќ, претставува самостоен научен труд претставен на 268 страници - 257 страница основен текст, 11 страници литература, како и 12 табели и 43 графикони. Докторската дисертација е проверена преку електронскиот систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови при Министерството за образование и наука, и покажува 1,37% совпаѓање со други трудови.

Текстот е поделен на: вовед, шест глави, заклучок и користена литература. Општата структура на докторската дисертација е следна:

- Вовед (стр.1 – стр.11)
- Глава 1: Детерминирање на развојниот јаз во услови на глобализација (стр.12 – стр.55)
- Глава 2: Развојната позиција на развиените земји, земјите во развој и неразвиените земји во услови на глобализација (стр.56 – стр.107)
- Глава 3: Технолошкиот јаз меѓу земјите во транзиција и ЕУ (стр.108 – стр.130)
- Глава 4: Оцена на технолошкиот јаз на Република Македонија (стр.131 – стр.171)
- Глава 5: Влијанието на глобализацијата врз технолошкиот развој на Република Македонија (стр.172 – стр.203)
- Глава 6: Идни насоки на политиките за намалување на технолошкиот јаз на Република Македонија (стр.204 – стр.246)

- Заклучок (стр.247 – стр.257)
- Користена литература (стр.258 – стр.268)

Во воведниот дел, кандидатот м-р Синиша Цветковиќ поаѓа од современата економска реалност која, во време на глобализација, станува се позависна од брзината на создавање и ширење на новите технологии. Во напредните земји, растечката улога на знаењето и иновациите во создавањето на општествениот производ е потврда за нивното развивање како "економии базирани на знаење". Земјите во развој, во поголем дел градат свои стратегии за поофанзивен настап на глобалниот пазар, каде што подобро успеваат оние што извезуваат производи со поголема технолошка интензивност. Неразвиените земји, во најголем дел остануваат на маргините на светскиот развој. И во време на глобализацијата, опстојуваат разликите во продуктивноста, доходот и стапките за економски раст меѓу земјите, а одредни индикатори го актулизираат прашањето и за нивно зголемување. Големината на развојниот јаз и денес е актуелен проблем со длабоки корени во долгата акумулација на причините за појава и опстојување на развојните разлики меѓу земјите. Во средиште на развојниот јаз се наоѓа технолошкиот јаз. Во овој дел накусо е претставена структурата на докторската дисертација по глави и точки.

Во првата глава под наслов „Детерминирање на развојниот јаз во услови на глобализација", се истакнуваат теоретските сознанија и разбирања за природата на развојниот јаз меѓу земјите во контекст на глобалните промени. Тоа води кон констатациите за растечкото значење на технолошкиот јаз во рамки на развојниот јаз и за мултидимензионалниот карактер на технолошкиот јаз. Се проучуваат изворите на промени кои влијаат врз моделирањето на систем на односи меѓу факторите на растот. При тоа се нагласува прифаќањето на растечкиот придонес на технолошкиот прогрес врз растот, како и неговото дејствување како ендоген фактор. Ендогените модели на раст даваат сознанија за патиштата кои водат кон долгорочни повисоки стапки на раст и одржлив развој. Се проучува природата на технолошкиот јаз како дел од вкупниот развоен јаз меѓу земјите, со што се насочува анализата кон оцена на способноста на земјите да креираат ново знаење и технологии. На крајот од овој дел се разгледуваат основните фактори од кои зависи намалувањето на технолошкиот јаз, причините што го забавуваат процесот на конвергенција, но се разгледуваат и последиците од технолошкото заостанување на земјите во развој и неразвиените земји, во однос на економските перформанси на развиените (напредните) економии.

Во втората глава под наслов „Развојната позиција на развиените земји, земјите во развој и неразвиените земји во услови на глобализација", се разгледуваат постојните разлики според најзначајните макроекономски и научно-технолошки индикатори меѓу развиените земји и останатите земји во одреден историски контекст. Анализата се потпира на долгорочни статистички серии од релевантните меѓународни бази на податоци.

Постојните разлики во стапките на раст се анализираат од аспект на факторите на растот кај земјите во развој, во рамки на кои се издвојуваат новите (emerging) економии со поголема динамика во процесот на конвергенција. Особено внимание е посветено на факторите на растот кај малите земји, меѓу кои спаѓа и Р. Македонија, и тоа од аспект на парадигмата на "природни компаративни предности" и од аспект на парадигмата "стекнати компаративни предности". Анализата ги покажува разликите во политиките на земја која се потпира на природните богатства и на земја која се потпира на богатства создадени со знаење и умеење. Големината и квалитетот на развојните и технолошки разлики меѓу земјите во светот покажува дека секоја земја во развој треба да ги има предвид глобалните развојни трендови во светската економија, но мора да гради сопствена технолошка стратегија која би имала улога во процесот на конвергенција на стапките на растот.

Во третата глава насловена како „Технолошкиот јаз меѓу земјите во транзиција и ЕУ", најнапред се разгледуваат општествените услови кои се петпоставуваат како клучни за создавањето развоен потенцијал за намалување на технолошкиот јаз во иднина: политичка, економска и финансиска стабилност; отворен пазар, правична конкуренција и систем на регулација; стратегии за одржлив економски развој. Се анализираат можностите за конвергенција на стапките на растот кај транзициските земји од аспект на производствената ефикасност и апсорпциската способност на претпријатијата како основен услов за подигање на технолошкото и иновациското ниво на економијата и приближување кон економските резултати на земјите членки на ЕУ. Мултидимензионалната природа на карактерот на технолошкиот јаз го води кандидатот м-р Синиша Цветковиќ кон анализа на институционалниот, управувачкиот, структурниот, производствениот, инвестицискиот и информациско-комуникацискиот јаз, односно кон домените на кои треба да се ангажира политиката за намалување на технолошкиот јаз.

Во четвртата глава насловена како „Оцена на технолошкиот јаз на Република Македонија", се анализираат факторите кои влијаеле врз формирањето на технолошкиот јаз на Р. Македонија во однос на развиениот свет и ЕУ, за време на преттранзицискиот и за време на транзицискиот период. Притоа се разгледуваат општествените промени и односот кон технолошкиот развој во континуитет за двата периода. Се доаѓа до продлабочени сознанија за ширината на технолошкиот јаз и причините за неговото опстојување. Во понатамошниот дел од оваа глава се дава оцена на технолошкиот јаз преку емпириска анализа на најзначајните индекси од методологиите на INSEAD, EU (UIS), WEF, ITU и други, за мерење на: апсорпциската способност на националната економија врз основа на генерирање, усвојување и ширење на знаењето; иновациската способност врз основа на иновациските перформанси; технолошката способност врз основа на пристап, асимилација и ефикасна употреба на нови технологии; способноста за дигитално вмрежување. Преку анализата на агрегатните

индекси се настојува да се утврдат домените на најголемите заостанувања што влијаат на технолошкиот јаз, се согледуваат сегашните состојби и разлики меѓу Р.Македонија, водечките европски економии и ЕУ.

Во петтата глава под наслов „Влијанието на глобализацијата врз технолошкиот развој на Република Македонија“, се започнува со општите претпоставки битни за прифаќање на новите промени кои ги носи процесот на глобализацијата. Анализата на секторската продуктивност и конкурентност, инвестициската атрактивност, степенот на интегрираност во меѓународните економски и финансиски текови, како и нивото на управувачката способност е во функција на препознавање на факторите кои ја одредуваат рамката на дејствување на политиките со ефект врз намалувањето на технолошките разлики во однос на развиените земји. Се нагласува дека следењето на технолошките промени битни за побрзо преструктурирање на стопанството и градењето активен пристап кон технолошкото учење имаат капитално значење во формирањето на идната развојна и технолошка стратегија. На крајот од оваа глава, како фактор од општо значење, е потенциран квалитетот на системот на управување, односно управувачкиот капацитет на земјата за создавање и реализација на нови промени. Способноста и подготвеноста на Р.Македонија да управува со промените на долг рок се вреднува врз основа на системот на глобални индикатори на управување. Во управувачкиот систем се идентификуваат најбројните извори за продлабочување или намалување на јазот низ фазите на развојот на македонското стопанство.

Во шестата глава насловена како „Идни насоки на политиките за намалување на технолошкиот јаз на Република Македонија“, најнапред се идентификуваат основните правци на акција во рамките на современите технолошки промени. Во продолжение се разгледуваат различните модели кои помагаат во реализацијата на технолошката политика, при што посебно се издвојува моделот на долгорочно технолошко согледување. Анализата се насочува кон приоритетните домени на кои треба да се дејствува во функција на намалување на технолошкото заостанување. Се потенцираат следниве домени на идните активности: создавање и ширење на иновациите, креирање на активни националните политики за развој на човечкиот капитал, реализацијата на концепцијата за отворени иновации, развојот на НИС итн. Најзначаен аспект кај доменот: ширење на иновациите, е процесот на поврзување и вмрежување во НИС како на актерите кои учествуваат во дифузијата, така и на актерите кои учествуваат во трансферот на технологиите и знаењето. На крајот се разгледуваат домените во кои Р.Македонија најмногу заостанува зад иновациската политика на ЕУ, и се потенцираат активностите кои имаат најголем ефект врз идното подобрување на овие домени.

Докторската дисертација завршува со заклучните согледувања кои ги сумираат основните ставови изнесени во трудот. Меѓу заклучоците има такви кои се од општ карактер, но и такви кои се однесуваат на посебни области и домени. Затоа, во нив се среќаваат инструменти на хоризонтална,

како и инструменти на вертикална технолошка политика. Спротивно од честата практика на иницирање краткорочни промени преку интервенции во законите и процедурите, во трудот се инсистира на осмислени долгорочни решенија кои бараат стратегии и изджани политики бидејќи промените на кои се дејствува се од долгорочен карактер. Ваквиот карактер на промените во домените на знаењето и иновациите, поддршката на иновациските претпријатија, развојот на технолошката инфраструктура, зголемувањето на конкурентна способност на технолошко поинтензивните производства, двонасочниот трансфер на опредметено и неопредметено знање итн., наложува континуитет на промените и во самите политики кои се однесуваат на нив.

Во изработката на докторската дисертација претежно е користена најнова литература, како и извори од интернет. Од користената литература најголем дел се книги и публикации од областа на економскиот раст и развој, политиките на технолошкиот развој, апсорпциската и иновациската способност, дигиталната способност, како и бројни официјални документи, стратегии, развојни програми и извештаи од Владата на Р.Македонија и соодветните министерства, како и релевантни статистички бази на податоци, анализи и извештаи од меѓународни институции: OECD, UNCTAD, UNIDO, UNDP, UN, WB, WEF, EBRD, IMF, ITU, EUROSTAT и др., научни трудови од реномирани светски и домашни автори, веб-страници и прирачници. Во користената литература преовладува странската литература. Од вкупно 266 наслови и 44 веб- страници кои се користени при изработката на докторската дисертација, 232 наслови се од странски автори, а 34 наслови од домашни автори.

## II. ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Фактори кои влијаат врз намалување на технолошкиот јаз на Република Македонија во услови на глобализација", изработена од кандидатот М-р Синиша Цветковиќ, констатира дека се работи за самостоен труд кој низ единството на теоретската, развојната и практичната димензија доаѓа до вредни заклучоци релевантни за идниот економски и технолошки развој на Р.Македонија. Придонесот на овој труд може да се изрази низ следниве аспекти: 1. теоретското толкување на факторите на растот дава аргументација за неопходноста од потпирањето врз знаењето, технологиите и ефикасното управување (во широка смисла на зборот) во економскиот развој на Р.Македонија; 2. развојната анализа на глобалните промени и односите меѓу земјите според нивото на развиеност (мерено преку најрелевантните макроекономски и технолошки индикатори) води кон јасна идентификација на корените и изворите на технолошкото заостанување и опасностите од продлабочување на технолошкиот јаз што ја дели Р.Македонија од развиениот свет; 3. емпириската анализа на клучните политики во доменот на технолошката политика, во одделни земји и кај нас,

упатува на приоритетните домени на активности кои се клучни за идните политики на продуктивно технолошко оспособување на стопанството на Р.Македонија.

Кандидатот м-р Синиша Цветковиќ обработува проблематика која е крајно сложена: таа е поврзана не само со технолошките, туку и со развојните процеси на долг рок, таа е зависна од низа фактори со различна природа од институционална, економска, технолошка до културолошка, таа е влијателна врз различни домени од конкурентската способност на претпријатијата, растот, извозот, образованието, па се до зголемувањето на животниот и општествен стандард. Освен тоа, оваа проблематика е долго обработувана од различни теоретски школи меѓу кои и теоријата за ендоген раст, но емпириското сведочење за остварување на конвергенцијата во стапките на растот меѓу земјите покажува дека тоа е повеќе исклучок отколку правило. Затоа, темата за намалување на технолошкиот јаз е трајно актуелна и научно провокативна. Кандидатот м-р Синиша Цветковиќ, прифаќајќи и истражувајќи ваква комплексна проблематика, се докажа како упорен истражувач кој поседува знаење, но и желба да го збогатува и да го проширува тоа знаење, и тоа со способност да асемблира различни аспекти, системски да ги поставува во различни интеракции и да креира нови решенија и предлози.

Кандидатот м-р Синиша Цветковиќ во докторската дисертација под наслов „Фактори кои влијаат врз намалување на технолошкиот јаз на Република Македонија во услови на глобализација" разгледува развојно-технолошки процеси со еволутивен, но и со актуелен карактер, процеси кои течат на глобално, но и на национално ниво и процеси кои се остваруваат во среден, долг и многу долг временски период. Наведуваме некои квалитети: 1. Докторската дисертација е единствен труд во македонската наука посветен на оваа тема и меѓу ретките од проблематиката на политиката на технолошкиот развој. Во неа се изнесени бројни заклучоци кои имаат особена вредност од аспект на конципирањето и реализацијата на политиките клучни за намалувањето на технолошкото заостанување на Р.Македонија. 2. Во докторската дисертација, низ еволуцијата на технолошкиот развој пред и по транзицијата, се истражува акумулацијата на слабостите во функционирањето на економијата и политиките кои дејствуваат врз неа. Во нив се стагнирачките и инхибиторски влијанија врз растот што во континуитет имало одраз врз ширината на технолошкиот јаз. Но, низ оваа еволуција идентификувани се и потенцијалите кои имаат перспективна можност за развој со ефекти врз намалувањето на јазот. 3. Во докторската дисертација се користат современите мерни системи кои се вбројуваат во метаинструменти. Преку нив се идентифицирани домените во кои е најголемо и домените во кои е најмало технолошкото заостанување во споредба со развиените земји, земјите на ЕУ и земјите во транзиција. Се користат стотина индекси и подиндекси во различни домени како што е економијата базирана на знаење, економијата на знаење, технолошката подготвеност, иновацискиот капацитет, информациската спремност,

вештини, достапност итн. Меѓу домените каде што најмногу се заостанува се и домените на човечки ресурси, поврзаноста и претприемаштвото и патентната активност од што во голем дел зависи капацитетот на претпријатијата за развој на нови производи и услуги. Преку соодветна методологија се разгледуваат и димензиите на дигиталниот јаз кој е широк и покрај напорите вложени во информатизацијата на Р.Македонија. Силно влијание врз неговата ширина има слабата способност за дигитално поврзување на претпријатијата. 4 Во докторската дисертација, глобалните предизвици кои испорачуваат промени до секоја земја ориентирана кон глобалниот пазар, не се анализираат само како "посакувани траектории", туку како голем простор со различни можности и алтернативи во кој може да се најде секоја земја која има активна развојна политика на долг рок. Во овој контекст, кандидатот м-р Синиша Цветковиќ доаѓа до заклучок дека од клучно значење за Р.Македонија е континуираното унапредување на технолошкото учење како процес на макро и микрониво. Технолошкото учење е пресудно за развојот на производствената, инвестициската и иновациската способност на претпријатијата, без што не е можна целната осмисленост на ниту една политика кон намалувањето на технолошкиот јаз. 4. Кандидатот Синиша Цветковиќ заклучува дека единството на политиките е условот за побрзо намалување на технолошкиот јаз на Р.Македонија. Создавањето амбиент на сигурност, современата перцепција за пристап и користење на економските ресурси, знаењето и човечкиот капитал, развојот на апсорпциската и иновациската способност, развојот на способноста за дигитално вмрежување итн., ќе значат меѓународно препознавање на Р.Македонија како земја која креира политики силно потпирајќи се врз новите фактори на растот и врз зголемената вмреженост во глобалните текови и процесите на економската интеграција. Долгорочно одржување на стапките на растот на повисоко ниво е резултат на низа развојни процеси. Намалувањето на технолошкиот јаз е потврда за успешноста на тие процеси.

Нема дело кое не може да биде подобро. Но, нема и дело кое не отвора нови прашања и дилеми без адекватен одговор. Во оваа докторска дисертација останува без одговор прашањето за потребниот динамизам на стапките на растот со цел да се забрза намалувањето на технолошкиот јаз. Логично на тоа, не се анализира неговата долгорочна временска димензија како фази на континуирани промени. Технолошкото предвидување би можело да даде корисни сознанија. Освен тоа, заради големата сложеност на материјата, не секогаш е остарено разграничување на инструментите по домени од приоритетна важност.

Комисијата е убедена дека докторската дисертација на кандидатот Синиша Цветковиќ претставува одлично структурирано истражување кое е теоретски фундирано, користи современа методолошка апаратура и се потпира на широка литература. Докторската дисертација е труд со несомнена важност во македонската научна мисла во областа на технолошкиот развој кој воедно може да помогне во водењето на развојните

политики на макро и на микрониво. Комисијата е убедена дека кандидатот ги реализирал поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

- *прво,* да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: „Фактори кои влијаат врз намалувањето на технолошкиот јаз на Република Македонија во услови на глобализација", поднесена од кандидатот Синиша Цветковиќ ;

- *второ,* да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, декември 2012 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. -р Златка Поповска, с.р.
2. Акад. Таки Фити, с.р.
3. Акад. Гоце Петрески, с.р.
4. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, с.р.
5. Проф. д-р Наталија Николовска, с.р.

# ПРЕГЛЕД
## на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Филозофскиот факултет во Скопје

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| 1) М-р Ана Милетиќ | Дигиталните уметности во 20 век во теорија и пракса, со осврт на македонските искуства | 1.Проф. д-р Владимир Величковски<br>2.Проф. д-р Елизабета Димитрова<br>3.Проф. д-р Татјана Филиповска |
| 2) М-р Влора Косуми | Методите на сликарството, нивниот развој и културното наследство на Косово | 1.Проф. д-р Елизабета Димитрова<br>2.Проф. д-р Сашо Коруновски<br>3.Проф. д-р Татјана Филиповска |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА БЕТОНСКИТЕ И ДРВЕНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, донесена на **396.** седница одржана на **19.XII 2012** година и решението **бр.91-86** од **19.XII 2012** година, именувана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Санде Атанасовски, проф. д-р Зоран Десовски и проф. д-р Кирил Граматиков.

Рецензентската комисија изврши преглед на документите од пријавениот кандидат и врз основа на нив и на личното познавање, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје му го поднесува следниов,

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс во весникот ,,Дневник" од 4.XII 2012 год., за избор на наставник по предметите од областа на бетонските и дрвените конструкции се пријави досегашниот вонр. професор д-р Горан Марковски, дипл.град.инж.

## 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Горан Марковски, дипл.град.инж., е роден на 20.VII 1961 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. Како талентиран и одличен ученик, со посебен интерес за природните науки, бил прогласуван за првенец на генерацијата. Повеќепати учествувал на натпреварите за талентирани млади, како и на републичките и сојузните натпревари ,,Наука на младите", на кои секогаш постигнувал најдобри резултати.

По завршувањето на средното образование во гимназијата ,,Орце Николов", заминал на отслужување на воениот рок.

Во учебната 1981/82 година ги започнал студиите на Градежниот факултет во Скопје. За време на студиите се истакнувал со својата студиозност и продлабочен интерес за одделни наставни дисциплини, а особено за дисциплините на кои е избран.

За време на студиите, како одличен студент, бил ангажиран за демонстратор по предметот техничка механика.

Дипломската работа под наслов ,,Главен проект за спортска хала" по предметот преднапрегнат бетон ја одбранил со оценка 10 (десет) на 14.I 1986 година, со што студиите ги завршил еден семестар пред предвидениот рок.

По дипломирањето, во јуни 1986 година, кандидатот д-р Горан Марковски се вработил во РО ,,Искра-Делта" во Љубљана, Република Словенија, на местото софтвер-инженер.

По распишаниот конкурс од 7.VII 1987 година бил избран за помлад асистент на Градежниот факултет во Скопје по предметите од наведените области. Во учебната 1986/87 година се запишал на постдипломски студии што ги организирал ИЗИИС во Скопје. По изборот за помлад асистент, наставата од постдипломските студии ја дослушал на Градежниот факултет

во Скопје. На 12.VII 1994 година го одбранил својот магистерски труд на тема ,,Современ пристап за определување на влијанијата на долготрајните дејства врз однесувањето на армиранобетонските елементи" и се стекнал со право на научен назив магистер на технички науки.

Врз основа на одлуката од седницата на Наставно-научниот совет од 10.III 1995 година и извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј бр.634, од 1.III 1995 година е извршен избор во звањето асистент.

На 19.VI 2003 година ја одбранил својата докторска теза под наслов ,,Влијание на променливите товари врз однесувањето на преднапрегнатите елементи во тек на време" и се стекнал со научен степен доктор на технички науки од обласа на градежништвото.

Врз основа на одлуката од седницата на Наставно-научниот совет од 30.IX 2003 година и извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" бр.835, од 12.IX 2003 година е извршен избор во звањето доцент.

Врз основа на одлуката од седницата на Наставно-научниот совет од 15.V 2008 година и извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј" бр.941, од 30.IV 2008 година е извршен избор во звањето вонреден професор.

Во времето од избор за помлад асистент до денес, д-р Горан Марковски континуирано и успешно работи на своето усовршување во областа на научните дисциплини за кои е избран.

## 2. Наставна работа

Во изминатиот период од изборот за доцент, Горан Марковски држел предавања по неколку наставни дисциплини на кои е избран. Покрај тоа, бил вклучен и во еден од курсевите на меѓународните докторски студии од програмата SEEFORM, како и во подготвувањето на курсот Structural Engineering во рамките на ТЕМПУС-проектот DEREC (Development of Environmental and Resources Engineering Curriculum).

Од изборот во звањето вонреден професор до денес, како дел од наставниот процесс, д-р Горан Марковски бил ментор на 14 дипломски работи, 3 одбранети магистерски работи, како и на 2 одбранети и 3 докторски тези во фаза на изработка.

Забележителни се неговата инвентивност и одговорен пристап при организирањето и одржувањето на наставата, коректниот професионален однос со студентите и соработниците, за што во анонимните студентски анкети секогаш е оценет со највисоки оценки и позитивни коментари. Исто така, забележителни се неговите активности и интересот при решавањето на проблемите и усовршувањето на наставата на Факултетот.

## 3. Научноистражувачка и стручна работа

Д-р Горан Марковски пројавува особен интерес и во извршувањето на научноистражувачката и стручната работа во областа на дисциплините на кои е избран.

Во изминатиот период учествувал во извршувањето на голем број испитувања на материјали, елементи и конструкции, во изработка на студии за носивоста на мостовски конструкции, во изработка на идејни и главни проекти за разни конструкции, ревизии и други стручни работи.

Во билтените бр.556, 634, 709, 787, 835 и 941 се дадени списоци на научните и стручните трудови на кандидатот работени до изборот во звањето вонреден професор. Во овој период, самостојно и во соработка со колегите од Катедрата, учествувал во изработката на околу 200 трудови наведени во споменатите броеви од Билтенот.

И по изборот за вонреден професор во 2008 година, д-р Горан Марковски реализирал интензивна и богата научноистражувачка и стручна активност. Кандидатот учествувал со свои трудови на голем број научни собири, објавил трудови во стручни и во стручно-популарни списанија, одржал неколку повикани предавања на меѓународни собири, учествувал во проектирање, ревизија, експертизи и сл. на голем број значајни објекти.

Прегледот на индивидуалните научноистражувачки и стручни трудови и на оние работени во соработка со колеги се наведени во Образецот (Анекс 2) даден во прилог.

## 4. Членување во стручни организации и дејности од поширок интерес

Од своето вработување на Градежниот факултет до денес, д-р Горан Марковски, паралелно со другите активности, активно учествувал и во работата на повеќе стручни здруженија и сојузи. По изборот во звањето вонреден професор, односно до 2009 година бил потпретседател, а од 2009 год. претседател на Друштвото на градежни конструктори на Македонија, кое е едно најактивните струкови здруженија кај нас . Од 2006 до 2012 год. ја извршувал функцијата претседател на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија, за што како на прв претседател на Собранието му е доделено признание за заслуги од страна на оваа организација.

Во периодот јуни 2007 - септември 2012 бил претседател на Техничкиот комитет за еврокодови (ТК30) и на Работната група за ЕС2 (бетонски конструкции), формирани во рамките на Институтот за стандардизација на Република Македонија.

Од 2010 до 2012 год., Горан Марковски бил член на Собранието на Европската асоцијација на инженерски комори ECEC.

Во овој период, во рамките на функциите кои ги извршувал, кандидатот организирал бројни стручни настани (предавања, работилници, симпозиуми и сл.), со учество на истакнати меѓународни експерти од соодветните области.

Од 2007 до 2012 год., д-р Горан Марковски ја извршувал функцијата главен и одговорен уредник на списанието ,,Инженерство". Во 2011 год. бил назначен за главен и одговорен уредник на списанието ,,Пресинг", а од 2012 год. е член на Уредувачкиот одбор на списанието „ Scientific Journal of Civil Engineering“.

## 5. Заклучок

Од изнесеното во рефератот може да се констатира дека вонр. Проф. д-р Горан Марковски, од неговиот избор за помлад асистент до денес, реализирал интензивна и континуирана активност во наставната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот, како и во работата на повеќе струкови асоцијации.

Во изминатиот период успешно ги извршувал обврските кон наставата по дисциплините од Катедрата. За истакнување се неговиот афинитет кон

нејзино постојано усовршување, препознатливата инвентивност, како и педагошкиот пристап и однос кон студентите, за што говорат и високите оценки и позитивните коментари во анонимните студентски анкети.

Стекнатите драгоцени искуства во организацијата и извршувањето експериментални и друг вид истражувања и континуираната активност за сопствено усовршување, на кандидатот му овозможиле, во својство на ментор, успешно да води повеќе магистерски и докторски трудови.

За одбележување е ангажирањето на кандидатот во изработката на респектабилно голем број проекти, ревизии, стручни мислења, експертизи и др. за разни значајни објекти во државата.

Наведените активности на кандидатот му овозможиле самостојно или во соработка со колегите да објави трудови во научно-стручни списанија и да учествува на поголем број меѓународни научно-стручни собири, а на дел од нив и во својство на поканет пленарен предавач.

Паралелно со извршувањето на обврските околу наставната, научноистражувачката и стручната дејност, Горан Марковски активно учествува во работата на неколку стручни организации и во организирањето на настани од областа на постојаното учење.

Впечатливо е ангажирањето на кандидатот за поголема популаризација и афирмација на градежништвото и на актуелните состојби во оваа дејност, низ авторски текстови во стручните и други пишани медиуми.

Интензивната работа и активност на кандидатот му овозможиле да се здобие со драгоцени искуства и со реноме на педагог, истражувач и стручњак во областа на дисциплините на кои е избран.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, д-р Горан Марковски да биде избран во звањето редовен професор по предметите за кои конкурира.

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Санде Атанасовски с.р.

Проф. д-р Зоран Десовски с.р.

Проф. д-р Кирил Граматиков с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Горан Ристо Марковски
(име, татково име и презиме)

**Институција:** Градежен факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** градежно конструкторство

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Технологија на бетон (2+2) лет.07/08; 08/09 | 2.4 |
| 2 | Армиран бетон (4+3) зим.08/09; 09/10; 10/11; 11/12; 12/13 | 12.0 |
| 3 | Бетонски конструкции (3+3) | |
| 4 | Арм.бетонски конструкции (3+2) лет.07/08;08/09;09/10;10/11;11/12 | 9.0 |
| 5 | Арм.бетон и конструк.(геот) (4+3) лет.07/08;08/09;09/10;10/11;11/12 | 12.0 |
| 6 | Арм.бетон и конструк.(геот. Проект 45) (4+3) летен 11/12 | 2.4 |
| 7 | Одбрани поглавија од бетонски конструкции (2+2, втор циклус на студии) зим. 08/09; 09/10; 10/11; 11/12; 12/13 | 7.5 |
| 8 | Анализа и димензионирање на констр. (ИЖИС 5+4) лет. 09/10, 10/11, 11/12 | 3.6 |
| 9 | Подготовка на нов предмет (7) и (8) 2x1 | 2.0 |
| 10 | Консултации со студенти, 2007/2008 летен 106 | 0.212 |
| 11 | Консултации со студенти, 2008/2009 зимски 86 | 0.172 |
| 12 | Консултации со студенти, 2008/2009 летен 109 | 0.218 |
| 13 | Консултации со студенти, 2009/2010 зимски 85 | 0.170 |
| 14 | Консултации со студенти, 2009/2010 летен 93 | 0.186 |
| 15 | Консултации со студенти, 2010/2011 зимски 93 | 0.186 |
| 16 | Консултации со студенти, 2010/2011 летен 51 | 0.102 |
| 17 | Консултации со студенти, 2011/2012 зимски 87 | 0.174 |
| 18 | Консултации со студенти, 2011/2012 летен 88 | 0.176 |
| 19 | Консултации со студенти, 2012/2013 зимски 105 | 0.210 |
| 20 | Ментор на дипломска работа (14) | 2.8 |
| 21 | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (28) | 2.8 |
| 22 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (3) | 0.9 |
| 23 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2) | 1.0 |
| 24 | **Structural engineering**, 2008 (коавтор, предавања подготвени во рамките на ТЕМПУС-проект) www.derec.ukim.edu.mk | 3.0 |
| 25 | Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание (3 статии во „Пресинг“) | 3.0 |
| | | |
| | **Вкупно** | **66,206** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа: „Зголемување на капацитетот на носивоста на армиранобетонските пресеци со примена на карбонски ленти", (одбранета). | 1 |
| 2 | Ментор на магистерска работа: „ Модели за анализа на пукнатини кај армиранобетонски елементи", (одбранета). | 1 |
| 3 | Ментор на магистерска работа: „ Влијание на брзината на градење врз однесувањето на армиранобетонските елементи во тек на време", (одбранета). | 1 |
| 4 | Ментор на докторска дисертација: „ Influence of steel fibre reinforcement to the bahaviour of reinforced concrete beams", 2005-2010, University Sts Cyril and Methodius Skopje Program „SEEFORM", (одбранета). | 3 |
| 5 | Ментор на докторска дисертација: „Time dependent behavior of „jacketing" by SCC reinforced concrete beams", 2007-2010, University Sts Cyril and Methodius Skopje, (одбранета). | 3 |
| 6 | Ментор на докторска дисертација: „Time dependent behavior of SFRC elements under sustained loads", University Sts Cyril and Methodius Skopje Program „SEEFORM", (трета година). | 2 |
| 7 | Ментор на докторска дисертација: „Утврдување на крутостните карактеристики на армиранобетонските објекти преку амбиент-вибрациски тестови"Униврзитет Св. Кирил и Методиј, Градежен факултет Скопје, 2012, (прва година). | 1 |
| 8 | Ментор на докторска дисертација: „ Влијание на видот и количината на фиберот врз однесувањето на армиранобетонските елементи во тек на време", Униврзитет Св. Кирил и Методиј, Градежен факултет Скопје, 2012, (прва година). | 1 |
| 9 | G. Markovski, INFLUENCE OF HISTORY OF LOADING ON THE ULTIMATE BEARING CAPACITY OF PRESTRESSED CONCRETE MEMBERS, *Proceedings of the Symposium of Yugoslavian Association of Structural Engineers, Yugoslavian* Association of Structural Engineers, Vrnjacka Banja (Serbia), September-October 2008. | 2 |
| 10 | G.Markovski, S.Atanasovski, Z.Desovski, T.Arangelovski, O.Kolevski, D.Nakov, DESIGN FOR STRENGTHENING AND REPAIR OF THE BRIDGES IN REPUBLIC OF MACEDONIA, *Proceedings of the International Conference on Protection of Historical Buildings,* PROHITECH, Roma (Italy), June 2009, pp. 229-234. | 1.8 |
| 11 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, О.Колевски, Д.Наков, ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПОПРАВКА НА МОСТОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА LOT2, *Зборник на трудови на 13. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија*, Друштво на градежни конструктори на Македонија, Охрид (Р.Македонија), октомври 2009, стр.13-24. | 1.2 |
| 12 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, О.Колевски, Д.Наков, А.Богоевски, РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОНГАБАРИТЕН ТРАНСПОРТ, *Зборник на трудови на 13. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија*, Друштво на градежни конструктори на Македонија, Охрид (Р.Македонија), октомври 2009, стр.131-136. | 1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | G.Markovski, HAVE WE FORGOTTEN SKOPJE 1963 EARTHQUAKE, *Fourteenth European Conference on Earthquake Engineering,* European Association of Earthquake Engineering, Ohrid (R.Macedonia), August-September 2010, full paper on CD, Abstract book pp. 313. | 3.0 |
| 14 | S.Atanasovski, Z.Desovski, G.Markovski, O.Kolevski, D.Nakov, T.Arangelovski, DESIGN FOR STRENGTHENING AND REPAIR OF THE BRIDGES IN REPUBLIC OF MACEDONIA, *Proceedings of the International Scientific Conference on* Research, Design and Excecution of Civil Engineering Works, IMS Belgrade, Belgrade (Serbia). October 2010, pp. 105-110. | 1.2 |
| 15 | О.Колевски, Г.Марковски, СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА РАЗЛИЧНИ КОНСТРУКТИВНИ СИСТЕМИ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА НАДГРАДБА НА ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ, *Зборник на трудови на 14. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија,* Друштво на градежни конструктори на Македонија, Струга (Р.Македонија), септември.-октомври. 2011, стр.75-82. | 1.8 |
| 16 | А.Богоевски, Г.Марковски, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОТВОРОТ НА ПУКНАТИНИТЕ КАЈ АРМИРАНОБЕТОНСКИ ГРЕДИ СПОРЕД НЕКОИ АКТУЕЛНИ ПРОПИСИ, *Зборник на трудови на 14. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија,* Друштво на градежни конструктори на Македонија, Струга (Р.Македонија), септември-октомври 2011, стр.165-170. | 1.8 |
| 17 | М.Шахинагиќ-Исовиќ, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, ВЛИЈАНИЕТО НА АРМИРАЊЕТО СО ВЛАКНА НА ОДНЕСУВАЊЕТО НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ ГРЕДИ, *Зборник на трудови на 14. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија,* Друштво на градежни конструктори на Македонија, Струга (Р.Македонија), септември-октомври 2011, стр.159-164. | 1.6 |
| 18 | Е.Думова-Јованоска, Г.Марковски, С.Чурилов, МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РЕАЛЕН ПРЕСМЕТКОВЕН МОДЕЛ ЗА ПОСТОЕЧКИ КОНСТРУКЦИИ СО АМБИЕНТАЛНИ ВИБРАЦИИ, *Зборник на трудови на 14. Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори на Македонија,* Друштво на градежни конструктори на Македонија, Струга (Р.Македонија), септември-октомври 2011, стр.313-320. | 1.6 |
| 19 | E.Dumova-Jovanoska, G.Markovski, S.Churilov, FEM UPDATING OF EXISTING STRUCTURES BASED ON AMBIENT VIBRATION MEASUREMENTS, *Invited paper at International conference on Innovation as a Function of Engineering Development*, Faculty of Civil Engineering and Architecture, University of Nis, Nis (Serbia), November 2011, pp. 57-70. | 2.4 |
| 20 | G.Markovski, T.Arangelovski, O.Kolevski, D.Nakov, THE INFLUENCE OF BRIDGE MAINTANCE ON THEIR DURABILITY AND BEARING CAPACITY, *Proceedings of the Third International Symposium on Life-Cycle Civil Engineering*, Hofburg Palace Vienna, Vienna (Austria), October 2012, pp. 443. | 1.8 |
| 21 | T.Arangelovski, G.Markovski, P.Mark, INFLUENCE OF REPEATED VARIABLE LOAD ON LONG –TERM BEHAVIOR OF CONCRETE ELEMENTS, *Proceedings of the Third International Symposium on Life-Cycle Civil Engineering*, Hofburg Palace Vienna, Vienna (Austria), October 2012, pp. 295. | 2.4 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | D.Nakov, G.Markovski, TIME DEPENDENT BEHAVIOUR OF SFRC ELEMENTS UNDER SUSTAINED LOADS, *Proceedings of the BEFIB2012 – 8th RILEM International Symposium on Fibre Reinforced Concrete*, RILEM, Guimaraes (Portugal), September 2012, pp. 189-191. | 2.7 |
| 23 | D.Ivanov, G.Markovski, T.Arangelovski, D.Nakov, RESULTS FROM RESEARCH PROJECTS AND EXPERIMENTS REGARDING STRUCTURES AND BUILDING MATERIALS IN REPUBLIC OF MACEDONIA, *Proceedings of the International Conference „Marking 60 Years of Operation of DIMK"*, Society for Materials and Structures Testing of Serbia, Faculty of Civil Engineering Belgrade, Belgrade (Serbia), October 2012, pp 47-76. | 1.8 |
| **ТРУДОВИ ОБЈАВЕНИ ВО СПИСАНИЈА** | | |
| 24 | G.Markovski, HAVE WE FORGOTTEN SKOPJE 1963 EARTHQUAKE, Structural Engineer 9 (2010) 608-614. | 4 |
| 25 | T. Arangelovski, S.Atanasovski, G.Markovski, EXPERIMENTAL AND ANALYTICAL RESEARCH OF TIME-DEPENDENT BEHAVIOUR OF REINFORCED CONCRETE ELEMENTS, Structural Engineer 10 (2010) 653-672. | 4 |
| 26 | M.Sahinagic-Isovic, G.Markovski, INFLUENCE OF STEEL FIBRE REINFORCEMENT TO THE BEHAVIOUR OF REINFORCED CONCRETE BEAMS, Structural Engineer 10 (2010) 684-704. | 4 |
| 27 | M.Sahinagic-Isovic, G.Markovski, M.Cecez, SHRINKAGE DEFORMATION OF CONCRETE – CAUSES AND TYPES, *Gradjevinar* 64 (2012) 727-734. | 4 |
| **ПОВИКАНИ ПРЕДАВАЊА** | | |
| 28 | G.Markovski, NATO PROJECT FOR STRENGTHENING AND REPEARING OF THE BRIDGES IN REPUBLIC OF MACEDONIA, *Seminar*, Bulgarian Chamber of Engineers, Skopje, 2008. | 3 |
| 29 | G.Markovski, METHODOLOGY FOR VERIFICATION OF STRUCTURE CHARACTERISTICS , *Balkan Seminar on Earthqake Engineering*, Bulgarian Chamber of Engineers, Sofia, 2011. | 3 |
| 30 | G.Markovski, CONSTRUCTIONS IN THE ARCHITECTURE, *University American College Skopje*, Skopje 2012. | 1 |
| 31 | G.Markovski, APPLIED METHODS FOR STRENGTHENING AND REPAIR OF BRIDGES IN MACEDONIA, *34 Symposium of Slovenian Association of Structural Engineers*, Slovenian Association of Structural Engineers, Bled (Slovenia), October 2012. | 3 |
| | | |
| | **Вкупно** | **67,3** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ – позначајни активности**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Г.Марковски, Т.Арангеловски, ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ АДМИНИСТРАТИВНО СТАНБЕН ОБЈЕКТ – АМБАСАДА ВО АДМИНИСТРАТИВНО – РЕЗИДЕНЦИЈАЛЕН КОМПЛЕКС НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АНКАРА, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА 2008. | 4 |
| 2 | Г.Марковски, Т.Арангеловски, ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА НА РЕЗИДЕНЦИЈАЛНИОТ ОБЈЕКТ ВО АДМИНИСТРАТИВНО – РЕЗИДЕНЦИЈАЛЕН КОМПЛЕКС НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АНКАРА, РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА 2008. | 4 |
| 3 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Арангеловски, Д.Наков, О.Колевски, А.Богоевски, NATO PROJECT - PRELIMINARI DESIGN AND COST ESTIMATE FOR **16 BRIDGES** ON THE ROUTE VELES – KATLANOVO 2009 B32, B37, B39, B41, B44, B47, B50, B52, B55, B60, B62, B63, B65, B68, B70, B77. | 32 |
| 4 | Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски, А.Богоевски, ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КАТНА ГАРАЖА НА УЛ. „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН“ ВО СКОПЈЕ, 2010. | 4 |
| 5 | Г.Марковски, О.Колевски, А.Богоевски, К.Маневска, ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА НА ПЛОШТАДОТ „СКЕНДЕРБЕГ“ ВО СКОПЈЕ, 2011. | 4 |
| 6 | Г.Марковски, А.Богоевски, ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА МОСТ НА РЕКАТА ВАРДАР ВО ГОСТИВАР, 2012. | 4 |
| 7 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Арангеловски, Д.Наков, О.Колевски, А.Богоевски, NATO PROJECT – 90% DESIGN FOR **13 BRIDGES** ON THE ROUTE VELES – KATLANOVO 2012 B37, B39, B41, B44, B47, B50, B52, B55, B60, B62, B63, B65, B68. | 52 |
| 8 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА МОСТОВИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛЕН ТРАНСПОРТ НА ДЕЛНИЦАТА ДОЈРАН – СТРУМИЦА – РАДОВИШ – ШТИП – ВЕЛЕС – СКОПЈЕ, 2008. | 1 |
| 9 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА МОСТОВИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛЕН ТРАНСПОРТ НА ДЕЛНИЦАТА ГП БОГОРОДИЦА – НЕГОТИНО – ВЕЛЕС – СКОПЈЕ, 2009. | 1 |
| 10 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Г. Нечевска Цветановска, Р.Апостолска, СТУДИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТА НА ОБЈЕКТИТЕ ЛАМЕЛИ А, Б3 И Б4 НА ЛОКАЦИЈАТА „ПОДКОШЉУН“ ВО БУДВА, ЦРНА ГОРА ЗА ГРАВИТАЦИОНИ И СЕИЗМИЧКИ ВЛИЈАНИЈА, 2009. | 1 |
| 11 | Г.Марковски, А.Богоевски, СТУДИЈА ЗА НОСИВОСТА НА АРМИРАНОБЕТОНСКИТЕ ПЛОЧИ СО ОТВОРИ НА ОБЈЕКТОТ БОЛНИЦА СИСТИНА И ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА НИВНО ЗАЈАКНУВАЊЕ, 2009. | 2 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Г.Марковски, СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗВРШЕНАТА САНАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКАТА АРМИРАНОБЕТОНСКА ПЛОЧА ВО ТРАФОСТАНИЦА НА ЧЕЛИЧАНАТА „МАКСТИЛ“ СКОПЈЕ, 2009. | 2 |
| 13 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА МОСТОВИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛЕН ТРАНСПОРТ НА ДЕЛНИЦАТА СКОПЈЕ – ГП ЈАЖИНЦЕ, 2010. | 1 |
| 14 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, ЕКСПЕРТИЗА ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА НА ИСТОЧНАТА И ЗАПАДНАТА ТРИБИНА НА НАЦИОНАЛНАТА АРЕНА ФИЛИП II, 2010. | 1 |
| 15 | Г.Марковски, Е.Думова-Јованоска, С.Чурилов, Д.Наков, О.Колевски, А.Богоевски, СТУДИЈА ЗА СТАБИЛНОСТА И НОСИВОСТА НА ПОСТОЈНИОТ ОБЈЕКТ НА УЛ. „БИХАЌКА“ БР.6 (ПОРАНЕШЕН ГЕОЛОШКИ ЗАВОД) ВО СКОПЈЕ, 2010. | 2 |
| 16 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, А.Богоевски, СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА МОСТОВИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛЕН ТРАНСПОРТ НА ДЕЛНИЦАТА ГП МЕЏИТЛИЈА – ВЛЕЗ НА БИТОЛА, 2011. | 1 |
| 17 | Г.Марковски, Е.Думова-Јованоска, С.Чурилов, С.Марковска, ЕЛАБОРАТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ПОЈАВА НА ПУКНАТИНИ НА ОДРЕДЕНИ ДЕЛОВИ НА ОБЈЕКТОТ НА ФАБРИКАТА JOHNSON MATTHEY ВО СЛОБОДНА ИНДУСТРИСКА ЗОНА БУНАРЏИК, СКОПЈЕ, 2012. | 2 |
| 18 | Г.Марковски, Д.Наков, О.Колевски, СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА КОНСТРУКТИВНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ ПО СЛУЧЕНИОТ ПОЖАР ВО СПОРТСКАТА САЛА „ПАРТИЗАН“ ВО ЧАИР, СКОПЈЕ, 2012. | 2 |
| 19 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА МОСТОВИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛЕН ТРАНСПОРТ НА ДЕЛНИЦАТА БОГОРОДИЦА – БОГДАНЦИ, 2012. | 1 |
| 20 | Е.Думова-Јованоска, Г.Марковски, , С.Чурилов, СТУДИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА НОСИВОСТА И СТАБИЛНОСТА НА ОБЈЕКТОТ ХОТЕЛ СЛАВИЈА ВО ОХРИД, 2012. | 1 |
| 21 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски, СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА НА МОСТОВИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПЕЦИЈАЛЕН ТРАНСПОРТ НА ДЕЛНИЦАТА БОГОРОДИЦА – ФАБРИКА ФЕНИ, 2012. | 1 |
| 22 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, КОНСУЛТАТИВНИ УСЛУГИ НА АД БЕТОН ВО ТЕК НА ИЗГРАДБАТА НА АРЕНАТА ФИЛИП II ВО СКОПЈЕ СО ИЗРАБОТКА НА **20** ИЗВЕШТАИ – СТРУЧНИ МИСЛЕЊА, 2008 – 2011. | 20 |
| 23 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА **760** ПРОЕКТИ НА МОСТОВИ ВО РАМКИТЕ НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ И АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПАТНИТЕ ПРАВЦИ К8, К10, М6, М5, Р112, АВТОПАТ МИЛАДИНОВЦИ – ШТИП, ПРАВЕЦ А1 И ДР. (извештаите достапни во архивата на Градежниот факултет). | 380 |
| 24 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „ЈУРИЈ ГАГАРИН“ БР.16 ВО СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 25 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „ЃОРЃИ | |

| | | |
|---|---|---|
| | СКРИЖЕВСКИ" ВО СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 26 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕНО – ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „БЛАГОЈА ТОСКА" БР.206 ВО ТЕТОВО, 2012. | 1 |
| 27 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕНО - ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА ЛОКАЛИТЕТ ИНДУСТРИСКА ЗОНА – УЕ – В – СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 28 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕНО - ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА ЛОКАЛИТЕТ ИНДУСТРИСКА ЗОНА – УЕ – В – СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 29 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „НОВОПЛАНИРАНА УЛИЦА 3" ББ, БЛОК 3.3 КО КАРПОШ, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 30 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА 4 СТАНБЕНИ ОБЈЕКТ ВО НОВО ЛИСИЧЕ, СКОПЈЕ, 2010. | 4 |
| 31 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КАТНА ГАРАЖА НА ГП 9.13 ДУП ГОЛЕМ РИНГ – ЈУЖЕН ДЕЛ – ИСТОК, СКОПЈЕ, 2011. | 1 |
| 32 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА АДАПТАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДИРЕКЦИЈАТА НА ХАЛК БАНКА, СКОПЈЕ, 2011. | 1 |
| 33 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ИЗВЕДБЕН ПРОЕКТ ЗА САНАЦИЈА НА АРМИРАНОБЕТОНСКА ПЛОЧА ВО ТРАФОСТАНИЦА И ЈАМА ПОД ЕЛЕКТРОПЕЧКА ВО ЧЕЛИЧАНА (МАКСТИЛ) СКОПЈЕ, 2008. | 1 |
| 34 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНО ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „8-МА УДАРНА БРИГАДА" БР.35, СКОПЈЕ, 2011. | 1 |
| 35 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА СТАНБЕНА ЗГРАДА НА БУЛЕВАР „ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ" БР. 42А, СКОПЈЕ, 2008. | 1 |
| 36 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА СТАНБЕНА ЗГРАДА НА БУЛЕВАР „ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ" БР. 44А, СКОПЈЕ, 2008. | 1 |
| 37 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КАТНА ГАРАЖА СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА УЛ. „ИВАН МИЛУТИНОВИЌ", СКОПЈЕ, 2008. | 1 |
| 38 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН И ИЗВЕДБЕН ПРОЕКТ ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА НА АДМИНИСТРАТИВНО ДЕЛОВЕН ОБЈЕТ СО МАГАЦИН ВО ВИЗБЕГОВО, СКОПЈЕ, 2009. | 1 |
| 39 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КОНСТРУКЦИЈАТА НА СТАНБЕНО ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „КОСТА ШАХОВ" БР.7 ВО СКОПЈЕ, 2009. | 1 |
| 40 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕНО – ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „БЛАГОЈА ТОСКА" БР.208 ВО ТЕТОВО, 2010. | 1 |
| 41 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ ЗА КАТНА ГАРАЖА СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА УЛ. ВАСИЛ ЃОРГОВ ВО СКОПЈЕ, 2011. | 1 |
| 42 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ" БР.3 ВО СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 43 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КОНГРЕСИ И | |

| | | |
|---|---|---|
| | МАНАСТИРИТ“ СААТ МАЛО ВО СКОПЈЕ, 2011. | 1 |
| 44 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „12“ ББ КП 961/13 ВО КО КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 45 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „12“ ББ КП 961/14 ВО КО КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 46 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „12“ ББ КП 961/3 ВО КО КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 47 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „12“ ББ КП 961/20 ВО КО КИСЕЛА ВОДА, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 48 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „ПАНКО БРАШНАРОВ“ БР. 6, ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, СКОПЈЕ, 2008. | 1 |
| 49 | Г.Марковски, РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА СТАНБЕН ОБЈЕКТ НА УЛ. „4 ЈУЛИ“ БР. 33, ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, СКОПЈЕ, 2009. | 1 |
| 50 | Г.Марковски, А.Богоевски, СУПЕР РЕВИЗИЈА НА ОСНОВЕН ПРОЕКТ – ФАЗА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОБЈЕКТ БИЗИНС ЦЕНТАР ВО ПРИШТИНА, КОСОВО, 2012. | 1 |
| 51 | Г.Марковски, О.Колевски, СТУДИЈА ОД ИСПИТУВАЊЕ СО ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА ВРЗ КОЈА СЕ ОСЛОНУВА ТРАНСФОРМАТОРОТ ВО ПРОСТОРИЈАТА НА ТС-ЕП ВО МАКСТИЛ, СКОПЈЕ, 2009. | 2 |
| 52 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски А.Богоевски, СТУДИЈА ОД ИСПИТУВАЊЕ СО ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ МОНТАЖЕН НОСАЧ ЗА ИСТОЧНАТА ТРИБИНА НА АРЕНАТА ФИЛИП II, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 53 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски А.Богоевски, СТУДИЈА ОД ИСПИТУВАЊЕ СО ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА АРМИРАНОБЕТОНСКИ МОНТАЖЕН НОСАЧ ЗА ЗАПАДНАТА ТРИБИНА НА АРЕНАТА ФИЛИП II, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 54 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски А.Богоевски, СТУДИЈА ОД ИСПИТУВАЊЕ СО ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА ИСТОЧНАТА ТРИБИНА НА АРЕНАТА ФИЛИП II, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 55 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски А.Богоевски, СТУДИЈА ОД ИСПИТУВАЊЕ СО ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА ЗАПАДНАТА ТРИБИНА НА АРЕНАТА ФИЛИП II, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| 56 | С.Атанасовски, З.Десовски, Г.Марковски, Т.Аранѓеловски, Д.Наков, О.Колевски А.Богоевски, СТУДИЈА ОД ИСПИТУВАЊЕ СО ПРОБНО ТОВАРЕЊЕ НА СЕВЕРНАТА ТРИБИНА НА АРЕНАТА ФИЛИП II, СКОПЈЕ, 2010. | 1 |
| | | |

| | ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | |
|---|---|---|
| 1 | Главен и одговорен уредник на списанието „Инженерство“, издавач Инженерска институција на Македонија | 2 |
| 2 | Претседател на Собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија | 1 |
| 3 | Главен и одговорен уредник на списанието „Пресинг“, издавач Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Р. Македонија | 2 |
| 4 | Претседател на Друштвото на градежни конструктори на Македонија | 1 |
| 5 | Претседател на ТК 30 Еврокодови, Институт за стандардизација на Република Македонија | 1 |
| 6 | Раководител на Работна група за ЕС2 при ТК 30 Еврокодови, Институт за стандардизација на Република Македонија | 1 |
| 7 | Член на Уредувачки одбор на списанието „ Scientific Journal of Civil Engineering“, издавач: Градежен факултет - Скопје | 1 |
| 8 | Член на Комисија за изработка на подзаконски акти (6) МТВ | 12 |
| 9 | Член на Организациски одбор за симпозиум на ДГКМ, 2009, 2011 | 1 |
| 10 | Признание за најдобро конструкторско остварување во областа на проектирањето на проектанскиот тим за НАТО-проектот за зајакнување и поправка на мостовите во Р. Македонија – LOT2, доделено од Друштвото на градежни конструктори на Македонија, 2009 | 1 |
| 11 | Рецензент на учебник за средно образование (3) | 1.5 |
| 12 | Член на Наставна комисија на Градежниот факултет во периодот 2007-2011 | 0.5 |
| 13 | Член на Советодавна комисија на SEEFORM-студиите | 0.5 |
| 14 | Член на комисија за самоевалуација на Градежниот факултет | 0.5 |
| 15 | Член на Комисијата за доделување на овластувања – Комора на овластени архитекти и овластени инженери, Одделение за градежништво | 1 |
| 16 | Член на Собранието на Европската асоцијација на инженерски комори ECEC | 0.5 |
| 17 | Плакета за заслуги за успешна работа на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **588,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **66,206** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **67,300** |
| **СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **588,500** |
| **Вкупно** | **722,006** |

**Членови на Комисијата**

1.____________________________, претседател с.р.

2.____________________________, член с.р.

3.____________________________, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ "ТЕОРИИ НА УПРАВУВАЧКИ СИСТЕМИ" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БОРЧЕ ДАВИТКОВСКИ, ПРОФ. Д-Р АНА ПАВЛОВСКА-ДАНЕВА, ДОЦ. Д-Р ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА И АС. Д-Р ДРАГАН ГОЦЕВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје донесена на 23.11.2012, определен сум за рецензент на учебникот "Теории на управувачки системи" од проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ана Павловска-Данева, доц. д-р Елена Давитковска и ас. д-р Драган Гоцевски, што за мене претставува посебна чест и задоволство. Врз основа на анализата на доставениот ракопис на учебникот "Теории на управувачки системи", го доставувам следниов

## Извештај

Учебникот "Теории на управувачки системи" од проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ана Павловска-Данева, доц. д-р Елена Давитковска и асс. д-р Драган Гоцевски е труд систематизиран во дванаесет поглавја.

Учебникот е изработен наменски, за да одговара на стандардите предвидени за изведување настава на вториот циклус студии согласно со европскиот кредит-трансфер систем. Дванаесетттe тематски единици кои го сочинуваат учебникот соодветствуваат на дванаесет недели настава, е се напишани на висок, но разбирлив стил, а распоредени на начин што претставуваат логички поврзани целини.

Првите три глави од учебникот содржат чисто теоретска расправа. Во првата глава авторите даваат преглед на основните концепти на теоријата за организација низ призма на основните филозофски проблеми - онтологијата и епистемологијата и нивната примена во формулирањето на трите правци во теоријата за организација: модернизмот, симболичкиот-репрезентативизам и постмодернизмот. Во втората глава авторите ги обработуваат основните поими, ставови и претставници на теоријата на одлучувањето. Во оваа глава авторите ги изложуваат и гледиштата на неорационалистичката теорија на одлучување и даваат критички осврт врз оваа теорија. Третата, доминантно теоретска глава, е преглед и анализа на школата на човечки односи како значајна школа на организационата анализа.

Четвртата, петтата, шестата и седмата глава се посветени на административните реформи. Во оваа група на логички поврзани тематски целини авторите ги изложуваат највлијателните струи во административно-правната мисла во поново време, кои ги обработуваат успешните и неуспешните реформски процеси во развиениот свет. Во осмата глава авторите даваат преглед

на поновите трендови во развојот на административните организации кои го формираат обликот на модерната администрација и ќе продолжат да го формираат: постбирократските организации, проблемот на технократијата, феминистичката перспектива на организациите, менаџментот на ефективноста и контролата на менаџментот. Во десеттата глава авторите го обработуваат "најновото дете" на прогресивната административно-правна мисла - електронската управа. Во оваа глава е даден историскиот развој и основните концепциски постулати за давањето на јавни услуги преку примена на ИКТ во светот.

Во десеттата глава авторите ги анализираат околностите под кои во Република Македонија се одвиваат првите крупни реформи на државната администрација по осамостојувањето на државата. Авторите се фокусираат на мотивите и целите на административните реформи поставени во 1999 година, по што во следната тематска целина ја проследуваат, со критички коментари, имплементацијата на зацртаните реформски насоки: усвојувањето и промените на современиот службенички систем во Република Македонија, донесувањето и контроверзните решенија во Законот за општата управна постапка, решенијата предвидени согласно со Законот за управните спорови и Законот за установите. Последната тематска единица во учбеникот го обработува развојот на електронската управа во Република Македонија од 2005 до 2012 година.

Ми претставува особена чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустининијан Први" во Скопје да го прифати учебникот "Теории на управувачки системи" како основен универзитетски учебник и извор, теоретско градиво и поткрепа за идните истражувања од оваа област, а за кој сум цврсто убеден дека ќе биде користен не само од Правниот факултет и правните факултети во Република Македонија, туку и пошироко.

*Рецензент*

*Проф. д-р Симеон Гелевски, с.р.*

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ "ТЕОРИИ НА УПРАВУВАЧКИ СИСТЕМИ" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БОРЧЕ ДАВИТКОВСКИ, ПРОФ. Д-Р АНА ПАВЛОВСКА-ДАНЕВА, ДОЦ. Д-Р ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА И АС. Д-Р ДРАГАН ГОЦЕВСКИ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје донесена на 23.11.2012, определен сум за рецензент на учебникот "Теории на управувачки системи" од проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ана Павловска-Данева, доц. д-р Елена Давитковска и ас. д-р Драган Гоцевски, што за мене претставува посебна чест и задоволство. Врз основа на анализата на доставениот ракопис на учебникот "Теории на управувачки системи", го доставувам следниов

## Извештај

Учебникот "Теории на управувачки системи" од проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Ана Павловска-Данева, доц. д-р Елена Давитковска и ас. д-р Драган Гоцевски е труд чија систематизација може да се толкува на два начина, согласно со формалната структура на трудот и согласно со содржината што се обработува во него. Структурата на трудот се состои од предговор, дванаесет глави и список на наведена литература. Од аспект на содржината на трудот, учебникот може да се подели во две тематски целини. Едната, која го опфаќа поголемиот дел на учебникот, претставува преглед и анализа на доминантните школи на мисла кои придонеле во создавањето на административното право и јавната администрација како научни дисциплини, а другата целина ја обработува практичната примена на сознанијата од овие правци низ призмата на создавањето и еволуцијата на административниот систем во независна Република Македонија. Самиот учебник е идеално структуриран согласно со новите стандарди кои се користат подолг период во рамките на земјите од Европската унија, но и во САД.

За првиот дел: првите три глави го покриваат настанокот и развојот на највлијателните школи на мислата, во административно-правната наука и опфаќаат палета на школи и правци од теоријата на организација, теоријата на одлучувањето и школата за човечки односи. Следните четири глави се карактеризираат со попрагматична содржина. Во овој дел од учебникот авторите се осврнуваат на широко прифатените ставови и гледишта кон реформите на

јавниот сектор, со тесен фокус на промените и процесите кои настануваат и се развиваат при преструктурирањето на системот на државната администрација. Особено се истакнуваат приземните и лесно разбирливи објаснувања на новиот јавен менаџмент, менаџерските погледи кон управувањето со јавната администрација, мерењето на продуктивноста во јавната администрација и менаџерските принципи во јавната администрација. Содржински, учебникот е збогатен и со компаративен приказ на админстративните реформи, и се одликува како со класична компарација на развиените држави, така и со историско-компаративна анализа на административните реформи во рамките на самите држави кои се предмет на анализа во учбеникот. Последните две глави од оваа доминантно теоретска целина на учебникот, односно осмата и деветтата глава, согласно со структурата на трудот, даваат увид на авторите кон можната иднината на развојот на административните организации.

За вториот дел: последните три глави од учебникот содржат изворна анализа на авторите, за настанокот и развојот на административниот систем во Република Македонија. Периодот кој авторите го анализираат почнува од независноста на Македонија заклучно со тековната 2012 година. Суштината на овие три глави може да се гледа од три аспекти: првиот аспект кој авторите го анализираат е зошто Република Македонија "се одлучи" да ја реформира својата администрација, кои се причините, односно мотивите за оваа коренита и очигледно тешка промена?; вториот аспект, кој авторите го покриваат, е хронолошки преглед на развојот на административниот систем, проследен преку правна анализа на конститутивните акти за административното право во Република Македонија за период од 20 години; конечно, третиот аспект кој авторите го анализираат е перспективата на административниот систем на Република Македонија во периодот што доаѓа. Актуелноста на обработената материја во учебникот се гледа не само во актуелноста на примерокот што авторите го анализираат, најновите прописи и најновите збиднувања, туку и во анализата на глобалниот "тренд" кој повеќе од една деценија се етаблира како сигурен правец во кој ќе се развива концептот за остварување на права и обврски пред органите на државната администрација, а тоа е настанокот, развојот и примената на електронската управа во светот и во Република Македонија.

Врз основа на изнесеното, ми претставува особена чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да го прифати учебникот "Теории на управувачки системи" како основен универзитетски учебник, како прво, бидејќи сум длабоко убедена дека се работи за едно дело кое ќе го продлабочи и збогати фондот на достапна литература од областа на административно-правната теорија, но истовремено ќе ја прошири дебатата за квалитетот на реформата на администрацијата во Република Македонија. Овој

учбеник сметам дека истовремено ќе го надополни знаењето на младите студенти, кои со тие стекнати знаења ќе можат полесно да се пронајдат во кариерната определба во животот, но истовремено и да се изградат во совесни и критички настроени граѓани на Република Македонија.

*Рецензент*

*Проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, с.р.*

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАЗВОЈ НА НАПРЕДНИ АЛГОРИТМИ ЗА ХИБРИДНО УПРАВУВАЊЕ СО ПРЕДВИДУВАЊЕ БАЗИРАНО НА МОДЕЛ ЗА ИНДУСТРИСКИ ПОСТРОЈКИ СО ГОЛЕМА МОЌНОСТ" ОД М-Р ГОРАН СТОЈАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје број 02-3125/6 од 28.11.2012, определени сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација „Развој на напредни алгоритми за хибридно управување со предвидување базирано на модел за индустриски постројки со голема моќност" од кандидатот м-р Горан Стојановски.

Врз основа на извршениот преглед на докторската дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи податоци за докторската дисертација

Докторската дисертација „Развој на напредни алгоритми за хибридно управување со предвидување базирано на модел за индустриски постројки со голема моќност" од кандидатот м-р Горан Стојановски е со вкупен обем од 163 страници во формат А4. На почетокот е дадена содржината, а потоа следува излагање во 7 поглавја. На крајот се наоѓаат заклучок и споредбена анализа на предложените резултати, користена литература и прилози кон дисертацијата. Излагањето е илустрирано со 65 слики и 7 табели.

### 2. Предмет на докторската дисертација

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е употребата и придобивките од користење на напредни алгоритми за управување со предвидување базирано на модел (УПБМ) во индустриските постројки со голема потрошувачка. Во ваквите постројки, потрошувачката на енергија е најзначајниот параметар, од кој зависи понатамошниот пласман на производот. Од друга страна, за да се обезбеди квалитетен производ, потребно е да се оптимизира управувањето. Задача на овие алгоритми е да се пронајде компромис помеѓу големата потрошувачка и квалитетот на производите, притоа вклучувајќи ги сите

параметри во процесот на оптимизација на овие постројки, дури и оние кои имаат логички и целобројни вредности.Оваа задача се реализира преку воведување на компјутациони техники во процесот на оптимизација или преку воведување на алгоритми за хибридно УПБМ.

Актуелните алгоритми кои се користат за управување со ваков тип на постројки вообичаено прават оптимизација на постројката од аспект на континуалните променливи. Сепак, факт е дека најголем дел од овие постројки работат во повеќе работни режими и дека постојат дискретни променливи кои имаат влијание врз нив, како, на пример, извршни елементи од типот на вклучено/исклучено и сл. Оптимизацијата во денешни услови подразбира занемарување на овие променливи и линеаризација на постројката во една работна точка на системот. Со цел да се подобри квалитетот на управувањето и да се намали потрошувачката на енергија во овие постројки, се пристапува кон воведување на нови и напредни методи кои истовремено ќе можат да се справат со континуалните, дискретните и логичките променливи во еден процес.

Во дисертацијата се разгледани два аспекта на решението на овој проблем. Првиот аспект е воведувањето на компјутациони методи во оптимизацијата на управувачите, што подразбира користење на фази-логика, невронски мрежи и генетски алгоритми. Вториот аспект е разгледување на влијанието на дискретните и целобројните променливи во процесот на оптимизација и воведување на алгоритми за хибридна оптимизација на УПБМ. Поставените алгоритми се детално елаборирани, што се потврдува и со бројните трудови објавени во текот на изработката на докторската дисертација, како и исцрпните референци од најзначајните списанија и конференции од областа на управувањето кои се користени во дисертацијата.

## 3. Анализа на докторската дисертација

Во првата глава е даден краток воведво кој е дадена мотивацијата за истражувањето, како и основните придобивки кои произлегуваат од истражувањето.

Во втората глава е изработен краток преглед на најновите достигнувања од областа на управувањето со предвидување. Оваа глава е поделена на три дела и обработени се актуелните трудови од областите на линеарно управување со предвидување базирано на модел, нелинеарно УПБМ и посебно од аспект на хибридно управување со предвидување базирано на модел.

Во третата глава се елаборирани најактуелните методи и техники за управување со предвидување базирано на модел. Во продолжение е образложен концептот на оваа метода и основните зависности. Понатаму, детално се образложени најчесто користените индустриски формулации на управување со предвидување. Овие алгоритми се елаборирани од теоретски

аспект. Потоа се презентирани најчесто користените напредни методи кои всушност претставуваат надоврзување на претходните од аспект на робустност, воведување на несигурности во моделите за предвидување и употреба на лгоритми за нелинеарно УПБМ. На крај на оваа глава е направена споредба на презентираните алгоритми.

Во четвртата глава се предложени и потврдени три неконвенционални методи на оптимизација на алгоритми за управување со предвидување базирано на модел. Најпрво е претставен еден специјален случај на оптимизација во присуство на неконвексни ограничувања. Во ваков случај мора да се избере некој неконвенционален метод на оптимизација. Во оваа докторска дисертација се избрани генетските алгоритми и прикажани се резултатите од имплементираниот управувач со помош на овој алгоритам. Следен алгоритам кој е презентиран во оваа глава е фази-управувањето со предвидување базирано на модел. Овој алгоритам дефинира надреден фази-управувач кој се поставува на второто хиерархиско ниво од управувањето и ја поставува референтната вредност за пониското управувачко ниво на кое во случајот е реализиран управувач со предвидување базиран на модел. На крај, како трет презентиран алгоритам во оваа секција, претставува алгоритамот за фази-невронска оптимизација на УПБМ. Тука е дефинирана фази-невронска мрежа како модел кој ќе се користи за предвидување и управување на системот. Во продолжение, поставени се теореми и дефиниран е управувач со предвидување базиран на фази-невронскиот модел и тој е искористен за управување наеден индустриски објект со голема потрошувачка. Резултатите од трите презентирани алгоритми се задоволителни и ги оправдуваат очекувањата дефинирани во поставката на оваа дисертација.

Петтата глава дава генерален осврт на теоријата на хибридно управување со предвидување базирано на модел. Дефиниран е математичкиот апарат на теоријата за хибридни системи, започнувајќи од основните поими, па сè до дефинирањето на мешаните логички – динамички системи. Од вака дефинираните системи изведени се условите и правилата за поставување на хибриден управувач со предвидување базирано на модел. На крај, во оваа глава, се презентирани современите алатки за работа и проектирање на вакви модели и управувачи.

Во шестата глава, детално е елаборирана постапката на градење на хибриден модел на индустриска печка кој се заснова на претходно добиени резултати од идентификација. Претходно достапниот модел е линеарени не ги вклучува значајните логички и целобројни променливи во системот. Тука се презентирани условите и правилата според кои може да се дефинира хибриден модел на индустриската печка. Откако е дефиниран моделот, направена е негова валидација со помош на испитување на неговото поведение при возбуда со отскочна влезна возбуда во отворена и во затворена јамка.

Во седмата глава е презентирана постапка на проектирање на хибридниот управувач со предвидување базиран на моделот добиен во шестата глава. После дефинирањето и правилното нагодување на управувачот, тој е валидиран со низа симулации на индустриски објект со голема потрошувачка. Резултатите се јасно и прецизнопрезентирани и притоа се изведени логични заклучоци во врска со подобрувањата на квалитетот на управување со овој алгоритам, како и во врска на намалувањето на потрошувачката на енергија.

Заради разноликоста на презентираните алгоритми, наместо заклучок, во глава 8 е презентирана споредба и анализа на сите алгоритми за управување со предвидување базирано на модел кои беа презентирани во оваа докторска дисертација. Анализата е направена во однос на времето на извршување на алгоритмите, времето на смирување, максималниот прескок, ИТАЕ-нормата (интеграл од апсолутната грешка по времето) и просечната потрошувачка на гориво за време на симулацијата. Во оваа глава се извлечени главните заклучоци од оваа докторска дисертација и изложени се насоки за идни истражувања во оваа област.

## 4. Публикации произлезени од истражувањата

Трудови во меѓународни списанија

G. Stojanovski and M. Stankovski, "A hybrid system approach for high consumption industrial furnace control," *Intelligent Control and Automation*, vol. 3, no. 4, pp. 404-412, November 2012. [Online] doi:10.4236/ica.2012.34044

G. Stojanovski, M. Stankovski, and G. Dimirovski, "Multiple-model model predictive control for high consumption industrial furnaces," *FACTA UNIVERSITATIS Series: Automatic Control and Robotics*, vol. 9, no. 1, pp. 131–139, 2010.

Глави од книга

G. Stojanovski and M. Stankovski, *Genetic Algorithms in Applications*. InTech, 2012, ch. Model Predictive Controller Employing Genetic Algorithm Optimization of Thermal Processes with Non-Convex Constraints, pp. 19–34.

Трудови одконференции

G. Stojanovski and M. Stankovski, "Hybrid modelling of industrial furnace using HYSDEL," in *Proceedings of the XI International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements*, Nis, Serbia, November 2012.

L. Bina, M. Stankovski and G. Stojanovski, "Model Predictive Control of a Water Treatment Plant," in *Proceedings of the XI International SAUM Conference on Systems, Automatic Control and Measurements*, Nis, Serbia, November 2012.

## 6. Заклучок и предлог

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата заклучи дека во докторската дисертација „Развој на напредни алгоритми за хибридно управување со предвидување базирано на модел за индустриски постројки со голема моќност“, од кандидатот м-р Горан Стојановски, е даден значаен научен придонес во областа на оптимизација на управување со предвидување базирано на модел. Развиени се неколку различни алгоритми за УПБМ кои воведуваат значителни подобрувања во односот квалитет-цена на индустриските објекти со голема потрошувачка. Врз база на детална анализа избрани се и неколку алгоритми за оптимизација на УПБМ и тие се модифицирани за употреба на компјутациони техники за оптимизација на индустриски постројки со голема потрошувачка. Предложена ерамка за хибридно УПБМ за индустриски објекти со голема потрошувачка која лесно може да се адаптира на цела класа системи кај кои треба да се оптимизира соодносот квалитет-цена. Предложениот пристап значително може да ја зголеми примената на резултатите од оваа дисертација во ова, но и во голем број на други сродни полиња.

Со постигнатите резултати, кандидатот м-р Горан Стојановски покажал длабоко познавање на проблематиката на докторската дисертација и истражувачки дух, што резултира со научен придонес во областа автоматика и системско инженерство. Резултатите од докторската дисертација се презентирани во 11 труда, од кои 2 во меѓународни списанија, една глава во книга во странство и 8 труда на научни конференции.

Според законите на Р. Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука – plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија трудот не претставува плагијат.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати овој извештај и на кандидатот м-р Горан Стојановски да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација „Развој на напредни алгоритми за хибридно управување со предвидување базирано на модел за индустриски постројки со голема моќност“ .

Скопје, 7.12.2012

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Георги Димировски, претседател с.р.

2. Проф. д-р Миле Станковски, ментор с.р.

3. Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска, член с.р.

4. Проф. д-р ОкјајКајнак, член с.р.

5. Проф. д-р Елизабета Лазаревска,член с.р.

G. Stojanovski, M. Stankovski, I. Rudas, and J. Jing, "Pusher reheating furnace control via fuzzy-neural model predictive control synthesis," in *Proceedings of 2012 IEEE 6th International Conference Intelligent Systems*, R. Yager, V. Sgurev, and M. Hadjiski, Eds., vol. II, 2012, pp. 272–278, IEEE Catalogue Number CFP12802-PRT ISBN 978-1-4673-2782-4 (Selected in the 13 Best Papers, recommended for publication in IEEE SMC Part B (IF 3.08)).

G. Stojanovski and M. Stankovski, "Advanced industrial control using fuzzy-model predictive control on a tunnel kiln for brick production," in *Proceedings of the 18th World Congress The International Federation of Automatic Control Milano (Italy)*, 2011, pp. 10733–10738.

G. Stojanovski and M. Stankovski, "Multiple-model model predictive control for nonlinear systems," in *Proceedings of ICEST 2010 Conference*, Ohrid, 23-26 June 2010.

G. Stojanovski, G. Dimirovski, M. Stankovski, and T. Kolemishevska-Gugulovska, "Min-max model predictive control: A thematic survey," in *Proceedings of AAS-ETAI'09*, G. M. Dimirovski, Ed., Ohrid, Macedonia, September 26-29 2009, pp. 113–119.

G. Stojanovski and M. Stankovski, "Min-max model predictive control of 20 MW industrial gas-fried furnace: Case with direct output disturbances," in *Proceedings of DECOM 09*, G. Dimirovski, Ed., Ohrid, Macedonia., September 2009.

G. Stojanovski, M. Stankovski, and T. Kolemisevska-Gugulovska, "Performance analysis on MPC of industrial furnace depending on the control and prediction horizon," in *Proceedings of the 9th ETAI Conference*, September 2009, pp. A2–2.

## 5. Главни придонеси од дисертацијата

Основен придонес на докторската дисертација претставува поставувањето и потврдувањето на квалитетот на хибридни алгоритми за управување со предвидување базирано на модел на индустриски објекти со голема потрошувачка. Овие алгоритми се тестирани на симулациски модел на индустриска печка со голема моќност, при што е извршена споредбена анализа на добиените резултати и извлечени се корисни заклучоци за доменот на нивната употреба. Заради правилниот пристап во проектирањето, добиените резултати лесно можат да се приспособат за употреба во други типови на индустриски објекти со голема потрошувачка.

Втор аспект на основниот придонес на дисертацијата преставуваат трите презентирани алгоритми за неконвенционална оптимизација на УПБМ. Овие алгоритми се добиени како комбинација на УПБМ со компјутациони техники, во овој случај фази-логика, невронски мрежи и генетски алгоритми.

Првиот предложен алгоритам на оптимизација предлага користење на генетски алгоритми за оптимизација на проблеми при постоење на неконвексни ограничувања. Овој

алгоритам успешно го решава проблемот на неконвексна оптимизација на УПБМ кој не е решлив со стандардните техники за оптимизација. И покрај тоа што е потребно релативно големо време за извршување на пресметките, овој алгоритам е оправдан во одредени ситуации и се очекува да има голема примена во реални апликации. Вториот предложен алгоритам воведува дво-нивовско управување со предвидување, кое на горното ниво има фази логички управувач за одредување на референтната траекторија. Предложениот алгоритам може да се користи во случаи кога имаме сложено управување кое генерално зависи од влезни параметри од различна структура и со различна фреквенција на промена. Горното управувачко ниво со помош на фази логиката лесно ги сублимира влијанијата од разнородните елементи и генерира референтна траекторија за ниското управувачко ниво, на кое е имплементиран УПБМ. Во третиот алгоритам, всушност, се поставуваат математички дефиниции за управување со предвидување базирано на фази-невронски модел. Во овој дел од дисертацијата дефинирани се алгоритми за пресметување на оптималното управувачко дејство во случај кога како модел користиме фази-невронски модел добиен со идентификација на системот на управување.

Во продолжениетона докторската дисертација, заради неможноста да се оптимизираат постројките во кои постојат дискретни и целобројни променливи, предложен е хибриден алгоритам за управување со предвидување базирано на модел. Предноста на овој алгоритам се состои во тоа што тој, за разлика од конвенционалните техники, при оптимизацијата на управувањето ги зема предвид и логичките и целобројните променливи. На ваков начин е извршена реална оптимизација која ги зема предвид сите потребни варијабли. За успешно тестирање на овој алгоритам направено е структурно хибридно моделирање на индустриска печка со голема моќност. По извршените симулации забележително е дека алгоритамот покажува одлични резултати во однос на перформансите на управувањето спроведено над индустриската печка. Тој се карактеризира со значително подобрување на квалитетот на управување, за сметка на мало зголемување на потрошувачката.

Во однос на насоките за идни истражувања, покрај очигледното усовршување на математичките модели на индустриските постројки со голема потрошувачка, активно може да се работи и во насока на практична реализација на вакви управувачи, која сè уште е на ниво на експериментирање во лабораториски услови. Третата можност за идни истражувања е во областа на робусно управување и релаксирање на условите за стабилност на системите кои се управувани со хибриден УПБМ.

Исто така, треба да се потенцира дека алгоритмите за неконвенционална оптимизација и за хибридно управување со предвидување базирано на модел, кои се предложени и потврдени во дисертацијата, имаат завидно ниво на иновативност.

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ДЕФЕКТОЛОГИЈА, КЛИНИЧКА ДЕФЕКТОЛОГИЈА И МЕТОДИКА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XXXIII редовна седница одржана на 19.XII 2012 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) по научните области (дисциплини): дефектологија, методика и клиничка дефектологија.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Горан Ајдински, проф. д-р Зора Јачова и проф. д-р Ристо Петров, ценејќи ја укажаната доверба и по увидот во доставениот материјал, има особена чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на наставник (во сите звања) по научните области (дисциплини): дефектологија, клиничка дефектологија и методика, објавен во весникот *Дневник* на 20. XI 2012, се пријави еден кандидат, д-р Наташа Чичевска-Јованова, доцент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

## Основни биографски податоци

Наташа Чичевска-Јованова е родена во Штип на 24.4.1971 година. Основното и средното образование ги завршила во Штип. Во 1994 година дипломирала на Дефектолошкиот факултет во Белград, Србија. Во настојување да го гради својот професионален развој, во октомври 1995 година се запишала на постдипломските студии на Дефектолошкиот факултет во Белград.

Магистерскиот труд со наслов „Влијанието на соматопедскиот третман врз моторните способности кај лесно ментално ретардираните ученици" го одбранила во декември 2001 година и се стекнала со академски степен магистер на дефектолошки науки, научна област: соматопедија.

Во март 2008 година, на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје го одбранила докторскиот труд со наслов: „Проценка на моторното и когнитивното функционирање кај лицата со церебрална парализа и лицата со лесна ментална ретардација".

Во учебната 1994/95 се вработила во П.О.У. „Иднина" во Скопје, како дефектолог во одделенска настава, каде што работела сè до ноември 1996 година. Истата година е примена како помлад асистент на студиите за дефектологија при Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во февруари 2003 година била избрана за асистент на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Во јуни 2008 година д-р Наташа Чичевска-Јованова е избрана за доцент на Институтот за дефектологија на Филозофскиот факултет во Скопје, за следните научни дисциплини на додипломските студии: дефектологија, ран третман и методика.

Вклучена е и во реализацијата на наставата (менторски) и испитите на постдипломските студии на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

Доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова својата афирмација на професионален план во изминатиот период ја градела тргнувајќи од практичното искуство во работата со деца со пречки во развојот, наставната работа со студентите и преку објавување на стручни трудови, учество на повеќе стручни советувања, семинари и симпозиуми со свои излагања и реализација на неколку студиски престои во странство.

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Наташа Чичевска-Јованова работи на Институтот за дефектологија од 1996 година, прво како соработник, па потоа и како наставник. По изборот во звањето доцент во 2008 година, ангажирана е во изведување на наставата по задолжителните предмети: соматопедија, рана интервенција на деца со пречки во развојот, методика на предучилишна воспитно образовна работа со деца со пречки во развојот, методика на работа со лесно ментално ретардирани ученици 1 и 2 и методика на работа со телесно инвалидни ученици 1 и 2 (стара студиска програма), и на предметите: рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност, методика на работа со лесна интелектуална попреченост а од академската 2011/2012, носител е на изборниот предмет окупациона терапија (нова студиска програма).

Д-р Чичевска-Јованова е ангажирана и во реализацијата на наставата (менторски) и испитите на вториот циклус студии на Институтот за дефектологија, по предметите: новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со моторни нарушувања и окупациона терапија.

Од изборот во звањето доцент до сега, кандидатката е ментор на 55 дипломски работи и била член во комисии за оцена и одбрана на научни трудови (2 докторски дисертации, 18 магистерски тези и 77 дипломски работи).

Доц. д-р Наташа Чичевска Јованова била и член на рецензентска комисија на 3 универзитетски учебници: „Домска воспитно-образовна

работа", Филозофски факултет, Скопје (2009), „Визуелната ефикасност кај децата со оштетен вид", Филозофски факултет, Скопје (2011) и „Методика на работа со лица со оштетен вид", Скопје (2012).

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Наташа Чичевска Јованова остварила вкупно **126,45 поени од наставно-образовната дејност,** со што го надминала минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Научноистражувачка дејност

Во периодот од изборот за доцент до сега, д-р Чичевска-Јованова е ментор на 3 докторски дисертации и 5 магистерски тези.

Во 2009 година д-р Наташа Чичевска Јованова учествувала во националниот проект за модернизација во образованието-обука на наставниците од редовните училишта за инклузија на децата со посебни потреби, спроведен од Министерството за образование.

Во текот на изборниот период како доцент, Наташа Чичевска-Јованова има објавено четири труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, два труда со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание и еден труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:

- Dimitrova-Radojichikj, D., **Chichevska-Jovanova, N.**, 2007, Implementation of the Bologna Process at the Institute of special education and rehabilitation, *Journal of Special Education and Rehabilitation,* (3-4), p. 5-14.
- **Chichevska-Jovanova, N.**, Dimitrova-Radojichikj, D., 2007, Assessment of visual perception in students with special educational needs, *Journal of Special Education and Rehabilitation,* (3-4), p. 59-66.
- **Chichevska-Jovanova, N.**, Dimitrova-Radojichikj, D., 2009, Self evaluation of competences of the special educators and rehabilitators in the special institution, *Journal of Special Education and Rehabilitation,* (1-2), p.25-32.
- Novachevska, I., Dimchevska, I., Pavlovska, S., **Chichevska-Jovanova, N.**, Dimitrova-Radojichikj, D., 2011, Inclusive culture in pre-school institutions, *Journal of Special Education and Rehabilitation,* (1-2), p. 7-16.
- **Чичевска-Јованова, Н.**, 2008, Проценка на моторното и когнитивното функционирање кај лицата со церебрална

парализа и лицата со лесна ментална ретардација, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, стр. 551-567.

- Димитрова-Радојичиќ, Д., **Чичевска-Јованова, Н.**, 2009, Инклузивната култура во редовните училишта, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, стр. 571-581.
- **Natasha Chichevska Jovanova**, Olivera Rashich, Maria Trifunovska Improving quality of life through the MOVE program, Tematski zbornik radova Prve međunarodne konferencije "Specijalna edukacija i rehabilitacija – nauka i/ili praksa" Sombor, 22-24.10.2010 godine.

Во периодот од 2008 до 2012 година д-р Чичевска-Јованова има учествувано со трудови на повеќе научно-стручни собири со меѓународно учество. Преку овие предавања се презентирани резултатите од следниве истражувачки проблеми: проблеми на семејството: фокус на потребите на родителите на децата со пречки во развојот; компентенциите на дефектолозите во предучилишните установи, посебните училишта, редовните училишта и рехабилитационите установи; инклузијата на децата со пречки во развојот во Р. Македонија; изработка на индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби; Socioeconomic status of the families with children whit intellectual disability; инклузивна култура, политика и практика; Studio degli atteggiamenti verso l'inclusion in Macedonia; приказ на случај по MOVE-програмата; анализа на цртежот кај учениците со лесна ментална ретардација; Inkluzivno obrazovanje učenika sa smetnjama u razvoju u Republici Makedoniji.

Согласно со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова остварила вкупно **60 поени од наставно-образовната дејност,** со што го надминала минималниот број на поени (20) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Стручно-апликативна дејност

Во периодот по изборот за доцент, д-р Наташа Чичевска-Јованова во рамките на дејностите од поширок интерес, е член на интернационалниот уредувачки одбор на списанието „Дефектолошка теорија и практика". Исто така, била член на научен и организациски одбор на повеќе меѓународни научни и стручни собири.

Д-р Чичевска-Јованова била член на факултетската Комисија за научноистражувачка дејност (2007-2011).

Кандидатката д-р Чичевска-Јованова учествувала во изготвувањето на основи на програмата за воспитно-образовната работа во подготвителната година за деца со пречки во психичкиот развој и изработката на иновираната наставна програма на осумгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој, МОН- Биро за развој на образованието (македонски јазик, математика, природа и општество, музичко, ликовно и физичко). Со ова дава свој придонес во иновирањето на содржината на предметите: методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот и методика на работа со ученици со лесна интелектуална попреченост.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник, година XI, бр. 173 од 1 август 2011 година), доц. д-р Наташа Чичевска-Јованова остварила вкупно **19,4 поени од наставно-образовната дејност,** со што го надминала минималниот број на поени (5) кои се неопходни за избор во звањето вонреден професор.

## Заклучок и предлог

Од наведените активности во извештајот се гледа дека станува збор за кандидатка која покажува извонреден професионален и педагошки капицитет со потврдени квалитети и компентенции во областите со кои се занимава. Според тоа, Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката во целост ги исполнува сите услови наведени во конкурсот.

Од тие причини, со особена чест, членовите на Рецензентската комисија му предлагаат на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, да ја избере д-р Наташа Чичевска-Јованова за наставник по научните области дефектологија, методика и клиничка дефектологија, во звањето вонреден професор.

Рецензенти

Проф. д-р Горан Ајдински, с.р.

Проф. д-р Зора Јачова, с.р.

Проф. д-р Ристо Петров, с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Наташа Митре Чичевска- Јованова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски Факултет/Институт за дефектологија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **дефектологија, методика, клиничка дефектологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава за прв циклус студии** | |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+6), зимски семестар 2008/2009 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 1 (3+2), зимски семестар 2008/2009 | 1,8 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2008/2009 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 2 (3+4), летен семестар 2008/2009 | 1,8 |
| | Рана интервенција на деца со пречки во развојот (1+2), зимски семестар 2008/2009 | 0,6 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (1+2), летен семестар 2008/2009 | 0,6 |
| | Соматопедија (4+0), летен семестар 2008/2009 | 2,4 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+6), зимски семестар 2009/2010 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на работа со ТИУ ученици 1 (3+4), зимски семестар 2009/2010 | 1,8 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2009/2010 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 2 (3+0), летен семестар 2009/2010 | 1,8 |
| | Рана интервенција на деца со пречки во развојот (1+2), зимски семестар 2009/2010 | 0,6 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (насока - логопедија) (1+0), зимски семестар 2009/2010 | 0,6 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (1+2), летен семестар 2009/2010 | 0,6 |
| | Соматопедија (4+2), летен семестар 2009/2010 | 2,4 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (1+3), зимски семестар 2010/2011 | 0,6 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+0), зимски семестар 2010/2011 | 1,8 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2010/2011 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИ ученици 1 (3+7), зимски семестар 2010/2011 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИ ученици 2 (3+4), летен семестар 2010/2011 | 1,8 |
| | Рана интервенција на деца со пречки во развојот (1+2), зимски семестар 2010/2011 | 0,6 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (1+2), летен семестар 2010/2011 | 0,6 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (1+3), зимски семестар 2011/2012 | 0,6 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+6), зимски семестар 2011/2012 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 1 (3+5), зимски семестар 2011/2012 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на ученици со лесна интелектуална попреченост (3+0), зимски семестар 2011/2012 | 1,8 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2011/2012 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИ ученици 2 (3+4), летен семестар 2011/2012 | 1,8 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (3+9), зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |
| | Методика на ученици со лесна интелектуална попреченост (3+6), зимски семестар 2012/2013 | 1,8 |
| | Методика на телесно инвалидни лица (3+6), летен семестар 2012/2013 | 1,8 |
| 2. | **Одржување на настава за втор циклус студии** | |
| | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со моторни нарушувања, 2008/2009 | 0,25 |
| | Окупациона терапија, 2008/2009 | 0,25 |
| | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со моторни нарушувања, 2009/2010 | 0,25 |
| | Окупациона терапија, 2009/2010 | 0,25 |
| | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со моторни нарушувања, 2010/2011 | 0,25 |
| | Окупациона терапија, 2010/2011 | 0,25 |
| | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со моторни нарушувања, 2011/2012 | 0,25 |
| | Окупациона терапија, 2011/2012 | 0,25 |
| | Новини во едукацијата и рехабилитацијата на лицата со моторни нарушувања, 2012/2013 | 0,25 |
| | Окупациона терапија, 2012/2013 | 0,25 |
| 3. | **Одржување на вежби** | |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+6), зимски семестар 2008/2009 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на работа со ТИУ ученици 1 (3+2), зимски семестар 2008/2009 | 0,9 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2008/2009 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 2 (3+4), летен семестар 2008/2009 | 1,8 |
| | Рана интервенција на деца со пречки во развојот (1+2), зимски семестар 2008/2009 | 0,9 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (1+2), летен семестар 2008/2009 | 0,9 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+6), зимски семестар 2009/2010 | 2,7 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 1 (3+4), зимски семестар 2009/2010 | 1,8 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2009/2010 | 1,8 |
| | Рана интервенција на деца со пречки во развојот (1+2), зимски семестар 2009/2010 | 0,9 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (1+2), летен семестар 2009/2010 | 0,9 |
| | Соматопедија (4+2), летен семестар 2009/2010 | 0,9 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (1+3), зимски семестар 2010/2011 | 1,35 |
| | Методика на работа со ТИ ученици 1 (3+7), зимски семестар 2010/2011 | 3,15 |
| | Рана интервенција на деца со пречки во развојот (1+2), зимски семестар 2010/2011 | 0,9 |
| | Методика на предучилишно воспитно-образовна работа на деца со пречки во развојот (1+2), летен семестар 2010/2011 | 0,9 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2010/2011 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИ ученици 2 (3+4), летен семестар 2010/2011 | 1,8 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (1+3), зимски семестар 2011/2012 | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на работа со ЛМР ученици 1 (3+6), зимски семестар 2011/2012 | 2,7 |
| | Методика на работа со ТИУ ученици 1 (3+5), зимски семестар 2011/2012 | 2,25 |
| | Методика на работа со ЛМР ученици 2 (3+4), летен семестар 2011/2012 | 1,8 |
| | Методика на работа со ТИ ученици 2 (3+4), летен семестар 2011/2012 | 1,8 |
| | Рана интервенција и едукација на деца со телесна инвалидност (3+9), зимски семестар 2012/2013 | 4,05 |
| | Методика на ученици со лесна интелектуална попреченост (3+6), зимски семестар 2012/2013 | 2,7 |
| | Методика на телесно инвалидни лица (3+6), летен семестар 2012/2013 | 2,7 |
| 4. | **Консултации со студенти во периодот 2008-2012 (1229x0,002)** | 2,4 |
| 5. | **Ментор на дипломска работа (55x0,2)** | 11 |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2x0,5)** | 1 |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (18x0,3)** | 5,4 |
| 8. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (77x0,1)** | 7,7 |
| 9. | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| | Домска воспитно-образовна работа, Филозофски факултет, Скопје (2009) | 1 |
| | Визуелната ефикасност кај децата со оштетен вид, Филозофски факултет, Скопје (2011) | 1 |
| | Методика на работа со лица со оштетен вид, Скопје (2012) | 1 |
| | **Вкупно:** | **126,45** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на докторска дисертација (3x3)** | 9 |
| 2. | **Ментор на магистерска работа (5x1)** | 5 |
| 3. | **Учесник во национален научен проект (1x3)**<br>Проект за модернизација во образованието, (Ученици со посебни образовни потреби), Министерство за образование и наука (2009/2010) | 3 |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Dimitrova-Radojichikj, D., **Chichevska-Jovanova, N.**, 2007, Implementation of the Bologna Process at the Institute of special education and rehabilitation, *Journal of Special Education and Rehabilitation*, (3-4), p. 5-14. | 5,4 |
| | **Chichevska-Jovanova, N.**, Dimitrova-Radojichikj, D., 2007, Assessment of visual perception in students with special educational needs, *Journal of Special Education and Rehabilitation*, (3-4), p. 59-66. | 5,4 |
- Креатор и реализатор на следниве истражувачки проекти: Истражување на пазарот во Македонија за нов производ во графичката индустрија и имплементација на пласман и продажба на нов производ - лакови за амбалажа во прехранбена индустрија од производител ECS Nottingham, England, Март, 2010; Проект за имплементирање на нови технологии на Кодак во пре-прес процес на производство во македонските компании од графичката индустрија (работни процеси и организациска структура), Скопје и Атина, февруари 2011; Проширување на портфолио на асортиман на производи на дистрибутивна компанија, наменети за клиентите од графичката индустрија во Македонија, а за потребите на прехранбената индустрија - флексо пакување, Европромотер, Италија, март 2012.

-Консултант во областа на дијагностицирање на организациската култура и подготвеноста на организацијата за развојни промени, селекција и регрутација на агенти за продажба. Организациите кои ја ангажирале како консултант во наведените активности се наведени: АД Печатница "Киро Дандаро", "ВАЦ Графички центар-Скопје", "Бато & Дивајн", "Печатница Европа 92".

-Асистент на предметот организациски менаџмент, на постдипломски студии по политички менаџмент, на Факултетот за политички науки, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (настава на англиски јазик).

Во прилог на ова се и приложените сертификати од курсеви и семинари во наведените области.

Кандидатката приложи копија од објавените трудови:

1. „Некои аспекти на лидерството и профилот на политичките лидери во Македонија" – Политичка мисла, Скопје, 2004 (VI).стр.27-33.
2. „Современи тенденции во теориите за политичко лидерство" – Политичка мисла, Скопје, 2005 (XI), стр.93-97.

3. "Organizational Culture as a Strategic Resorce for Gaining Competitive Advantage" – V International Scientific Conference on Management and Engineering, Scientific-Technical Union of Mechanical Engineering, Bulgaria, Sozopol, June 18-22, 2007, стр. 221- 225.

4. „Организациска култура – извор на конкурентност: До успех – со комбинација на вештините и духот"- Дневен бизнис, година III, број 511, Скопје, 13.6.2007.

5. „Креирање и извршување конкурентски стратегии во глобалната економија на 21 век: односот меѓу бизнис-стратегиите и системот на човечки ресурси во претпријатието". Меѓународна конференција: Бизнисот и глобализацијата, Економски факултет – Прилеп, Охрид, 19-20 октомври 2007, стр. 120 -127.

6. "Глобалниот пазар и конкурентноста: интегрирање на бизнис стратегијата и човечките ресурси" – Политичка мисла, Скопје, 2007 (XX), стр. 27-35.

**Заклучок и предлог**

Со оглед на претходно изнесеното, му предлагаме на Научниот совет на ИСППИ за асистент да се избере кандидатката м-р Весна Забијакин Чатлеска, поради следново:

1. Кандидатката м-р Весна Забијакин Чатлеска во целост ги исполнува формалните услови предвидени во конкурсот. Таа е магистер во научното поле организациски науки и управување (менаџмент), со завршени постдипломски студии по менаџмент на човечки ресурси, со практично искуство во едукативната работа како асистент на предметот организациски менаџмент и во научноистражувачката работа со учество на конференции од областа, на кои објавила научни и стручни трудови како резултат на емпириски истражувања во областа бизнис-менаџмент.
2. Со кандидатката е спроведено интервју во врска со нејзината мотивација и афинитетите за работа во областите предвидени со конкурсот при

ИСППИ, при што кандидатката покажа висока мотивација, знаење и академски интерес за областа бизнис- менаџмент.

3. Извршено е тестирање за познавање англиски јазик, каде што кандидатката покажа високо познавање на стручната терминологија со превод на лингвистички комплексен текст, како и способност да се изразува писмено на соодветен, структуриран и логичен стил.

Скопје, 26.12.2012

Рецензентска комисија:

Проф. д-р Мирјана Борота Поповска с.р.

Проф. д-р Јорде Јаќимовски с.р.

Доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ОБЛАСТА ХИДРАУЛИКА, ХИДРОЛОГИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОТЕЦИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, на својата 395-та седница одржана на 21.11.2012 година, донесе решение за формирање Комисија за избор на наставник во областа хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците. На конкурсот, објавен на 20.10.2012 година во весникот "Дневник" и "Лајме", се пријави кандидатката д-р Виолета Ѓешовска, дипл. град. инж. На Комисијата ѝ беше доставена следнава документација: пријава, кратка биографија, потврда за успешно одбранета докторска дисертација и здобивање на научен степен доктор на технички науки, список на научни и стручни трудови објавени во земјата и во странство и по еден примерок од трудовите. По извршениот преглед на доставената документација, Комисијата, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, го доставува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Виолета Ѓешовска е родена на 26.8.1976 година во с. Саса, Република Македонија. Основното образование го завршила во Македонска Камница, а средното образование во Гимназијата "Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје. Успехот во средното образование и бил одличен и со забележителни резултати од учеството на повеќе републички натпревари во областа на математиката и физиката. Во 1996 година се запишала на Градежниот факултет во Скопје, на хидротехничката насока. Студиите ги завршила во 2001 година со среден успех 8,78. Средниот успех од предметите на хидротехничката насока ѝ е 9,36. Дипломската работа под наслов "Хидролошко-хидрауличка анализа на големите води за браната Турија", ја одбранила со оценка 10. За овој труд била наградена од ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, како најдобар дипломски труд во областа на градежништвото. За време на студирањето активно учествувала во подготовката и уредувањето на текстови во студентското списание НЕИМАР.

По дипломирањето била ангажирана како надворешен соработник за изведување на вежбите по предметите: хидраулика и хидрологија на студиите по градежништво и на предметот водни ресурси, површински и подземни текови, на интердисциплинарните студии по инженерство на животната средина ИСИЖС. Во 2002 година била избрана за помлад асистент на групата предмети: основи на хидрауликата, хидраулика, хидрологија, уредување на водотеците и пловни патишта и пристаништа. Во учебната 2001/2002 година се запишала на

постдипломски студии на Градежниот факултет, хидротехничка насока. Во 2004 година ја пријавила, а во 2006 успешно ја одбранила магистерската работа под наслов: "Нумеричка симулација на транспортно-дисперзивни процеси". Во 2007 година била избрана во звањето асистент по групата предмети: хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците. Во 2009 година ја пријавила докторската дисертација под наслов "Воден биланс кај хидролошки ранливи системи". Дисертацијата ја изработила под менторство на проф. д-р Цветанка Поповска и успешно ја одбранила во 2012 година, со што се стекнала со научен степен доктор на технички науки.

Виолета Ѓешовска членува во повеќе стручни здруженија и асоцијации. Има забележителна активност во формирањето на Друштвото за хидрологија на Македонија – ДХМ.

## 2. НАСТАВНО-НАУЧНА И СТРУЧНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Виолета Ѓешовска, дипл. град. инж., по дипломирањето остварила забележителна наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно - апликативна активност. Ги држи вежбите по следните задолжителни предмети: механика на флуиди, хидраулика 1, хидраулика 2 и хидрологија на студиската програма по градежништво, потоа хидрологија и хидротехнички објекти на студиската програма по инженерство на животната средина, а од учебната 2012/2013 година ги држи вежбите и од предметот основи на хидротехника на студиската програма по геодезија. Исто така ги држи вежбите и од изборниот предмет хидролошки моделирања на хидротехничката насока од студиите по градежништво. Посветено и дисциплинирано ги изведува вежбите, а за брза и олеснета комуникација со наставниците и студентите ја креира и ја одржува веб-страницата на Катедрата за хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците.

Самостојно или како истражувач - соработник, ги објавила следниве научни трудови:

1. Gesovska, V., 2011: Hydrological Analysis of minimal and maximal discharges of Vardar River in Skopje. 14th International Symposium, Macedonian Association of Structural Engineers, Struga, Macedonia.
2. Gesovska, V., 2011: Hydrometerological Analysis of Dojran Lake. Air and Water Components of the Environment Conference, Cluj Napoca, Romania.
3. Gesovska, V., 2011: Mathematical Statistical Analysis of Hydrological and Meteorological Data from the Watershed of Dojran Lake. International Multidisciplinary GeoConference SGEM 2011, Albena, Bulgaria.
4. Ѓешовска, В., 2009: Примена на хидролошки модел за трансформација на поплавен бран кај хидројаловишта. Втор конгрес за брани, Струга, Македонија.
5. Ѓешовска, В., 2007: Нумеричка симулација на транспортно-дисперзивни процеси. 12 Меѓународен симпозиум на Друштвото на градежни конструктори, Струга, Македонија.

6. Popovska, C., Gesovska, V., Ivanoski, D., 2007: Hydrological and Hydraulic Analysis of the Upper Vardar River, 10th International Symposium WMHE 2007, Sibenik, Croatia.
7. Popovska, C., Cvetkovski, S., Gesovska, V., Ivanoski, D., 2005: Hydraulic Model Investigations of the Evacuation Structures of Dam St Petka on River Treska. 9th International Symposium WMHE 2007, Ottenstain, Austria.
8. Ѓешовска, В., 2002: Определување на големите води и нивна трансформација во акумулациите, Зборник на Градежниот факултет, книга 13, стр. 73-78, Скопје, Македонија.

Како коавтор учествувала и во подготовката на книгата ХИДРОЛОГИЈА, во издание на Градежниот факултет, а исто така и како соработник истражувач учествувала во научниот проект: "Хидродинамички модел (3Д) како основа за заштита на акваторијалните екосистеми", поднесен до Министерството за образование и наука на РМ во 2002 година.

Освен во наставната и во научната дејност на Катедрата за хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците, д-р Виолета Ѓешовска има забележителна стручна активност преку соработка во подготовка и ревизија на проекти, студии и експертизи, а некои позначајни се следните:

1. 2010: Подобрување на хидролошкиот режим на река Вардар низ Скопје, Геинг, Скопје.
2. 2009: Хидрометриски мерења на зафатите и контролните профили на ХЕЦ "Маврово", Градежен факултет, Скопје.
3. 2006: Инвестиционо - техничка документација за регулација на река Вардар од мостот во с. Јегуновце до мостот во с. Туденце, Градежен факултет, Скопје (со проф. Ц. Поповска).
4. 2007: Хидролошка анализа за теренот на ПК "Суводол", Градежен факултет, Скопје.
5. 2007: Хидрауличко димензионирање на дренажен канал за ПК "Суводол", Градежен факултет, Скопје.
6. 2006: Студија за статички, динамички и хидраулички одговор на браната "Лисиче" за кота на нормално ниво 423 мнв, Градежен факултет, Скопје.
7. 2005: Трансформација на поплавен бран во акумулацијата "Лисиче", Градежен факултет, Скопје (со проф. Ц. Поповска).
8. 2004: Хидраулички моделски испитувања на евакуационите органи на браната "Св. Петка", Градежен факултет, Скопје (со проф. Ц. Поповска).
9. 2004: Студија за последиците од поплавниот бран за степен на изграденост на круната на браната "Тополница" за кота 630 мнв, Геинг-Скопје (со проф. Ц. Поповска).
10. 2003: Хидраулички моделски испитувања на браната "Св. Петка", Градежен факултет, Скопје (со проф. Ц. Поповска).
11. 2002: Хидраулички моделски испитувања на темелниот испуст на браната "Козјак", Градежен факултет, Скопје.

12. 2002: Климатски промени и ранливост на водните ресурси и хидрологијата, УНДП проект, Министерство за просторно планирање и животна средина, Скопје (со проф. Ц. Поповска).
13. 2001: Хидролошка анализа за река Отиња - Штип, Градежен факултет, Скопје (со проф. Б. Тодоровски).
14. 2001: Идеен проект за климатски, хидролошки и хидраулички анализи за магистралниот пат Подмолје - Охрид, Завод за испитување на материјали СКОПЈЕ, Скопје (со проф. Б. Тодоровски).

## 3. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените податоци, како и од личното познавање на кандидатката, Комисијата заклучува дека ас. д-р Виолета Ѓешовска, дипл. град. инж., ги исполнува условите за избор во наставно-научното звање доцент на групата предмети во областа на хидрауликата, хидрологијата и уредувањето на водотеците. Во својата досегашна наставна, научна и стручна активност, кандидатката се оформила во одличен педагог, истражувач и инженер. Преку постдипломските студии покажува сериозност, истражувачки приод и брзо совладување на нови методи и технологии, а со докторската дисертација демонстрирала темелност и високо познавање на нови и препорачани методи во хидрологијата, како и вештина во користење на компјутерските технологии и алатки. Сето погоре изнесено покажува дека д-р Виолета Ѓешовска се развивала во успешен педагошки работник, истражувач и стручњак во поширокота област на хидротехничкото инженерство. Кон овој извештај поднесен е и табеларен преглед со поле на активностите и поени. Според овој преглед д-р Виолета Ѓешовска има остварено 79,91 поени од наставно-образовната дејност, 25,6 поени од научно-истражувачката дејност и 26 поени од стручно-апликативната дејност, или вкупно 131,51 поени. Може да се констатира дека професионалните референци по сите основи на кандидатката се повеќе од минимално потребните за избор во наставно-научно звање според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно – научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Рецензентската комисија констатира дека се исполнети сите услови според Законот за високото образование и му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје ас. д-р Виолета Ѓешовска, дипл. град. инж., да биде избрана во звањето доцент на групата предмети во областа на хидрауликата, хидрологијата и уредувањето на водотеците.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Цветанка Поповска, с.р.
2. Проф. д-р Петко Пеливаноски, с.р.
3. Проф. д-р Љупчо Петковски, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Виолета Јанко Ѓешовска
(име, татково име и презиме)

Институција: Градежен факултет- Скопје

Научна област: градежништво; хидраулика, хидрологија и уредување на водотеците

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| Одржување на вежби (аудиториски или изработка на семинарски труд) | | |
| Учебна 2011/2012 година | | |
| 32 | Хидраулика 1 (зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 33 | Механика на флуиди (летен семестар)-15 часа | 6,75 |
| 34 | Хидраулика 2 (летен семестар)-2 часа | 0,90 |
| 35 | Хидрологија и хидротехнички објекти (летен семестар)-4 часа | 1,80 |
| 36 | Консултации со студенти (189 студенти) | 0,378 |
| | Вкупно: | **10,728** |
| Учебна 2010/2011 година | | |
| 25 | Хидраулика 1 (зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 26 | Хидрологија(зимски семестар)-3 часа | 1,35 |
| 27 | Механика на флуиди (летен семестар)-18 часа | 8,10 |
| 28 | Хидраулика 2 (летен семестар)-2 часа | 0,90 |
| 29 | Хидрологија и хидротехнички објекти (летен семестар)-4 часа | 1,80 |
| 30 | Хидролошко моделирање (летен семестар)-1 час | 0,45 |
| 31 | Консултации со студенти (151 студенти) | 0,302 |
| | Вкупно: | **13,802** |
| Учебна 2009/2010 година | | |
| 18 | Хидраулика 1 (зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 19 | Хидрологија (зимски семестар)-3 часа | 1,35 |
| 20 | Хидролошки моделирања (зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 21 | Механика на флуиди (летен семестар)-15 часа | 6,75 |
| 22 | Хидрологија и хидротехнички објекти (летен семестар)-4 часа | 1,80 |
| 23 | Хидраулика 2 (летен семестар)-2 часа | 0,90 |
| 24 | Консултации со студенти (162 студенти) | 0,324 |
| | Вкупно: | **12,924** |
| Учебна 2008/2009 година | | |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Хидраулика 1(зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 13 | Хидрологија (зимски семестар)-3 часа | 1,35 |
| 14 | Хидролошки моделирања (зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 15 | Механика на флуиди (летен семестар)-21 часа | 9,45 |
| 16 | Хидраулика 2 (летен семестар)-2 часа | 0,90 |
| 17 | Консултации со студенти (152 студенти) | 0,304 |
| | Вкупно: | **13,804** |
| Учебна 2007/2008 година | | |
| 6 | Хидраулика (зимски семестар)-2 часа | 0,90 |
| 7 | Хидрологија(зимски семестар)-3 часа | 1,35 |
| 8 | Хидролошки моделирања (зимски семестар)-2часа | 0,90 |
| 9 | Механика на флуиди (летен семестар)-9 часа | 4,05 |
| 10 | Нестационарни течења (летен семестар)-2 часа | 0,90 |
| 11 | Консултации со студенти (88 студенти) | 0,176 |
| | Вкупно: | **8,276** |
| Учебна 2006/2007 година | | |
| 1 | Хидраулика (зимски сместар)-2 часа | 0,90 |
| 2 | Хидрологија(зимски сместар)-3 часа | 1,35 |
| 3 | Механика на флуиди (летен сместар)-24 часа | 10,80 |
| 4 | Нестационарни текови (летен сместар)-2 часа | 0,90 |
| 5 | Консултации со студенти (179 студенти) | 0,358 |
| | Вкупно: | **14,308** |
| Позитивно рецензиран универзитетски учебник | | |
| 37 | Поповска, Ц., **Ѓешовска, В.**, Доневска, К., ХИДРОЛОГИЈА, Градежен факултет-Скопје, 2004, ISBN 9989-9540-4-6 | **6,0** |
| | **ВКУПНО:** | **79,91** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| Учесник во национален научен проект | | |
| 1 | Поповска, Ц., Иваноски, Д., **Ѓешовска, В.**, Хидродинамички модел (3Д) како основа за заштита на акваторијалните екосистеми, Министерство за образование и наука на Р. Македонија, 2002. | 3,0 |
| | Вкупно: | **3,0** |
| Трудови со оригинални/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир | | |
| 2 | **Gesovska, V.**, "Hydrological analysis of minimal and maximal discharge of the river Vardar in Skopje, 14th International symposium-Macedonian Association of structural engineers, Struga, 28.09-01.10, 2011. | 2,0 |
| 3 | **Ѓешовска, В.**, "Примена на хидролошки модел за трансформација на поплавен бран кај хидројаловишта", Втор конгрес за брани, Струга, 2009. | 2,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | **Ѓешовска, В.**, Нумеричка симулација на транспортно-дисперзивни процеси, 12 Меѓународен симпозиум на друштво на Градежни конструктори на Македонија, Струга, 2007. | 2,0 |
| | Вкупно: | **6,0** |
| Трудови со оригинални/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор | | |
| 5 | **Gesovska, V.**, "Mathematical-statistical analysis of hydrological and meteorological data from the watershed of Dojran Lake", International Multidisciplinary Scientific GeoConference SGEM 2011, Albena, Bulgaria, June 20-25, 2011. | 3,0 |
| 6 | **Gesovska, V.**, "Hydro meteorological analysis of Dojran Lake", Air and water components of the environmental, Cluj, Napoca, Romania, March 18-19, 2011. | 3,0 |
| 7 | Popovska, C., **Gesovska, V.**, Ivanoski, D., Hydrological and Hydraulic Analysis of the Upper Vardar River, 10th International symposium on Water management and hydraulic engineering, ŠIBENIK, Croacia, 2007. | 2,4 |
| 8 | Popovska, C., **Gesovska, V.**, Ivanoski, D., Floods in Upper Vardar River Basin, Conference on Water observation and information system for decision support, BALWOIS, Ohrid, 2006. | 2,4 |
| 9 | Popovska, C., Cvetkovski, S., **Gesovska, V.**, Ivanoski, D., Hydraulic Model Investigation of the Evacuation Structures of Dam St. Petka on Treska River, Ninth International Symposium on WATER MANAGEMENT and HYDRAULIC ENGINEERING, OTTENSTEIN – AUSTRIA, September 4–7, 2005. | 1,8 |
| | Вкупно: | **12,6** |
| Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција | | |
| 10 | **Ѓешовска, В.**, "Определување на големите води и нивна трансформација во акумулациите", Зборник, Градежен факултет-Скопје, 2002 | 2,0 |
| | Вкупно: | **2,0** |
| | Учество на научен/стручен собир | |
| 11 | Усна презентација/1 | 1,0 |
| 12 | Постер/2 | 1,0 |
| | Вкупно: | **2,0** |
| | **ВКУПНО:** | **25,6** |

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| Идеен проект | | |
| 1 | Идеен проект за климатски, хидролошки и хидраулички анализи за магистрален пат М-5, делница Подмоље-Охрид, Завод за испитување на материјали, Скопје, 2001. | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| **Студија, физибилити-студија, истражувања** | | |
| 2 | "Хидрометриски мерења на зафатите и контролните профили на Хец Маврово", Градежен факултет, Скопје, 2009. | 1,0 |
| 3 | Хидролошка анализа за теренот на ПК "Суводол", Градежен факултет, Скопје, 2007. | 2,0 |
| 4 | Хидрауличко димензионирање на дренажен канал за ПК "Суводол", Градежен факултет, Скопје, 2007. | 2,0 |
| 5 | Студија за статички, динамички и хидраулички одговор на браната Лисиче за кота на нормално ниво 423 мНВ, Градежен факултет, Скопје, 2006. | 2,0 |
| 6 | Трансформација на поплавен бран во акумулација Лисиче, Градежен факултет, Скопје, 2005. | 2,0 |
| 7 | Студија за последиците од поплавен бран за степен на изграденост на круната на брана Тополница за кота 630 мНВ, ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. д.о.о., Скопје, 2004. | 2,0 |
| 8 | Хидраулички моделски испитувања на евакуационите органи на браната Св. Петка, Градежен факултет, Скопје, 2003. | 1,0 |
| 9 | Хидраулички моделски испитувања на браната "Козјак", Градежен факултет-Скопје, 2002. | 1,0 |
| 10 | Хидрологија и водни ресурси, УНДП Проект координиран од Министерството за животна средина и РХМЗ, 2002. | 1,0 |
| 11 | Хидролошка анализа на река Отиња-Штип, Градежен факултет, Скопје, 2001. | 1,0 |
| **Основни проекти** | | |
| 12 | Подобрување на Хидролошкиот режим на река Вардар низ Скопје, Друштво за градежништво промет и услуги: Геинг Кребс унд Кифер Интернешнл и др. д.о.о, Скопје, 2010. | 4,0 |
| 13 | Инвестиционо-техничка документација за регулација на река Вардар од мостот во с. Јегуновце до мостот во с. Туденце, Градежен факултет, Скопје, 2006. | 4,0 |
| | Вкупно: | **23,0** |
| **Ревизија** | | |
| 14 | "Ревизија на Техничка документација за брана Конско со придружни објекти-иновирани големи води за брана КОНСКО", Градежен факултет, Скопје, 2012 (со проф. д-р Љупчо Петковски и проф. Сретко Цветковски). | 0,5 |
| 15 | "Ревизија на проектната документација за објект: Автопат МИЛАДИНОВЦИ-СВЕТИ НИКОЛЕ-ШТИП Делница:Св. Николе-Штип (Три Чешми) Книга 13. Регулација на Канали на река Караташ и река Периш", Градежен факултет-Скопје, 2012 (со проф. Сретко Цветковски). | 0,5 |
| 16 | "Ревизиаја на проектната документација за основен проект за регионалниот пат Р–609 (ПАКЕТ 1) АРГУЛИЦА–ТЕРАНЦИ–ВИДОВИШТА", Градежен факултет-Скопје, 2011 (со проф. д-р Поповска Цветанка). | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | "Ревизија на Главен проект за одводнување на коридор 8: Исток–Запад, Автопат: Деве Баир–Кафасан, Делница: Стрезовци–Романовци", Градежен факултет, Скопје, 2009 (со проф. д-р Поповска Цветанка). | 0,5 |
| | Вкупно: | **2,0** |
| Учество во промотивни активности на факултетот/институцијата | | |
| 18 | Промовирање на факултетот во средните училишта во Р. Македонија | 0,5 |
| | Вкупно: | **0,5** |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | | |
| Студиски престој во странство-до три месеци | | |
| 19 | Технички универзитет во Братислава, Словачка, декември 2006 година (во склоп на програмата CEEPUS-Centaral European Exchange Program for University Studies) | 0,5 |
| | Вкупно: | **0,5** |
| | **ВКУПНО:** | **26,0** |

| | | |
|---|---|---|
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | |
| 1 | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **79,91** |
| 2 | НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **25,6** |
| 3 | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **26,0** |
| | **ВКУПНО:** | **131,51** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Цветанка Поповска, с.р.
2. Проф. д-р Петко Пеливаноски, с.р.
3. Проф. д-р Љупчо Петковски, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

| Кандидат | Тема | Комисија |
|---|---|---|
| **м-р Славе Младеновски** | **„Политиката на државните органи на управа како фактор што влијае врз развојот на општеството"** | **Проф. д-р Илија Тодоровски**<br><br>**Проф. д-р Ружица Цацановска**<br><br>**Проф. д-р Јован Ананиев** |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ - ДОЦЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ПРАВОТО, НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2012 година, формираше Комисија за избор на наставник во звањето доцент на научната област историја на правото, во состав: проф. д-р Билјана Поповска, доц. д-р Мелина Гризо и доц. д-р Мишо Докмановиќ. На конкурсот објавен во весникот „Дневник“ на 27.11.2012 година се пријави еден кандидат: д-р Иванка Додовска.

По разгледувањето на пријавата и на другите приложени документи, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Кандидат: д-р Иванка Бранко Додовска**

Кандидатката д-р Иванка Додовска во прилог на својата пријава ги достави следниве документи: одлука за стекнат научен степен доктор на правни науки, лична биографија /CV/ и список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив, примероци од учества на меѓународни симпозиуми и научни собири и сертификати и стекнати дипломи. Сите документи се приложени во оригинал.

Кандидатката д-р Иванка Додовска е родена во Скопје, на 23.4.1981 година. На политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, се запишала во учебната 1999/2000 година. Редовните студии ги завршила во мај 2004 година.

На постдипломските студии по државно-правна историја на Македонија се запишала во 2004 година, а на 1.12.2009 година успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов: *Размената на малцинства меѓу Кралството Грција и Царството Бугарија и процесот на формирањето на националните држави на Балканот*, под менторство на проф. д-р Владо Поповски, и се стекнала со академскиот степен магистер на правни науки, од областа на државно-правната историја на Македонија.

Докторската дисертација ја пријавила во јануари 2011 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, а на 6.11.2012 година успешно го одбранила својот докторски труд под наслов: *Балканската Антанта од 1934 - 1941 година и македонското прашање*, под менторство на проф. д-р Билјана Поповска, со што се стекнала со научниот степен доктор на правни науки.

Почнувајќи од учебната 2004/2005 година, па сè до 22.12.2008 година, д-р Иванка Додовска била ангажирана како демонстратор на предметите: *современа европска и македонска историја (19-20 век)* и *историја на дипломатијата* на Институтот за правно-историски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“, на политичките студии и студиите по новинарство.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на 22.12.2008 година е избрана за помлад асистент на предметот: *современа европска и македонска историја (19-20 век)*, на политичките студии и студиите по новинарство.

Во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, од страна на Институтот за правно-историски науки континуирано била ангажирана и на предметот *историја на дипломатијата*, на додипломските студии на политичките науки, како и на магистерските студии по применета политика, кадешто била ангажирана како соработник на предметот *политичка историја на Балканот (19-20 век)* и на ТЕМПУС - магистерската програма на политичките студии, каде што била ангажирана како соработник на предметот *Political history of the Balkans (19-20th century)*.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 24 март 2010 година била избрана за асистент на научната област историја на правото, со што во континуитет продолжила да се развива на предметите на додипломските студии на политичките науки: *современа европска и македонска историја (19-20 век)* и *историја на дипломатија* и на студиите по новинарство, на предметот: *современа европска и македонска историја (19-20 век)*, а од следната учебна година 2010/2011 година, д-р Иванка Додовска била вклучена и во наставата на правните студии, на предметот *историја на правото*.

Од страна на Институтот по меѓународно право од 2009 година д-р Иванка Додовска била избрана како соработник на мастер студиите по меѓународно право и меѓународна политика – модул А, на предметот *историја на дипломатија*, а во летниот семестар 2010 година била ангажирана од страна на Институтот за политички науки како замена на колега во отсуство на предметот *современи политички системи* на политичките студии и студиите по новинарство.

Од учебната 2010/2011 година, д-р Иванка Додовска била вклучена и во извршувањето на наставата на вториот циклус студии, на предметите: *Македонија во меѓународните политички односи и меѓународните договори (19-20 век)*, *Македонија во меѓународните односи* (1991-2005) и *Историја на балканските држави (19-20 век)*.

Од учебната 2012/2013 година, д-р Иванка Додовска е вклучена и во наставата на интердисциплинарните студии за Југоисточна Европа, на предметот *политичка историја на Југоисточна Европа*.

Моментално ја извршува функцијата секретар на Центарот за византолошки истражувања, формиран во рамките на Правниот факултет „Јустинијан Први"во Скопје.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, од јуни 2010 година е избрана за секретар на Институтот за правно-историски науки, на која функција е реизбрана со одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, од септември 2012 година.

Д-р Иванка Додовска учествувала на следниве позначајни семинари, конференции и обуки:

- практикант во Обединетите нации (како стипендист на организацијата), од областа на одржливиот развој, во летниот семестар 2001, во Њујорк, САД;
- слушател на едногодишната школа за род и политика во Институтот Евро - Балкан, 2003/04;
- завршена обука за превенција и заштита од трговија со бело робје, ТЕМИС во соработка со ЕЛСА, 2004;
- учесник на семинарот: „Младите лидери од Балканот", во Скопје, април 2006 и во Струга, јули 2006, организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер", од Скопје;
- учесник на средбата на македонските стипендисти на Фондацијата „Конрад Аденауер", по повод 50-годишнината од Римскиот договор и германското претседавање со Европската унија, од 8 до 9 март 2007, во Крушево;
- учесник на регионалната средба на стипендисти на Фондацијата „Конрад Аденауер", на тема: „Да се разбере минатото за подобра иднина", од 23 до 27 април 2007, во Поиана Брашов, Романија; сопствена презентација на тема: *Да се разбере минатото - Република Македонија;*
- учесник на семинарот организиран од Фондацијата „Роберт Шуман", на тема: Како функционира Европа?, од 7 до 13 мај 2007, во Будимпешта, Унгарија;
- учесник на втората сесија на семинарот организиран од Фондацијата „Роберт Шуман", на тема: Како функционира Европа?, од 23 до 30 јуни 2007, во Брисел, Белгија;
- учесник на интернационалната Летна школа за млади лидери од Хрватска и државите соседи, организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер", од Хрватска, во соработка со Атлантскиот совет на Хрватска, Едуардо Фреи и Ханс Сеидел - фондациите, на тема:"Importans of rull of Law in the contexts of accession to EU and NATO", од 20 до 26 август 2007, на островот Шипањ, Хрватска;
- учесник во реализација на проектот „Еко Село во Република Македонија", организиран од Enviroment Elit Group - EEG и

Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија, како стручен консултант, во 2007 година;

- учесник на работилницата на Алтернативната академска агенда, на тема: „Конституционалната реинтеграција на (пост) конфликтните општества во регионот", организирана во соработка со Фондацијата „Хајнрих Бол", на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на 9 ноември 2007;
- учесник на семинарот организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер", од Скопје, на тема: „Обединети во различноста", во декември 2007, во Струмица;

  Сопствена презентација на тема: *„Балкански идентитет - да или Не!"*;
- учесник на еднодневната обука организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер", во Скопје, на тема: „Комуникации и преговори", на 26 јануари 2008;
- учесник на семинарот организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер", на тема: " New security for the Balkans - an outlook for stabilization of the region" Emerginig challenges after the NATO summit in Bukarest, од 20 до 22 јуни 2008, во Охрид;
- учесник на Охридскиот летен универзитет организиран од Институтот Евро - Балкан, во соработка со ОБСЕ, на Школата за недискриминација, социјална инклузија и европско граѓанство, од 23 до 30 јуни 2008 година, во Охрид;
- учесник на зимскиот колоквиум на Охридскиот летен универзитет организиран од Институтот Евро-Балкан, на тема: "When the Theory on Non-Discrimination and Activism Meet", од 26 до 30 ноември 2008 година, во Охрид;
- учесник на првата сесија на Школата за политика, организирана од Форум – центарот за стратегиски истражувања и анализи, во соработка со Советот на Европа и МАПА, на тема: *Основните принципи на политичката култура*, од 15 до 18 октомври 2009 година, во Охрид;
- модератор на работните групи на VII интернационална студентска конференција во чест на Борјан Таневски, во соработка со Фондацијата „Конрад Аденауер", во Скопје, на тема: "20 after the fall of the Berlin wall: lessons for the Balkans", одржана на 14.11.2009 година, во Скопје;
- учесник на семинарот организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер", на тема "Energy and the environment: sensible policies for the 21st century", 22.01 – 24.1.2010 година, во Маврово;
- предавач на едукативниот семинар на тема: „Мобинг и дискриминација на работното место", организиран од регионалниот одбор на СОНК „Центар" – Скопје, на 13 и 14 март 2010 година, во Охрид;

учесник на втората сесија на школата за политика, организирана од Форум – Центар за стратегиски истражувања и анализи, во соработка со Советот на Европа, на тема: *Идентитет – прашања и предизвици*

*во мултиетничка поставеност*, од 3 до 6 јуни 2010 година, во Струмица;

- учесник - модератор на регионалната конференција на стипендисти организирана од фондацијата Конрад Аденауер, на тема: *20 години од обединувањето на Германија: лекција за обединета Европа*, од 10 до 13 јуни 2010 година, во Охрид;
- учесник на Летниот Универзитет организиран од страна на Политичките студии при Советот на Европа, на тема: *The crisis of leadership*, во јуни 2010 година, во Стразбур, Франција;
- учесник на Меѓународната научна конференција на тема: „Национално-државен и субрегионален интерес во Југоисточна Европа", организирана од катедрите за политички науки и за меѓународни односи, при Универзитетот за Национално и световно стопанство, на 27 април 2011 година, во Софија, Бугарија;
  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (со посебен осврт на Заедничката Декларација помеѓу двете земји во 1999 година)*;
- учесник на 7. Меѓународен Ататурк - конгрес, од 17 до 22 октомври 2011 година, во организација на Македонската Академија на науките и уметностите и под покровителство на Н.Е. Ѓорге Иванов и Н.Е. Абдулах Ѓул, во Скопје, Македонија;
  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Парискатa мировна конференција во 1919 година и турското национално движење;*
- учесник на научниот симпозиум на тема: „Византискиот религиски концепт и современието: идеологија, претстава, традиција", во организација на Центарот за византолошки студии при Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", 21 - 22 октомври 2011 година, во Скопје, Република Македонија;
  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Односот помеѓу црквата и државата во Византиската Империја*;
- учесник на меѓународната научна конференција на тема: „Македонија низ вековите", во организација на Институтот за историја при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија, 11 - 12 ноември 2011;
  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Версајскиот систем и размената на малцинствата на Балканот - Македонското прашање;*
- учесник на меѓународниот проект „Од Балканските војни до Балкански мир", во организација на Центарот за стратегиски истражувања на Република Турција и Министерството за надворешни работи на Република Турција и Македонската академија на науките и уметностите на Република Македонија;
  - излагач на заедничкиот собир одржан на 27 март 2012 година, во МАНУ, Скопје, Република Македонија;

- учесник на Втората академска конференција „Европа со (без) граници“, организирана од Македонскиот политиколошки форум во соработка со Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, одржана од 29 март до 1 април 2012 година, во Охрид, Република Македонија;
- учесник на меѓународниот научен конгрес „Балканот на Евлија Челебија“, организиран од МЕДАМ - Универзитет Бахчешехир, Центар за цивилизациски истражувања, Истанбул и МАНУ - Македонската академија на науките и уметностите на Република Македонија, одржан од 16 до 20 април 2012 година, во МАНУ, Скопје, Република Македонија;

  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Охридската архиепископија во времето на Евлија Челебија*;
- учесник на меѓународниот балкански форум „100 години од балканските војни: спречување на конфликти, Мир и визија за благосостојба“, организиран од ТАСАМ - Турско - Азискиот центар за стратегиски студии од Истанбул, одржан од 26 до 27 април 2012 година, во Истанбул, Република Турција;

  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Дипломатијата на балканските држави во пресрет на балканските војни*;
- меѓународен семинар организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер“ (КАС) во Македонија, на тема: „Влијанието на верските вредности и практики за општествена стабилност: комуникација на верските и заедничките вредности“, одржан во Скопје, Република Македонија од 15 до 17 мај 2012 година;

  презентација на тема: *Причините кои го условуваат меѓу-религискиот дијалог: историско - правна анализа на христијанството, еврејството и исламот во Македонија;*
- учесник на Првата годишна меѓународна научна конференција „Глобалната безбедност и предизвиците на 21 век“, организирана од страна на МИТ универзитетот, во Македонски Брод, Република Македонија, на 9 јуни 2012 година;

  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Дипломатските активности во текот на меѓународните вооружени конфликти во почетокот на 21 век - Случај на Република Македонија во 2001 година;*
- предавач на летниот камп „Меѓурелигискиот дијалог постоење како вокација; врските помеѓу религиозните групи и општеството“, организиран од страна на Фондацијата „Конрад Аденауер“, во соработка со Католичката црква во Македонија, во Охрид, Република Македонија, 20 - 24 август 2012 година;

  презентација на тема: *Различни религии - иста цел.*
- учесник на регионалната конференција на стипендисти организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“, на тема: „Справување со конфликтите од минатото - нови начини кон иднината“, во Охрид, Република Македонија, 24 - 26 август 2012 година;

презентација на тема: *Мултикултурализмот во Западен Балкан - предизвик или пречка - начини за решение.*

- учесник на меѓународната научна конференција „ From war to eternal peace on the 100th Anniversary of the Balkan Wars: Good neighbourhood Relations in the Balkans", организирана од страна на Hacettepe University, Faculty of Economic and Administrative Sciences, Department of International Relations, од 4 до 7 октомври 2012 година, во Истанбул, Република Турција;

  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Политиката на балканските држави пред започнувањето на балканските војни.*

- учесник на Првата меѓународна конференција „Спортот како фактор за толеранција, заедништво и почитување", во организација на Геостратешкиот институт „Глобал" и под покровителство на претседателот на Република Македонија, проф. д-р Ѓорге Иванов, во Скопје, 18 октомври 2012 година;

  панелист на тема: *Медиумите за масовна комуникација и мултикултурализмот во Република Македонија - историски осврт.*

- учесник на Научниот собир на тема „Струмица и струмичко во времето на балканските војни и Букурешкиот мировен договор", по повод 100 години од започнувањето на балканските војни (1912 - 1913) и 60 години од основањето на Музеј - Струмица (1952 - 2012), во организација на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, 25 - 27 октомври 2012 година, во Струмица, Република Македонија;

  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Букурешкиот мировен договор (историско-правна анализа).*

- учесник на Научниот собир на тема „Сто години од балканските војни", во организација на МАНУ, декември 2012 година, во Скопје, Република Македонија;

  - заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: *Македонија - сто години по завршувањето на балканските војни.*

- учесник на меѓународната конференција на тема „Улогата на верските заедници во градењето на миролубиви и мултикултурни европски општества", организирана од страна на Фондацијата Конрад Аденауер во Скопје, декември 2012 година;

  излагач на тема: *Потенцијалот на младите и заедничките вредности во верската различност.*

Д-р Иванка Додовска ги има изработено и објавено следниве трудови:

1. *Будењето на македонскиот национален идентитет во 19 век, преку митот за Филип и Александар Македонски* - во списанието за политичко - општествени теми „Политичка мисла", издание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis", декември 2006 година, во Скопје;

2. *Програма за идното напредување на Европската унија, Осврт кон 18 - месечниот програм на германското, португалското и словенечкото претседателство со Европската унија* - во списанието за економско - политички теми „Глобал“, издание на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид“, јули 2007 година, во Скопје;
3. *Reconciliation with the past - regional perspective Republic of Macedonia* - во журналот на Фондацијата „Конрад Аденауер“ од Романија, јуни 2007 година, Букурешт;
4. *The impact of the european integration process in my country* - журнал на Фондацијата „Роберт Шуман“, мај 2007 година, Будимпешта;
5. *Создавањето на Охридската архиепископија (неколку аспекти за нејзиното значење)* - Зборник во чест на проф. д-р Борислав Благоев, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, ноември 2007 година;
6. *Гемицистевото како оригинален израз против угнетувањето (првата терористичка појава во 20 век, како протест против режимот со саможртва)* - Зборник во чест на проф. д-р Панта Марина, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, декември 2007 година;
7. *Проектот за сегашен и иден мир на Вилијам Пен (првиот проект за воспоставување на траен мир во Европа)* - во списанието за економско - политички теми „Глобал“, издание на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи „Охрид“, март 2008 година, во Скопје;
8. *Исток - Запад и повторно Исток; Причините кои го условуваат меѓурелигискиот дијалог* - во списанието за политичко - општествени теми „Политичка мисла“, издание на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Societas Civilis“, март 2008 година, во Скопје;
9. *Документи за Република Македонија 1990 – 2005* - во списанието за политичко - општествени теми „Политичка мисла“, издание на Фондацијата „Конрад Аденауер“ и Институтот за демократија „Societas Civilis“, март 2009 година, во Скопје;
10. *Историски уставноправни аспекти на Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување на ФНРЈ и сојузните органи на власта од 1953 година* - во коавторство со м-р Владимир Бангиевски, Зборник во подготовка во чест на проф. д-р Митков, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје;
11. *Востанието на комитопулите и создавањето на македонската средовековна држава* - Зборник во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, 2009 година;
12. *Договорот од Лозана од 30 јануари 1923 година (задолжителна размена на малцинства помеѓу Турција и Грција)*, Зборник во чест

на проф. д-р Тодор Цунов, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, 2009 година;

13. *Социо-економската структура на Балканот од XIX век до Балканскиот сојуз*, Зборник во чест на проф. д-р Георги Ганзовски, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први", 2010 година, во Скопје;
14. *The Peace Treaty of Neuilly-sur-Seine of 27 November 1919*, Iustinianus Primus Law Review № 02 • volume II • Winter 2011, http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=02
15. *Создавање на националните држави Грција и Бугарија на Османлискиот балкански посед*, во чест на проф. д-р Марјановиќ, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први", 2011 година, во Скопје;
16. *Меѓународната положба на малцинствата по Првата светска војна (етничките статистики и промените во националната структура на Кралството Грција)*, во чест на проф. д-р Матовски, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први", 2011 година, во Скопје;
17. *Билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (со посебен осврт на Заедничката декларација помеѓу двете земји во 1999 година)*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на Универзитетот за национално и световно стопанство, 2012 година, Софија;
18. *Париската мировна конференција во 1919 година и турското национално движење*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МАНУ, 2012 година, Скопје;
19. *Версајскиот систем и размената на малцинствата на Балканот - Македонското прашање*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на Институтот за историја при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 2012 година, во Скопје;
20. *The ethnical structure of Macedonia and the alteration of the demographic image of the Balkan until the World war II*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на *The Annals of the Ovidius University of Constanta - the History Series* http://auosi.wikispaces.com/Vol+8+-+2011;
21. *THE BUCHAREST PEACE TREATY OF 1913: A HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, Macedonian Historical Review, vol. 2, University of Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Philosophy, Department of History, 2011;
22. *The Relationship between the Church and the State in the Byzantine Empire*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, Iustinianus Primus Law Review № 04 • volume III • Spring 2012, http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=04;
23. *Вајмарската република*, во чест на проф. д-р Пеливанов, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први", 2012 година, во Скопје;

24. *Охридската архиепископија во времето на Евлија Челебија*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МАНУ, 2012 година, во Скопје;
25. *Дипломатските активности во текот на меѓународните вооружени конфликти во почетокот на 21-от век - Случај на Република Македонија во 2001 година*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МИТ - универзитетот во Скопје, 2012 година;
26. *Политиката на балканските држави пред започнувањето на балканските војни*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на Hacettepe University, Faculty of Economic and Administrative Sciences, Department of International Relations, Република Турција, 2012 година;
27. *Букурешкиот мировен договор (историско-правна анализа)*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, 2012 година, Скопје;
28. *Македонија - сто години по завршувањето на балканските војни"*,во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МАНУ, 2012 година, Скопје.

**Осврт на доставените трудови:**

1. Трудот под наслов *Будењето на македонскиот национален идентитет во 19 век, преку митот за Филип и Александар Македонски*, содржи кус историски преглед на појавата на македонскиот национален идентитет во 19 век. Во него се објаснети двата клучни елемента кои беа основни во процесот на повторното будење на македонската национална свест. Тие се прикажани во трудот преку постоењето на јазикот на македонскиот народ и преку истражувањата на нашите преродбеници во 19 век на историјата на македонскиот народ и на истражувањата на народните приказни и бајки. Преку усното пренесување на македонската традиција низ вековите и преку митот за славното античко потекло на македонските кралеви Филип и Александар, во него се потврдува автентичното културно наследство на Македонија, темелено врз сопствената богата историска традиција.

2. Трудот под наслов *Програма за идното напредување на Европската унија, Осврт кон 18 - месечниот програм на германското, португалското и словенечкото претседателство, за напредување на Европската унија*, ја разработува и ја анализира 18 - месечната програма на германското, португалското и словенечкото претседателство на Европската унија. Во него се врши анализа на развојните етапи кои се програмирани во текот на трите претседателства на ЕУ во периодот од

јануари 2007 до јуни 2008 година. Во својата суштина, овој концепт има намера да послужи како база за идните одлуки кои ѝ претстојат на Унијата во процесот на реформите и во процесот на нејзиното институционално дооформување.

3. Трудот под наслов *Reconciliation with the past – regional perspective Republic of Macedonia*, ја разработува потребата од надминувањето на историските фрустрации од периодот на сојузниот политички и општествен систем на Република Македонија. Во него се објаснети причините поради кои се донесе Законот за лустрација во Република Македонија, но и се констатира дека остатоците од некогашните политички случувања треба да се земаат со особена внимателност и аналитичност поради потребата од консолидација и помирувањето на новите генерации.

4. Трудот под наслов *The impact of the European integration process in my country*, содржи кус историски преглед на процесот на евроинтеграцијата на Република Македонија. Анализирајќи ја содржината на трудот може да се заклучи дека кандидатката ги разработува клучните моменти од процесот на стабилизација и асоцијација на Република Македонија со Европската унија. Во посебна точка е разработена и визијата за европската иднина на Република Македонија.

5. Трудот под наслов *Создавањето на Охридската архиепископија (неколку аспекти за нејзиното значење)*, содржи приказ на црковната историја на македонскиот народ. Во него кандидатката ја објаснува поврзаноста на македонската историја со православната црковна религија, особено од периодот на населувањето на Словените во Македонија. Во трудот, кандидатката дава преглед на настанокот на Охридската архиепископија и на нејзиниот основач - свети Климент Охридскѝ, како и на развојните етапи од црковната историја на македонскиот народ сè до нејзиното неканонско укинување од страна на султанот од Цариград во 1767 година.

6. Трудот под наслов *Гемиџиството како оригинален израз против угнетувањето (првата терористичка појава во 20 век, како протест против режимот со саможртва)*, го анализира предвечерјето на големото Илинденско востание од 1903 година. Кандидатката го разработува крупниот и радикален настан како акт од несомнено историско значење за историјата на македонскиот народ преку акцијата на групата македонски атентатори, познати како гемиџиите. Значењето на овој крупен историски настан авторката го претставува и во светлото на неговото силно политичко значење кое има и современа конотација, особено во контекст на актуелното

светско ангажирање околу справувањето со модерниот тероризам кој врши промени на глобално светско ниво.

7. Трудот под наслов *Проектот за сегашен и иден мир на Вилијам Пен (првиот проект за воспоставување на траен мир во Европа)*, претставува една куса и систематизирана рецензија на делото *Есеј за сегашен и иден мир во Европа* од големиот американски државник Вилијам Пен. Во него кандидатката ги образложува ставовите и гледиштата на Пен од аспект на англоамериканската политичка мисла. Сумирано во идејата: асамблејата да одлучува за војната, а не вооружениот судир! - авторката го истакнува ставот на Пен околу прашањето за војната и за мирот. Според неа, Пеновата проекција за траен мир во Европа е хумана, благородна и актуелна до денешни дни, без оглед што се поминати повеќе од 200 години од нејзиното прво издание.

8. Трудот под наслов: *Исток – Запад и повторно Исток, Причините кои го условуваат меѓурелигискиот дијалог*, претставува компаративна анализа на дијалогот помеѓу религиите. Со акцент на двете најголеми светски религии, христијанството и исламот, кандидатката ги прикажува историските прилики во кои религијата стана главен двигател или подвојувач помеѓу народите. Нејзината разработка се темели врз мултиетничкото и мултирелигиското општество како актуелно прашање кое не иззема ниедна држава во светот. Таа се залага за дијалог помеѓу религиите, кој го гледа како неопходен од аспект на мирот и просперитетот помеѓу народите.

9. Трудот *Документи за Република Македонија 1990 – 2005*, претставува рецензија на вредната збирка документи во избор и редакција на проф. д-р Сашо Георгиевски и м-р Сашо Додевски. Во неа е даден преглед на главните политички процеси преку кои Република Македонија го изоди патот кон својата независност. Според рецензентката Додовска, оваа збирка е оригинална и содржи во себе документи од голема вредност за поновата македонска историја.

10. Во трудот *Историски уставноправни аспекти на Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување на ФНРЈ и сојузните органи на власта од 1953 година*, кој е работен од кандидатката Додовска во коавторство со м-р Владо Бангиевски, прикажани се историските уставноправни аспекти на Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување на ФНРЈ и сојузните органи на власта од 1953 година. Преку една историска илустрација на првата фаза од југословенскиот уставноправен разиток, кој трае сè до донесувањето на уставниот „Закон за основите на општественото и политичкото уредување

на ФНРЈ и на сојузните органи на власта", од 1953 година, тие ја претставиле, во кратки црти, главната карактерологија на причините и условите во кои егзистираше и се наоѓаше сложеното југословенско општество, во својата прва етапа од својот социјалистички развој.

11. Трудот под наслов: *Востанието на комитопулите и создавањето на македонската средовековна држава* претставува историска анализа на периодот од кризните пресврти во државниот врв во Византиската Империја, т.е. во периодот кога се крева Комитопулското востание во Македонија во 976 година од н.е. Според авторката, земајќи големи размери, ова востание било насочено примарно кон одбивањето на бугарската државна управа, а потоа и против самата византиска хегемонија на Балканот.

12. Во трудот под наслов: *Договорот од Лозана од 30 јануари 1923 година (задолжителна размена на малцинства помеѓу Турција и Грција)*, авторката го анализирала Версајскиот поредок од 1919 година, преку инструментот на размена на населенија, а во случајов своето внимание го посветила на Договорот од Лозана од 30 јануари 1923 година, кој претставувал ревизија на претходно потпишаниот Севрски договор, за време на Париската мировна конференција. Преку историско-правната анализа, авторката во трудот внела сопствен авторски печат третирајќи го инструментот на размената на населенија во меѓународните односи.

13. Трудот под наслов: *Социо-економската структура на Балканот од XIX век до Балканскиот сојуз*, се занимава со крајот на Османската Империја. Во него авторката констатирала дека ваквата состојба настанала, пред сè, поради збирот на општествено-економските односи, како и од политичките прилики, кои неповолно се одразиле на процесот на нејзината трансформација во модерна држава. Поаѓајќи од овие параметри, интересот на авторката во трудот бил да се фокусира на причините и последиците кои го условиле распаѓањето на оваа империја.

14. Во трудот: *The Peace Treaty of Neuilly-sur-Seine of 27 November 1919*, д-р Иванка Додовска се осврнува на договорите кои произлегоа како резултат од Версајскиот систем на договори, кои го означија крајот на Првата светска војна. Во конкретниот случај, авторката го истражувала од историско-правен аспект договорот од Неји, со кој силите на Антантата ги определија мировните клаузули со поразеното Царство Бугарија.

15. Во трудот: *Создавање на националните држави Грција и Бугарија на Османлискиот балкански посед*, авторката го третирала националното создавање на Кралството Грција и на Царството Бугарија преку анализата

на модерното сфаќање за настанокот на националните држави по Француската буржоаска револуција. Во трудот таа заклучува дека првите балкански национални движења биле исклучиво изградени врз етничка и врз верска основа, а самиот процес на ослободувањето од османлиската власт бил воден врз дуалитетот изграден врз јазикот и врз верската припадност. Овој труд претставува исклучителна историско-политиколошка анализа, бидејќи претставува темел за развивањето на теоријата за ограничените идентитети кои произлегоа како несакан резултат во процесот на создавањето на новите национални државни творби на Балканскиот Полуостров.

16. Трудот: *Меѓународната положба на малцинствата по Првата светска војна (етничките статистики и промените во националната структура на Кралството Грција)*, ја опфаќа анализата на етничките статистики и промените во националната структура на Кралството Грција. Во него, авторката се занимавала со малцинските прашања во ерата на создавањето на нациите и национализмот во текот на XIX век во новонастанатата грчка држава. Преку прегледот на различните статистички параметри, таа го извлекла заклучокот дека без разлика на сите обиди од страна на државната грчка политика да го прикрие македонскиот национален елемент во Грција, тој претставувал фактор кој не е можно да се прикрие.

17. Во трудот: *Билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (со посебен осврт на Заедничката декларација помеѓу двете земји во 1999 година)*, д-р Додовска, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, се занимава со меѓусебните односи помеѓу Република Македонија и нејзиниот сосед Република Бугарија, од осамостојувањето на македонската држава до 2001 година.

18. Во трудот: *Париската мировна конференција во 1919 година и Турското национално движење*, д-р Додовска, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, се занимава со поделбата на териториите на Балканот по Првата светска војна. Во него, авторките констатирале дека од аспект на балканските прилики, во периодот од 1912 до 1919 година, целото османлиско и австро-унгарско наследство на Балканот било поделено помеѓу балканските држави. Резултатите од војната довеле до извесни промени во југоисточниот дел од Балканскиот Полуостров, со што директно ги засегнале интересите на Турција, Грција и Бугарија. Со Севрскиот договор за големите сили - победнички од војната биле завршени плановите за поделба на империјата, па од овие причини, авторките потенцирале дека со овој договор било предвидено припојувањето на Источна Тракија и на Смирненската област кон Грција, на што уследила револуционерната реакција предводена од Мустафа Кемал Ататурк.

19. Во трудот: *Версајскиот систем и размената на малцинствата на Балканот - Македонското прашање*, д-р Додовска, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, се занимава со условите на животот на македонското национално малцинство во Србија, Грција, Бугарија и Албанија, како резултат на одлуките на Парискта мировна конференција од 1919 година.

20. Во трудот: *The ethnical structure of Macedonia and the alteration of the demographic image of the Balkan until the World war II*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, авторките го третирале периодот на пропаѓањето на Османската Империја, како и потпишувањето на низата договори со кои се извршиле крупните демографско-етнички промени на Балканот. Во трудот тие констатирале дека експанзивниот национализам на балканските држави, под заштитата на принципот на „самоопределувањето на народите" и, воопшто, со поддршката на големите сили, ја создал трагедијата на големите бегалски маси кои биле принудени да ги напуштат своите исконски огништа засекогаш, без можната алтернатива да се вратат повторно назад.

21. Трудот: *THE BUCHAREST PEACE TREATY OF 1913: A HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, како што укажува и самиот наслов, се занимава со историско-правната анализа на Букурешкиот мировен договор од 1913 година.

22. Трудот: *The Relationship between the Church and the State in the Byzantine Empire*, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, претставува анализа на меѓусебните односи помеѓу црквата и државата во Византиската Империја. Во него авторките темелно го анализирале односот помеѓу двете клучни институции кои вршеле примарно влијание во животот на поданиците на империјата.

23. Во трудот: *Вајмарската република*, авторката Додовска го разработила периодот од 1919 до 1933 година, т.е. се занимавала со првиот германски обид за воспоставување на демократија на национално ниво во поразена Германија од Првата светска војна. Таа констатирала дека во својата суштина, Републиката ја немала поддршката ниту од политичките елити, ниту од јавноста. Од тие причини, таа заклучила дека резултатот од експанзионистичката и од милитаристичката природа на германската држава го претставува поразот од двете светски војни за германската империјалистичка политика.

24. Во трудот: *Охридската архиепископија во времето на Евлија Челебија,* во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, авторките констатирале дека со османското завладување на Балканот, за разлика од Пеќската и од Трновската патријаршија, Охридската архиепископија ја зачувала својата автокефалност во рамките на Османската Империја. Тие констатирале дека периодот кога низ Македонија поминувал патеписецот Евлија Челебија, е всушност периодот кога започнала стагнацијата на империјата. Низ темелниот опис на респективниот период, тие направиле интересна политичко-историска синтеза на значењето на Охридската архиепископија во корелација со тогашните шеријатски прописи во големата Османска Империја и ги поврзале со сознанијата на познатиот патеписец Челебија за Балканот.

25. Во трудот: *Дипломатските активности во текот на меѓународните вооружени конфликти во почетокот на 21 век - Случај на Република Македонија во 2001 година,* во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, авторките го анализирале меѓународното влијание за време на конфликтот во Република Македонија од 2001 година.

26. Трудот: *Политиката на балканските држави пред започнувањето на балканските војни,* во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, се занимава со балканските сојузи пред почнувањето на Првата балканска војна во 1912 година. Во една опсежна анализа, тие ги констатирале главните мотиви кои ги поврзале балканските држави за истиснување на Османската Империја од Балканскиот Полуостров и за поделба на преостанатиот османски посед, т.е. за меѓусебна распределба на територијата на Македонија.

27. Во трудот: *Букурешкиот мировен договор (историско-правна анализа),* во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, авторките продлабочено го анализирале влијанието на Букурешкиот мировен договор врз идните воени и политички конфликти на Балканот.

28. Во трудот: *Македонија сто години по завршувањето на Балканските војни,* во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, авторките ја анализирале тројната поделба на Македонија во периодот на балканските војни и склучувањето на Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Тие констатирале дека со него било извршено истиснувањето на македонското прашање од европската агенда пред почетокот на Првата светска војна. Оттаму, тие ќе заклучат дека Македонија и македонското прашање претставуваат средишно место во долгорочната политика на тогашните соседни балкански држави, кои во својата големо државничка агенда го носеле стремежот за окрупнување и за заокружување на нивните

етнички територии. Во трудот, исто така, е направена и една опсежна анализа на изминатите сто години, при што авторките ќе заклучат дека погледнато station наназад еден век, македонското прашање е се уште присутно како некогаш на агендите на балканските соседи.

*

Д-р Иванка Додовска, за потребите за изведување на квалитетна настава на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, по предметите *современа европска и македонска историја (19-20 век)* и *историја на дипломатијата*, на политичките студии и студиите по новинарство има направено два ридера со превод од англиски, српски и бугарски јазик од познатите автори Хенри Кисинџер, „Дипломатија“, Збигњев Бжежински, „Велика шаховска табла“ и од „Повијест свијета“, од група реномирани германски историчари, во вкупен обем од над 700 страници.

Д-р Иванка Додовска, исто така е коавтор на учебникот „Историја на правото - трет дел“ во соработка со проф. д-р Билјана Поповска, доц. д-р Мелина Гризо и доц. д-р Мишо Докмановиќ, издаден во 2010 година, за потребите на предметот историја на правото.

Д-р Иванка Додовска е еден од основачите на Ораторскиот клуб на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и е носител на неколку награди и признанија за реторика на ораторските натпревари во чест на проф. д-р Иво Пухан, одржани на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Д-р Иванка Додовска ја познава и ја користи компјутерската техника, т.е. програмите Microsoft Windows, MS DOS, Internet, Word, Excel и Power Point. Има одлични познавања на англискиот јазик, а пасивно го познава францускиот јазик.

## ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, врз основа на сето претходно изнесено во извештајот, заклучи дека кандидатката д-р Иванка Додовска целосно ги исполнува сите услови предвидени за избор на наставник во звањето доцент

на научната област историја на правото. Изложеното во рефератот ни дава за право да веруваме дека кандидатката д-р Иванка Додовска, со оглед на досегашниот образовен и стручен развој, научен интерес и конкретен ангажман и понатаму ќе се развива како успешен наставен и научен кадар на Факултетот.

Во таа смисла, со особено задоволство, а врз основа на законските одредби и одредбите од Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го даваме следниов

**ПРЕДЛОГ**

Кандидатката д-р Иванка Додовска да биде избрана за ***доцент*** на ***научната област историја на правото***, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“во Скопје.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Билјана Поповска с.р.

-------------------------------------

Доц. д-р Мелина Гризо с.р.

-------------------------------------

Доц. д-р Мишо Докмановиќ с.р.

-------------------------------------

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Иванка Бранко Додовска

**Институција:** Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

**Научна област:** историја на правото

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Настава во школи и работилници** | **11** |
| | Предавач на регионалната средба на стипендисти на Фондацијата „Конрад Аденауер“, на тема: „Да се разбере минатото - Република Македонија“, во Поиана Брашов, Романија, април 2007. | 1 |
| | Предавач на семинарот „Еко Село во Република Македонија“, организиран од Environment Elit Group EEG и Министерството за животна средина и просторно планирање на Р. Македонија, 2007. | 1 |
| | Предавач на семинарот организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер“- Скопје, на тема: „Балкански идентитет - Да или Не!“, Струмица, декември 2007. | 1 |
| | Предавач и модератор на работните групи на VII интернационална студентска конференција во чест на Борјан Таневски, во соработка со Фондацијата „Конрад Аденауер“, во Скопје, на тема „20 years after the fall of the Berlin wall: lessons for the Balkans“, Скопје, ноември 2009. | 1 |
| | Предавач на едукативниот семинар на тема „Мобинг и дискриминација на работното место“, организиран од регионалниот одбор на СОНК „Центар“ - Скопје, во Охрид, март 2010. | 1 |
| | Предавач - модератор на регионалната конференција на стипендисти организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“, на тема: „20 години од обединувањето на Германија: лекција за обединета Европа“, Охрид, јуни 2010. | 1 |
| | Предавач на меѓународниот семинар организиран од Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје, на тема: „Влијанието на верските вредности и практики за општествена стабилност: Комуникација на верските и заедничките вредности“, во Скопје, мај 2012. | 1 |
| | Предавач на летниот камп организиран од страна на Фондацијата „Конрад Аденауер“, во соработка со Католичката црква во Македонија, под наслов „Меѓурелигискиот дијалог постоење како вокација; врските помеѓу религиозните групи и општеството“, во Охрид, август 2012. | 1 |
| | Предавач на регионалната конференција на стипендисти, организирана од Фондацијата „Конрад Аденауер“, на тема „Справување со конфликтите од минатото - нови начини кон иднината“, во Охрид, август 2012. | 1 |
| | Предавач на Првата меѓународна конференција „Спортот како фактор за толеранција, заедништво и почитување“, во организација на Геостратешкиот институт „Глобал“ и под покровителство на претседателот на Република Македонија, Н.Е. Ѓорге Иванов, Скопје, октомври 2012. | 1 |
| | Предавач на конференцијата организирана од страна на Фондацијата „Конрад Аденауер“, во соработка со Центарот за европски студии, МПЦ, Исламската верска заедница, Католичката црква и Еврејската заедница, под наслов „Улогата на верските заедници во градењето на мирољубиви и мултикултурни европски општества“, во Скопје, декември 2012. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинарски труд)**[1] | 28,2375 **29** |
| 2.1. | **од прв циклус студии:**<br><br>**Современа европска и македонска историја (19 - 20 век) на политичките студии**<br><br>учебна 2008/2009 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2009/2010 5*15*0,03 = 2,25<br>учебна 2010/2011 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2011/2012 2,5*15*0,03 = 1,125<br>учебна 2012/2013 2,5*15*0,03 =1,125<br><br>**Современа европска и македонска историја (19 - 20 век) на студиите по новинарство**<br><br>учебна 2008/2009 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2009/2010 1,5*15*0,03 =0,675<br>учебна 2010/2011 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2011/2012 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2012/2013 1,5 *15*0,03 =0,675<br><br>**Историја на дипломатија**<br><br>учебна 2008/2009 3,5 *15*0,03 = 1,575<br>учебна 2009/2010 3,5 *15*0,03 = 1,575<br>учебна 2010/2011 1, 75 *15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2011/2012 1, 75*15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2012/2013 1, 75*15*0,03 =0,7875<br><br>**Современи политички системи на политичките студии**<br><br>учебна 2010/2011 2,5*15*0,03 =1,125<br><br>**Современи политички системи на студиите по новинарство**<br><br>учебна 2010/2011 1,5*15*0,03 = 0,675<br><br>**Историја на правото**<br><br>учебна 2010/2011 12*15*0,03 =5,4<br>учебна 2011/2012 10*15*0,03 = 4,5<br>учебна 2012/2013 2*15*0,03 =0,9 | |
| 2.2. | **од втор циклус студии**<br><br>**магистерски студии – меѓународно право и меѓународни односи**<br><br>**Историја на дипломатијата**<br><br>учебна 2009/2010 1,75*15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2010/2011 1,75*15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2011/2012 1,75*15*0,03 = 0,7875 | **15,075** |

[1] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар (15) * по бодување (0,04/0,05/0,06). Пример: 3 (часа неделно)* 15 (недели)* 0,04 (поени за одржување настава од прв циклус студии) = поени.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебна 2012/2013 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br><br>**магистерски студии – применета политика**<br><br>**Изборни предмети**<br><br>**Политичка историја на Балканот (19 - 20 век)**<br><br>учебна 2010/2011 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2011/2012 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br><br>**ТЕМПУС - политички менаџмент**<br><br>**Политичка историја на Балканот (19 - 20 век)**<br><br>учебна 2010/2011 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2011/2012 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br><br>**ТЕМПУС - европски политики и институции**<br><br>**Политичка историја на Балканот (19 - 20 век)**<br><br>учебна 2010/2011 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br>учебна 2011/2012 — 1,75*15*0,03 = 0,7875<br><br>**магистерски - интердисциплинарни студии за Југоисточна Европа**<br><br>**Политичка историја на Југоисточна Европа**<br><br>учебна 2012/2013 — 2,5*15*0,03 = 1,125<br><br>**Опциони предмети**<br><br>**Македонија во меѓународните политички односи и меѓународните договори (19-20 век)**<br><br>учебна 2010/2011 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2011/2012 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2012/2013 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br><br>**Македонија во меѓународните односи (1991-2005)**<br><br>учебна 2010/2011 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2011/2012 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2012/2013 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br><br>**Историја на балканските држави (19-20 век)**<br><br>учебна 2010/2011 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2011/2012 — 1,5*15*0,03 = 0,675<br>учебна 2012/2013 — 1,5*15*0,03 = 0,675 | | |
| 3. | **Подготовка на нов предмет** | **4,5** | |
| | Современа европска и македонска историја (19 - 20 век) 0,5<br>Историја на дипломатијата | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Политичка историја на Балканот (19 - 20 век)<br>Политичка историја на Југоисточна Европа<br>Македонија во меѓународните политички односи и меѓународните договори (19-20 век)<br>Македонија во меѓународните односи (1991-2005)<br>Црковно право<br>Право на стариот век<br>Право на средниот век | |
| 4. | **Консултации со студенти**[2]<br><br>учебна 2008/2009 310*0,002 = 0,62<br>учебна 2009/2010 540*0,002 = 1,08<br>учебна 2010/2011 950*0,002 = 1,9<br>учебна 2011/2012 920*0,002 = 1,84<br>учебна 2012/2013 280*0,002 =0,56 | 6 |
| 5. | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | |
| 5.1. | /. | |
| 6. | **Научно-популарна книга** | |
| 6.1. | /. | |
| 7. | **Пакет материјали за одреден предмет**<br><br>Комплетно подготвена скрипта за потребите на предметот современа европска и македонска историја (19 - 20 век), на политичките студии и студиите по новинарство, во обем од 450 страници.<br><br>Комплетно подготвена скрипта за потребите на предметот историја на дипломатија, на политичките студии и магистерските студии, во обем од 376 страници. | 8 |
| | | |
| | **Вкупно** | 73,575 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во меѓународен научен проект** | **10** |
| 1.1. | Учесник во меѓународниот проект „Национално-државен и субрегионален интерес во југоисточна Европа", организиран од катедрите за политички науки и за меѓународни односи при Универзитетот за национално и световно стопанство во Софија, Р. Бугарија, 2010-2012. | 5 |
| 1.2. | Учесник во меѓународниот проект „Од балканските војни до балкански мир", во организација на Центарот за стратегиски истражувања на Република Турција и Министерството за надворешни работи на Република Турција и МАНУ (2012 - ) | 5 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**[3] | **11,2** |
| 2.1. | **Создавањето на Охридската архиепископија (неколку аспекти за нејзиното значење)** - Годишник во чест на проф. д-р. Борислав Благоев, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први", во Скопје, ноември 2007 година. | 4 |

[2] Вкупниот број поени во семестар се добива на следниов начин: број на студенти * бодување. Пример: 100 (студенти во семестар) * 0,002 (бодување) = 0,2 поени.

[3] Во случај кога еден научен/стручен, односно апликативен труд има повеќе автори, кога се два автора - секој добива по 90% од бодовите, кога се три автори - секој добива по 80% од бодовите, кога се четири и повеќе - секој добива по 60% од бодовите.

| | | |
|---|---|---|
| 2.2. | THE ETHNICAL STRUCTURE OF MACEDONIA AND THE ALTERATION OF THE DEMOGRAPHIC IMAGE OF THE BALKAN UNTIL THE WORLD WAR II, *The Annals of the Ovidius University of Constanta - the History Series* has been published: http://auosi.wikispaces.com/Vol+8+-+2011 , во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска. | 3,6 |
| 2.3. | THE BUCHAREST PEACE TREATY OF 1913: A HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS, Macedonian Historical Review, vol. 2, University of Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Philosophy, Department of History, 2011, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска. | 3,6 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание** | **17,8** |
| 3.1. | **Будењето на македонскиот национален идентитет во 19 век, преку митот за Филип и Александар Македонски** - во списанието за политичко - општествени теми „Политичка мисла", издание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis" декември 2006 година, во Скопје. | 2 |
| 3.2. | **Програма за идното напредување на Европската Унија, Осврт кон 18 - месечниот програм на Германското, Португалското и Словенечкото Претседателство со Европската унија** - во списанието за економско - политички теми „Глобал", издание на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, јули 2007 година, во Скопје. | 2 |
| 3.3. | **Reconciliation with the past - regional perspective Republic of Macedonia** - во списание на Фондацијата „Конрад Аденауер" од Романија, јуни 2007 година, Букурешт. | 2 |
| 3.4. | **The impact of the european integration process in my country** - журнал на Фондацијата „Роберт Шуман", мај 2007 година, Будимпешта. | 2 |
| 3. 5. | **Проектот за сегашен и иден мир на Вилијам Пен (првиот проект за воспоставување на траен мир во Европа)** - во списанието за економско - политички теми „Глобал", издание на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид, март 2008 година, во Скопје. | 2 |
| 3.6. | **Исток - Запад и повторно Исток; Причините кои го условуваат меѓурелигискиот дијалог** - во списанието за политичко - општествени теми „Политичка мисла", издание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis" март, 2008 година, во Скопје. | 2 |
| 3.7. | **Документи за Република Македонија 1990 – 2005** – во списанието за политичко - општествени теми Политичка мисла, издание на Фондацијата „Конрад Аденауер" и Институтот за демократија „Societas Civilis" март 2009 година, во Скопје. | 2 |
| 3.8. | The Peace Treaty of Neuilly-sur-Seine of 27 November 1919, **Iustinianus Primus Law Review № 02 • volume II • Winter 2011** | 2 |
| 3.9. | The Relationship between the Church and the State in the Byzantine Empire, **Iustinianus Primus Law Review № 04 • volume III • Spring 2012, http://www.law-review.mk/main.asp?lang=eng&izdanie=04,** во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска; | 1,8 |
| 4. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | **14,4** |
| 4.1. | **Билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Бугарија (со посебен осврт на Заедничката декларација помеѓу двете земји во 1999 година)**, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на Универзитетот за национално и световно стопанство, 2012 година, Софија. | 1,8 |
| 4.2. | **Париската мировна конференција во 1919 година и Турското национално движење**, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МАНУ, 2012 година, Скопје. | 1,8 |
| 4.3. | **Версајскиот систем и размената на малцинствата на Балканот - Македонското прашање,** во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на Институтот за историја при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј",2012 година, во Скопје. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 4.4. | **„Македонија сто години по завршувањето на Балканските војни“**,во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МАНУ, 2012 година, Скопје. | 1,8 |
| 4.5. | **„Букурешкиот мировен договор (историско-правна анализа)“**, во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, 2012 година, Скопје. | 1,8 |
| 4.6. | **„Политиката на балканските држави пред започнувањето на балканските војни“** во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на Hacettepe University, Faculty of Economic and Administrative Sciences, Department of International Relations, Република Турција, 2012 година. | 1,8 |
| 4.7. | **Дипломатските активности во текот на меѓународните вооружени конфликти во почетокот на 21 век - Случај на Република Македонија во 2001 година,** во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МИТ - универзитетот во Скопје, Република Македонија, 2012 година. | 1,8 |
| 4.8 | **Охридската архиепископија во времето на Евлија Челебија,** во коавторство со проф. д-р Билјана Поповска, издание на МАНУ, 2012 година, Скопје. | 1,8 |
| 5. | **Трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција** | **15,8** |
| 5.1. | **Гемиџиството како оригинален израз против угнетувањето (првата терористичка појава во 20 век, како протест против режимот со саможртва)** - Зборник во чест на проф. д-р Панта Марина, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, декември, 2007 година. | 2 |
| 5.2. | **Востанието на Комитопулите и создавањето на Македонската средовековна држава** - Зборник во чест на проф. д-р Стефан Георгиевски, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, 2009 година. | 2 |
| 5.3. | **Договорот од Лозана од 30 јануари 1923 година (задолжителна размена на малцинства помеѓу Турција и Грција),** Зборник во чест на проф. д-р Тодор Цунов, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, во Скопје, 2009 година. | 2 |
| 5.4. | **Историски уставно - правни аспекти на уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување на ФНРЈ и сојузните органи на власта од 1953 година** - во коавторство со м-р Владимир Бангиевски, Зборник во чест на проф. д-р. Митков, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2010 година, во Скопје. | 1,8 |
| 5.5. | **Социо-економската структура на Балканот од XIX век до Балканскиот сојуз**, Зборник во чест на проф. д-р Георги Ганзовски, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2010 година, во Скопје. | 2 |
| 5.6. | **Создавање на националните држави Грција и Бугарија на Османлискиот балкански посед,** во чест на проф. д-р Марјановиќ, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2011 година, во Скопје. | 2 |
| 5.7. | **Меѓународната положба на малцинствата по Првата светска војна (етничките статистики и промените во националната структура на Кралството Грција)** во чест на проф. д-р Матовски, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2011 година, во Скопје. | 2 |
| 5.8. | **Вајмарската република**, во чест на проф. д-р Пеливанов, издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“, 2012 година, во Скопје. | 2 |
| 6. | **Пленарно предавање на научен/стручен собир** | **16** |
| 6.1. | Учесник на Меѓународната научна конференција на тема: „Национално-државен и субрегионален интерес во Југоисточна Европа“, организирана од катедрите за политички науки и за меѓународни односи, при Универзитетот за Национално и световно стопанство, на 27 април 2011 година, во Софија, Бугарија.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Билатералните односи помеѓу Република Македонија и*** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Република Бугарија (со посебен осврт на Заедничката Декларација помеѓу двете земји во 1999 година).*** | |
| 6.2. | Учесник на 7. Меѓународен Ататурк - конгрес, од 17 до 22 октомври 2011 година, во организација на Македонската академија на науките и уметностите и под покровителство на Н.Е. Ѓорге Иванов и Н.Е. Абдулах Ѓул, во Скопје, Македонија.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Париската мировна конференција во 1919 година и турското национално движење.*** | 2 |
| 6.4. | Учесник на меѓународната научна конференција на тема: „Македонија низ вековите", во организација на Институтот за историја при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Република Македонија, на 11 - 12 ноември 2011.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Версајскиот систем и размената на малцинствата на Балканот - македонското прашање.*** | 2 |
| 6.6. | Учесник на меѓународниот научен конгрес „Балканот на Евлија Челебија", организиран од МЕДАМ - Универзитет Бахчешехир, Центар за цивилизациски истражувања, Истанбул и МАНУ - Македонската академија на науките и уметностите на Република Македонија, одржан од 16 до 20 април 2012 година, во МАНУ, Скопје, Република Македонија.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Охридската архиепископија во времето на Евлија Челебија.*** | 2 |
| 6.8. | Учесник на Првата годишна меѓународна научна конференција „Глобалната безбедност и предизвиците на 21 век", организирана од страна на МИТ - универзитетот, во Македонски Брод, Република Македонија, на 9 јуни 2012 година.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Дипломатските активности во текот на меѓународните вооружени конфликти во почетокот на 21 век - Случај на Република Македонија во 2001 година.*** | 2 |
| 6.9. | Учесник на меѓународната научна конференција „ From war to eternal peace on the 100th Anniversary of the Balkan Wars: Good neighbourhood Relations in the Balkans", организирана од страна на Hacettepe University, Faculty of Economic and Administrative Sciences, Department of International Relations, од 4 до 7 октомври 2012 година, во Истанбул, Република Турција.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Политиката на балканските држави пред започнувањето на балканските војни.*** | 2 |
| 6.10. | Учесник на Научниот собир на тема „Струмица и Струмичко во времето на балканските војни и Букурешкиот мировен договор", по повод 100 години од започнувањето на балканските војни (1912 - 1913) и 60 години од основањето на Музеј - Струмица (1952 - 2012), во организација на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Струмица, од 25 - 27 октомври 2012 година, во Струмица, Република Македонија.<br>Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Букурешкиот мировен договор (историско-правна анализа).*** | 2 |
| 6.11. | Учесник на научниот собир на тема „Сто години од Балканските војни", во организација на МАНУ, Скопје, декември 2012.<br>Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Македонија сто години по завршувањето на Балканските војни.*** | 2 |
| 7. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **6** |
| 7.1. | Учесник на меѓународниот балкански форум „100 години од Балканските војни: Спречување на конфликти, Мир и визија за благосостојба", организиран од ТАСАМ - Турско - азискиот центар за стратегиски студии од Истанбул, одржан од 26 до 27 Април 2012 година, во Истанбул, Република Турција.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Дипломатијата на балканските држави во пресрет на*** | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | ***Балканските војни.*** | |
| 7.2. | Учесник на меѓународниот собир во ракмите на проектот „Од Балканските војни до Балкански мир", во организација на Центарот за стратегиски истражувања на Република Турција и Министерството за надворешни работи на Република Турција и Македонската академија на науките и уметностите на Република Македонија, одржан на 27 март 2012 година, во МАНУ, Скопје, Република Македонија. | 2 |
| 7.3 | Учесник на научниот симпозиум на тема: „Византискиот религиски концепт и современието: идеологија, претстава, традиција", во организација на Центарот за византолошки студии при Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", 21 - 22 октомври 2011 година, во Скопје, Република Македонија.<br>- Заедничка презентација со проф. д-р Билјана Поповска на тема: ***Односот помеѓу црквата и државата во Византиската Империја.*** | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | **91,2** |

## СТРУЧНО –АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Книга од стручна област** | |
| 1.1. | Коавтор на учебникот „Историја на правото - III дел", издаден во Скопје, 2011 година | 7 |
| 2. | **Речник или стручна енциклопедија** | |
| 2.1. | /. | |
| 3. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| 3.1. | /. | |
| 4. | **Студија, физибилити - студија, истражување на пазарот** | |
| 4.1. | /. | |
| 5. | **Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот** | |
| 5.1. | Протокол на настани организирани на Правниот факултет „Јустинијан Први" | 0,5 |
| 6. | **Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт** | |
| 6.1. | /. | |
| 6.2. | /. | |
| 6.3. | /. | |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| 7. | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| 7.1. | /. | |
| 8. | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир** | |
| 8.1. | /. | |
| 8.2. | /. | |
| 9. | **Награда за научни постигнувања од струковата организација** | |
| 9.1. | /. | |
| 10. | **Студиски престој во странство** | |
| 10.1. | Студентски престој во ООН во летниот семестар 2001 година | 0,5 |
| 10.2. | Студентски престој во Советот на Европа во јуни 2010 година | 0,5 |
| 11. | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект** | |
| 11.1. | Зима 2010, изготвување и пријавување на проектот "Правото во Македонија во среден век" | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | **Член на факултетска комисија** | |
| 12.1. | Од 2010 - секретар на Институтот за правно-историски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| 12.2. | Од 2010 - секретар на Центарот за византолошки истражувања на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје | 0,5 |
| 13. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| 13.1. | /. | |
| | **Вкупно** | **10,5** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **73,575** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **91,2** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **/.** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10,5** |
| **Вкупно** | **175,275** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Билјана Поповска с.р.

Доц. д-р Мелина Гризо с.р.

Доц. д-р Мишо Докмановиќ с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК (ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 11.5.2012 година, донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник (во сите наставно-научни звања) по научната област дентална патологија .

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Славољуб Живковиќ, проф. д-р Горанка Прпиќ- Мехичиќ и проф. д-р Мирјана Поповска, ценејќи ја укажаната доверба и по увидот во доставениот материјал, има особена чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник (во сите звања) по научната област дентална патологија објавен во весниците „Фокус“ и „Лајме“ на 28. XI 2012, се пријавија четири кандидати, д-р Павлина Алексова, д-р Илијана Аџисанкова-Муратовска, д-р Василка Ренџова и д-р Вера Стојановска.

### 1. Основни биографски податоци

1. Ас. д-р Павлина Алексова, вработена на Клиниката за болести на забите и ендодонтот, при ЈЗУ Универзитетски клинички центар “Св Пантелејмон” и на Стоматолошкиот факултет во Скопје, родена е во Скопје, Р. Македонија, на 15.9.1957 година. Со универзитетско образование се стекнува во учебната 1988/1989 година кога дипломира на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со просечна оценка 6,68.

Со звањето магистер на стоматолошки науки од областа болести на забите и ендодонтот се стекнала во 2006 година на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, со магистерскиот труд под наслов “Дентални калцификати – причина за посебна анализа”.

Со одбраната на докторската дисертација под наслов “Корелација на патолошките калцификати во забната пулпа со патолошките калцификати во други органи во организмот”, во 2010 година на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, се стекнала со титулата доктор на стоматолошки науки.

Во периодот од дипломирањето до 1991 година, волонтирала на Универзитетските стоматолошки клиники, а од 1991 до 1992 година

задолжителниот лекарски стаж го завршила исто така на Универзитетските стоматолошки клиники. Првото вработување го остварила на Клиниката за болести на забите и ендодонтот при Универзитетскиот стоматолошки клинички центар во Скопје, во 1992 година. Во 1993 го положила стручниот испит, а во 1997 година се здобила со звањето специјалист по болести на забите и ендодонтот.

Во звањето помлад асистент на Катедрата за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје била избрана во 1997 година, реизбрана била во 2003 година, а во 2007 година била избрана за асистент, за во 2010 година повторно да биде избрана во звањето асистент на Катедрата за болести на забите и ендодонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

## Наставно-образовна дејност

Активно била вклучена во практичната настава на Катедрата за болести на забите и ендодонтот. Практична настава: 1997/1998 до 2011/12, како и во зимскиот семестар 2012 година, ги води вежбите по: Болести на заби - претклиника (2+4), болести на заби 1 (1+3), болести на заби 2 (1+3) и болести на заби 3 (1+5), болести на заби 4 (0+3), и консултации со студенти на сите предмети на кои ја изведувала наставата. Има завршено курс за ласери во стоматолошката практика во Охрид, во 2002 година. Била ментор на повеќе студентски теми, од кои една е наградена со прва награда. Самостојно учествувала во практичната настава на студентите по феријална практика и стажанти во два летни и еден зимски распуст.

## Научноистражувачка дејност

На Катедрата за болести на забите и ендодонтот, на која била избрана за помлад асистент, а подоцна и за асистент, своите стручни и научни усовршувања ги насочила кон проблематиката од областа на кариологијата и ендодонцијата. Особено поле на интерес за неа е патолошката калцификација во пулпата на забот, како и патолошката калцификација пошироко во организмот ((патолошка калцификација во плунковни жлезди, во бубрег, жолно ќесе, крвни садови и други локализации).

Ас. Павлина Алексова активно учествува со предавање на тема "Дентални калцификати - константен актуелен проблем во ендодонтската терапија" на симпозиумот со меѓународно учество на Здружението на специјалисти по болести на забите и ендодонтот на 29.10.2011 година во Скопје.

Учесник била во реализацијата на *Евалуација на асистентите од страна на студентите,* за односот на академскиот кадар во остварувањето на наставно-образовната дејност, на Стоматолошкиот факултет во Скопје, при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во 2002 година.

Има објавено 51 труд, како автор и коавтор, и една монографија.

## Стручно-апликативна дејност

Ас. д-р Павлина Алексова била член на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет. Од 2010 година, член е на Комисијата за државни стоматолози на Стоматолошката комора на Македонија.

Ас. д-р Павлина Алексова е добитник на Благодарница од Македонското лекарско друштво во 1995 година и Диплома од Македонското лекарско друштво во 1996 година. Таа е добитник, исто така, и на Благодарница од Стоматолошкиот факултет по повод 50 – годишното постоење на Факултетот во 2009 година.

Резултатите поврзани со наставната и научноистражувачката дејност, како и другите нејзини активности до реизборот во звањето асистент, објавени се во Билтенот на Универзитетот: Билтен бр. 689 од 1997 година, Билтен бр. 826 од 2003 година, Билтен бр. 909 од 2007 година, Билтен бр. 913 од 2007 година и Билтен бр. 987 од 2010 година, Билтен бр. 990 од 2010 година и Билтен бр. 1009 од 2011 година.

За конкретниот конкурс, авторката ги приложува за рецензија следниве трудови:

33. Алексова П, Матовска Љ, Ристовски М. Хистопатолошка анализа на денталните калцификати. Макед. стом. прегл. 2010 број 1-2 : 13-20.

Хистолошка анализа на пулпно ткиво, направена е на материјал добиен по пат на ендодонтска екстирпација и вертикален пресек по индицирана екстракција на заби. Резултатите од направените испитувања покажале дека со хистопатолошката анализа се констатира: калцификатите во денталната пулпа се дентински и недентински. Дентинските калцификати се сферични, нодуларни, солитарни или повеќе на број, содржат поголема количина на органски матрикс, застапени во помладата возраст имаат хамартоматозен аспект. Недентинските калцификати можат да бидат нодуларно сферични, неправилни по форма, до дифузни пунктиформни инкрустрации. Содржат помала количина органски матрикс, застапени се повеќе во средната и постарата возраст, имаат инфламаторно дистрофична заднина. Трудот има голема научна вредност.

34. Алексова П, Накова М, Грчев А. Застапеност на денталните калцификати кај пациенти со калкули во жолчното ќесе и плунковните жлезди. Макед. стом. прегл. 2010 број 5-6 : 301-306.

Предметот на ова истражување е реализиран преку одредување на застапеноста на денталните калцификати кај пациенти со присутни калцификати во жолчно ќесе и плунковни жлезди. Добиени се релевантни податоци за постоење на поврзаност на денталните калцификати со другите калцификати/калкулуси во организмот. Застапеноста на денталните калцификати, кај овие пациенти, од вкупно 200 пациенти, беше присутна кај 140 пациенти, односно 70%, додека застапеноста на пациентите без дентикли, а со присутна патолошка калцификација на друго место во организмот, е присутна кај 60 пациенти, односно 30%. Застапеноста на денталните калцификати кај пациенти со присутни калцификати во жолчно ќесе и плунковни жлезди покажува висока сигнификантност, според t – тестот, со вредност од p = 0,0000. Трудот има стручно-апликативна вредност.

35. Алексова П. Дентални калцификати – константен актуелен проблем во ендодонтската терапија. Секциско предавање - симпозиум со меѓунардно учество "Современи трендови во конзервативната стоматологија", Скопје – 29 октомври 2011.

Денталните калцификати, како провокатори на болка, кај интактни заби создаваат проблеми во дијагностицирањето. Од тераписки аспект можат да го отежнат, а понекогаш и целосно да го оневозможат пристапот во коренските канали, како и да бидат причина за неоснована екстракција на заб или група на заби. Анализите со помош на рендгенграфијата покажуваат дека треба поголемо внимание да се посвети на анализата на рендгенските снимки, посебно на Panoramix- сликите, бидејќи овозможуваат детекција на денталните калцификати и кај асимптомни заби, на целото забало. На ова се инсистира бидејќи е присутна не многу специфична клиничка слика, со што се наметнува и потребата од една поинаква анализа од вообичаената рутинска метода, како и медицинско набљудување, за да се избегне можноста за превид на вакви случаи.

Трудот има апликативен карактер.

36. Алексова П, Накова М, Грчев А, Николовска Ј, Поповска Л, Дирјанска К, Костадинова М. Застапеност на дентиклите кај реставрирани и нереставрирани заби. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија, 25.

Целта на овој труд е одредување на состојбата на испитуваните заби преку клинички параметри и определување на застапеноста на калцификатите во забната пулпа, според споредбата на забите, реставрирани и нереставрирани заби. Рендгенолошка процена на забалото е направена на вкупно 150 пациенти или 3108 заби. Резултатите покажуваат дека дентиклите почесто се среќаваат кај кариозни, односно реставрирани заби. Од 623 заби со дентикли, кариозни, односно реставрирани се 419 (67,2%), а нереставрирани - 204 (32,7%). Трудот има апликативна вредност.

37. Николовска Ј, Ќурчиева-Чучкова Г, Манева М, Алексова П, Зафировски М. Ортодонтско протетски третман кај пациенти со хиподонција. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид Македонија (Апстракти 133).

Со овој труд се согледува застапеноста на пациентите кои имаат дијагностицирано хиподонција на забалото, поради што по извршениот ортодонтски третман е потребен и соодветен протетски третман. Кај пациентите од 15 до 22-годишна возраст најчесто е застапена хиподонцијата на вторите премолари, потоа на латералните инцизиви. По ортодонтскиот третман овие пациенти најчесто се третираат со фиксни протетски надоместоци. Трудот има апликативна вредност.

38. Николовска Ј, Миндова С, Дирјанска К, Алексова П, Костадинова М, Бојковска С. Протетски статус и потреба за третман кај геријатриски пациенти во јавните институции за стари лица. Макед. стом. прегл. 2011 број 1-2 : 36-42.

Во оваа студија, 73 ( 69,5%) од испитаниците се изјасниле дека им се потребни нови протетски помагала. Нема корелација помеѓу типот на протетски помагала и потребата за нови. Последната година никој од пациентите не посетил стоматолог во последните пет години, посета потврдиле 15 (14,3%) лица, подолго од 5 години не биле 39 (37,1%), а 51 (48,6%) испитаник немал посета на стоматолог подолго од десет години. Трудот има апликативен карактер.

39. Алексова П, Накова М, Грчев А, Велевски Д, Велевска-Стефковска Д, Костадинова М. Одредување на калцифицирачки нанопартикли-CNP во дентикли, бубрег, жолчно ќесе и плунковни жлезди. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија (Апстракти 26).

Авторите на овој труд кажуваат дека актуелната генеза на денталната калцификација е причина за определба за нејзино пошироко истражување, познавајќи ги во голема мера локалните фактори за нејзиното настанување и барајќи поврзаност со ендогените нарушувања во организмот, со сличен карактер. Со целта на истражувањето е дефинирана релацијата помеѓу калцификатите во организмот и присуството на дентални калцификати, како и нивната можна бактериска асоцираност. Со

ова се потврдува инфективната етиологија на патолошките калцификати. Трудот има научна и апликативна вредност.

40. Поповска Л, Каранфиловиќ В, Заркова Ј, Алексова П. Разлики и карактеристики на симптоматските и асимптоматските периапикални лезии. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија (Апстракти 29).

За да се прикажат разликите меѓу симптоматските и асимптоматските хронични периапикални лезии (изразени преку клиничкиот периапикален индекс), направено било патохистолошко и микробиолошко испитување на 75 ткива добиени со хируршко отстранување на хроничните лезии. Овие наоди биле корелирани со клиничкиот наод и претходните ендодонтски третмани: претходно нетретирани заби, заби со претходна неуспешна ендодонтска терапија и три месеци по успешно завршување на ендодонтскиот третман. Резултатите покажале дека кај нетретираните случаи, кај 52% имало постоење на фистула, супурација и болка. Симптоматичноста била многу послабо изразена во случаите кои претходно биле ендодонтски третирани, а кај 93% од случаите по 3 месеци од завршувањето на ендодонтска терапија немало постоење на симптоми. Статистичката анализа покажала високо сигнификантна поврзаност меѓу патохистолошкиот тип на периапикалната инфламација со присуството или отсуството на клиничките симптоми. ($p=0,0002$). Симптомите биле најчесто присутни кај дифузните инфламации и апсцесите (егзацербираните пародонтити). Микробиолошкиот наод потврдил разлика според застапеноста на одредените бактериски родови меѓу симптоматските и асимптоматските лезии. Кај случаите со позитивна симптоматологија карактеристичен бил наодот на поголем број бактериски родови, особено од стриктно анаеробните видови.

Трудот има стручен и научен придонес.

41. Велевска-Стефковска Д, Пеева-Петреска М, Апостолова Г, Алексова П. Цитокински профил и периимплантна течност. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија (Апстракти 121).

Со овој труд се добива увид во имунолошката активност (проинфламаторни и антиинфламаторни цитокини), во PICF во конекција со времето ("time dependent"). Добиените резултати илустрираат сигнификантни промени. Имено, во првите месеци на осеоинтеграција се детектира сигнификантно покачување на вредностите на проинфламаторните цитокини (IL1- 946;), додека една година по функционалното оптоварување на имплантите настанува предоминација на антиинфламаторните цитокини (TGF 946;). Анализата на PICF може да помогне во детектирањето на рани метаболички и биохемиски лезии на

периимплантното ткиво, како и мониторирање на осеоинтеграцискиот процес и одговорот на коската на протетичкото оптоварување. Трудот има научна и апликативна вредност.

42. Алексова П., Накова М., Грчев А., Велевски Д., Велевска-Стефковска Д., Костадинова М., Поповска Л. Дентална калцификација - причина за посебна анализа.

6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012 Охрид – Македонија (Апстракти 27).

Во овој труд е определена застапеноста на калцификатите во забната пулпа спрема забниот низ, со помош на рендгенграфија и анализа на дистрибуциите на собраните податоци. Поголем процент на дентикли се сретнуваат кај заби во максила – во однос на мандибула, со исклучок на инцизивите, кои се почести во долната вилица. 425 (68,2%) – молари; - 221 (52%) во максила, 204 (48%) во мандибула. , z = 1.098; p = 0,272, 172 (27,6%) – премолари; - 98 (56,9%) во максила, 74 (43%) во мандибула, z = 2,470; p = 0,014, 26 заби (3.2%)–инцизиви;-12 (46,1%) во максила, 14 (53,8%) во мандибула, z = 0,278; p = 0,781. Трудот има апликативна вредност.

43. Дирјанска К, Накова М, Белазелковска З, Ивановски К, Миндова С, Стефановска Е, Алексова П. Нивото на еластазата во гингивалниот флуид кај пациенти со гингивална инфламација. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид Македонија (Апстракти 58).

Од резултатите на овој труд може да се види дека концентрацијата на еластазата во гингивалниот флуид е статистички сигнификантно повисока кај пациенти со гингивална инфламација во споредба со овој параметар кај контролната група. Регистрирана е јака позитивна корелација помеѓу индексот на гингивална инфламација и концентрацијата на еластаза во гингивалниот флуид кај пациенти со клинички знаци на гингивална инфламација. Зголемените вредности на еластазата можат да бидат значаен индикатор за активноста на патолошкиот процес во гингивалното ткиво пред тие да станат клинички манифестни, бидејќи еластазата ги манифестира своите ефекти локално, веднаш по нејзиното ослободување од инфламаторните клетки. Трудот има научна и апликативна вредност.

44. Поповска Л, Каранфиловиќ В, Заркова Ј, Алексова П. Антибактериски ефект на ND:YAG ласер кај инфицирани коренски канали. VI меѓународен конгрес на стоматолозите со меѓународно учество. Охрид, 2012; 21-22.

Покрај останатите опишани ефекти се смета дека ND:YAG ласерот поседува и антимикробно дејство кога се користи при ендодонтската терапија. Целта на ова испитување било да се споредат антимикробниот ефект што се постигнува со Nd:YAG ласер и ефектот на 2,5% NaOCl во инфицирани коренски канали. Материјалот за микробиолошка анализа бил добиен од триесет еднокорени заби на пациенти со инфицирани коренски канали, поделени во две групи. Кај првата група, обработката на коренските канали била класична, а иригација била направена со 2,5% натриум хипохлорит. Во втората група, обработката била направена на истиот начин, но иригацијата била со физиолошки раствор, а на крај стерилизацијата на каналот била завршена со ласер. Од секој канал биле земени по два бриса за микробиолошкита анализа - пред започнување и 24 часа по завршување на инструментацијата. Резултатите покажале дека 2,5% натриум хипохлорит има поефикасно антимикробно дејство од ласерот, но дека разликата не била сигнификантна. И во двете групи се забележала редукција на бактериите, како во бројот на преостанатите бактериски видови, така и во квантитетот во двете испитувани групи, особено кај стриктно анаеробните видови. Авторите заклучиле дека само со употреба на ласерот не е можна целосна елиминација на виталните микроорганизми од инфицираните коренски канали.

Трудот има стручен и научен придонес.

45. Алексова П, Накова М, Грчев А. Застапеност на денталните калцификати кај пародонтопатични заби. Макед. стом. прегл. 2011 број 1-2: 65-70.

Анализите со помош на рендгенграфијата покажуваат дека треба поголемо внимание да се посвети на анализата на рендгенските снимки, посебно на Panoramix–снимките, бидејќи овозможуваат детекција на денталните калцификати и кај асимптомни заби, на целото забало.

На ова се инсистира бидејќи е присутна не многу специфична клиничка слика, со што се наметнува и потребата од една поинаква анализа од вообичаената рутинска метода, како и медицинско набљудување, за да се избегне можноста за превид на вакви случаи. Трудот има апликативна вредност.

46. Миндова С, Ивановски К, Исијановска Р, Пешевска С, Николовска Ј,Дирјанска К, Алексова П, Пејчинова С. Пародонталната болест – причина за екстракција на заби. Макед. стом. прегл. 2011 број 3-4: 79-84.

Од добиените резултати во овој труд може да се заклучи дека процентот на екстрахирани заби се зголемува со напредувањето на возраста

како резултат на компликациите од пародонталната болест и од настанатите дегенеративни промени во пародонталните ткива поврзани со долготрајното изложување на денталниот плак. Трудот има апликативна вредност.

47. Алексова П, Накова М, Грчев А, Бенедети А, Ристовски М. Корелативна макроскопска анализа на денталните калцификати со калкули во плунковните жлезди и жолчното ќесе. Макед. стом. прегл. 2011 број 1-2: 59-64.

Целта на истражувањето во оваа студија е поделена на општа и специфична цел. Со општата цел, дефинирана е релацијата помеѓу калцификатите во организмот и присуството на дентални калцификати.

Со специфичната цел, побарана е сличност со хистопатолошката макроскопска анализа. Добиени се релевантни податоци за постоење на поврзаност на денталните калцификати со калцификатите од жолчното ќесе и плунковните жлезди. Според тежината: цврсти патолошки супстрати (CPS) се наоѓаат во широк дијапазон и тие се во зависност од локализацијата. CPS со најмала тежина присутни се во денталните структури. Трудот има научна и апликативна вредност.

48. Алексова П, Накова М, Велевски Д, Грчев А, Велевска-Стефковска Д, Костадинова М. Застапеност на денталните калцификати според локализацијата по заб. Макед. стом. прегл. 2011, број 3-4: 150-154.

Локализацијата на денталните калцификати може да создаде проблеми во ендодонтската терапија, што беше и причина за поставување на целта на овој труд - одредување на застапеноста на денталните калцификати според локализацијата во забот, коронарно и/или радикуларно, преку статистичка и Ртг анализа. Кај 623 заби било најдено присуство на дентикли. Во резултатите била добиена значително поголема застапеност коронарно - 68,9%, од радикуларната застапеност - 31,3%. Трудот има апликативна вредност.

49. Миндова С., Ивановски К., Пешевска С., Николовска Ј., Апостолова Г., Алексова П., Доковска С. Бруксизам: етиологија, клиничка слика и терапија.

Макед. стом. прегл. 2011, број 1-2: 23-28.

За овој проблем се објавени многу литературни податоци, но резултатите се контрадикторни. Се појавуваат рзлични претпоставки и

обиди да се реши основниот проблем, етиологијата и терапијата на бруксизмот, кој често останува непрепознаен или неадекватно лечен во секојдневната стоматолошка практика. Трудот има апликативна вредност.

50. Алексова П., Накова М., Велевски Д., Грчев А., Велевска-Стефковска Д., Костадинова М. Интактни молари – провокатори на болка? Макед. стом. прегл. 2011, број 3-4 : 155-161.

Како провокатори на болка, калцификатите во забната пулпа, со различен интензитет, кај интактни заби, создаваат проблеми во дијагностицирањето. Од овие причини е произлезена и целта на овој труд- определување на застапеноста на калцификатите во забната пулпа кај моларите, според полот; определување на застапеноста на калцификатите во забната пулпа кај моларите, според забниот низ, со примена на наменски дизајниран анкетен прашалник и Ртг-анализа. Со резултатите од направените испитувања било утврдено дека процентот на застапеност на дентиклите кај моларите според полот покажал дека тие се повеќе застапени кај машкиот пол споредено со процентот на застапеност кај женскиот пол, во двете вилици. Поголем процент на дентикли во моларите се сретнуваат кај заби во maxilla – во однос на mandibula. Трудот има стручно-апликативна вредност.

51. Алексова П., Накова М., Грчев А., Миндова С., Костадинова М., Апостолова Г., Николовска Ј. Големина на калцификатите во радикуларната пулпа кај хронични рулпити. Макед. стом. прегл. 2011, број 3-4: 145-149.

Врз основа на патохистолошките карактеристики на екстирпирана пулпа кај заби со хронични пулпити, определени се хистолошките карактеристики (големината) на калцификатите, како и нивната присутност во пулпата. Хистолошка анализа на пулпно ткиво е правена на материјал добиен по пат на ендодонтска екстирпација. Хистопатолошката анализа опфаќа морфолошка анализа. Со морфолошката анализа е добиена големината на испитуваните калцификати во забната пулпа. Големината на испитуваните калцификати во забната пулпа варира во широк дијапазон, но сепак е во функција од величината на компартманот. Имено, CPS во денталниот компартман се мали и тие не се поголеми од 1 micron – 1 cm. Трудот има научна вредност.

52. Алексова П. Застапеност на денталните калцификати според видот на забот . Макед. стом. прегл. 2007, број 3-4: 134-139.

Целта на овој труд е определување на застапеноста на калцификатите во забната пулпа, според видот на забот. Резултатите од направените испитувања покажале дека: дентиклите почесто се присутни кај моларите (кај горните први молари почесто, од горните втори молари), во споредба со премоларите и инцизивите. Анализите со помош на рендгенграфијата покажале дека треба поголемо внимание да се посвети на анализата на рендгенските снимки, посебно на Panoramix- сликите, бидејќи ни овозможуваат детекција на денталните калцификати и кај асимптомни заби, на целото забало. Од тераписки аспект, калцификатите во забната пулпа се значајни, бидејќи можат да го отежнат, а понекогаш и целосно да го оневозможат пристапот во коренските канали, како и да бидат причина за неоснована екстракција на заб или група на заби. Трудот има апликативна вредност.

53. Алексова П. Откривање на камен во бубрег и/ или жолчно ќесе преку забите – факт или фикција? Прилози во Македонската академија за науките и уметностите.

Во оваа студија се корелирани денталните калцификати со калкулусите во бубрези/или во жолчно ќесе кај 200 пациенти со поставена дијагноза pulpitis chronica, со што се добиени релевантни податоци за постоење на поврзаност на денталните калцификати со другите калцификати/ калкулуси во организмот. Процентуалната разлика е регистрирана помеѓу двете групи: калкули во организам и дентикли (група на пациенти со калкулус во бубрег и дентикли и група на пациенти со калкулус во жолчно ќесе и дентикли) -70%, и калкули во организам без дентикли - 30%. Оваа разлика е статистички сигнификантна за $p=0,0000$, добиена со помош на t -test.

Трудот има стручен, апликативен и научен придонес.

54. Николовска Ј., Петровски Д., Миндова С., Алексова П. , The influence of frontal porcelain fused metal bridges on dental sounds articulation. Acta morphol. 2012; Vol. 9(2): 76 – 79.

Со анализа на спектарот добиен при артикулација на гласот С, потврдено е одобрување на артикулацијата на овој глас по изработка и цементирање на соодветни метал-керамички фронтални мостови кај пациентите кај кои недостасува централен максиларен инцизив. Трудот има апликативна вредност.

55. Алексова П. Монографија „Дентална калцификација”, Скопје, 2012.

Монографијата „Дентална калцификација“ е отчукана на 146 страници со богат приказ на анализи во секое поглавје. Во неа се

прикажани над 50 сликовити прикази и илустрации кои ја дообјаснуваат содржината. Во монографијата се обработени денталните калцификати од сите аспекти. Разгледани се од аспект на анализа на полот, возраста, локализацијата. Опишани се основните ембриолошки, хистолошки, анатомски и функционални карактеристики на забната пулпа, етиологија и создавање на денталните калцификати, епидемиологија и знаење за денталната калцификација, симптоматологија, како и методите за дијагностицирање. Исто така, многу на кратко, но концизно, е претставена диференцијалната дијагноза, хемискиот состав на дентиклите и хистопатолошките карактеристики. Посебна анализа е дадена на промените на клеточниот и органскиот матрикс на пулпата во која се присутни дентиклите. Како анализа во монографијата за првпат е дадена поделбата на денталните калцификати кои ја збогатуваат конципираната содржина. Монографијата завршува со научни можности за лекување и евентуалните компликации во лекувањето на денталните калцификати. Монографијата ја збогати библиотечната содржина имајќи го предвид обидот на авторот прв да објави анализа на содржина од оваа област. Трудот има стручен, апликативен и научен придонес.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **<u>Павлина Ефрем Алексова</u>**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **<u>Стоматолошки факултет - Скопје</u>**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **<u>болести на забите и ендодонтот</u>**

### НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| број | | |
|---|---|---|
| 1. | **Настава во школи или работилници:** | |
| | 2009-10, **стажанти** и феријална практика | 4,5 |
| 2. | **Курсеви и работилници:** | |
| | Завршен курс по ЛАСЕРИ ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА | 1,0 |
| 3. | **Вежби I циклус студии:** | 251,1 |
| | 1997/1998 – 2011/2012, болести на забите и ендодонтот | |
| 4. | **Консултации со студентите** | 3,84 |
| | - за сите семестри на кои ги одржува вежбите | |
| | **Вкупно** | **260,44** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | Стевановиќ М, **Алексова П,** Пановски Н, Стевановиќ ММ. Антибактеријален и аналгетичен ефект на ахидронот. Макед. стоматол. прегл. (1993; 1891-2): 48-9. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 689 од 1997 год. | 2,4 |
| | Матовска Љ, Неделковска М, **Алексова П**. Оклузален баланс: мотив за добра конзервативна естетско-функционална морфологија. I конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994 година (Апстракти, 57). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 689 од 1997 г. | 1,6 |
| | Алексова П, Матовска Љ, Неделковска М. Постоптурационен статус на заби со дефинитивни полнења. I конгрес на | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994 година (Апстракти, 56). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 689 од 1997. | |
| | Матовска Љ, Василевски Б, Неделковска М, **Алексова П.** Максиларен синус: анатомо-морфолошки сооднос со моларните заби. I конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994 година (Апстракти, 54). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 689 од 1997 г. | 1,2 |
| | Неделковска М, Бајевска Ј, Матовска Љ, **Алексова П.** Конзервативно-протетичка санација на заби со периапикални лезии. I конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 1994 година (Апстракти, 50). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 689 од 1997 г. | 1,2 |
| | Неделковска М, Матовска Љ, Димова Ц, Јовановски С, **Алексова П**. Премоларизација-начин на анатомска и функционална реставрација на забната низа. II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид (со меѓународно учество), 1998 година (Апстракти, 121). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,2 |
| | Петреска М, **Алексова П,** Оцаклиевска С, Кипровски М., Грдановска Т. Антимикробен ефект на ендионот спореден со други средства за канална оптурација. II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид (со меѓународно учество), 1998 година (Апстракти, 123). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,2 |
| | Кипровски М, Матовска Љ, Неделковска М, **Алексова П.** Современи ставови за појавата на клиновидни дефекти на забите. II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид (со меѓународно учество), 1998 година (Апстракти, 127). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,2 |
| | **Алексова П**, Матовска Љ, Неделковска М. Улогата на радиографијата во ендодонтската процедура. II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид (со меѓународно учество), 1998 година (Апстракти, 131). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2003 г. | |
| | Матовска Љ, **Алексова П,** Неделковска М, Цоковска Е. Корелација меѓу денталниот статус и возраста. II конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид (со меѓународно учество), 1998 година (Апстракти, 135). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,2 |
| | Оџаклиевска С, Зафировска В, **Алексова П,** Ковачевска И. Remowal of Thermafil root canal filling material. VI балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2001, Bucharest – Romania. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003. | 1,8 |
| | Матовска Љ, Апостолска С, Неделковска М, **Алексова П**. Pro-files is a good possibility for retreatment of the Root Canal. VI балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2001, Bucharest – Romania. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,8 |
| | Амбаркова В, Ковачевска Г, **Алексова П,** Манева М. Internet useful for clinical practice. VIII интернационален конгрес на стоматолозите 2001, Истанбул, 210. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,8 |
| | Оџаклиевска С, Ковачевска И, Милевска В, **Алексова П,** Георгиев З. Prostaglandin E2 level in a stage of acute pulp inflammation. VIII Интернационален конгрес на стоматолозите, Истанбул. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 826 од 2003 г. | 1,8 |
| | **Алексова П,** Стевановиќ М, Оџаклиевска С, Неделковска М, Георгиев С. Thermafil-system as well applied rood canal filling. 7. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2002, Kusadasi-Turkey, 221. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913 од 2007 г. | 1,8 |
| | Неделковска М, Матовска Љ, **Алексова П,** Миладинова Б. Radix-anker-its use in the reintegration of the fractured teeth. 7. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2002, Kusadasi-Turkey, 222. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913 од 2007 г. | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Амбаркова В, Бајрактарова Б, **Алексова П,** Жабокова Е, Петановски Х. Occlusal caries detection and quantification using diagnodent. 7. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2002, Kusadasi-Turkey, 80. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 913 од 2007 г. | 1,8 |
| | Оџаклиевска С, Баланчевска Е, Ефтимоска М, **Алексова П,** Кацарска М. Антимикробен ефект на МТА (Pro root) компаративна студија. III конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2002 (Апстракти, 151). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 909 од 2007г. | 1,2 |
| | Неделковска М, Матовска Љ, Бајевска Ј, **Алексова П,** Миладиновска Б, Ангеловска А. Prosthodontic preventive measures in endodontic treatet teeth. 9. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2004, Охрид-Македонија, 270. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 909 од 2007. | 1,8 |
| | **Алексова П,** Матовска Љ, Стевановиќ М, Неделковска М, Ѓорѓиев С. Representation of pulp stones in thr tooth pulp in cases of Periodonthopathic teeth. 9 Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2004, Охрид-Македонија, 108. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 909 од 2007 г. | 1,8 |
| | **Алексова П,** Оџаклиевска С, Гугувчевски Љ, Кипровски М, Георгиев С. Xeno III – 7th generation adhesive. 9. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2004, Охрид-Македонија, 108. | 1,8 |
| | **Алексова П,** Антевски С. Корелација на денталните калцификати со други калцификати во организмот. Макед. стоматол. прегл. број 1-2 2007: 74-79. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987 од 2010 г. | 3,6 |
| | **Алексова П.** Нанобактерија - можен етиолошки фактор за патолошка калцификација во организмот. Макед. стоматол. прегл 2008: 37-43. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987 од 2010 г. | 4 |
| | **Алексова П.** Локализацијата на денталните калцификати - причина за | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | отежната ендодонтска терапија. Макед. стоматол. прегл. 2008: 45-48. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 987 од 2010 г. | |
| | **Aleksova P,** Sali F, Mehmeti B, Mehmeti H. Dental calcifications-reason for special □nalysis. Revista Stomatologike Shqiptare 2007; 5(2): 29-31. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009 од 2011 година – Стоматолошко списание на Албанија. | 2,4 |
| | **Алекова П,** Матовска Љ, Амбаркова В. Occurencedental calcifications according to the patients sex. 13. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2008, Кипар (Апстракти, 166). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009 од 2011 година. | 2,4 |
| | Матовска Љ, **Алексова П.** Sonicsys system and proximal caries restorations. 13. Балкански конгрес на стоматолозите, BaSS 2008, Кипар (Апстракти, 124). Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009 од 2011 година. | 2,7 |
| | Sali F, Mehmeti B, Rexhepi A, **Aleksova P,** Najdenovska S. Oral habits-the motive for orthodontic treatment and evaluation of psychological ahild development. I стоматолошки конгрес на Албанија, Тирана, 2009. Трудот е рецензиран во Билтен бр. 1009 од 2011 год. | 1,8 |
| | Sali F, Djorgova J, Simjanovska Lj, **Aleksova P,** Rexhepi A. Qasja ortodontike kirurgike me reimplantim te kanineve maksilar te impaktuar. 5 Dietet e Stomatologeve te Kosoves,(Апстракти, 14). Трудот е рецензиран во Билтен број 990 од 2010 година. | 1,8 |
| | **Алексова П,** Матовска Љ, Ристовски М. Хистопатолошка анализа на денталните калцификати. Макед. стоматол. прегл. 2010 број 1-2: 13-20. | 3,2 |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А. Застапеност на денталните калцификати кај пациенти со калкули во жолчното ќесе и плунковните жлезди. Макед. стоматол. прегл. 2010; 5-6: 301-306. | 3,2 |
| **2.** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **учество:** | |
| | **Алексова П.** Дентални калцификати – константен актуелен проблем во ендодонтската терапија. Секциско предавање – симпозиум со меѓунардно учество "Современи трендови во конзервативната стоматологија", Скопје – 29 октомври 2011. | 3 |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А, Николовска Ј, Поповска Л, Дирјанска К, Костадинова М. Застапеност на дентиклите кај реставрирани и нереставрирани заби. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија, 25. | 1,8 |
| | Николовска Ј, Ќурчиева-Чучкова Г, Манева М, **Алексова П,** Зафировски М. Ортодонтско протетски третман кај пациенти со хиподонција. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија (Апстракти 133). | 1,8 |
| | Николовска Ј, Миндова С, Дирјанска К, **Алексова П,** Костадинова М, Бојковска С. Протетски статус и потреба за третман кај геријатриски пациенти во јавните институции за стари лица. Макед. стоматол. прегл. 2011; 1-2: 36-42. | 2,4 |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А, Велевски Д, Велевска-Стефковска Д, Костадинова М. Одредување на калцифицирачки нанопартикли-CNP во дентикли, бубрег, жолчно ќесе и плунковни жлезди. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија (Апстракти 26). | 1,8 |
| | Поповска Л, Каранфиловиќ В, Заркова Ј, **Алексова П.** Разлики и карактеристики на симптоматските и асимптоматските периапикални лезии. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид Македонија (Апстракти 29). | 1,8 |
| | Велевска-Стефковска Д, Пеева-Петреска М, Апостолова Г, **Алексова П.** Цитокински профил и периимплантна течност. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид Македонија | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | (Апстракти 121). | |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А, Велевски Д, Велевска-Стефковска Д, Костадинова М, Поповска Л. Дентална калцификација-причина за посебна анализа. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид – Македонија (Апстракти 27). | 1,8 |
| | Дирјанска К, Накова М, Белазелковска З, Ивановски К, Миндова С, Стефановска Е, **Алексова П.** Нивото на еластазата во гингивалниот флуид кај пациенти со гингивална инфламација. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид Македонија (Апстракти 58). | 1,8 |
| | Поповска Л, Каранфиловиќ В, Заркова Ј, **Алексова П.** Антибактериски ефект на Nd:YAG ласер кај инфицирани коренски канали. 6. Меѓународен конгрес на стоматолозите од Македонија, мај 2012, Охрид Македонија, (Апстракти 21). | 1,8 |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А. Застапеност на денталните калцификати кај пародонтопатични заби. Макед. стоматол. прегл. 2011; 1-2 : 65-70. | 3,2 |
| | Миндова С, Ивановски К, Исијановска Р, Пешевска С, Николовска Ј, Дирјанска К, **Алексова П,** Пејчинова С. Пародонталната болест – причина за екстракција на заби. Макед. стоматол. прегл. 2011 број 3-4: 79-84. | 2,4 |
| | **Алексова П.**, Накова М., Грчев А., Бенедети А., Ристовски М. Корелативна макроскопска анализа на денталните калцификати со калкули во плунковните жлезди и жолчното ќесе. Макед. стоматол. прегл. 2011; 1-2:59-64. | 2,4 |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А, Николовска Ј, Радојкова-Николовска В., Миндова С, Дирјанска К, Костадинова М. Застапеност на денталните калцификати | 2,4 |
| | според локализацијата по заб. Макед. стоматол. прегл 2011;3-4: 150-154. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Миндова С, Ивановски К, Пешевска С, Николовска Ј, Апостолова , **Алексова П,** Доковска С. Бруксизам: етиологија, клиничка слика и терапија. Макед. стоматол. прегл. 2011; 1-2 : 23-28. | 2,4 |
| | **Алексова П,** Накова М, Велевски Д, Грчев А, Велевска-Стефковска Д, Костадинова М. Интактни молари – провокатори на болка? Макед. стоматол. прегл. 2011; 3-4 : 155-161. | 2,4 |
| | **Алексова П,** Накова М, Грчев А, Миндова С, Костадинова М, Апостолова Г, Николовска Ј. Големина на калцификатите во радикуларната пулпа кај хронични пулпити. Макед. стоматол. прегл. 2011; 3-4: 145-149. | 2,4 |
| | Алексова П. Застапеност на денталните калцификати според видот на забот. Макед. стоматол. прегл. 2007; 3-4: 134-139. | 4 |
| | Алексова П.Серафимовски В, Поповска М, Ристовски М. Откривање на камен во бубрег и/ или жолчно ќесе преку забите – факт или фикција? Прилози во Македонската академија на науките и уметностите. | 3,6 |
| | Nikolovska Julijana., Petrovski D., Mindova S., Aleksova P.<br>The influence of frontal porcelain fused metal bridges on dental sounds articulation. Acta morphol. 2012; Vol. 9(2): 76 – 79. | 3,6 |
| 3. | **Стручна монографија:** | |
| | Алексова П. Автор на монографија: „Дентална калцификација“. | 8 |
| | **Вкупно** | **117,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија** | |
| | Учество во научно истражување на Факултетот: "Евалуација на асистентите од страна на студентите", за односот на академскиот кадар во остварувањето на наставно-образовната дејност, на Стоматолошкиот факултет во Скопје, 2002 година (според член 5 од Правилникот). | 1 |
| 2. | **Награди за научни постигнувања од струкова организација (учесник во тим)** | |
| | Добиена прва награда на Студентски конгрес | 1 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:** | |
| | Член на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет | 1 |
| 2. | **Награди за научни достигнувања од струкова организација, самостоен:** | |
| | 1995, Благодарница од Македонското лекарско друштво; 1996, Диплома од Македонското лекарско друштво; 2009, Пофалница по повод 50-годишнината од основањето на Факултетот. | 6 |
| 3. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:** | |
| | Член на Комисијата за државни стоматолози на Стоматолошката комора на Македонија | 1 |
| | **Вкупно** | **10** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 260,44 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 117,50 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 10,00 |
| **Вкупно** | **387,94** |

## 2. Основни биографски податоци

2. Ас. д-р Илијана Ацисанкова Муратовска е родена на 28.1.1969 година во Скопје, каде што завршила основно и средно стручно образование како забен техничар со одличен успех. Студиите ги запишала во 1987 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје, каде дипломирала во 1992 година со среден успех 9,33.

Следната 1993 година го положила стручниот испит и се вработила на Клиниката за дентална патологија при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје. Во 1995 година се запишала на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет, кои ги завршила во 1998 година со среден успех 9,90. Истата 1998 година го положила и специјалистичкиот испит по предметот болести на забите и ендодонтот.

Во 1996 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за болести на забите и ендодонтот, а во 1999 и во 2002 е реизбрана во истото звање. Во 2004 година го одбранила магистерскиот труд под наслов „Квантитатвна анализа на ослободени и дифундирани мономери од смоли на композити и дентин атхезиви низ дентинска бариера". Следната 2005 година е избрана за асистент на матичната Катедра и е реизбрана во истото звање во 2008 и во 2011 година. Докторирала во 2010 година на тема „Проценка на влијанието на иригационите солуции на smear layer, виталните структури и преостанатиот дентин кај ендодонтски тетирани заби".

Во опусот на д-р Ацисанкова Муратовска се вбројуваат преку 40 стручни и научни трудови објавени во домашни и странски списанија, трудови со фактор на влијание, учество на домашни и меѓународни конгреси, симпозиуми и семинари, пленарни предавања, постер и усни презентации и реализација на менторства на студентски теми.

## Наставно-образовна дејност

Активно била вклучена во практичната настава на Катедрата за болести на забите и ендодонтот. Практична настава: 1996/1997 до 2011/12 ги води вежбите по: болести на заби - претклиника (2+4), болести на заби 1 (1+3), болести на заби 2 (1+3) и болести на заби 3 (1+5), болести на заби 4 (0+3), и консултации со студенти на сите предмети на кои ја изведувала наставата. Во периодот 1996-2012 година била ментор на повеќе студентски теми презентирани на националните и интернационалните конгреси на студентите по стоматологија, од кои со едната ја освоила првата награда на Конгресот на студенти по стоматологија во Охрид, 2008 година. Во 2005 година била ментор на кандидат за специјализација од областа на забите и ендодонтот. Добитник е на Пофалница и на две благодарници од Факултетот.

## Научноистражувачка дејност

На Катедрата за болести на забите и ендодонтот, на која била избрана за помлад асистент, а подоцна и за асистент, своите стручни и научни усовршувања ги насочила кон проблематиката од областа и на кариологијата и на ендодонцијата, за што сведочат бројните трудови и учества на конгреси. Особено поле на интерес за неа претставува цитотоксичноста на мономерите ослободени од современите дентални материјали кон забната пулпа, како и дејството и влијанието на различните раствори за иригација кои се користат при испирање на коренските канали во текот на ендодонтските процедури. Особено значајна е соработката со Институтот за хемија при УКИМ.

## Стручно-апликативна дејност

Во јуни 2000 година, како стипендист на ТЕМПУС-ФАРЕ програмата од Европската унија, престојувала еден месец на Универзитетот АКТА во Амстердам, Холандија. Во 2008 година остварила стручен двонеделен престој на Клиниката за кариологија и ендодонција при Стоматолошкиот универзитет во Виена, Австрија. Испитот и дипломата од Меѓународниот курс за јавно здравство и менаџмент ги реализирала во 2008 година. Во 2009 година учествувала на Курсот за обука со ФОТОНА-ласери во Скопје, а потоа го посетувала и Курсот за најнови техники во областа на ендодонцијата во Про-Медика Скопје, како и во 2012 година Курсот за луминиерс фасети, Етерна дент, Скопје. Коавтор е на поглавје во книга со стручно-научни референци, „Современи дострели“, при Стоматолошкиот факултет во Скопје во 2009, а потоа учествувала во реализација на научноистражувачки проекти: национален проект за орално здравје и дијабетес, проект на Владата на РМ за развој на здравствениот туризам, стратегија за унапредување на здравјето кај македонската популација преку маркетинг-промоција на Универзитетската клиника за стоматологија. Д-р Муратовска е член на Комисија за лиценцирање на специјалистички стоматолошки ординации при Министерството за здравство на Р.

Македонија. Автор е на повеќе трудови и предавања, усни или постер-презентации. Резултатите поврзани со наставната и наставно-научната дејност, како и нејзините други активности до изборот во звањето асистент се објавени во Билтенот на Универзитетот, и тоа: Билтен бр.764, Билтен бр.803, Билтен бр.940, Билтен бр.945, Билтен бр.986, Билтен бр.989 и Билтен бр.995 при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

За конкретниов конкурс, кандидатката ги приложува за рецензија следниве трудови:

41.Atanasovska-Stojanovska A, Petlichkovski A, Muratovska I, Popovska M, Orovcanec N, Spirovski M. Association of periopathogenes identified from dental plaque by PCR technique with composite Interleukin-1genotype and clinical parameters in chronic periodontitis. Journal of Clinical Periodontology. Abstract of europerio 7, Vienna, Austria. 6-9 june, 2012.

Проценката на присуството на одредени периопатогени микроорганизми со современата PCR-техника има за цел да ја детерминира асоцијацијата на овие типови микроорганизми со генотипот на домаќинот. Кај 20 субјекти со дијагностициран хроничен пародонтит се одредени: гингивален индекс, плак-индекс, проба на крварење, длабочина на пародонтален џеб и загуба на атечмент на коска. Маркираните бактерии се земени како примерок со стерилен хартиен шилец за Parodontoseplus test и за детекција на композит на Interleukin 1-Genotype и HLA-DR4codingDRB1*04 alelles. Раната детекција на периопатогените микроорганизми и приемчивоста кај домаќинот играат значајна улога за рана детекција, превенција и третман на пародонталното заболување.

Трудот има научен карактер.

42. Muratovska I, Atanasovska-Stojanovska A, Kovacevska I, Daci I, Stojanovska V. Microhardness of root dentin: effect of endodontic irrigants and techniques, BaSS 2012, Abstract book, P25.

Промената во микротврдината на коренско-каналниот дентин под влијание на техниките што се користат за ендодонтска обработка, како и хемиските иригански кои го испираат коренскиот канал, можат видно да влијаат на понатамошната клиничка издржливост на забот. Преку Vicker's-овиот тест за мерење на микротврдина кај екстрахирани заби кај кои е отстранет коронарниот дел, направени се мерења пред и по ендодонтската обработка. Според резултатите добиени од соодветните мерења, микротврдината на коренскиот дентин е статистички сигнификантно намалена само кај употребени хелаторни средства, подеднакво кај двете употребени техники на препарација.

Трудот има научноистражувачки карактер.

43. Atanasovska-Stojanovska A, Muratovska I, Popovska M, Pandilova M, Georgieva S, Daci A, Association of certain periodontopathogenes with human periodontitis lesions, BaSS 2012, Abstract book, P182.

Целта на овој труд е да се компарира присуството на периодонтални патогени микроорганизми во периодонталниот плак од пациенти со хроничен пародонтитис и здрави пациенти со PCR- техника за брза и специфична детекција. Вклучени се вкупно 40 пациенти во двете групи каде што е користен Parodontoseplus test, а сигнификантноста на разликите е проследена со Pearson chi-sqare test, дескриптивна анализа и анализа на регресија. Со испитувањето се потврдува силна асоцијација кај пет периопатогени микроорганизми каде што се особено присутни P. gingivalis and T. denticola кај пациентите со пародонтална болест.

Трудот има научноистражувачки карактер.

44. Муратовска И, Петровски Г, Атанасовска-Стојановска А, Георгиева С, Капушевска Б. Јувенилен дијабетес и орално здравје кај адолесценти, Охрид, 24-27 мај, 2012, Книга на апстракти бр.80.

Јувенилниот дијабет, како заболување, се јавува кај младата популација и претставува хронично заболување со реперкусии на повеќе органи во текот на животот, особено ако регулацијата на гликозата во крвта не се чува во одредени граници. Пародонтот е медиум каде што лошата дијабетична регулација доведува до пропаѓање на ткивно-потпорниот апарат, додека кариозните лезии се застапени во подеднаков процент како и кај здравите деца земени како контролна група.

Трудот има стручно-апликативна примена.

45. Муратовска И, Поповска Л, Митиќ А, Стојановска В, Даци А. Клиничка важност на размачканиот слој во ендодонцијата. Макед. стоматол. прегл. 2010;34 (3-4): 240-247.

Елиминирањето на размазниот слој во коренско-каналниот дентин има особена важност за добра адаптација на дефинитивното полнење. Целта на трудот е детекција на количеството заостанат размазен слој по дентинските ѕидови со антибактериски и хелаторни средства преку

одредување на степен на отворени, односно облитерирани дентински тубули со помош на електронска микроскопија. Цервикалната третина е секогаш солидно ослободена од размазен слој, додека средната, а особено апикалната третина се зависни од применетите солуции, особено ако се работи за криви канали. Трудот има научноистражувачки карактер.

46. Ковачевска И, Поповска Л, Димова Ц, Георгиев З, Муратовска И. Употреба на Nd:Yag ласер во третманот на хиперсензитивни заби. VII меѓународен конгрес на Стоматолошкото друштво на Албанците на Мекедонија „Стоматологијата денес” (Апстракти), Струга, 2010;160.

Хиперсензитивниот дентин е проблем како за пациентите, така и за стоматолозите во секојдневната клиничка практика. Третманот е со ограничени можности, како тераписки така и временски. Испитана е карактеристиката на новите ласери во нивното дејство на затворање на дентинските тубули кај пациенти кај кои не е потребна или не е дозволена рутинска клиничка препарација на преосетливиот дентин. Терапискиот модалитет на примената на ласерот е брзо, безболно и едноставно елиминирање на овој тип сензитивност, со долгорочно дејство и позитивен ефект за пациентот.

Трудот има научноистражувачки карактер.

